**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

**Институт за безбедност, одбрана и мир**

**Драгана Тони Стаменковска**

# РАДИКАЛНИ ИСЛАМИСТИЧКИ ГРУПИ НА БАЛКАНОТ И НИВНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**– Докторски труд –**

Ментор: проф. д-р Митко Котовчевски

Кандидат: м-р Драгана Стаменковска

**Скопје**

Драгана Стаменковска

РАДИКАЛНИ ИСЛАМИСТИЧКИ ГРУПИ НА БАЛКАНОТ И НИВНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**М е н т о р:**

проф. д-р Митко Котовчевски

Институт за безбедност, одбрана и мир

Филозофски Факултет

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

**Членови на Комисијата:**

1. проф. д-р Синиша Даскаловски

Институт за безбедност, одбрана и мир

Филозофски Факултет

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

2. проф. д-р Тони Милески

Институт за безбедност, одбрана и мир

Филозофски Факултет

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

3. проф. д-р Марина Митревска

Институт за безбедност, одбрана и мир,

Филозофски Факултет

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

4. проф. д-р Марина Малиш-Саздовска

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

**Датум на одбрана:**

***Овој труд го посветувам на мојата мајка Борка, жена борец во вистинска смисла на зборот. Нејзината несебична и пожртвувана поддршка е најголемиот двигател за мојот животен и научен развој.***

***Благодарност до целото семејство за поддршката во периодот додека го подготвував трудот.***

Драгана Тони Стаменковска

Наслов на трудот: **РАДИКАЛНИ ИСЛАМИСТИЧКИ ГРУПИ НА БАЛКАНОТ И НИВНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

*Апстракт*

*Распадот на Југославија ги постави темелите на радикалниот исламизам на Балканот. Босна и Херцеговина и Косово се истакнаа како најзагрозени, но не останаа имуни ниту Северна Македонија, Албанија и Србија.*

*Радикалните доктрини добиваат перманентна поддршка од Блискиот Исток која со несмален интензитет трае до ден-денес. Во прилог на радикализацијата и регрутацијата оди и мигрантската криза која со брановите на мигранти носи и нови радикализирани индивидуи кои стапуваат во контакт со локалните радикални групи.*

*Ширењето на радикалните доктрини во Северна Македонија претставува значаен проблем за државата. Косовската криза од 1999 година, како и конфликтот во Северна Македонија во 2001 година имаат своевиден придонес за радикализацијата на етничките Албанци, а во исто време ја отворија вратата за радикалноисламистичките групи и нивните докторини. Основата на радикалните поддржувачи најчесто е лоцирана помеѓу албанското население, но и меѓу босанските муслимани во Северна Македонија и локалните муслимански заедници, како што е ромската, кои, исто така, претставуваат своевидна регрутациска база.*

*Територијата на Република Северна Македонија е засегната од повеќе аспекти во однос на радикалниот исламизам. Имено, освен како регрутациска база за нови борци, територијата на нашата држава е во голема мера засегната од повратниците од блискоисточните боишта. Неретко, нашата држава како дел од западнобалканската миграциска маршрута претставува и транзитна зона на потенцијалните извршители на терористички акти ширум Европа за кои одговорност презема групата Исламска држава.* ***Заканите кон националната безбедност*** *на Република Северна Македонија произлегуваат од големата веројатност дека токму овие потенцијални терористи при својот транзит низ нашата држава остваруваат контакти со домашни (домицилни) верско радикални лица.*

***Клучни зборови:*** *национална безбедност, радикални исламистички групи, радикални доктрини, радикализација, регрутација.*

Dragana Toni Stamenkovska

Наслов на трудот на еден од светските јазици: **RADICAL ISLAMMISTIC GROUPS ON THE BALKANS AND THEIR IMPACT OF NATIONAL SECURITY OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**

*Abstract*

*Disintegration of Yugoslavia laid the fundaments of radical Islamism in the Balkans. Bosnia and Herzegovina and Kosovo are denoted as most endangered, but North Macedonia, Albania and Serbia did not remain immune.*

*Radical doctrines receive permanent support from the Middle East which, with unlimited intensity, continues till now. In addition to the radicalization and recruitment is the migration crisis, where the new waves of migrants bring new radicalized individuals who contact with the local radical groups.*

*The spread of radical doctrines in North Macedonia is a significant problem for the country. The Kosovo crisis of 1999 as well as the conflict in North Macedonia in 2001 have a kind of contribution to the radicalization of the ethnic Albanians, and at the same time they opened the door for the radical-Islamist groups and their doctrines. The base of the radical supporters is mostly located between the Albanian population but also the Bosnian Muslims in North Macedonia and the local Muslim communities such as the Roma, are also a kind of recruitment base.*

*The territory of the Republic of North Macedonia is affected by several aspects in relation to radical Islamism. Namely, in addition to being a recruitment base for new fighters, the territory ofour country is greatly affected by returnees from the Middle East battlefields. Often our country as part of the Western Balkan migration route is a transit zone of potential perpetrators of terrorist acts across Europe for which Islamic State takes responsibility. Threats to the national security of the Republic of North Macedonia arise from the high probability that exactly these potential terrorists during their transit through our country make contacts with domicile religious radicals.*

***Key words:*** *national security, radical islamistic groups, radical doctrines, radicalization, recruitment.*

Изјавувам дека докторскиот труд го изработив самостојно, дека уредно ги цитирам сите користени извори и литература и дека трудот не е користен во рамки на други универзитетски студии или за стекнување друго звање.

Своерачен потпис на докторандот:

Изјавувам дека електронската верзија на докторскиот труд е идентична со отпечатениот докторски труд.

# СОДРЖИНА

1. ТЕОРИСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .......... 13

1.1. **Идентификување и формулирање на проблемот** .......... 13

**1.2. Предмет на истражувањето** .......... 14

**1.3. Цели и задачи на истражувањето** .......... 14

**1.4. Основна хипотетичка рамка** .......... 15

**1.5. Методи и техники на истражувањето** .......... 16

**1.6. Структура на трудот** .......... 17

**1.7. Значење на трудот** .......... 18

2. ДЕФИНИРАЊЕ И ПОЈАВА НА РАДИКАЛНИТЕ ИСЛАМИСТИЧКИ ГРУПИ .......... 20

**2.1. Дефинирање на радикалниот исламизам и појава на радикалните исламистички групи** .......... 20

**2.1.1. Поим и дефиниција на радикалниот исламизам** .......... 20

**2.1.2. Историски личности поврзани со почетоците на радикалниот исламизам** .......... 23

**2.1.3. Радикалноисламистички групи** .......... 24

**2.2. ПОЧЕТОЦИ И ПРОДОР НА РАДИКАЛНИОТ ИСЛАМИЗАМ НА БАЛКАНОТ** .......... 27

**2.2.1. Корени и продор на радикалниот исламизам** .......... 27

**2.2.2. Радикалниот исламизам на портите на Балканот** .......... 30

**2.2.3. Балкан** .......... 32

**2.3. *Исламска држава* (Islamic State)** .......... 46

**2.3.1. Почетоци и настанување на *Исламската држава*** .......... 47

**2.3.2. Абу Бакр ел багдади** .......... 51

**2.3.4. Односите помеѓу *Исламската Држава* и *Ал Каеда*** .......... 52

**2.3.5. Целта и моќта на *Исламската држава*** .......... 55

**2.3.6. Пропагандата на *Исламската држава*** .......... 64

3. РАДИКАЛИЗАЦИЈА И РЕГРУТАЦИЈА НА НОВИ ПРИВРЗАНИЦИ НА БАЛКАНОТ И ОДГОВОР НА ЗАКАНАТА .......... 67

**3.1. Радикализацијата како процес** .......... 70

**3.1.1. Модели на процесот на радикализација** .......... 71

**3.1.2. Теории на радикализација** .......... 85

**3.1.3. Инкубатори на радикализацијата** .......... 94

**3.2. Регрутација** .......... 103

**3.2.1. Регрутацијата во Европа пред 11 септември 2001 година** .......... 103

**3.2.2. Војната во Босна и Херцеговина** .......... 105

**3.2.3. Научени и ненаучени лекции** ........ 108
**3.2.4. Промени кои влијаат врз регрутацијата** ........ 110
**3.2.5. Актуелна структура на опкружувањето за регрутација** ........ 114
**3.2.6. Целна група за регрутација** ........ 122
**3.2.7. Процес на регрутација** ........ 126
**3.3. Балкански земји – одговор на заканата** ........ 130
**3.4. Дерадикализација, рехабилитација и реинтеграција** ........ 134
**3.4.1. Непритворска рехабилитација и реинтеграција** ........ 136
**3.4.2. Затворска рехабилитација и реинтеграција** ........ 141
4. РАДИКАЛНОИСЛАМИСТИЧКИ ГРУПИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И НИВНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ ........ 147
**4.1. Делување на радикалноисламистичките групи во Северна Македонија** ........ 147
**4.2. СЛУЧАЈ „ЌЕЛИЈА“** ........ 155
**4.3. Република Северна Македонија – правен и институционален одговор** ........ 161
**4.3.1. Правна рамка** ........ 161
**4.3.2. Надлежни институции** ........ 163
**4.4. Соработка на балканските земји** ........ 176
5. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 180
**5.1. Интерпретација на анализата и резултатите од истражувањето** ........ 180
**5.2. Квантитативна анализа на податоците од истражувањето за улогата на радикалните исламистички групи на Балканот и нивното влијание врз националната безбедност на Република Северна Македонија.** ........ 181
**5.3. Препораки за надминување на недостатоците во борбата против радикалниот исламизам во Република Северна Македонија** ........ 212

СПИСОК НА СКРАТЕНИЦИ

АКИ – Ал Каеда во Ирак

АР – Агенција за разузнавање

АНБ – Агенција за национална безбедност

ГИА – Вооружена исламска група

ИД – Исламска држава

ИСИС – Исламска држава во Ирак и Сирија

ИСИЛ – Исламска држава во Ирак и Левант

ИВЗ – Исламска верска заедница

Интерпол/Interpol – The International Criminal Police Organization

ОЈО за ГОКК – Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција

РАН З&П Мрежа за свест за радикализација, затвор и пробација (работна група)

РСМ – Република Северна Македонија

СДА – Партија за демократска акција (Странка демократске акције)

СИГИНТ/SIGINT – Сигнално разузнавање/Signal intelligence

СФОР/SFOR – Мировни сили на НАТО во Босна и Херцеговина/Stabilisation Force in Bosnia and Herzegovina

СФРЈ – Социјалистичка Федеративна Република Југославија

ССВБИР – Сектор-служба за военa безбедност и разузнавање

ССНЕРВТ – Спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам

ХУМИНТ/HUMINT – Разузнавање со човечки извори/Human intelligence

# ВОВЕД

Тероризмот во Европа се позиционира на листата на закани кон безбедноста на населението уште многу одамна. Според Ролф Топхофен, директор на Институтот за превенција на кризи во Есен, Германија, терористичките организации во 70-тите и 80-тите години од минатиот век биле повеќе политички мотивирани и биле фиксирани на определени земји, при што немало „прекугранични терористички феномени“. Но, особено во последната деценија, забележана е промена на фокусот од политички мотивиран кон религиозно мотивиран тероризам. Групите, како што се: *Исламска држава* или *Ал Каеда*, терористички групи кои денес дејствуваат од наводно религиозни мотиви, се доказ дека денес опстојува повеќе религиозно мотивиран тероризам. Ваквиот вид тероризам го злоупотребува името на исламот и настојува нападите да предизвикуваат голем страв и паника[1].

Тероризмот во 70-тите и 80-тите години од 20-тиот век ги избирал своите жртви попрецизно отколку денес бидејќи денес секој може да стане жртва. Во периодот 2010 – 2020 година, бројот на џихадистички напади во Европа изнесува 133[2] и бележи раст во последните пет години. Порастот на бројот на џихадистичките, односно религиозно мотивираните напади треба да претставува црвен аларм за безбедносните служби.

Како составен ден на европскиот континент, Балканот не остана имун на ваквите трендови. Верскиот радикализам на Балканот своите корени ги наоѓа во периодот на распадот на Југославија. Војната во Босна и Херцеговина ги примила првите исламистички доброволци од блискоисточните земји кои подоцна своите активности ги прошириле и во другите балкански земји каде што нашле погодно тло за ширење на радикалниот исламизам. Областите во кои живее муслиманско население во Косово, Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Црна Гора и Србија важат за области каде што доаѓаат и новите приврзаници на радикалниот исламизам на Балканот. Овие држави, како дел од поранешна Југославија (освен Албанија), споделуваат многу

---

[1] https://www.dw.com/mk/%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%BC%D0%BE%D1%82-%D0%B2%D0%BE-%D0%B5%D0%B2%D1%80%D0%BE%D0%BF%D0%B0-%D1%81%D0%B5-%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%83%D0%B2%D0%B0/a-19151546

[2] https://www.statista.com/statistics/746562/number-of-arrested-terror-suspects-in-the-european-union-eu/

сличности во поглед на културата, религијата и јазикот на муслиманите кои живеат таму, па, аналогно на тоа, и процесите на радикализација и регрутација на нови приврзаници на радикалниот исламизам се одвиваат со многу слично темпо. Албанија како земја која граничи со дел од овие земји и муслиманското албанско население кое споделува голем број сличности со муслиманите од регионот е избрана како предмет на анализа.

Ваквите состојби во однос на тероризмот со религиозни побуди несомнено се доволен поттик за истражување на трендовите во регионот на Балканот. Балканскиот Полуостров како регион со конфликтно минато секако дека претставува предизвик како за религиозните терористи така и за државите кои треба да се спротивстават на таквите терористи. Јазичната и верската поврзаност на народите на Балканот даваат дополнителен императив, но и основа за истражување на радикалниот исламизам. Во таа насока, целта на ова истражување ќе биде насочена кон утврдување на досегашните активности и состојби со радикалниот исламизам во балканските земји и, секако, како најзначајно, утврдување на влијанието врз националната безбедност на Република Северна Македонија.

# 1. ТЕОРИСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.1. **Идентификување и формулирање на проблемот**

Радикалниот исламизам е појава која зема сѐ поголем замав во светски рамки. Терористичката организација *Исламска држава* е само еден репрезент на овој процес кој прераснува во закана за безбедноста во светот, но особено на Балканот.

Балканот и воопшто земјите од Југоисточна Европа се покажаа како плодна почва за ширење на радикалниот исламизам. Покрај тоа, Балканот е потенцијален избор на повратниците од боиштата на Блискиот Исток и веќе претставува своевидна база за регрутација и обука на нови членови на *Исламската држава*.

Како феномен кој е во експанзија, ширењето на радикалниот исламизам е област за која има многу неодговорени прашања. Во последниот период светот, а особено Европа, се соочува со низа терористички напади за кои одговорноста ја презема токму *Исламската држава*. Европските земји покажаа немоќ да се справат со напливот на бегалци од Блискиот Исток, меѓу кои се провлекуваат и членови на *Исламската држава* кои потоа се идентификуваат како директни изведувачи на терористичките напади низ Европа.

Она што загрижува е фактот дека сѐ повеќе млади муслимани водени од различни мотиви се приклучуваат кон ова радикално движење и од Европа заминуваат на боиштата во Ирак и Сирија каде што одат со цел да се изборат за воспоставување муслимански калифат, за потоа да се вратат во Европа каде што ќе ги спроведат нападите кои за нив значат пат до исполнување на крајната цел.

Последните години сведочат за зголемениот интензитет на ширење на радикалниот исламизам, но и за зголемениот притисок врз меѓународната заедница поради опасноста за пренесување на борбените дејствија од Блискиот Исток на европско тло. Ваквата ситуација бара да се посвети поголемо внимание на овој феномен, како и да се истражат можните идни насоки на делување на радикалните исламисти. Од особено значење е да се дојде до сознанија за влијанието на овие процеси врз безбедноста на Балканот како транзитна територија на бегалците и борците на *Исламската држава*, а, исто така, и како

база за регрутација на нови членови и приврзаници. Но, она што е од посебен интерес во ова истражување е фактот дека преку делувањето на овие исламистички групи во голема мера се доведува во прашање безбедноста на земјите во регионот.

Иако на меѓународната јавност веќе подолго време ѝ се познати структурите на радикалниот исламизам, како и движењето *Исламска држава*, сепак, нивното ширење кон Европа, а особено на Балканот, не е доволно истражено. Ваквите истражувања се во самиот зародиш и сѐ уште не нѐ снабдуваат со квалитетни и конкретни информации кои треба да ја задоволат потребата за истите овие информации.

Кога станува збор за нашата држава и влијанието врз националната безбедност на овие радикални исламистички групи, може да се забележи дека не постојат доволно информации и истражувања за оваа проблематика. Што сѐ може да предизвика делувањето на ваквите структури на нашите простори е, можеби, клучното прашање кое треба да се постави. Она до што треба да се дојде во ова истражување е начинот на кој се радикализираат и регрутираат приврзаниците на радикалниот ислам , каде се обучуваат, за која цел, кои им се мотивите и какви им се целите на групите кои делуваат на овие области.

## 1.2. Предмет на истражувањето

Основен предмет на ова истражување е влијанието на радикалните исламистички групи преку своите приврзаници на Балканот врз националната безбедност на Република Северна Македонија. Во таа насока, групите кои делуваат во рамки на нашата држава ќе бидат особен предмет на интерес во поглед на сите фази од нивните активности.

## 1.3. Цели и задачи на истражувањето

### Општа научна цел

Општата цел на истражувањето се теоретски и емпириски сознанија за радикалните исламистички групи на Балканот и нивното влијание врз националната безбедност на Република Северна Македонија.

Во таа насока се поставени и задачите на истражувањето.

**Задачи на истражувањето**

- Да се увиди на кој начин радикалните исламистички групи делуваат на Балканот и во Република Северна Македонија.
- Да се опише како се врши регрутацијата на приврзаниците.
- Да се истакне целта на радикалните исламистички групи.
- Да се определат мотивите на радикалните исламистички групи.
- Да се открие како радикалните исламистички групи можат да придонесат за загрозување на безбедноста и националната безбедност воопшто на државата и во која мера.
- Да се прецизира колку муслиманите во државата се приклучуваат во радикалните исламистички групи.

## 1.4. Основна хипотетичка рамка

Врз основа на проблемот на истражување и поставените цели, ќе се постави следнава **општа хипотеза:**

Радикалните исламистички групи кои делуваат на просторот на балканските земји имаат значајно влијание врз националната безбедност на Република Северна Македонија.

Покрај општата хипотеза, поставени се и следниве **посебни хипотези:**

- Регрутирањето нови приврзаници е во корелација со успешното делување на радикалните исламистички групи на Балканот.
- Обуката на новите членови на Балканот придонесува за зголемување на ризикот од извршување на терористички напади во Република Северна Македонија, загрозувајќи ја нејзината национална безбедност.
- Муслиманите во нашата држава кои се вклучени во радикалните исламистички групи директно влијаат врз загрозувањето на националната безбедност на Република Северна Македонија.

**Зависна варијабла:** Радикалните исламистички групи – терористички групи организирани според учењето на радикалниот исламизам, чија цел е воспоставување светски исламски калифат.

**Независна варијабла:** Влијанието на радикалните исламистички групи врз националната безбедност.

## 1.5. Методи и техники на истражувањето

Од методолошка гледна точка ова истражување има научно предвидувачки (предиктивен) карактер. Со истражувањето ќе се предвиди понатамошниот тек на определени состојби и тенденции за дејствувањето на радикалните исламистички групи на Балканот и во Република Северна Македонија.

Од методолошка гледна точка ова истражување има и:

**Дескриптивен карактер** – ќе се користи за да се даде поширок опис и проучување на активностите и влијанието на радикалните исламистички групи врз националната безбедност на Република Северна Македонија.

Во истражувањето ќе бидат користени примарни извори на податоци: научна и стручна литература од области кои третираат вакви проблеми, нормативни и правни акти, извештаи од научни конференции, анализи итн. Ќе бидат користени и секундарни извори на податоци со цел потврдување на сознанијата.

**Историографскиот** метод ќе најде примена со цел да се осознаат и да се искористат искуствата од минатото во однос на феноменот на радикалните исламистички групи.

**Анализата на содржината** ќе најде своја примена во анализата на теориските сознанија, анализата на научните конференции, анализата на весниците во периодот од ноември 2001 година до јануари 2021 година и во анализата на документите од државните институции.

До потребните основни вредности во анализата на содржината ќе се дојде со употреба на квантитативна и квалитативна анализа.

**Методот на индукција** ќе се користи за анализа на поединечните случаи на радикален исламизам, за понатаму да се донесе генерален заклучок за оваа појава.

**Методот на дедукција** ќе овозможи од општата теорија и од анализите на радикалните исламистички групи да се потврди влијанието на радикалните исламистички групи врз безбедноста на државите.

Заклучоците од овој дел на истражувањето ќе претставуваат добра основа за понатамошни постудиозни проучувања.

**Компаративниот метод** ќе се користи со цел да се изврши делумна квалитативна и квантитативна селекција и анализа на прибраните податоци и врз основа на тоа ќе се воопштат релевантните факти за потврдување или негирање на поставените хипотези. Овој метод ќе се користи за споредување на сите податоци добиени со претходно користење на статистичките методи и анализа на содржината, кои се однесуваат на бројните показатели за активностите на радикалните исламистички групи.

Ќе се примени аналитички модел кој има најсоодветна концепциска основа за понатамошни истражувања во областа на влијанието на радикалните исламистички групи врз националната безбедност.

Истражувањето ќе биде спроведено преку **анкетен прашалник и интервју** со отворен тип на прашања, формулирани на начин да дадат увид во состојбите со радикалните исламистички групи на Балканот и нивното влијание врз националната безбедност на Северна Македонија. Интервјуто и прашалникот ќе бидат спроведени врз испитаници кои во најголем дел се професионалци од областа на безбедноста и во чиј делокруг на работа е токму тероризмот.

## 1.6. Структура на трудот

**I. ТЕОРИСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

**II. ДЕФИНИРАЊЕ И ПОЈАВА НА РАДИКАЛНИТЕ ИСЛАМИСТИЧКИ ГРУПИ**

**III. РАДИКАЛИЗАЦИЈА И РЕГРУТАЦИЈА НА НОВИ ПРИВРЗАНИЦИ НА БАЛКАНОТ И ОДГОВОР НА ЗАКАНАТА**

**IV. РАДИКАЛНОИСЛАМИСТИЧКИ ГРУПИ ВО МАКЕДОНИЈА И НИВНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ**

**V. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

## 1.7. Значење на трудот

Практична цел на ова истражување е да се дојде до нови сознанија кои ќе помогнат и ќе дадат своевиден придонес во успешната борба насочена кон неутрализирање на дејствувањето на радикалните исламистички групи на Балканот и во Република Северна Македонија и спречување на остварувањето на нивната крајна цел, а тоа е создавање светски исламски калифат и доминација на исламизмот. Заклучоците од ова истражување ќе можат да се искористат во формулирање на една успешна национална и меѓународна стратегија за справување со феноменот на радикалниот исламизам. Исто така, ова истражување може да отвори нови видици кои ќе помогнат во понатамошно продлабочување на знаењата за овој феномен кој се заканува да прерасне во закана број еден во светот.

**Научната оправданост** на ова истражување се согледува во придонесот за верификување на научно недоволно познати и проучени специфични факти и состојби во врска со радикалните исламистички групи на Балканот и влијанието врз националната безбедност на Република Северна Македонија. Резултатите од истражувањето, но и самиот теоретски дел може да придонесат во научниот процес на академско ниво.

**Општествената оправданост** се состои во тоа што истражувањето би помогнало да се согледаат недостатоците во рамките на инструментите за борба против тероризмот и успешноста на институциите чиј делокруг на работа се однесува на тероризмот, а следствено на тоа и на радикалните исламистички групи. Придобивките од ова истражување освен за безбедносните институции и академската средина ќе придонесат и за безбедноста на сите граѓани кои живеат во овој регион.

# 2. ДЕФИНИРАЊЕ И ПОЈАВА НА РАДИКАЛНИТЕ ИСЛАМИСТИЧКИ ГРУПИ

## 2.1. Дефинирање на радикалниот исламизам и појава на радикалните исламистички групи

### 2.1.1. Поим и дефиниција на радикалниот исламизам

Дефинирањето на радикалниот исламизам е комплициран процес кој бара добро разграничување и објаснување на поимите кои ќе бидат користени при неговото дефинирање. Тргнувајќи од фактот дека многу поими и изрази се поврзуваат или се поистоветуваат со радикалниот исламизам, потребно е да се обрне особено внимание при окарактеризирање на одредена група како радикалноисламистичка група. Така, на пример, се среќаваат термини, како што се: „милитантен џихадизам“, „верски радикализам“, „исламофашизам“. Но, она на што треба да се стави фокусот е објаснувањето на поимите: „ислам“, „исламизам“ и „радикален исламизам“.

**Ислам**. Исламот е монотеистичка религија прогласена од страна на пророкот Мухамед во VII век од новата ера. Терминот ислам, кој на арапски значи потчинување, предавање или покорување, ја нагласува фундаменталната идеја на исламот дека верникот (наречен муслиман) прифаќа да ѝ се предаде на волјата на Бога (Алах). За припадниците на исламот Алах претставува единствениот Бог – творец, одржувач и обновувач на светот[3]. Денес, во светот живеат повеќе од 1,5 милијарди муслимани, поделени во повеќе религиски групи, започнувајќи од главните гранки предводени од: шиитите, сунитите и суфите, како и бројните доктринарни секти што произлегуваат од нив.

**Исламизам**. Исламизмот претставува политичка идеологија што се стреми кон создавање држава и општество врз основа на религијата и шеријатскиот закон[4]. Треба да се нагласи дека исламизмот не претставува хомогена и монолитна форма, туку напротив, тој се состои од повеќе правци што се разликуваат во однос на целта и средствата за

---

[3] Islam, Encyclopedia Britannica, <http://www.britannica.com/EBchecked/topic/295507/Islam>

[4] Tomas Precht, „Home grown terrorism and Islamist radicalization in Europe“, *An assessment of the factors influencing violent Islamist extremism and suggestions for counter radicalization measures*, Danish Ministry of Justice, December 2007, 16.

негово остварување. Многу мал број исламисти го поддржуваат насилството како средство за остварување на целта. Најголемиот дел од нив се фокусирани на промовирање на глобалната *Дава* (*Da'wa*)[5], чија цел е заштита на муслиманскиот идентитет и вера од влијанието на неверниците. Третата форма на исламизам се фокусира на остварување на целта преку политички активности во структурата на воспоставениот политички систем на државите во коишто исламистите дејствуваат, односно да се исламизира општеството преку политички реформи.

**Радикален исламизам.** Радикалниот исламизам е термин што се однесува на група или поединци кои користат насилство во функција на остварување политички цели инспирирани од исламистичката идеологија. Радикалниот исламизам повикува на најстрого толкување на *Куранот*, на делата и учењето на пророкот Мухамед. Таквото строго толкување на исламот е подеднакво спротивно како на верувањата на муслиманите така и на немуслиманите. Радикалните исламисти се против западните демократии, блискоисточните влади и институции и исламистичките политички партии кои во изборните процеси во земјите во кои се активни учествуваат без употреба на насилство. И покрај тоа што радикалните исламисти се залагаат за формирање *Исламска држава*, сепак, тие се карактеризираат со недостиг од социоекономска агенда и нагласена употреба на сила против другите муслимани и немуслимани[6].

Потребата од објаснување на значењето на овие поими произлегува од намерата да не се создава поинаква слика за исламот како религија, односно да се избегнат недоразбирањата околу толкувањето и разграничувањето на поимите „ислам“ и „радикален исламизам“.

Првиот обид за прецизно дефинирање на радикалниот исламизам во западната литература е направен од страна на Мајкл Палмер (Michael Palmer), професор на Универзитетот „Источна Каролина“ (East Carolina University). Според Палмер,

[5] Терминот Дава (Da'wa) преведен од арапски јазик значи „повик“ и се однесува на активностите и напорите на муслиманите за пропагирање и зајакнување на исламот како глобална религија.

[6] Youssef H. Aboul-Enien, *Militant Islamist Ideology: Understanding the Global Threat*, Annapolis, Maryland, Naval Institute Press, 2010, 2.

**исламизмот** претставува идеал за возобновување на калифатот и неговата глобална доминација, **исламист** е оној кој верува во тој идеал, додека **џихадист** е оној кој верува во тој идеал и е подготвен да убие (веројатно и да се самоубие) за да го достигне[7].

За разлика од западната литература, арапската литература го разгледува радикалниот исламизам од идеолошки и радикален аспект врз основа на што се базирало дејствувањето на поранешниот лидер на *Ал Каеда* во Ирак, Абу Муса ел Заркави (Abu Musab al-Zarquavi). Според Џамал Рахим (Jamal Rahim), египетски историчар и новинар, а воедно и автор на биографијата на Ел Заркави, постојат три фракции кои го карактеризираат радикалниот исламизам:

- Муслиманско братство *(Ikhwani)* – оние кои го поддржуваат формирањето на *Исламската држава* партиципирајќи во владите и парламентите, истовремено користејќи ги основните средства, како што се: социјалните сервиси и прозелитизацијата, односно проповедите. Денес, нивниот слоган е реформи, а не револуција. Нивната цел е навлегување во државните институции преку политиката.

- Практични радикални исламисти/салафисти *(Salafi Ilmi),* кои го поддржуваат формирањето на *Исламската држава* единствено преку глобалната *Дава*, што претставува проповед на „вистинскиот" ислам. Според тоа, тие го претпочитаат изворното толкување на исламот и сметаат дека првата заедница од времето на Мухамед е најправилна, т.е. е идеално општество. Тие посакуваат исламски фундаменталистички режим и наметнување единствен ислам преку финансирање на џамии, училишта и ширење на религијата. Имаат за цел обединување на исламската заедница „ум'ма" или создавање глобална исламска заедница. Тие не ги почитуваат политеизмот, иновациите и суеверието, демократијата, бидејќи сметаат дека сѐ е определено со *Куранот*, а не со законите на државата. Имаат карактеристичен физички изглед со цел да се разликуваат од другите – „неверниците" и на тој начин да го зачуваат својот идентитет (al wala'wa al bara).

[7] Michael A. Palmer, *The Last Crusade: Americanism and the Islamic Reformation*, Washington, D.C., Potomac Books, Inc, 2007, 11.

- Салафи џихадисти (*Salafi Jihadi*): борбен салафизам вклучувајќи и тероризам кои слично на *Ал Каеда* го поддржуваат формирањето на *Исламската држава* со употреба на сила. Дополнително, тие не го користат нивниот начин на толкување на исламот за морална цел, туку да наметнат страв[8]. Тие, всушност, се директните извршители на активностите и најчесто се лица кои имаат воено искуство и се способни да ракуваат со оружје.

### 2.1.2. Историски личности поврзани со почетоците на радикалниот исламизам

Почетоците на радикалноисламистичките движења датираат од 13-тиот век и се поврзуваат со исламскиот филозоф и теолог Ибн Тајмија. Тој строго се спротивставува на западното влијание врз исламот, а неговите дела се инспирација за џихадистите ширум светот кои врз основа на тие учења го оправдуваат џихадот, односно светата војна против западната култура и неверниците.

Исламскиот свештеник од Судан, Мухамед Ахмед Махди, започнува света војна „џихад“ против османлиско-египетската влада на Судан, што се означува и како прва модерна употреба на радикалниот исламизам против западниот империјализам во XIX век. Неговиот наследник Абдула Ибн Мухамед познат како калифот Абдулахи го продолжува џихадот против христијанскиот режим во Етиопија, италијанскиот режим во Еритреја и британските колонизатори во северозападниот дел на Судан.

Други личности кои се значајни за радикалниот исламизам се и Амин ел Хусеини, познат како големиот муфтија од Ерусалим, кој бил познат по големата омраза кон Евреите во Израел бидејќи тие го промовирале модерниот европски стил на живеење, што било спротивно на она што радикалните исламисти го претпочитале[9]. Тој се поврзува со Јасер Арафат кој ја снабдувал со оружје неговата група.

---

[8] Jamal Abdul Rahim, *Abu Musam al-Zarqawi, Sehikh of al-Qaeda in the Land of the Two Rivers*, Cairo, Arabyah, 2005: 29–30.

[9] Daryl L. Hunter, „Militant Islam 101: A history“, *Citizens For a Freer America*, 2007. 08.12.2014. <http://www.free-press.biz/usa/Islamism-101.htm>

Абдула Азам е уште една битна личност. Тој е познат по изјавата: *„Џихадот во Авганистан ќе се шири сè додека сиот свет не биде покорен, бидејќи Алах му ја вети победата на исламот“*[10]. Тој е еден од најистакнатите муслимански лидери кој придонел за експанзија на џихадот. Ораторската вештина што ја поседувал Азам, способноста како воен стратег, верски лидер и неговата неограничена енергија претставувале инспирација за голем број муслимани низ светот. Ова особено се однесува на Осама бин Ладен, кој Азам го прифатил за свој ментор, но и иден партнер во глобалниот џихад. Денес, во негова чест, военото крило на *Хамас* на Западниот Брег се нарекува *Бригади на Абдула Азам* (Abdellah Azzam Brigades). Според Азам: *„Секој муслиман на земјата треба да го исука мечот и да се бори. Зборот ʼџихад‘ има посебно значење и постојано се споменува во Куранот. ʼЏихад‘ значи борба против неверниците со меч сè додека не се преобратат во ислам или не се согласат да платат ʼџиза‘ (Jizya)*[11] *и да бидат понижени. Зборот ʼџихад‘ значи само борба, борба со меч.*[12] *“*

### 2.1.3. Радикалноисламистички групи

Иако поголемиот дел од радикалноисламистичките групи и организации на почетокот се појавуваат во муслиманскиот свет и во Израел како резултат на геополитичките промени во XX век, радикалниот исламизам продира и надвор од муслиманските геополитички граници.

Денес, во светот постојат повеќе активни радикалноисламистички организации чиј број се претпоставува дека е некаде околу педесеттина, меѓу кои се и: *Абу Нидал*, *Абу Сајаф*, *Египетски Војници*, *Ал Гама ел Исламија*, *Ал Гураба*, *Ал Итихад ел Исламија*, *Ал Мјурабитун*, *Ал Каеда*, *Ал Шабаб*, *Ансар ел Ислам*, *Ансар ел Шарија-Бенгази*, *Боко харам*, *Египетски исламски џихад/Ал Џихад*, *Хамас*, *Харакат ел Муџахедини*, *Хезболах*, *Кавкаски*

---

[10] http://www.investigativeproject.org/profile/103/abdullah-azzam

[11] Џиза (Jizya) – данок кој, според исламскиот закон, немуслиманите биле обврзани да им го плаќаат на исламските владетели, Encyclopaedia Britannica. http://www.britannica.com/EBchecked/topic/304125/jizya

[12] Steven Emerson, *American Jihad: The Terrorists Living Among Us*, New York, The Free Press, 2002, 231.

*емират*, *Исламска армија Аден*, *Унија на исламскиот џихад*, *Исламска држава Ирак и Левант*, *Фронт ел Нусра*, *Џема исламија*, *Катеба ел Кавтар*, *Либиска исламска група*, *Минбар Ансар Дин*, *Муслиманско братство*, *Палестински исламски џихад*, *Салафи џихади*, *Такфир вал Хијра*, *Талибан*, *Движење за наметнување на исламскиот закон*, *Пакистанско талибанско движење*, *Туниска борбена група* и уште многу други[13].

За најголемиот дел од овие групи може да се каже дека имаат слични или исти цели, односно соборување на секуларните и националистичките режими, борба против западното влијание и воспоставување исламска држава на основите на шеријатскиот закон и со употреба на насилство.

Ако се анализира историскиот развој на радикалниот исламизам и причините за неговата појава, развој и продор надвор од границите на муслиманскиот свет, може да определиме шест фази[14].

*Прва фаза* – периодот од 1920 до 1969 година. Во овој период се бележи пораст на активностите на радикалноисламистичките групи како резултат на културните разлики меѓу муслиманите и западниот свет, но и зависноста на западноевропските земји од ресурсите кои ги поседувале земјите од муслиманскиот свет. Тогаш се формирани: *Муслиманското братство* (Египет), *Ослободителна партија* (Палестина) и организацијата *Такфир вал Хијра* чии крајни цели се под силно влијание на исламистичката идеологија.

*Втора фаза* – периодот од 1970 до 1979 година. Во овој период е забележан пораст во формирањето нови радикалноисламистички организации од кои најголем дел се резултат на егзодусот на Палестинците кои ќе го искористат исламот како интегрирачки фактор. Во тој период се формираат: *Абу Нидал*, *Ал Гама ел Исламија* и *Египетски исламски џихад*.

*Трета фаза* – периодот од 1980 до 1989 година. Овој период го одбележува советската окупација на Авганистан кога повторно се бележи пораст на радикалниот

[13] Борче Чамински, *Милитантниот исламизам како закана по регионалната безбедност на ЈИЕ*, Скопје: Воена академија „Генерал Михајло Апостолски“, 2015, стр. 34.

[14] http://www.pbs.org/wgbh/pages/frontline/shows/target/etc/modern.html

исламизам. Во овој период САД ги употребуваат сите средства за да се справат со Советскиот Сојуз, а како резултат на нивната поддршка доаѓа до формирање на *Ал Каеда*. Во подоцнежниот период токму идеологијата на *Ал Каеда* ќе претставува главен двигател на радикалниот исламизам во светски рамки. Во оваа фаза биле формирани и низа други организации, како што се: *Хамас*, *Хезболах*, *Палестински исламски џихад*, *Џемат ел Фурган* и др.

*Четврта фаза* – во периодот од 1990 до 1999 година. Во овој период е забележан можеби најголем пораст на радикалниот исламизам, што е резултат на променливата надворешна политика на западните сојузници кон муслиманските земји. Спротивностите во начините и методите на промоција на демократските вредности биле клучен фактор за големиот пораст на радикалноисламистичките организации, меѓу кои се: *Абу Сајаф*, *Ал Итихад ел Исламија*, *Џема исламија*, *Либиска исламска група* и низа други организации.

*Петта фаза* – во периодот од 2000 до 2009 година. Во овој период повторно е забележан развој на радикалноисламистичките групи, но овој пат како последица на инвазијата врз Ирак, а недостатокот на легитимност било причина плус за формирањето нови верско радикални групи. Во овој период се формираат: *Ансар ел Ислам*, *Ансар ел Суна* и *Исламска држава Ирак и Левант* (*ИДИЛ*). Иако и во овој период се формираат вакви групи, сепак, се забележува извесен пад на нивниот број, што се должи на фактот дека ваквите групи со текот на времето стануваат закана и за самите муслимани, муслиманските земји и за нивниот развој и углед. Нападите врз муслимански цели во Бали (2002), Истанбул (2003), Шарм ел Шеик (2004), Аман (2005) влијаеле на опаѓањето на поддршката од страна на муслиманите.

*Шеста фаза* – во периодот од 2010 година, па наваму. Во овој период продолжува трендот на формирање нови верско радикални групи, што е доволен доказ дека нивните активности не запираат. Иако бројот на новоформирани организации не е премногу голем, сепак, тоа треба да биде аларм за безбедносните служби ширум светот, а особено за европските, да обрнат поголемо влијание на активностите на овие групи. Арапската пролет била еден вид ветер во грбот за радикалноисламистичките групи да ги интензивираат активностите на чело со организацијата *Муслиманско братство*. Случувањата на Блискиот Исток, особено во Ирак, Сирија и Авганистан ја даваат сликата

за моменталните активности на радикалноисламистичките групи. Но, она што треба да загрижува е фактот дека преку мигрантските бранови предизвикани од случувањата во овој регион, заканата од радикален исламизам затропа на портите и на Европа, за што веќе сведочат нападите во Париз, Брисел и во други европски градови[15].

## 2.2. ПОЧЕТОЦИ И ПРОДОР НА РАДИКАЛНИОТ ИСЛАМИЗАМ НА БАЛКАНОТ

### 2.2.1. Корени и продор на радикалниот исламизам

Радикалниот исламизам е „увезен“ на Балканот, и е остра спротивставеност на традиционалните гранки на исламот во регионот (суфимистицизмот и традицијата на Дервишите). Радикалниот исламизам своите корени ги влече од Саудиска Арабија уште од 18-тиот век. Привrзаниците на ова движење се водени од учењето на саудискиот религиозен реформатор – шеикот Мохамед бин Абдул ел Вахаб. Патувајќи низ Блискиот Исток со цел ширење на неговите монотеистички верувања, примарна цел на Ел Вахаб била „прочистување“ на сунитскиот ислам, за кој тој смета дека станал изобличен под влијание на научната ревизија и погрешното поклонување на идолите и симболите. Тој тврдел дека муслиманите треба изворно да го толкуваат *Куранот* и дека верувањето во суеверие (аџилак во светилишта, изградба на надгробни споменици, верување во знаците) претставува опасна диверзија која треба да биде напуштена. Доктрината на Ел Вахаб денес е прерасната во синоним за екстремистички варијанти на модерниот политички ислам, иако учењата за исламот биле толкувани на многу начини, опфаќајќи ја политичката агенда на различни групи. Следбениците на доктрината на Вахаб најчесто се познати како вахабисти, но тие често преферираат да бидат нарекувани салафисти (потомци на Салаф – следбеник на пророкот Мухамед). Во таа насока, кога станува збор за терминологијата секогаш треба да се има предвид дека следбениците на радикалниот исламизам кои се задржуваат само на ширење на верско радикални учења, но без учество

[15] https://www.dw.com/mk/%D0%BD%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B2%D0%BE-%D0%B1%D1%80%D0%B8%D1%81%D0%B5%D0%BB-%D0%B1%D0%B8%D0%BB%D0%B5-%D0%B4%D0%BE%D0%BB%D0%B3%D0%BE-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B8/a-19134505

во воени дејствија се нарекуваат вахабисти/салафисти, додека, пак, извршителите на терористичките акти во име на создавање исламски калифат се нарекуваат џихадисти.

Движењето на радикалниот исламизам доживува брз развој во текот на 18-тиот и 19-тиот век, особено во регионот на Блискиот Исток. Во текот на 18-тиот век спојувањето на политичките и верските интереси ги прави промоторите на радикалниот исламизам моќни патрони. Во Саудиска Арабија доаѓа до симбиоза меѓу радикалните исламисти и главниот племенски водач на сè поголемата саудиска династија – Мухамед бин Сауд. Ваквата симбиоза ќе доведе до консолидација на моќта на кланот на Сауд и продолжување на исламистичкото влијание во Саудиска Арабија. Блиските врски меѓу саудиската династија и радикалните исламисти ќе придонесат кон значајно влијание во саудискиот религиозен и политички живот. Односот помеѓу овие две компоненти може да биде и контрадикторен, но, сепак, блиските врски продолжиле да се развиваат, па како што се зголемувала политичката и финансиската моќ на саудиската династија така и доктрината на радикалниот исламизам се развивала со исто темпо.

Исто така, блиските врски меѓу династијата и исламистите генерирале ефекти и надвор од границите на царството. Саудиското богатство, надополнето со нафтените извори, е само една страна на паричката, а извозот на радикалниот исламизам ќе претставува подеднакво значаен фактор.

Како што растело влијанието на групите, како што е египетското *Муслиманско братство*, владите на Блискиот Исток преземале мерки против нивните активности. Во контекст на прогонувањето на овие групи, Саудиска Арабија била прогласена за релативно безбедно засолниште за прогонетите, како што биле, на пример, египетските исламисти кои побегнале од режимот на Насер во 1960 година. Саудијците пресметале дека овие исламски екстремисти, сè додека може да се контролираат, не претставуваат закана за династијата. Но, од следната деценија, исламистите (и локалните вахабисти) стануваат нетрпеливи кон „корумптивните“ правила на саудиското владеење. Наместо да се помогне на социјалната кохезија, а со тоа и на стабилноста, преку прераспределба на државното богатство кое во значајна мера е создадено од саудиската династија за време и по нафтената криза во 1973 година, тоа било апсорбирано во рамките на мал и затворен круг од владејачката елита. За да се справи со сè поголемата внатрешна закана од

локалните вахабисти и странските екстремисти, саудиското раководство активно го поддржало извозот на вахабистичката/радикалноисламистичката идеологија на пропагаторите, пред сè, за заминување на џихад во Авганистан. Како последица на тоа, голем број саудиски исламисти ќе учествуваат во конфликти надвор од саудиските граници, а по завршувањето на Советско-муџахединскиот конфликт, голем дел од нив ќе се вклучат во нови конфликти, како што беа оние во Чеченија, Алжир и Босна и Херцеговина. Ваквата состојба ќе придонесе арапските доброволци да дадат поддршка на европскиот џихад, односно на, според нив, угнетените муслимани. Но, странските волонтери, водени од ентузијазмот на радикалните исламисти и прилично либералното босанско толкување на исламот, ќе создадат непријатни партнери.

Исламот на Балканот традиционално ја прифатил формата на суфимистицизмот и како таков бил настрана од радикалноисламистичките идеи и влијанија. Во текот на 20-тиот век, балканските муслимани во Босна и Санџак биле релативно секуларни, иако оние во Санџак останале поконзервативни. Но, конзервативните сили кои преовладувале во рамки на внатрепартиската борба на елити во муслиманската партија СДА (Странка демократске акције [Партија за демократска акција]) го промовирале исламот како централен аспект на босанскиот муслимански идентитет. За да стане уште посложено, војната во периодот 1992 – 1995 година донела значителен број странски борци (меѓу нив и радикални исламисти, од кои дел и џихадисти) на територијата на Босна и Херцеговина. Напнатоста се појавила речиси веднаш. И покрај постоењето воена солидарност и во поширока смисла почитување на сунитскиот ислам, постоеле огромни разлики помеѓу босанските муслимани и приврзаниците на радикалното толкување на исламот. Во основа, суфимистицизмот од страна на радикалните исламисти се сметал како корумпирана варијанта на сунитскиот ислам кој би било идеално доколку се искорени. Како претходница на „вистинската вера“, радикалниот исламизам не поддржува разновидност во рамките на исламот, отфрлајќи ги алтернативните толкувања како корумпирани и неисламски. Интелектуализацијата на исламот е отфрлена од страна на радикалноисламистичките теолози кои инсистираат на тоа дека треба да се консултираат само оригиналните текстуални извори на *Куранот* (како што е утврдено од страна на пророкот и неговите следбеници). Според нив, нема простор за креативно толкување, а оние кои поинаку го интерпретираат *Куранот* се сметаат за неверници.

Можеби највпечатливата разлика помеѓу балканските муслимани и радикалните исламисти, сепак, е нивното спротивставено толкување на односот меѓу половите. За разлика од суфимистицизмот, вахабистичката/радикалноисламистичката доктрина диктира дека половите треба да бидат строго разделени во речиси сите области на јавниот живот. Според радикалноисламистичкото учење, мажите се предодредени да работат на сите аспекти на јавниот живот, додека жените мора да се придржуваат на домашните обврски. Покрај тоа, од жените се бара да носат целосен превез (бурка), да бидат во голема мера одвоени од мажите и да практикуваат различни ритуали во џамија. Жените се речиси целосно исклучени од јавниот живот, физичкиот контакт меѓу мажите и жените е забранет, но полигамијата, сепак, е дозволена.

### 2.2.2. Радикалниот исламизам на портите на Балканот

Приврзаниците на доктрината на радикалниот исламизам имаат воспоставено свое присуство и зголемена активност во регионот на Западен Балкан во текот на последните две децении, особено во Босна и Херцеговина и Санџак (Србија). Со војната во Босна, во периодот од 1992 до 1995 година, започнува промената на карактерот на босанскиот ислам. Дури и пред избувнување на војната, во рамките на партијата СДА (Партија за демократска акција) се појавиле две спротивставени струи. Од една страна била секуларната фракција на Адил Зуфилкарпашиќ, а од друга страна порелигиозната и фундаменталистичка фракција предводена од Алија Изетбеговиќ. Една од клучните фундаментални промени предизвикани од оваа внатрешна борба била промената во природата и структурата на босанскиот ислам. Прогонот на муслиманите од страна на Србите и Хрватите за време на војната и колективното воено искуство довеле до радикализација на претходно нејасниот исламски идентитет. Но, подеднакво значајно е тоа што војната, исто така, донела нови аспекти на исламскиот свет кои дотогаш биле нејасни за босанските муслимани.

Помошта која босанските муслимани ја добиле од исламските земји била преточена во повеќе форми, а дел од нив останале до ден-денес. Имено, како последица на таа помош било и влијанието на арапските доброволци „муџахедини“ кои дошле во Босна.

Со Дејтонскиот договор е ставен крај на војната во Босна која завршила во ноември 1995 година, и покрај континуираните кризи помеѓу нејзините составни делови: Федерацијата на муслиманите и Хрватите и Република Српска.

Една од последиците кои ги оставила војната е засадувањето на семето на радикалното толкување на исламот. Дел од арапските доброволци кои дошле во Босна во раните деведесетти години од минатиот век биле следбеници на радикалноисламистичката доктрина. По потпишувањето на Дејтонскиот договор нивните активности во голема мера се игнорирани од страна на босанската влада и меѓународната заедница. Но, по создавањето нова безбедносна средина по настаните од 11-ти септември, нивните активности стануваат предмет на загриженост не само на босанските власти туку и на пошироката исламска и меѓународна заедница. Она што загрижува е фактот дека проблемот со радикалниот исламизам веќе не е ограничен само на Босна и Херцеговина, туку истиот прераснува во безбедносна грижа и за властите во Србија, Црна Гора и Северна Македонија.

Инцидентите поврзани со исламистите станале секојдневие во Босна кои вклучувале тензични односи низ годините помеѓу нив (и поддржувачите на нивните идеолошки цели) и пошироката умерена муслиманска заедница. Сепак, меѓународните набљудувачи утврдиле дека инцидентите се ограничени во рамки на мал дел од муслиманската заедница, првенствено како задоцнети ефекти на војната кои со текот на времето ќе исчезнат. Иако на маргините во муслиманскиот живот и култура во Босна, порастот на радикалниот исламизам почнал да претставува причина за загриженост во регионот. Од крајот на деведесеттите години на 20-тиот век инцидентите со радикалноисламистичките групи се прошириле и надвор од границите на Босна, со зголемена фреквенција во соседните земји, како: Србија, Косово, Црна Гора и Северна Македонија. Со откривањето на оружје и друга логистичка опрема во „терористичкиот камп за обука“ надвор од градот Нови Пазар во Србија[16] (и подоцнежното судење) оваа појава и официјално ги надминала границите на Босна и Херцеговина. Па така, чекор по чекор, во текот на изминатите неколку години појавата на радикалниот исламизам од

[16] https://www.politika.rs/sr/clanak/23482/Otkriven-kamp-za-obuku-terorista

маргините на случувањата станала главна политичка тема во Србија, Црна Гора и Северна Македонија.

Всушност, неколку месеци по откривањето на кампот за обука, ширењето на радикалниот исламизам, следбениците на доктрината на радикалниот исламизам, како и природата на нивните активности од страна на безбедносните служби во регионот започнале да се дефинираат како едни од факторите кои во иднина со голема веројатност ќе придонесат за регионална нестабилност.

### 2.2.3. Балкан

**Босна и Херцеговина (БиХ)**

Покрај Албанија, Босна и Херцеговина е европска земја во која мнозинство од населението го сочинуваат муслиманите. Исламистичката идеологија која во голема мера ја минимизирала или негирала националната припадност им пружила основа на Бошњаците во БиХ да се идентификуваат со муслиманите во светот, да се идентификуваат себеси како припадници на умата (муслиманска заедница) и да ја запостават националната и етничката припадност. Како што и претходно е елаборирано, исламот во Босна и Херцеговина не бил карактеристично фундаментален и конзервативен. Имено, европските муслимани, вклучувајќи ги тука и муслиманите во поранешна СФРЈ (Социјалистичка Федеративна Република Југославија), а особено муслиманите во Босна и Херцеговина, се вбројуваат меѓу најлибералните и најмодерните муслимани. Периодот од речиси половина век, кој муслиманите од поранешна Југославија го поминале во комунистичка земја, дополнително го намалил влијанието на религијата врз секојдневниот живот. Во Босна и Херцеговина, пресвртот кон исламот и исламската цивилизација (како начин на создавање и потврда на идентитетот) започнал кон средината на минатиот век. Кон крајот на триесеттите години од минатиот век во Босна и Херцеговина постоела група на радикални муслимани со седиште во Сараево, кои во *Муслиманското братство* го виделе „примерот кој треба да се следи“[17]. Поддржани од ерусалимскиот муфтија Ал Мухамед Ефенди Амин ел Нусеини муслиманите во Босна и Херцеговина во Втората светска војна земале учество во џихадот, кој токму овој муфтија го прогласил, во склоп на нацистичката борба против

[17] Šindler, Dţon R.: Nesveti teror, Sluţbeni glasnik, Beograd, 2009. str. 27.

Евреите и православните. Хајнрих Химлер, согледувајќи ги предностите кои може да ги има вклучувањето на муслиманите во борбата на страната на Третиот Рајх, дал силна поддршка на создавањето муслимански дивизии во рамките на нацистичката војска.

Покрај муслиманите од Босна и Херцеговина кои биле во најголем број, во составот на дивизијата *Ханџар* (муслиманска паравоена терористичка организација) биле повеќе од 26 000 војници од Косово, Албанија и Србија[18]. Освен во оваа дивизија, голем број муслимани учествувале во борбите од страна на Германија во повеќе единици кои биле исклучиво исламски, како што биле: *Хаџиефендиевата легија, Зелени кадар, Муслиманската армија на Хуско Миљковиќ, Муслиманската милиција Горажде – Фоча* и *Млади муслимани,* чиј најпознат припадник бил Алија Изетбеговиќ. По војната, новата комунистичка власт била прилично попустлива кон исламската заедница бидејќи муслиманите во Босна и Херцеговина не ги сметала како голема закана. Во повоениот период биле изградени околу 800 џамии ширум Босна и Херцеговина, било дозволено делување на различни исламски организации, а во 1977 година бил основан и Факултет за исламска теологија во Сараево. Во 1969 година било издадено делото на Алија Изетбеговиќ со наслов „Исламска декларација“ во кое се зборувало за создавање единствена муслиманска заедница од Мароко до Индонезија[19]. Заговорот за уништување на секоја власт која не е заснована на ислам и создавањето чиста исламска држава биле дел од ставовите изнесени од Алија Изетбеговиќ во ова дело. Идејата која провејува во делото „Исламска декларација“ потсетува на вахабистичкото учење за враќање кон изворниот ислам.

Распадот на СФРЈ и воените судири кои следувале потоа претставувале совршено сценарио за идеите на босанските исламисти. Алија Изетбеговиќ со помош на Адил Зулфикарпашиќ, богат босански муслиман кој живеел во Швајцарија, во 1990 година ја основал партијата Странка демократске акције (Партија за демократска акција) или СДА. Алија Изетбеговиќ и неговите истомисленици веќе биле поврзани со различни исламистички структури и организации кои судирите во Босна и Херцеговина ги виделе како шанса за остварување на своите интереси и остварување на влијание во Европа.

---

[18] Galijašević, Dţevad: *Era terorizma u BiH*, Filip Višnjić, Beograd, 2007. str. 114.
[19] Izetbegović, Alija: *Islamska deklaracija,* 1990. str. 2.

Босна и Херцеговина како исламска земја би претставувала база за терористички исламистички организации. Со оглед на тоа дека џихадот во Авганистан бил завршен, голем број муџахедини се вратиле на територијата на Босна и Херцеговина. Таквиот чин бил своевиден одговор на повикот на Изетбеговиќ сите муслимани во Босна и Херцеговина да се борат против неверниците. Вахабистичките проповедници, како и муџахедините, во голем број пристигнувале во Босна и Херцеговина од речиси сите страни на светот и генерално под превезот на хуманитарните организации.

Партијата на Алија Изетбеговиќ, СДА, веднаш по формирањето ја основала *Патриотската лига*, која претставувала паравоена формација под контрола на СДА, на чие чело се наоѓал имамот Хасан Ченгиќ.

Муџахедините во Босна и Херцеговина доаѓале преку различни канали, но главно преку Хрватска. Воен лидер на муџахедините во Босна и Херцеговина бил Алжирецот Абу Маали, додека за верската индоктринација одговорен бил Анвар ел Шабан. Абу Хамза, член на терористичката организација *ГИА* (*Вооружена исламска група/GIA – Armed Islamic Group)*, бил задолжен за формирање единици од членовите на постоечките исламистички терористички организации. Со доаѓањето во Босна и Херцеговина, муџахедините, од кои дел биле припадници на терористичките организации *Хезболах*, *ГИА* и други, биле распоредени во третиот корпус на Армијата на Босна и Херцеговина во единицата *Ел муџахид*, која директно му одговарала на Алија Изетбеговиќ. Оваа единица била финансирана од донации кои доаѓале од исламските земји и таа била најопремена единица за време на војната. На територијата на Босна и Херцеговина биле направени кампови за прием и обука на радикални исламисти кои биле финансирани најчесто од Саудиска Арабија, но и од Иран. Еден од камповите кој се наоѓал во Травник бил под команда на радикален исламист, еден од клучните луѓе на Ал Каеда, Абу Абдел Азиз ел Мунтесиб, со прекар Барбароса. Верската индоктринација преку учењата на вахабистите била една од клучните поенти на обуката за муџахединските единици. Муџахедините и борците од Авганистан и Палестина покрај борбеното искуство го донеле и исламистичкото учење кое многу брзо се раширило меѓу домашните борци. Злосторствата и ѕверствата кои ги извршиле во духот на радикалното толкување на џихадот и начинот на борба со неверниците оставиле голем впечаток кај босанските муслимани кои биле

прогласени за лоши муслимани. По завршувањето на војната, односно по потпишувањето на Дејтонскиот договор, голем дел од муџахедините ја напуштиле Босна и Херцеговина, продолжувајќи ја борбата во други делови од светот каде што муслиманите воделе војна против „неверниците“. Сепак, одреден број муџахедини од исламските земји одлучиле да останат во Босна и Херцеговина, со оглед на тоа дека веќе имале добиено босанско државјанство. Мрежата на *Ал Каеда*, која контролирала мнозинство од терористите кои дошле да се борат во босанскиот џихад, во тој момент имала значајно упориште во Европа. Од страна на лидерите на СДА, но и од верските поглавари, како акт на благодарност кон муџахедините, селото Бочиња во општината Маглај во 1994 година било предадено на радикалните исламисти кои одлучиле да останат во Босна и Херцеговина. Токму ова село подоцна станало главна база и упориште на вахабизмот во Босна и Херцеговина, а можеби и на Балканот[20]. Освен селото Бочиња, и селото Горна Маоча претставувало вахабистичка заедница каде што покрај верска индоктринација била вршена и обука за џихад. За време на полициска акција во 2010 година во овие две села биле пронајдени терористички кампови, оружје и пропаганден материјал кој повикувал на тероризам. Во оваа акција биле уапсени радикални исламисти со алжирско потекло кои се испорачани во САД, додека оние кои имале државјанство на Босна и Херцеговина или на Хрватска биле обвинети за загрозување на уставниот поредок и територијалниот интегритет на Босна и Херцеговина. По терористичкиот напад врз амбасадата на САД од страна на санџачкиот радикален исламист Мевлид Јашаревиќ, кој пред нападот престојувал во селото Маоча, полицијата извршила нови апсења во ова село. Радикалните исламисти кои останале да живеат во Босна и Херцеговина продолжиле да го шират радикалниот исламизам помеѓу домашното население, нудејќи хуманитарна и парична помош на сите кои го прифаќале нивното учење.

Главна улога во ширењето на повоениот верски радикализам имале хуманитарните организации од исламските земји, особено од Судиска Арабија. Ако Иран важел за главен покровител на воениот аспект на џихадот, Саудиска Арабија била главен покровител на исламизацијата и ширењето на радикалниот исламизам во Босна и Херцеговина[21].

---

[20] Galijašević, Dz. *Era terorizma u BiH*, Filip Višnjić, Beograd, 2007. str. 101.
[21] Becirevic, Edina, „The Bosnian Approach to the Figh against Terrorism“, *The fight against terrorism and crisis management in the Western Blkans,* IOS Press, 2008.

*Активната исламска младина* (*АИО – Активна исламска омладина)* е организација која била формирана во 1995 година со цел собирање на исламската младина и нивна индоктринација во радикалниот исламизам. Главен финансиер на оваа организација која имала и издавачка компанија која издавала различни исламистички брошури (меѓу кои списанието „САФФ“ [„SAFF“]) била Саудиска Арабија. *Ал Харамеин*, саудиска хуманитарна организација која била ставена на црната листа на ОН поради финансирање на тероризам, во Босна и Херцеговина била застапена преку две организации, и тоа: *Ал Харамеин исламик фаундејшн* (*Al Haramain Islamic Foundation*) и *Ал Харамеин & Ал Масјед ел Акса чериц фаундејшн* (*Al Haramain & Al Masjed Al Aqsa Charitz Foundation*). *Ал фуркан* (*Al Furqan*) е хуманитарна организација која делувала заедно со *ТВРА* (*TWRA Third World Relief Agency*), хуманитарна организација основана во Виена која се занимава со поддршка на ширењето на исламот во Источна Европа. Сите овие хуманитарни организации заедно со *Ал Гама ел Исламија* (*Al Gama'a Al Islamiya*), *Ал Кифах* (Al Khifah), *Ал Мувафак* (*Al Muwafaq*), *БИФ* (*BIF*) и други помали организации се поврзуваат со ширење на радикални верувања, но и со финансирање на исламистички тероризам, почнувајќи од терористичките организации во Чеченија, Палестина, Сомалија, па сè до Ал Каеда и ИСИС.

Во последните децении е забележан значителен број радикални исламисти во редовите на муслиманското население во Босна и Херцеговина. Верската радикализација е забележителна и на улиците каде што сè почесто може да се сретнат жени со никаб и мажи со долги бради и закусени панталони. Џамии градени во арапски стил има во речиси сите градови, а најкарактеристична е џамијата „Крал Фахд“ во Сараево која претставува и најголема европска џамија.



Слика 2.1.: Џамија „Крал Фахд“ во Сараево

Извор: https://muslimmosques1.wordpress.com/2014/12/28/king-fahd-mosque-sarajevo-bosnia/

Како што е случај во Косово и во областа Рашка така и во Босна и Херцеговина дипломираните студенти на исламските универзитети во исламските земји станале верски авторитети во земјата. Голем дел од нив добиле стипендии од Саудиска Арабија и од верско радикални организации, а по нивното враќање го пропагираат радикалното толкување на исламот.

Во Босна и Херцеговина постојат две фракции на радикалниот исламизам. Едната е реформистичката фракција, која претставува поблага варијанта и има позиционирано свои луѓе во Исламската верска заедница во Босна и Херцеговина. Другата порадикална фракција се нарекува и неотекфирска фракција. Оваа фракција го поддржува таканаречениот индивидуален џихад, односно терористичко делување на поединци (волци самотници) и самоубиствени напади во земји кои не се исламски. Исламската верска заедница во Босна и Херцеговина честопати доаѓа во судир со радикалните исламисти или „вехабије“ како што тие ги нарекуваат, што некогаш доведува до инциденти, особено кога постои обид за заземање џамии.

Покрај терористичкото делување на територијата на Босна и Херцеговина, постои податок кој говори дека голем број радикалноисламистички терористи кои учествувале во терористички напади ширум светот определен временски период престојувале во Босна и Херцеговина, а дел од нив поседувале и патни исправи од оваа балканска земја. Двајца од извршителите на нападот на 11 септември 2001 година, Халид ел Мидхар и Навар ел Хазми, биле босански ветерани[22]. По нападите на Светскиот трговски центар и по објавувањето на војната против тероризмот од страна на САД, Босна и Херцеговина била принудена да испорача неколку свои државјани кои потекнувале од исламски земји, а на некои од нив да им го одземе државјанството.

Воените случувања во поранешна Југославија го потпомогнале процесот на верска радикализација во Босна и Херцеговина. Податоците говорат дека дури една петтина од вкупниот број муслимани во Босна и Херцеговина се привврзаници на радикалниот исламизам, што води до констатацијата дека оваа земја е еден од резервоарите од кои се црпат исламистичките борци. Исто така, во Босна и Херцеговина сѐ уште престојуваат припадници на различни организации кои имаат терористички предзнак, што ја прават оваа балканска земја своевидно буре барут.

**Косово**

Влијанието на радикалниот исламизам на Косово станува поизразено во текот на деведесеттите години од 20-тиот век кога во рамките на ОВК (Ослободителна војска на Косово) се забележани исламистички борци, муџахедини, од различни делови на светот[23]. Во рамки на ОВК била формирана и муџахединската исламистичка единица *Абу Бекир Сидик*, како и единицата *Браво* која ја сочинувале студенти од различни медреси (верски училишта) ширум светот[24]. По завршувањето на воените судири, радикалниот исламизам на Косово започнал сѐ поагресивно да се шири. Моделот на ширење е сличен како и во другите земји каде што живее муслиманско население. Имено, студентите кои добиваат стипендии од Саудиска Арабија заминуваат на студии на исламски универзитети на кои се индоктринираат на радикалната верзија на исламот и по нивното враќање во матичната

[22] Galijašević, Dţevad: Era terorizma u BiH, Filip Višnjić, Beograd, 2007. str. 114.
[23] Mijalkovski M; Damjanov P: Terorizam albanskih ekstremista, novinsko izdavački centar Vojska, Beograd, 2002. str. 104.
[24] Ибид.

земја како образовани имами, со финансиска помош на радикалноисламистичките организации, го шират овој вид радикален исламизам. Постојат податоци дека многу Албанци на Косово добиваат и месечен надомест за да се придржуваат кон радикалноисламистичките практики и начин на живот. Од особено значење за ширењето на радикалниот исламизам во Косово се хуманитарните организации кои најчесто служат за обезбедување финансиски средства. *Саудискиот комитет за хуманитарни прашања за Чеченија и Косово* се вбројува меѓу позначајните организации за поддршка и финансирање на радикалниот исламизам и има свои претставништва во неколку градови во Косово (Приштина, Вучитрн и Косовска Митровица). Исто така, една од најпознатите „хуманитарни организации“ *Ал Харамеин*, која е ставена на црната листа на ОН поради докажано финансирање на тероризам, имала свое претставништво во Призрен. Припадници на организациите: *Обединета помош за Косово* (*United Aid for Kosovo*) и *Глобална фондација за помош* (Global Releif Foundation) биле уапсени од страна на КФОР поради поврзаност со *Ал Каеда*. На Косово биле присутни и други организации кои се поврзуваат со радикалниот исламизам, како што се: *Светското собрание на муслиманската младина* (*The World Assemblz of Muslim Youth*), *Интернационалната исламска организација за помош* (*Internacional Islamic Relief Organization*), *Агенцијата за помош од третиот свет* (*Third World Relief Agency*) и низа други кои преку финансирање на изградба на џамии, исламски центри и медреси активно учествуваат и помагаат во ширење на радикалниот исламизам. Своите најголеми упоришта во Косово радикалните исламисти ги имаат во Призрен, Косовска Митровица, Дреница, Бајгора, Мокра Гора, Ропотово, Качаник итн. Како што е случај секаде каде што се појавуваат така и во Косово радикалните исламисти доаѓаат во судир со домашните/домицилните умерени религиозни Албанци. Разликата меѓу исламистичкиот начин на живот и радикалното толкување на исламот и традиционалниот ислам кој го практикуваат Албанците е толку голема што оддава впечаток на целосна промена на идентитетот на Албанците[25]. На семинарот „Вахабитите на Косово“ одржан во 2007 година, американски експерти прогнозирале дека во наредниот период Косово ќе стане најзначајно упориште на радикалниот исламизам[26]. Албанците во Косово кои се следбеници на радикалниот исламизам претставуваат

---

[25] Idrizi, Zekeria: Wahhabism said spreading among Albanians in Macedonia, Kosovo, 26.12.2005, http://www.islamdaily.org/en/wahabism/3886.wahhabism-said-spreading-among-albanians-in-macedo.htm
[26] Poteţica, Oliver: Vehabije izmeĎu istine i predrasude, Filip Višnjić, Beograd, 2007. str. 210.

резервоар на терористи кои не се со арапско потекло и изглед и кои можат многу лесно да се вклопат во населението во Западна Европа и Северна Америка каде што би ги изведувале терористичките напади. Како доказ за тоа е случајот со косовскиот Албанец Хисен Шерифи кој бил дел од седумчлената терористичка група која подготвувала напади во САД во рамки на светскиот џихад. Оваа група била уапсена од страна на американската полиција во Северна Каролина на 27 јули 2009 година. На 2 март 2011 година во Германија, косовскиот Албанец Арид Ука извршил терористички напад на аеродромот во Франкфурт убивајќи двајца припадници на американската авијација[27].

**Санџак (Рашко-полимска област), Србија**

Рашката област или Санџак е област која е административно поделена помеѓу Србија и Црна Гора. Во Србија, Санџак го сочинуваат шест општини: Нови Пазар, Сјеница, Тутин, Пријепоље, Нова Варош и Прибој, додека во Црна Гора се општините: Пљевља, Бијело Поље, Плав, Беране, Андрејевица и Рожаје. Во областите кои се наоѓаат во југозападна Србија живеат околу 309 000 жители, од кои околу 35 % се муслимани[28]. Муслиманите кои живеат во Санџак себеси се нарекуваат Бошњаци и се идентификуваат со Бошњаците кои живеат во Босна и Херцеговина. Со оглед на фактот дека Бошњаците во Санџак се идентификуваат со Бошњаците во Босна и Херцеговина, развојот на радикалниот исламизам се одвивал со сличен тек како и во Босна и Херцеговина. Првата фаза траела од почетокот на втората половина на XX век, сè до избивањето на судирите во Босна и Херцеговина во 1992 година и политичката и верска ескалација на радикалниот исламизам во Санџак. Втората фаза го претставува воениот период во Босна и Херцеговина (1992 – 1995 година) и рефлексијата на тие случувања во Санџак. Третата фаза траела од завршувањето на воените дејствија во Босна и Херцеговина, преку вооружените судири на Косово, па сè до 2001 година со почетокот на глобалната антитерористичка политика на САД. Четвртата фаза на продор и развој на радикалниот

---

[27] Frankfurt airport gunman jailed for life, Published10 February 2012 https://www.bbc.com/news/world-europe-16984066

[28] Trifunović Darko; Stojaković Goran; Vračar Milinko: Terorizam i vehabizam, Filip Višnjić, Beograd, 2011. str. 248.

исламизам во Санџак започнува во периодот на спроведување на глобалната антитерористичка политика[29].

За време на постоењето на СФРЈ државата негувала добри пријателски односи со голем број муслимански земји во рамки на Движењето на неврзаните. Како резултат на тоа, одреден број муслимани од цела СФРЈ, па и од Санџак заминувале на студии на исламски универзитети во исламски земји. Добар дел од тие студенти студирале во Саудиска Арабија каде што го присвоиле радикалното исламистичко учење. Исто така, и студенти од исламските земји доаѓале на студии во Југославија, со што се воспоставувале врски со домашното муслиманско население. Студентите кои се враќале од студии станувале имами кои проповедале радикален исламизам. Со текот на времето тоа резултирало со создавање тензии и нетрпеливост помеѓу новодојдените исламисти и домашното, либерално муслиманско население.

Причини за ширење на радикалниот исламизам во СФРЈ, па и во Санџак, биле случувањата на почетокот на деведесеттите години на минатиот век, односно распадот на Југославија и внатрешните судири. Голем број муслимани од Санџак се бореле во џихад во Босна и Херцеговина, а од доброволците од овој регион била формирана озлогласената бригада *Зуфикар* во која, исто така, членувале и арапски исламисти.

Големо влијание за радикализацијата на муслиманите и за продорот на радикалниот исламизам во Санџак имал младиот муфтија Муамер Зукорлиќ кој своето верско образование го стекнал во Алжир и Либан. Во идеолошкиот вакуум кој настанал со распадот на Југославија, Зукорлиќ се обидел да создаде специфичен муслимански идентитет помеѓу муслиманите во Санџак. Тој, освен како духовен се наметнал и како политички лидер на муслиманите во Санџак и пропагирал став дека исламот не е само религија, туку е и политички систем кој ги регулира сите аспекти на животот и крајна цел на секој муслиман е создавање панисламска држава во која ќе живеат само муслимани и истата ќе биде уредена според шеријатското право.

По завршувањето на воените судири во поранешна Југославија, во регионите со мнозинско муслиманско население дошло до зголемена исламизација и радикализација.

[29] Ибид.

Во Санџак, како и во Босна и Херцеговина, биле создадени исламски заедници во кои било вообичаено да се забележат потполно покриени жени и мажи со долги бради и специфични куси панталони. Бошњачката организација „Активна исламска младина“, која била финансирана од Саудиска Арабија, делувала на подрачјето на Санџак делејќи аудиоматеријали, видеоматеријали, летоци, книги и друг пропаганден материјал со повик за повторно враќање кон „вистинскиот“ ислам.

По завршувањето на вооружените судири на Косово, а особено по терористичкиот напад на Светскиот трговски центар во САД кој делувал како катализатор за сите исламистички движења низ светот, радикалниот исламизам доживува целосна експанзија во Србија[30]. Сè повеќе исламистички организации кои биле создадени од радикалните исламисти никнувале во областа Рашка, а биле управувани од центри, како што се: Сараево и Виена, најголемиот вахабистички центар во Европа. Некои од организациите кои ги интензивирале своите активности во тој период биле: *Ел Муџахид*, *Муслиманско братство*, *Светската исламска канцеларија*, *Џемијету Фурљан*, *Недње*, *Џамијски гулаби*, *Црни лебеди*, *Ластовици*, *Нова младина*, *Координативен одбор на исламски младински организации* и други[31]. Првиот масовен собир на радикалните исламисти на Балканот се одржал токму во Нови Пазар, како реакција на објавувањето на карикатура од пророкот Мухамед во Данска[32]. Според досега достапните сознанија, ставот на Исламската заедница во Санџак бил доста благ во однос на активностите на радикалните исламисти на ова подрачје, иако во јавноста се претставувала слика дека тие се во меѓусебен судир.

Вистинската слика за експанзијата на радикалниот исламизам во Рашка станала појасна по откривањето на камп за обука на терористи на планината Нинаја во околината на село Жабрен кај Нови Пазар, во март 2007 година, кога во полициска акција бил откриен исламистички камп во кој се пронајдени: оружје, муниција, експлозиви, гориво и воени униформи, а биле уапсени и четворица радикални исламисти. При претрес на домовите на уапсените бил пронајден пропаганден материјал кој повикувал на џихад. Еден од учесниците на кампот успеал да избега во Косово каде што му било обезбедено

[30] Trifunović Darko; Stojaković Goran; Vračar Milinko: Terorizam i vehabizam, Filip Višnjić, Beograd, 2011. str. 278.
[31] Ибид.
[32] Karikature proroka Muhameda u Danskoj - oštre reakcije muslimana https://www.dw.com/bs/karikature-proroka-muhameda-u-danskoj-o%C5%A1tre-reakcije-muslimana/a-2502394

засолниште од тамошните исламисти. Истрагата покажала дека радикалните исламисти од Нови Пазар биле поврзани со истомисленици од Босна и Херцеговина, Косово, но и со истомисленици од исламските земји, особено од Саудиска Арабија. Оружјето кое било пронајдено кај уапсените во нивните засолништа околу Нови Пазар во најголем дел потекнувало од Косово каде што пристигнало од албанските касарни[33].



Слика 2.2.

Извор: dw.com.hr

Вкоренетоста на радикалниот исламизам во Рашко-полимската област била до тоа ниво што и по апсењата на голем број приврзаници на радикалниот исламизам, оваа појава продолжила да се шири со зголемен интензитет. Нападот на американската амбасада во Сараево, кој го извршил Мевлид Јашаревиќ по потекло од Рашко-полимската

[33] Otkriven kamp za obuku terorista. https://www.politika.rs/sr/clanak/23482/%D0%9E%D1%82%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D0%BD-%D0%BA%D0%B0%D0%BC%D0%BF-%D0%B7%D0%B0-%D0%BE%D0%B1%D1%83%D0%BA%D1%83-%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B0

област, е уште еден доказ за тоа[34]. Поврзаноста на радикалните исламисти во целиот регион со неколку исламистички центри, како што се: Сараево, Нови Пазар, Косовска Митровица, Призрен, создава силна исламистичка мрежа финансирана од некои исламски земји, што претставува сериозна закана за безбедноста како на Србија така и на целиот Балкан.

## Црна Гора

Делувањето на радикалните исламисти во Црна Гора е тесно поврзано со развојот на исламизмот во Санџак. По апсењата на голем број радикални исламисти во Србија, голем дел приврзаници на радикалниот исламизам побегнале во Црна Гора. Како најголеми упоришта во Црна Гора се: Плав, Бијело Поље, Улцињ и Тузи. Како и во другите региони во опкружувањето, и појавата на радикалниот исламизам во Црна Гора бил одбележан со инциденти помеѓу домашните, традиционални муслимани и приврзаниците на радикалниот исламизам, како и со преземање џамии и физичко насилство врз имамите кои биле лојални на Исламската верска заедница во Црна Гора. Во регионите со поголема концентрација на радикални исламисти џамиите биле под нивна контрола. Во Беране дури била отворена и посебна месарница за приврзаниците на радикалниот исламизам каде што се продавало месо од животни заклани според шеријатските закони. Настанот „Шести исламски младински средби“ бил организиран во 2006 година во Плав и истиот претставувал своевиден собир на сите радикални исламисти од регионот. Островот на Плавското Езеро прераснал во упориште на радикалните исламисти од Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора[35]. Она што е позагрижувачко кога станува збор за Црна Гора е поврзаноста на радикалните исламисти со припадници на организирани криминални групи.

## Албанија

Албанија како земја со голем број муслиманско население не е приоритетна мета за ширење на радикалниот исламизам. Како отежнувачка околност за ширењето на

[34] Vehabija iz Pazara pucao na ambasadu SAD, pogođen snajperom https://www.rtv.rs/sr_lat/region/vehabija-iz-pazara-pucao-na-ambasadu-sad-pogodjen-snajperom_281046.html

[35] ŠABOVIĆ: PLAV NIJE CENTAR VEHABIJA, TO JE VLADA CRNE GORE, 25.07.2021 https://www.vesti.rs/Vesti/Sabovic-Plav-nije-centar-vehabija-to-je-Vlada-Crne-Gore-3.html

радикалниот исламизам во Албанија до одредена мера може да се смета и деценискáта комунистичка атеистичка индоктринација, како и изразената национална припадност и поделеноста на самите муслимани на сунити и суфии. Друг фактор е и фактот дека распадот на Југославија не создал воено жариште во Албанија, односно муслиманското население не било загрозено. Ова, сепак, не значи дека бранот на радикализација ја одминал Албанија. Процесот на инфилтрирање на радикалниот исламизам се одвивал по ист принцип како и кај другите балкански земји, пред сѐ, преку давање стипендии на млади Албанци кои по завршување на студиите се враќале како исламистички имами, преку градење џамии, преку хуманитарни организации и сл.

Хуманитарните организации кои се поврзуваат со радикалниот исламизам и со финансирање на тероризам биле присутни и во Албанија. *Ал Харамеин*, како најпозната саудиска организација функционирала и во Албанија, сѐ додека под притисок на САД не било забрането нејзиното работење. На сличен начин своето работење го завршиле и организациите: *Ал Мувафак*, *Ал Вакф* и *Светската исламска организација за помош* (*World Islamic Relief Organization*). И покрај активностите на државата за затворање на ваквите организации, сепак, на територијата на Албанија функционираат сомнителни хуманитарни организации кои се финансираат од Саудиска Арабија. Токму поради фактот дека биле одбиени финансиски средства од сомнителни хуманитарни организации дошло до пресметка помеѓу привржаниците на радикалниот исламизам и традиционалните струи во Исламската заедница во Албанија. Високиот претставник на Исламската заедница во Албанија, Салих Тивари, бил убиен во 2002 година од страна на исламистите бидејќи се противел на надворешните влијанија на муслиманите во Албанија и предложил да не се прифаќаат финансиски донации од разни хуманитарни организации[36]. По неговото убиство радикалните исламисти го зголемиле притисокот за создавање паралелни институции и организации. Голем број издавачки куќи работеле на издавање пропагандни брошури, книги, цедеа и други материјали за промоција на радикалниот исламизам.

[36] Ubijen Sali Tivari, lider albanske islamske zajednice, 13.01.2003 https://www.b92.net/info/vesti/index.php?yyyy=2003&mm=01&dd=13&nav_category=78&nav_id=80886

## 2.3. Исламска држава (Islamic State)

Се смета дека *Исламска држав*а е фракција од терористичката организација *Ал Каеда*, т.е. сунитска милитантна група која е формирана како одговор на недовербата и фрустрациите од неуспешното владеење на владите во Сирија и Ирак. На знамето на групата *Исламска држав*а пишува: „Мухамед е пророкот на Бог“ и „Нема друг бог освен Алах“ – фрази со кои се согласуваат сите муслимани, не само *ИД* (*Исламска држава*).

Целта на *Исламска држава* е формирање „калифат“ – држава каде што се почитуваат традиционалните вредности на исламот и шеријатското право. Поради нестабилноста на регионите во Сирија и Ирак, *Исламска држава* успеала да освои и да стави под своја контрола тероитории во двете држави.

*ИД* своите активности ги насочила првенствено во Сирија и Ирак, но нигериската терористичка организација *Боко харам* им ја изразила својата поддршка. Тоа претставувало еден вид натпревар во суровост: додека *Боко харам* била одговорна за 13 000 смртни случаи, *ИД* била одговорна за најмалку 24 000 повредени или убиени[37]. *Ал Каеда* се дистанцирала од *ИД*, а една од нејзините фракции наречена *Фронт Нусра* се борела токму против *ИД*.

Нешто по кое се разликува групата *Исламска држава* се нејзините следбеници. Повеќе од 20 000 странски борци се придружиле на групата, од кои повеќе од 4 000 потекнувале од Западна Европа и Северна Америка. На сликата се прикажани државите од каде што потекнуваaат најголемиот дел од борците. Најголем број борци, споредено со вкупниот број на жители на земјите, доаѓаат од мали земји, како што се: Шведска и Белгија[38].

---

[37] https://www.dw.com/mk/%D0%B8%D0%B4-%D1%98%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B7%D0%B5%D0%BC%D0%B0-%D0%BE%D0%B4%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BA%D1%80%D0%B2%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D0%B4-%D0%B2%D0%BE-%D0%BA%D0%B0%D0%B1%D1%83%D0%BB/a-41954904

[38] https://www.dw.com/mk/%D1%88%D1%82%D0%BE- Посетено на: 06.12.2016 година.




Слика 2.3.

Извор: Дојче Веле

### 2.3.1. Почетоци и настанување на *Исламска држава*

Групата *Исламска држава* често ги менувала имињата во текот на својата историја. Кога се појавила во Авганистан, групата на Абу Мусаб ел Заркави, *Џунд ел Шам*, постоела само неколку месеци пред Заркави да ја преименува во *Џамаат ел Тахид вал Џихад* (*Група на монотеизам и џихад*). По случувањата од 11 септември 2001 година и дисперзијата на џихадистите (со падот на Талибанците), Заркави и џихадистите истомисленици се преселуваат во северен Ирак и за брзо време по падот на режимот на Садам започнуваат борби со американските сили.

По преговорите и одлуката на Заркави да го прифати лидерството на Бин Ладен, групата станува *Ал Каеда во земјата на двете реки*, која најчесто се нарекувала и *Ал Каеда во Ирак – АКИ* (*Al Qaeda in Iraq*) во периодот околу 2004-тата година. Во 2006 година групата се споила со неколку мали групи и го променила нејзиното име во *Маџлис Шура ел Муџахедин* (*Majlis Shura al-Mujahedin*), а потоа повторно се споила со неколку други мали групи прифаќајќи го името *Исламска држава на Ирак – ИСИ* (*Islamic State of Iraq – ISI*), иако честопати била нарекувана *АКИ*. *ИСИ* го задржува тоа име сè до 2013-тата година кога нејзиното големо присуство во Сирија го натера да го додаде терминот „Ал

Шам“ (арапски термин за голема Сирија), со што прерасна во *Исламска држава на Ирак и Ал Шам* или *Исламска држава на Ирак и Сирија – Islamic State of Iraq and Syria* (честопати нарекувана по нејзиниот акроним *ИСИС*). Некои пишани медиуми и американската влада терминот „Ал Шам“ го преведуваат како „Левант“, осврнувајќи се на источниот медитерански регион кој ги вклучува Сирија, Јордан, Израел и Либан, од каде што доаѓа и акронимот *ИСИЛ* (*Islamic State of Iraq and Levant*). И тогаш, во 2014 година, групата повторно го променила името, поедноставувајќи го во *Исламска држава* за да означи дека нејзините амбиции и суверенитет не се ограничени само на Ирак и Сирија и дека ги отфрла границите наметнати врз муслиманскиот свет од страна на колонијалните сили. Некои од непријателите на *Исламска држава* ја нарекуваат „Даеш“, користејќи го арапскиот акроним за *Исламска држава Ирак и голема Сирија* (*al-Dawla al-Eslamiyya al-Iraq al-Sham*). На арапски „Даеш“ звучи слично на „daes“ (некој што крши нешто под нозете) и „dahes“ (некој што сее раздор). И двата термина можат да се поврзат со она што всушност го правеше *Исламска држава*.

*Исламска држава* започнува со делување како ирачка организација. Џихадистичките групи земале замав во американската инвазија во 2003 година и многу од нив се обединиле околу јорданскиот џихадист Абу Мусаб ел Заркави. Бин Ладен му пружил финансиска помош на Заркави за да ја активира својата организација, но Заркави на почетокот одбивал да му биде лојален на Бин Ладен бидејќи споделувал само дел од целите на Бин Ладен и сакал да остане независен. Сепак, по неколкумесечни преговори, Заркави се заколнал на лојалност, а во 2004 година неговата група го прифаќа името *Ал Каеда во Ирак* за да ја означи оваа поврзаност. Бин Ладен добил партнер во најважниот „театар“ на џихадот во време кога *Ал Каеда* била распната, а Заркави ги добил контактите и престижот на *Ал Каеда* зајакнувајќи го својот легитимитет.

Сепак, дури и на самиот почеток, групата на Заркави ги расипала односите со раководството на *Ал Каеда*. Завахири и Бин Ладен биле фокусирани на американските цели, додека Заркави ја истакнувал војната меѓу сектите и нападите врз муслиманите сунити кои тие ги сметале за отпадници, како и оние кои соработувале со ирачкиот режим предводен од шиитите. Исто така, Заркави и неговите следбеници дејствувале со неверојатна бруталност, градејќи го името преку видеоматеријали со обезглавувања –

тактика која нивната организација наследничка ќе ја користи за шокирање и анимирање на јавноста. И покрај загриженоста на Завахири, стратегијата на Заркави наизглед функционирала добро, со оглед на тоа дека *Ал Каеда во Ирак* поттикнала голем бунт и неколку години контролирала делови од Ирак населени со сунити.

Меѓутоа, неселективното насилство на *АКИ* против ирачките сунити довело до создавање на страв од групата, што во комбинација со порастот на американските сили во Ирак, почнувајќи од 2006 година, претставувало тежок удар за *АКИ*. При избувнувањето на сирискиот конфликт во 2011 година, Завахири, меѓу другите, ги повикал и ирачките џихадисти да учествуваат во тој конфликт, а Багдади првично испратил мал број борци во Сирија со цел да формира организација таму. Еден од тие борци бил Абу Мохамед ел Хулини, кој ќе оди понатаму и ќе ја формира *Џабат ал Нусра*, група која започнала како „тркачки коњ“ на Багдади за потоа да се сврти против него. Додека во Сирија владеел хаос, ирачките џихадисти воспоставиле безбедни бази за операции, собирање пари и придобивање нови регрути за нивната кауза. Воспоставувањето на присуство одело лесно, бидејќи сириската влада им дозволила на џихадистите да транзитираат, а понекогаш и да се стационираат на сириската територија како начин на поддршка на антиамериканскиот бунт во Ирак во претходната деценија[39]. Џихадистичките амбиции растеле заедно со нивната организација, проширувајќи се во Сирија на сличен начин како во Ирак. Силите на *АКИ*, кои веќе себеси се нарекувале *Исламска држава на Ирак и Сирија*, исто така, се соочувале со помал притисок во Ирак со заминувањето на американските сили кон крајот на 2011 година. Истовремено, ирачкиот премиер Нури ел Малики воспоставил серија катастрофални политики за зајакнување на поддршката меѓу неговата шиитска база, користејќи екстремна фанатична реторика и систематско исклучување на ирачките сунити од власта. Голем дел од сунитите протестирале, што довело до насилна владина акција која уште повеќе ја отуѓувала сунитската заедница. На тој начин организацијата на Багдади постојано ја придобивала поддршката, ја обновувала својата легитимност во Ирак и ги пополнувала своите редови. Исто така, тие ги зголемиле нападите врз владините цели и безбедносните сили, а особено биле зачестени атентатите, а имало и неколку високопрофилни бегства од затвор кои ја понижиле ирачката влада и биле ослободени

---

[39] За време на војната во Ирак во 2003 година, Сирија е можеби најважната транзитна точка за странските борци кои влегувале во Ирак.

голем дел од најискусните кадри на групата. На почетокот на 2014 година групата испратила сили во Ирак, тврдејќи дека ги брани локалните сунити и на тој начин го повратила своето присуство во градовите, како што е Фалуџа. Исто така, групата зазела голем дел од територијата на Сирија, користејќи го фактот што сириската влада била фокусирана кон поумерените групи, а сириската опозиција останала фракционизирана.

Групата го променила своето име во летото 2014 година во *Исламска држава* и поддржана од други обесправени сунити се проширила низ Ирак. Искористувајќи ја нивната мобилност и високиот морал, тие ги шокирале ирачките владини сили, освојувајќи голем дел од териториите во областите каде што доминирале сунитите, притоа повредувајќи голем дел од ирачките војници, полицајци и други лица поврзани со владата, а заробиле и опрема која САД им ја дале на ирачката војска. Повеќе од 20 000 Ирачани биле убиени во првите осум месеци од 2014 година, а речиси два милиони биле раселени[40].




Слика 2.4.

Извор: tportal.hr

[40] AL QAEDA, THE ISLAMIC STATE, AND THE GLOBAL JIHADIST MOVEMENT (what everyone needs to know) – Daniel Byman, Oxford University Press, 2015, chapter 8 –The Islamic State, p. 163-187.

### 2.3.2. Абу Бакр ел Багдади

За разлика од Бин Ладен или Завахири, многу малку се знае за Абу Бакр ел Багдади, лидерот на *Исламска држава*, кој себеси се нарекувал калиф Ибрахим. Роден е како Ибрахим Авад Ибрахим ел Бадри во 1971 година. Бил надежен млад фудбалер кој од некој свој соиграч бил нарекуван „Меси од нашиот тим“, споредувајќи го со познатиот аргентински напаѓач Лионел Меси. Ништо не навестувало дека едно срамежливо и побожно момче ќе прерасне во еден од најбараните луѓе во светот. Исто како и Бин Ладен и Завахири, така и Багдади бил добро образован. Всушност, тој имал посериозни религиозни ингеренции од лидерите на *Ал Каеда*, откако го добил својот докторат од „Исламскиот универзитет“ во Багдад. Багдади се приклучил на џихадистичкиот отпор кон американските сили во Ирак во 2004 година (ако не и порано). Поголем дел од 2004 година бил притворен од страна на американските сили, но во крајна линија не се сметал за особено опасна закана. Според некои извештаи, тој добро се однесувал со службениците во притворот и бил ослободен. Во 2006 година неговата група се приклучила на чадор-организацијата на ирачки џихадисти, позната како *Исламска држава на Ирак*. Багдади станал член на високиот лидерски совет на групата. Тој контролирал сили во западен Ирак каде што се поврзувал со заплашување, тортура и убиства на локални цивили. Багдади станува лидер на *АКИ* во 2010 година, непосредно пред групата да почне да се движи во Сирија. Како лидер, тој ги спроведувал терористичките активности на *АКИ* (Al Qaeda in Iraq) против ирачките безбедносни сили, разните шиитски групи, ирачката влада и сунитските лидери кои соработувале со нив. Тој многу помогнал во реобновата на *АКИ* по уништувањата што ги претрпела за време на американскиот „бран“ кој започнал во 2006 година. Бројни поранешни воени и разузнавачки офицери кои му служеле на режимот на Садам биле назначени на високи функции од страна на Багдади. Под водство на Багдади, *АКИ* ја започнала кампањата „Разбивање на ѕидовите“ (Breaking the Walls) во која стотици членови на *АКИ* се ослободени од ирачките затвори, што довело до зголемување на рејтингот на Багдади во организацијата. Тој многу умно ја искористил сириската граѓанска војна за понатамошна обнова на неговата организација, користејќи ги тамошните боишта да развие и да создаде „рај“ и да привлече нови регрути и поддршка.

Багдади се обидел да ја постави *АКИ* на едно ново ниво за време на првата рамазанска ноќ во 2014 година кога го прогласил враќањето на калифатот, ставајќи се себеси за негов лидер. Како калиф, тој ќе бил „командант на верниците“ и на тој начин (барем теоретски) муслиманите насекаде ќе му ја должеле послушноста. Меѓутоа, блискоисточните режими, сунитските верски водачи, па дури и повеќето џихадистички групи го отфрлиле раководството на Багдади (тука се и десетиците милиони муслимани ширум светот кои сметале дека неговото прогласување било апсурдно). Во 2019 година тој извршил самоубиство за време на нападот на американските специјалци во Идлиб, а за нов лидер бил именуван Абдулах Кардаш.

### 2.3.4. Односите помеѓу *Исламската држава* и *Ал Каеда*

Иако сирискиот конфликт ја обновил *Исламската држава*, истиот довел и до разединување од раководството на *Ал Каеда*. Завахири ја поддржал организацијата *АКИ* да се „пресели“ и во Сирија, но, исто така, тој сакал да има своја посебна група под посебна команда која ќе оперира во Сирија, на чело со Сиријци. Завахири сакал да има посебна сириска група поради неговите минати сомнежи во врска со лојалноста на *АКИ*. Така, *Џабат ал Нусра* е основана како сириска алтернатива на *АКИ*.

Многу наскоро АКИ ќе почне да се плаши дека *Ал Нусра* премногу се фокусира на Сирија, дејствувајќи независно и игнорирајќи го раководството на *АКИ*. На 9 април 2013 година Багдади ја прогласува *Ал Нусра* за дел од *АКИ* (т.е. подредена на неа) со цел да ја стави под контрола. Тоа наишло на спротивставување кај водачите на *Ал Нусра*, ветувајќи директна заклетва на Завахири како начин на задржување на нивната независност. Завахири го сметал овој недостиг на единство како фрустрирачки. Во обид да го реши ова прашање, тој ја прогласува *Ал Нусра* за официјален претставник на *Ал Каеда* во Сирија, а групата на Багдади за официјална подружница на *Ал Каеда* во Ирак. Тој му наредил на Багдади да ја прифати оваа одлука и да се фокусира на Ирак. Багдади одбил, уште еднаш прогласувајќи ја *Џабат ал Нусра* за подредена на него. Ова предизвикало насилен судир во кој загинале околу 3 000 борци од двете групи[41].

---

[41] Ибид.

Во февруари 2014 година Завахири официјално изјавил дека организацијата на Багдади која се нарекува *Исламска држава на Ирак и Сирија* не е гранка на групата *Ал Каеда*, дека нема организациски однос со неа и дека *Ал Каеда* не е одговорна за нивните акции“[42]. *Ал Каеда* и *Исламска држава* се разликуваат и според стратегијата, и според тактиката, и според тоа кој треба да го води целокупното џихадистичко движење.

Ваквата тензија била присутна уште од создавањето на *АКИ* во 2004 година и никогаш не престанала. Иако Бин Ладен и Завахири јавно ја поддржале *АКИ*, приватно тие не го одобриле прогласувањето на организацијата *Исламска држава во Ирак* и имале слаби односи со лидерите на истата.

Завахири особено се плашел дека *АКИ* ја става „кочијата пред коњот“, односно дека треба да се има целосна контрола врз територијата и народна поддршка пред да се прогласи *Исламска држава*, а не обратно. Џихадистите, исто така, се сомневале дека водачите на *АКИ* се обидуваат да го узурпираат целокупното лидерство од Бин Ладен. Покрај тоа, Завахири ги казнил ирачките џихадисти за нивната бруталност, верувајќи дека таквото однесување би ја отуѓило пошироката муслиманска заедница. И, навистина, потпаролот на *Ал Каеда* јавно му препорачал на Бин Ладен да ги прекине врските со групата *Исламска држава во Ирак* поради секташкото насилство на групата.

*Исламската држава* и нејзините претходници сметале дека водството на бојното поле, а не од далечните бази во Авганистан или Пакистан, е она што се брои. Иако групата *Исламска држава* се фокусирала на борбата против локалните режими, таа, исто така, посветувала и големо внимание на борбата против ривалските групи, вклучувајќи ги и другите салафистички борци. Спротивно на тоа, главен дел од мисијата на *Ал Каеда* отсекогаш била да го обедини џихадистичкото движење околу нејзините глобални цели. Како и неговите претходници, и Багдади ги гледал прочистувањето на исламската заедница преку напаѓање на шиитите и другите религиозни малцинства и спроведувањето „правилни“ исламски верувања и практики како главни приоритети и во голема мера ја

[42] L. Sly, “Al-Qaeda Disavows Any Ties with Radical Islamist ISIS Group in Syria, Iraq,” *Washington Post*, February 3, 2014, http://www.washingtonpost.com/world/middle_east/al -qaeda-di savows-any-ties-withradical-islamist-isis-group-in-syria-iraq/2014/02/03/2c9afc3a-8cef-11e3-98ab-fe5228217bd1_story.html

игнорирал теоријата на *Ал Каеда* за напаѓање на „далечниот непријател" (САД) со цел да ги соборат режимите на Блискиот Исток кои тие наводно ги поддржуваат[43].

Најважно од сè е тоа што Багдади верувал дека неговата организација треба да биде задолжена за џихадистичките операции во Ирак, Сирија, Либан и Јордан, во најмала рака. Иако можеби *Џабат ал Нусра* е изникната од истите џихадистички движења кои ја создале групата *Исламска држава*, сепак, двете групи битно се разликуваат. За разлика од организацијата на Багдади, силите на *Џабат ал Нусра* соработувале со други сириски борци против режимот на Асад и биле релативно воздржани во однос на нападите врз цивили. Додека групата *Исламска држава* испраќала видеоматеријали од обезглавувања на Американци, *Џабат ал Нусра* објавувала наслови за ослободување на мировници на Обединетите Нации кои тие ги заробиле. Поучени од катастрофата на *АКИ* во Ирак, кога населението се свртело против неа, групата *Џабат ал Нусра* ги преобратувала, а не ги тероризирала луѓето во насока да ги убедат наместо да ги принудат муслиманите кои живеат на териториите кои таа ги контролирала да го прифатат „вистинскиот" ислам.

*Исламската држава* и *Ал Каеда* се натпреварувале во тоа која да биде доминантна организација во рамките на современото џихадистичко движење. *Ал Каеда* имала поддршка од многу традиционални џихадистички идеолози, вклучувајќи го и еден од највлијателните – Абу Мухамед ел Макдиси. Во периодот кога заедно престојувале во Јордан, Макдиси го советувал Заркави, односно бил еден вид на негов ментор, но подоцна ја отфрлил поддршката и не се согласувал со неговата бруталност против шиитите, како и со другите злоупотреби кои тој ги правел. Макдиси ја нарекол групата *Исламска држава* (наследничката група на групата на Заркави) девијантна[44]. Приврзаниците на *Ал Каеда*, исто така, нуделе силна позиција во глобалното движење, но многу од нив имале врски со ирачките џихадисти од времето кога се бореле во Ирак и во секој случај нивните основоположници гледале на *ИД* како на убедлива организација. Неколку мали групи и индивидуални локални борци со текот на времето почнале да се заколнуваат на верност на *ИД* на разни локации, како што се: Газа, Синај, Алжир, Либија и Пакистан. Багдади тврдел

[43] A. Y. Zelin, "The War Between ISIS and al-Qaeda for Supremacy of the Global Jihadist Movement," *Research Notes*, Number 20, The Washington Institute for Near East Policy, June 2014, p. 3, http://www.washingtoninstitute.org/uploads/Documents/pubs/ResearchNote_20_Zelin.pdf.
[44] Aaron Y. Zelin, "The War Between ISIS and al-Qaeda for Supremacy of the Global Jihadist Movement," p. 4.

дека тој ја водел борбата против отпадниците – актуелна и популарна причина со оглед на бранот секташки судири со кој бил зафатен регионот. Периодот на успеси кој го имала *Исламската држава* и нејзиното масовно присуство на социјалните медиуми ѝ обезбедило голема поддршка од странски борци во Сирија и Ирак, со што се стекнала со огромна моќ. Во меѓувреме, јадрото на *Ал Каеда* било погодено од беспилотни летала, а нејзините лидери биле во фаза на стареење. По смртта на Бин Ладен, Багдади тврдел дека Завахири е оној кој се оттргнал од визијата на основачот на организацијата. За многу млади и надежни џихадисти, Завахири бил оној кој изгледал слабо и надвор од процесите, а не *Исламската државa* .

Ваквата борба во рамките на џихадистичкото движење може да доминира во фокусот на *Ал Каеда* во наредниот период. И двете организации може да дојдат во искушение да користат терористички акти од висок профил со цел да го привлечат вниманието на меѓународните организации и да им докажат на потенцијалните следбеници и поддржувачи дека тие се вистинските лидери на каузата.

### 2.3.5. Целта и моќта на *Исламската држава*

Исламската држава имала за цел да создаде исламска држава, но по свои критериуми. Како таква, таа го надминала тероризмот, па дури и бунтот, формирајќи армија и државни структури на огромната територија која ја имала под контрола. За разлика од *Ал Каеда*, *Исламската држава* не се гледала себеси како авангарда која се бори да го разбуди муслиманскиот свет и да го присили Западот да се повлече од Блискиот Исток. Напротив, целта била да се изгради држава, да се прочисти истата, а потоа да се прошири, прогласувајќи го мотото „Трајност и проширување“ („baqiya wa tatamadad“) како свое мото[45]. Борбата против нејзините непосредни непријатели, како што биле режимот на Алавитите во Сирија, шиитскиот режим во Ирак и потенцијалните непријатели на својата територија (верските малцинства и нелојалните сунити) биле нејзина најважна цел.

---

[45] Charles Lister, “Profiling the Islamic State.”, report from December 2014, https://www.brookings.edu/research/profiling-the-islamic-state/

Групата *Исламска држава* ја поставила за своја цел консолидацијата на контролата врз територијата на сунитските делови на Ирак и Сирија и понатамошното проширување. Тоа вклучувало не само освојување на повеќе територии од овие две земји туку и преземање операции во Јордан, Либан и Саудиска Арабија, држави каде што имала регрутирано борци и повремени терористички напади. Иако *ИД* ги тероризирала своите непријатели, истата да се нарече терористичка група е вистински, но и погрешно. Како што истакнува Џесика Луис од Институтот за проучување на војната, стратегијата на *Исламската држава* „фундаментално се потпира на воена супериорност“[46].

Секташтвото, исто така, е важно за успехот на *Исламската држава*. Исто како што Заркави создал движење со поттикнување на секташка војна во Ирак, неговиот наследник Багдади го експлоатирал секташтвото во Ирак и Сирија за да изгради поддршка. *Исламската држава* ги сметала шиитите и другите муслимани за „девијантни“ и полоши од неверниците и верувала дека борбата против немуслиманите треба да почека додека религиските малцинства не се исчистат од муслиманското тело. Кога *ИД* се оттргнала од *Ал Каеда*, тоа го сторила во име на секташтвото, при што еден од лидерите изјавил: „Никој нема да нè спречи да се бориме против Алавитите и да спроведуваме џихад во Сирија!... Автомобил-бомбите ќе ги напаѓаат шиитите, од Дијала до Бејрут“[47].

Дури и исламистичката група *Хамас* се сметала за девијантна бидејќи го следела *Муслиманското братство,* а не салафистичкото учење, па поради тоа морале да се борат и против неа.

Знамето на групата (црно со исламски верски симболи напишани со бела арапска калиграфија) е обид да се пресоздаде знамето на пророкот Мухамед[48]. Не е изненадувачки, со оглед на нејзината секташка ориентација, фактот дека групата *Исламска држа*ва во голема мера ги прифаќа вахабистичките учења. Групата користи вахабистички текстови од Саудиска Арабија во своите училишта, уништува христијански светилишта и

---

[46] J. D. Lewis, “The Islamic State: A Counter-Strategy for a Counter-State,”Institute for the Study of War, July 2014, http://www.understandingwar.org/report/islamic-state-counter-strategy-counter-state.

[47] Цитирано во C. Bunzel, “Islamic State of Disobedience: al-Baghdadi Triumphant,” *Jihadica,* October 5, 2013, http://www.jihadica.com/the-islamicstate-of-disobedience-al-baghdadis-defiance/.

[48] W. McCants, “Black Flag [Slide Show],” *Foreign Policy,* November 7, 2011, http://www.foreignpolicy.com/articles/2011/11/07/black_flag_al_qaeda.

несунитски места за богослужби и, како и Саудиска Арабија, има верска полиција за да присилува на присуство на богослужбите[49].

*Исламската држава,* исто така, се потпира и на милениумскиот стремеж во рамките на исламот. Регрутите играат на картата дека апокалипсата е во тек и дека конфликтот во Сирија означува битка помеѓу силите на Бога и неговите непријатели. Ова било мотив само за мал дел од оние кои одат да се борат, но тоа го одразува ставот дека Сирија е во срцето на арапскиот и муслиманскиот свет и историски и симболично. Сирија за брзо време паднала, откако муслиманските војски се прошириле од Арапскиот Полуостров по раѓањето на исламот и таа претставувала срцето на една од најважните династии на исламот – Омејадите[50]. Како такво, страдањето на Сирија и нејзината судбина биле во сржта на муслиманскиот идентитет за милиони луѓе. *Хадисот* (извадоци од зборовите на пророкот Мухамед) ја нагласува важноста на Сирија како сцена на последните битки. Вилијам Мек Кантс, експерт за исламот, објаснува дека Сирија е од големо значење за оваа приказна. Пророкот препорачувал, за време на последните битки, борбите да се одвиваат во Сирија. Исто така, пророкот зборувал за група верници, вистински верници, кои ќе истраат до крај и ќе се борат во последните битки. Тие ќе се соберат во Сирија, во Дамаск и околу Ерусалим каде што ќе се борат за Бога до последниот час[51].

*Исламската држава* сметала дека патот до победа лежи во консолидирање и проширување на нејзината територијална контрола, а не со тероризам против САД. Меѓутоа, во својата пропаганда групата *Исламска држава* се обидува да ги охрабри т.н. „волци самотници“ (lone wolves) за самостојно извршување на напади во нивните матични земји. Бидејќи пропагандата и делата на *Исламската држава* се привлечни за една можеби мала, но, сепак, вистинска група на млади муслимани на Запад, може да се

---

[49] D. Kirkpatrick, “ISIS’ Harsh Brand of Islam Is Rooted in Austere Saudi Creed,”*New York Times*, September 24, 2014.
http://www.nytimes.com/2014/09/25/world/middleeast/isis-abu-bakr-baghdadi-caliph-wahhabi.html?_r=0;
“The other beheaders,”*Economist*, September 20, 2014.
http://www.economist.com/news/middleeast-and-africa/21618918-possible-reasons-mysterious-surge-executionsother-beheaders.
[50] “Umayyad dynasty,” *Encyclopaedia Britannica*,
http://www.britannica.com/EBchecked/topic/613719/Umayyad-dynasty.
[51] Daniel Byman, interview with W. McCants, April 7, 2014.

очекува дека нападите ќе продолжат и понатаму, особено на европско тло и ќе бидат направени во нивно име.

Искористувајќи го растечкиот тренд на секташтвото во сириската граѓанска војна, како и слабоста на ирачката влада, *Исламската држава* со текот на времето ја зголемувала својата моќ. Во периодот од 2,5 години пред драматичното заземање на Мосул, во јуни 2014 година, биле извршени околу 20 000 напади во Ирак[52]. Победите кои групата ги бележи во тој период продуцирале и голем број регрути. ЦИА проценила дека во септември 2014 година *Исламската држава* имала околу 31 000 борци[53]. Во февруари 2015 година, шефот на Националниот центар за борба против тероризмот сведочел дека повеќе од 20 000 странски борци од најмалку 90 земји заминале во Ирак и Сирија, вклучувајќи 3 400 борци од САД и Западна Европа, со цел да се борат за *Исламската држава*[54]. *Исламската држава,* исто така, запленила и големи количини оружје и опрема при заземање на територии од сириските и ирачките армии, вклучувајќи и американско оружје кое им било дадено на ирачките сили и со тоа се стекнале со проектили, противтенковско оружје, тенкови и слично. Тие, исто така, поседувале и надзорни беспилотни летала, иако не се знае точно колку технолошки софистицирани биле овие летала[55].

Странското финансирање било од голема помош за одржливоста на *Исламската држава.* Богатите донатори од државите од Персискиот Залив, како што се: Кувајт, Катар и Саудиска Арабија, историски финансирале низа сунитски милитанти, вклучувајќи ги и салафистичките џихадисти за да се борат со Иран или поради тоа што споделувале други

---

[52] Nelly Lahoud ., *The Group That Calls Itself a State*,THE COMBATING TERRORISM CENTER AT WEST POINT, December 2014, p. 4.
[53] "Islamic State fighter estimate triples – CIA," *BBC News*, September 12, 2014, http://www.bbc.com/news/world-middle-east-29169914
[54] Nicholas Rasmussen, "Countering Violent Extremism: The Urgent Threat of Foreign Fighters and Homegrown Terror,"prepared statement before the House Committee on Homeland Security, February 11, 2015, p. 1, http://docs.house.gov/meetings/HM/HM00/20150211/102901/HHRG-114-HM00-Wstate-RasmussenN-20150211.pdf.
[55] N. A. Youssef, "Is ISIS Building A Drone Army," *The Daily Beast*, March 18, 2015, http://www.thedailybeast.com/articles/2015/03/18/is-isis-buildinga-drone-army.html

елементи од милитантните цели. Нивните влади честопати останувале слепи при реализирањето на ваквата поддршка[56].

Меѓутоа, многу е поважно тоа што групата *Исламска држава* добивала пари поради контрола на територии. *Исламската држава* имала под своја контрола дел од најпрофитабилните нафтени ресурси во Сирија и Ирак, контролирајќи можеби 50 000 барели дневно производство и користела долготрајни шверцувачки рути за продажба на нафта и нафтени производи на црниот пазар. Шверцот со нафта ѝ обезбедувал на *Исламската држава* два милиони долари на ден, во септември 2014 година, иако со текот на времето овој приход се намалил под влијание на американските напади врз шверцерите поврзани со *Исламската држава* и намалувањето на цената на нафтата кон крајот на 2014 година. *Исламската држава,* како и нејзината претходничка, *Ал Каеда во Ирак*, секоја година добивала десетици милиони долари од откуп. Групата, исто така, добивала пари од оданочувањето на локалното население и од грабежи. Според некои проценки, нејзиниот вкупен приход изнесувал околу две милијарди долари годишно[57]. *ИД* ги користела овие пари за да ги плати своите борци, дури им давала станови и бонуси кога ќе стапат во брак и кога ќе добијат деца, но и за регрутирање нови борци и за олеснување на нивното патување до бојното поле[58]. Кон крајот на 2014 година *Исламската држава* контролирала територија со приближна големина на Велика Британија, иако голем дел од областа бил ретко населен. Групата била најактивна во сириските провинции: Рака, Идлиб, Деир ел Зор и Алепо, како и во делови од западен Ирак, вклучувајќи ги големите градови, како што е Мосул. Со присуството во Сирија и Ирак групата се стекнала со можност за преместување на своите бази и на своето лидерство, стекнувајќи се со предност пред своите противници и отежнувајќи им го на САД и на другите земји лоцирањето на важните лидери.

---

[56] ELizabeth Dickinson, “Playing with Fire: Why Private Gulf Financing for Syria’s Extremist Rebels Risks Igniting Sectarian Conflict at Home,” The BrookingsProject on U.S. Relations with the Islamic World, Analysis Paper Number16, The Saban Center at Brookings, December 2013, http://www.brookings.edu/~/media/research/files/papers/2013/12/06%20private%20gulf%20financing%20syria%20extremist%20rebels%20sectarian%20conflict%20dickinson/private%20gulf%20financing%20syria%20extremist%20rebels%20sectarian%20conflict%20dickinson.pdf

[57] Luay Al-Khateeb, “The UN Strikes Back at ISIL’s Black Economy,” *HuffingtonPost*, August 23, 2014, http://www.huffingtonpost.com/luay-al-khatteeb/the-un-strikes-back-at-isil_b_5702240.html.

[58] Rick Noack, “Here’s How the Islamic State Compares with Real States,”*Washington Post*, September 12, 2014, http://www.washingtonpost.com/blogs/worldviews/wp/2014/09/12/heres-how-the-islamic-statecompares-to-real-states/

*Исламската држава* се покажала воено поефикасна од своите локални непријатели од неколку причини. Борците на групата биле многу посветени, што ги направило поподготвени да преземаат ризици, вклучително и извршување самоубиствени напади. Организацијата, исто така, привлекла и голем број поранешни ирачки воени претставници. Како и *Ал Каеда*, така и *Исламската држава* била добро организирана. Багдади бил водачот на организацијата, но имал двајца заменици (еден за Ирак и еден за Сирија). Постоеле и гувернери за провинциите кои групата ги контролирала во Ирак и Сирија, како и други официјални лица кои сè на сè сочинувале голема група команданти. Под секој гувернер биле подредени локални совети кои се занимавале со финансии, воени работи, персонал, разузнавање, медиуми итн. Друг совет обезбедувал локалните одлуки да бидат во согласност со исламскиот закон (на начин на којшто групата го толкува)[59]. Исто така, групата имала и министер за странски борци и за бомбаши самоубијци. Тоа бил еден министер задолжен и за двата сектора бидејќи во голем дел функциите се преклопувале[60]. Новите регрути кои доаѓале се инкорпорирале темелно, на бирократизиран начин, со нивни лични податоци преку копии на пасоши или пред да им биде дадено оружје за обука[61].

Сепак, голем дел од воениот успех на *Исламската држава* бил поврзан со слабоста на нејзините непријатели. Иако САД обезбедувале милијарди помош и обуки за ирачките сили, поранешниот ирачки премиер Нури ел Малики ги назначил политичките лојалисти, а не компетентните лидери за високи офицери. Покрај тоа, дискриминацијата на режимот против сунитите во Ирак го поткопала моралот меѓу сунитските војници кои, разбирливо, имале мал интерес за борба за владата која тие ја презирале. Резултат на тоа бил фактот дека ирачката војска која била добро вооружена и опремена се распаднала при соочувањето на бојното поле со борците на *Исламската држава*. Дури и помотивираните вооружени сили на ирачките Курди (наречени пешмерга), кои долго време ги одржувале силите на Садам, станале помалку заплашени со оглед на годините на релативен мир во

[59] Nick Thompson and Shubert Attika, "The Anatomy of ISIS," *CNN*, September 18, 2014, http://www.cnn.com/2014/09/18/world/meast/isis-syria-iraq-hierarchy/.
[60] Hisham Al-Hashimi and Telegraph Interactive Team, "Revealed: the Islamic State 'cabinet', from finance minister to suicide bomb deployer," *TheTelegraph*, July 9, 2014, http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/middleeast/iraq/10956193/Revealed-the-Islamic-State-cabinet-from-finance-minister-to-suicide-bomb-deployer.html.
[61] Charles Lister, "Profiling the Islamic State".Brookings Doha Center Analysis Paper, Number 13, November 2014.

ирачкиот Курдистан. Во Сирија, групата *Исламска држава* честопати се борела против други милитантни групи со помалку искуство.

*ИД* користела комбинација од тактики. Нејзините борци се обидувале да ги ликвидираат лидерите и да ги заплашат безбедносните сили. Исто така, тие биле вклучени и во поконвенционални операции, користејќи микс/комбинација од традиционални тактики, како и самоубиствени бомбашки напади за да ги исплашат и поразат непријателските сили. Воените вештини на *Исламската држава* станувале сè подобри, бидејќи во нивното раководство систематски биле инкорпорирани поранешните безбедносни офицери од времето на Садам. Двајцата заменици на Багдади биле на високи позиции во ирачката армија. *Исламската држава*, исто така, се обидувала да ги поткупи племенските лидери за да ја придобие нивната поддршка[62]. Со оглед на тоа што САД и сојузниците ги засилиле воздушните напади, *Исламската држава* ги прилагодила своите тактики, односно ги дисперзирала своите сили, а најмногу оперирала во текот на ноќта, при што се обидувала да ги избегне нападите на САД.

Во областите кои ги контролирала, *Исламската држава* се обидувала да владее на свој брутален начин. Групата понудила средновековен облик на право и поредок, кој можел да биде привлечен за многу сунитски граѓани кои живееле во воена зона или се плашеле од дискриминација од шиитската влада во Багдад или од режимот на Алавитите во Дамаск. Нејзините лични полициски локални заедници обезбедувале спречување на криминалот и придржување кон драконските правила на *Исламската држава*. Групата вовела тешки казни, на пример: ампутација на екстремитети поради кражба, каменување до смрт поради прељуба, а жените биле принудени целосно да се покриваат (одејќи толку далеку што ги покривале и женските кукли во излозите на продавниците).

*Исламската држава* управувала со училиштата, го субвенционирала сточарството, обезбедувала основни услуги, електрична енергија и гас, ги поправала патиштата и ја обновувала инфраструктурата. Групата дури имала свои активности и во канцеларијата за заштита на потрошувачите[63]. Но, и покрај нејзините аспирации да биде вистинска држава,

---

[62] Ибид.
[63] Aaron Zelin, “The Islamic State of Iraq and Syria Has a Consumer Protection Office,” *The Atlantic*, June 13, 2014, http://www.theatlantic.com/international/archive/2014/06/the-isis-guide-to-building-an-islamic-state/372769/

не било сигурно дали организацијата ќе може да обезбедува основни услуги и истите да ги одржува на долг рок. Она што се покажало во пракса е дека се појавиле сериозни проблеми со недостиг на вода и струја и други недостатоци во областите кои ги контролирала. Багдади барал доктори, верски судии и други специјалисти да се приклучат на *Исламската држава*[64]. *Исламската држава* се покажала како брутален освојувач која честопати егзекутирала заробени војници. Кога групата се проширувала низ Ирак, стотици илјади Ирачани (особено шиитите кои живееле во новоосвоените територии и верските малцинства, како, на пример, језуитите) ги напуштале своите домови. Многу од заробените жени и девојки биле присилувани да се преобратат и да се омажат за борци или да станат сексуални робови. Христијаните на територијата на *Исламската држава* морале да се преобратат, да платат религиозен данок или да бидат убиени. И сунитските муслимани кои на кој било начин работеле со сириските или ирачките режими, исто така, биле нивна цел. Високиот комесар на ОН за човекови права изјавил дека *Исламската држава* создава „куќа од крв" извршувајќи насилства и убиства од незамислив размер[65].

Акти на екстремно насилство и несогледлива бруталност може да се сретнат во речиси секој вооружен конфликт. Меѓутоа, кога станува збор за *Исламската држава* бруталноста е намерна (не е нуспродукт на војната) и се користела за специфични стратешки цели. Заркави оставил личен печат обезглавувајќи ги оние кои ги заробил во Ирак, вклучувајќи го и заробениот американски техничар Николас Берг во 2004 година. Обезглавувањата биле осудувани од сите страни, но тие привлекле голем број млади муслимани кои побрзале да го следат смелиот и крвав Заркави. Тие биле клучот за неговата важност како лидер. Додека Ирак тонел во граѓанска војна, суровоста станувала дневна рутина. Шиитските и сунитските екстремисти ги мачеле заробените лица, ги обезглавувале непријателите и објавувале видеоматеријали од сето тоа за да ги заплашат нивните непријатели. Муслиманите ширум светот ја осудиле *Исламската држава*,

---

[64] Daniel Milton, "The Islamic State: An Adaptive Organization Facing Increasing Challenges," in Lahoud et al., *The Group That Calls Itself a State*, p. 75.

[65] "UN: ISIS wants to build 'house of blood," *Al Arabiya*, September 8, 2014,http://english.alarabiya.net/en/News/middle-east/2014/09/08/U-N-ISISwants-to-build-house-of-blood-.html

нарекувајќи ги нејзините акции „грозоморни воени злосторства“[66]. Токму поради тоа тие на социјалните медиуми започнале кампања наречена #NotInMyName.

Видеоматеријалите на кои биле прикажувани обезглавувања на заробени американски и британски државјани имале за цел да испратат порака до Американците и Британците да стојат подалеку од нивниот бизнис. Секогаш кога некој заложник од Западот бил обезглавен, групата се обидувала да го поврзе убиството со некои активности преземени од страна на американската или британската влада и со нивните интервенции во конфликтот. *Исламската држава* верувала дека луѓето од овие земји не сакаат да се заплеткаат во уште една војна на Блискиот Исток и дека грозоморните убиства на американските или британските државјани, секогаш кога нивните влади ќе интервенираат во конфликтот, ќе ја потврдат оваа теза. Тие дури го делеле мислењето на *Ал Каеда* дека САД немаат „стомак“ за тешка борба и дека тие ќе се повлечат штом ќе почнат да се убиваат Американци.

Меѓутоа, она што *Исламската држава* можеби не го разбрала целосно е фактот дека Американците во суштина и не се толку „љубезни“ и може да станат многу воинствени во случај кога се егзекутираат невини Американци. Всушност, анкетите на јавното мислење покажале дека американската јавна поддршка за американските воздушни напади во Ирак и Сирија значително се зголемила по обезглавувањето на американските новинари Стивен Сотлоф и Џејмс Фоли[67].

---

[66] Lauren Markoe, “Muslim Scholars Release Open Letter to Islamic State Meticulously Blasting Its Ideology,” *Huffington Post*, September 24, 2014, http://www.huffingtonpost.com/2014/09/24/muslim-scholars-islamic-state_n_5878038.html

[67] Dan Balz and Peyton M. Craighill, “Poll: Public supports strikes in Iraq, Syria; Obama’s ratings hover near his all-time lows,” *Washington Post*, September 9, 2014, http://www.washingtonpost.com/politics/poll-public-supports-strikes-in-iraq-syria-obamas-ratings-hovernear-his-all-time-lows/2014/09/08/69c164d8-3789-11e4-8601-97ba88884ffd_story.html?hpid=z
Mark Murray, “Poll: Americans feel unsafe, supportaction against ISIS,” *MSNBC*, September 9, 2014, http://www.msnbc.com/msnbc/poll-americans-support-action-against-isis

### 2.3.6. Пропагандата на *Исламската држава*

*Исламската држава* и нејзините претходници го наследиле главниот акцент на *Ал Каеда* – преобратување и пропаганда. Заркави, како лидер на *Ал Каеда* во Ирак ги ширел маченииштвото и видеоматеријалите со обезглавување за да се стекне со џихадистичка слава. Во периодот потоа, борците на *Исламската држава* споделувале видеоматеријали на социјалните медиуми и се вклучувале во софистицирани кампањи за односи со јавноста, дури и преку хакирање на хаштагови како: #WorldCup2014 и други кампањи (како што била шкотската кампања за независност), пропагирајќи ја нивната порака. Содржината на нивната медиумска пропаганда се движела од видеоматеријали со деца кои држат отсечени глави, слики на исламски борци кои дистрибуираат храна, па сè до твитови за сопственици на мачки и кучиња.

Овие содржини најмногу биле ширени од припадниците на највисоките редови на *Исламската држава*. Џихадистите имале илјадници следбеници кои ретвитувале и споделувале пораки, а користеле и апликации кои ѝ овозможувале на групата *Исламска држава* да ја преземе контролата врз нивните твитер-профили и да генерира сопствени содржини. Со тоа на групата ѝ било овозможено ефективно да го шири изворниот џихад. Многу од западните поддржувачи на *Исламската држава* биле особени активни. За да привлече што повеќе странци, групата објавувала содржини на повеќе јазици, вклучувајќи англиски, руски и арапски. Списанието *Дабик* (*Dabic*), објавувано на англиски јазик, имало впечатливи продуктивни вредности и поттикнало критичка мисла.

Исто така, *Исламската држава* продуцирала и „кул“ видеоматеријали како што е „Пламените на војната“, кој има релативно високи продукциски карактеристики и квалитети и ги интегрира најновите вести со слики од операциите и борците на групата. И покрај нејзината варварска тактика, *Исламската држава* се покажала како мошне софистицирана и технички умешна во употребата на видеоматеријалите и социјалните медиуми.

*Исламската држава* во текот на 2014 година ги снимала егзекуциите на двајца американски новинари, како и на други заробеници од Запад, оправдувајќи ги овие убиства дека се одговор на кампањата на САД за бомбардирање на цели на *Исламската*

*држава*. Тие ги облекувале заложниците во портокалови комбинезони – истата облека која им била дадена на џихадистичките притвореници во американскиот притвор, а со британскиот заробеник издале серија возбудливи видеоматеријали со кои ги оправдувале нивните постапки. Слично на тоа, *ИД* ги користела социјалните медиуми како оружје во борбата, покажувајќи се како победник, а понекогаш и плашејќи ги своите непријатели. Оваа кампања стекнала почит од голем број коментатори на Запад, кои иако ги вознемирувала содржината на пораките, го потврдувале нивото на софистицираност на стратегијата за социјални медиуми на групата. Таквите тактики ѝ помагале на *Исламската држава* поефикасно да финансира, да регрутира и да конвертира (преобрати), за разлика од традиционалните бунтовнички групи. Иако таквите „видеоматеријали на смртта“ го трауматизирале поголемиот дел од светот, тие правеле *Исламската држава* да изгледа „кул“ во очите на клучните целни групи – разлутените млади муслимански мажи кои биле во потрага по авантура. Видеоматеријалите кои нудат секташка омраза и нишка на ветувања за исламска влада (како и изобилство од експлозиви и оружје) многу ѝ помогнале на *Исламската држава* да се одржи добро снабдена со ревносни странски борци и мотивирани бомбаши самоубијци. Сепак, овој пристап имал и многу трошоци и ризици. Самиот Завахири еднаш го предупредил претходникот на Багдади, Заркави, да не биде измамен од пофалбите на некои ревносни млади луѓе и од нивниот опис за Заркави како „шеик на колежот“. Наместо тоа, тој побарал од Заркави да ја признае важноста на „генералното гледиште“ во Ирак и правилно да предупреди дека отуѓувањето на населението како целина преку бруталност ќе има обратен ефект[68].

Социјалните медиуми, исто така, биле контраразузнавачки кошмар за милитантите на *Исламската држава*, особено за странските борци. Иако твитовите и објавите на *Фејсбук* ги инспирирале да се борат и им помагале да стигнат до Сирија и Ирак, сепак, овие технологии лесно можеле да се надгледуваат. Како што посочил поранешниот претставник на Федералното биро за истраги (ФБИ), Клинт Вотс, социјалните медиуми нудат „прозорец кон она што се случува во Ирак и Сирија токму сега.“ Истите начини на себепромоција и на „фалење“ што групата ги направила во Сирија за да ги инспирира другите можеле лесно да се свртат против нив: разузнавачките служби можеле да ги

[68] Al-Zawahiri, “Zawahiri letter to Zarqawi [English translation]”.

одредат идентитетите на приврзаниците и потенцијалните регрути, лица кои претходно не биле предмет на обработка. Тие, исто така, можеле да ги идентификуваат странските борци при нивните обиди да се вратат дома, а потоа и да ги следат нивните движења. По пат на анализа на податоците, владите можеле да ги користат социјалните медиуми за да ги следат сите мрежи на контакти. На тој начин разузнавачите можеле да стапат во комуникација со активните или потенцијалните терористи, хранејќи ги со информации и дезинформации за нивните мрежи[69].

[69] Daniel Byman, AL QAEDA, THE ISLAMIC STATE, AND THE GLOBAL JIHADIST MOVEMENT (what everyone needs to know), Oxford University Press, 2015.

# 3. РАДИКАЛИЗАЦИЈА И РЕГРУТАЦИЈА НА НОВИ ПРИВРЗАНИЦИ НА БАЛКАНОТ И ОДГОВОР НА ЗАКАНАТА

Колапсот на Југославија и балканската криза од 90-тите години на минатиот век им пружила можност на муџахедините и на идеологиите слични на нив од Блискиот Исток да се стационираат на Балканот.

Бројот на следбеници на овие идеологии постепено се зголемувал, а кон тоа придонесувало и недоволното образование на локалните муслимани, како и тешката економска состојба.

Во многу области, благодарение на помошта обезбедена од донатори од Средниот Исток, муслиманските заедници добивале можност да се стекнат со искуство во странство, процес преку кој голем број умерени муслимани ги прифатиле екстремистичките доктрини и радикалното толкување на *Куранот*.

Политичките и економско нестабилните области уште повеќе ја искомплицирале ситуацијата во регионот, кој извесен период се соочувал со постојан прилив на мигранти, при што радикализираните поединци можеле директно да пристапат до локалните радикални групи без ничие посредство. Притоа, тие можеле да обезбедат поттик и мотив за локалните следбеници да продолжат со радикализмот и џихадот.

Локалните имами и лицата ангажирани во процесот на регрутација биле во постојана комуникација со терористичките организации од Блискиот Исток и нивните фракции. Постојано, според потребите, се обезбедувала помош во материјални средства, но и во форма на квалификувана „жива сила“, односно борци. Сериозен проблем бил фактот што регрутирањето не било поврзано само со локалните џамии, туку во употреба веќе биле најсовремените технологии. Тоа претставувало дополнителен проблем за органите на законот да се справат со овие закани.

Радикалните учења придобиле следбеници меѓу локалните заедници создавајќи растечка мрежа на врски, при што во одредени региони следбениците на радикалните исламистички идеологии го надминале бројот на умерените муслимани. Муслиманските

лидери на Балканот ја истакнувале важноста од спречување на радикализацијата и фундаменталистичките доктрини, но радикалноисламистичките групи ги држеле под постојан притисок умерените исламски центри, како и државите во целина.

Радикалноисламистичките групи на Балканот биле под постојан надзор од органите на редот, но и покрај сите мерки кои се преземале процесот на радикализација непречено се одвивал. Дезинтеграцијата на Југославија оставила зад себе нестабилни и слаби држави. За време на процесот на дезинтеграција на Југославија, радикалните движења на Балканот добиле своевиден поттик, што заедно со низа дополнителни фактори може да се смета како една од битните причини за радикализацијата која и ден-денес се случува. Од земјите на Балканот најзагрозени се Босна и Херцеговина и Косово, но радикализмот, исто така, има големи влијание врз општествата во Албанија, Македонија и Србија.

Екстремизмот на (главно) муслиманските заедници претставува дополнителен проблем ако се поврзе со актуелниот миграциски бран. Имено, многу криумчарски групи кои оперираат на Балканот имаат изградено блиски врски со радикални групи од Блискиот Исток (како што се: *Ал Каеда*, *ИСИС*, *Ал Нусра*). Ваквите врски помеѓу групите поседуваат огромен потенцијал за организирање криминални и терористички дејствија во Европа. Потенцијална глобална закана претставува и регрутацијата и испраќањето на борци во редовите на *Исламската држава* и во другите терористички организации и нивните тренинг-кампови. Дополнителен ризик е и „увозот“ на странски борци кои потекнуваат од Блискиот Исток, а кои доаѓаат на европско тло. Овој процес е значително полесен бидејќи странските регрутери треба само да стапат во контакт со лидерите на локалните радикални центри кои можат да обезбедат постојано снабдување со човечка сила (борци) и опрема. Ваквиот начин на одвивање на процесите придонел за зајакнување на радикалните муслимански заедници како на Балканот така и во Западна Европа (особено во Белгија и Франција) што може да претставува фактор за дестабилизација.

Проблемите со радикализмот на Балканот датираат уште од периодот на балканската криза. Имено, на страната на босанската армија за време на балканските судири во редовите на моќните муслимански единици[70] се бореле околу 1 800 муџахедини (според

[70] Scott, P. D. "Bosnia, Kosovo, and Now Libya: The Human Costs of Washington's On-Going Collusion withTerrorists". *The Asia-Pacific Journal* 9/31. 2011.

одредени босански извори нивниот број достигнувал до 12 000) од муслиманските земји од Блискиот Исток и од Африка.

Поединци од Блискиот Исток, главно од Иран, биле поддржувани со финансиски средства и материјална помош која пристигнувала на Балканот преку исламски хуманитарни организации, индивидуални донации[71] и преку разни трговски трансакции[72]. Радикалните групи ги консолидирале локалните врски, што во тоа време претставувало поволност при регрутацијата, а во исто време започнал процес на концентрација на радикалните исламистички групи, со што бил отпочнат процесот на зајакнување на исламистичките населби.

Во речиси сите држави на Балканот сè уште постоела конфронтација базирана на верски и социјални разлики. Судирите помеѓу Албанците и Србите во Косово претставувале секојдневна закана. Радикалните заедници, особено во Босна, постепено се оддалечувале од централната администрација и поставувале индивидуален административен систем во областите во кои тие доминирале или ги управувале.

Искористувајќи ги слабостите на административниот систем, радикалните верски и политички лидери успеале да воспостават контрола над повеќе населени места. Во некои области, како што се селата, овие групи работеле на создавање кампови за обука и градење силна заедница меѓу муслиманите, што можело да ја олесни асимилацијата и инфилтрирањето на радикалните мигранти[73]. Директните поморски врски и широката употреба на современата технологија дополнително го олеснувале контактот со земјите од Блискиот Исток[74]. Овие области не биле само база за испраќање нови борци, туку истовремено служеле како кампови за обука и контакт-области со радикални групи. Успешна регрутација тековно се одвивала во заедниците во Босна и Херцеговина и Косово

---

http://apjjf.org/2011/9/31/Peter-Dale-Scott/3578/article.html

[71] O'Neill, B. "The Bosnian connection", The Guardian. 6 July 2007. http://www.theguardian.com/commentisfree/007/jul/06/thebosnianconnection

[72] Besenyő J. et al. Az Iszlám Állam - Terrorizmus 2.0; Történet, ideológia, propaganda. Budapest: Kossuth kiadó,2016.

[73] Besenyő J. "Can the „Arab Spring" present a real threat to Europe?". Strategic Impact 50/1. 2014. 32–44. http://www.scribd.com/doc/241476196/Can-the-Arab-Spring-present-a-real-threat-to-Europe

[74] Hill, P. and Wight, E. "ISIS set up stronghold in the heart of Europe as terrorists secretly buy land near an isolatedvillage". Mirror. 22 July 2015. http://www.mirror.co.uk/news/world-news/isis-set-up-stronghold-heart-6094785.

од каде што голем број потенцијални борци биле со намера да отпатуваат за Сирија и Ирак[75]. Реториката на локалните исламистички групи и на нивните лојални имами помагала во регрутирањето на нови милитанти. Ширењето на радикалните идеологии, исто така, било достапно и во подиректни форми, како што се: библиотеките и онлајн пропагандните сајтови[76].

## 3.1. Радикализацијата како процес

**Радикализација – прогресивен личен развој од муслиманско почитување на законот до милитантен исламист.**

Како што се нагласува во дефиницијата, радикализацијата најдобро се набљудува како процес на промени, лична и политичка трансформација од една состојба во друга. Современите научници тврдат дека станувањето радикализиран за повеќето луѓе е постепен процес кој бара прогресија низ различни фази и не се случува брзо и лесно[77]. Тоа значи дека лицето не станува радикално преку ноќ, иако влијанието на одреден настан кој може да дејствува како „катализаторски настан“ (доживеан чин на дискриминација, преживеан напад врз исламот, како што е војната во Ирак во 2003-тата година или морална криза предизвикана од смртта на некој близок) може да го забрза процесот. Според истражувањата, поголемиот дел од женските бомбаши самоубијци во Ирак се смета дека имале членови од семејствата кои биле убиени од страна на мултинационалните или државните сили во земјата, предизвикувајќи нивно прибегнување кон тероризам, што претставувал своевиден чин на одмазда.

---

[75] McHugh, J. “ISIS In Europe? Islamist Extremists Buying Land In Bosnia Herzegovina: Amid Islamic State Terror Fears: Report”. IB Times. 21 Jan 2016. http://www.ibtimes.com/isis-europe-islamist-extremists-buyingland-bosnia-herzegovina-amid-islamic-state-2274284

[76] Bardos, G. N. "Jihad in the Balkans: The Next Generation". World Affairs Journal Sep/Oct 2014. http://www.worldaffairsjournal.org/article/jihad-balkans-next-generation

[77] Mitchell D. Silber and Arvin Bhatt, *Radicalization in the West: The Homegrown Threat,* NYPD Intelligence Division, New York 2007.

### 3.1.1. Модели на процесот на радикализација

Бројни студии утврдиле дека процесот на радикализација се состои од различни и препознатливи фази, наведувајќи ја транзицијата од рана инволвираност до станување оперативно активен. Подолу ќе бидат анализирани неколку модели на процесот на радикализација.

***Пирамидален модел***

Еден од моделите на радикализација е пирамидалниот тип каде што повисоките нивоа на пирамидата се поврзани со зголемени нивоа на радикализација, но со намален број на инволвирани лица (слика 3.1.)[78].




Слика 3.1.: ACPO-модел на нивоа на пристапи[79]

[78] Моделот е развиен од страна на АЦПО (ACPO – Association of Chief Police Officers), како одговор на претходната Стратегија за спречување на лабуристичката влада, која започнала да се спроведува во 2017 година. Оваа стратегија имала за цел да ја спречи радикализацијата, да ја намали поддршката за тероризмот и насилниот екстремизам и да ги одвраќа луѓето да стануваат терористи. Од 2007 година подлежи на бројни ревизии кои кулминираат со нејзин сеопфатен преглед од страна на коалициската влада објавена во јуни 2011 година.

[79] Ревизорска комисија (2008), Preventing Violent Extremism: Learning and Development Exercise, Извештај до Министерството за внатрешни работи и локална самоуправа (на Велика Британија), стр. 12.

На врвот на пирамидата се активните терористи (ниво 4 – оние кои активно го прекршуваат законот) кои опфаќаат релативно мала бројка, во споредба со сите оние кои може да сочувствуваат со нивните верувања и чувства. Оваа поголема група го опфаќа нивото подолу (ниво 3 – движење кон екстремизам). Иако не вршат насилни дела, припадниците на оваа група можат да им обезбедат премолчена поддршка на оние кои се наоѓаат на врвот на пирамидата и воедно да дејствуваат за да ги инспирираат оние кои се под нив на пирамидата (ниво 2). На ова пониско ниво е стационирана далеку поголема група која ја сочинуваат сите оние кои се сметаат за „ранливи“ за да бидат под влијание на овие пораки. Една таква група се младите луѓе во рамките на системот. На дното на пирамидата е „пошироката заедница“, иако не може точно да се утврди колку е голема оваа група.

Од оваа гледна точка на пирамидата, радикализацијата е градус/степен кој го разликува активниот терорист од пошироката база на симпатизери. Моделот го отвора прашањето за тоа како едно лице се движи од основата до екстремите, т.е. до врвот на пирамидата[80]. Она што се претпоставува е имплицитна и линеарна врска помеѓу процесот на радикализација и, во крајна линија, учеството во тероризам.

### ***Четирифазен процес на радикализација според Полицискиот оддел во Њујорк***

Извештајот на Полицискиот оддел во Њујорк (NYPD) кој систематски испитувал 11 детални студии на случај на радикализација под влијание на *Ал Каеда*, спроведени на Запад, идентификувал четири фази, и тоа: предрадикализација, самоидентификација, индоктринација и џихадизација.

---

[80] Clark McCauley and Sophia Moskalenko, ***Mechanisms of Political Radicalization: Pathways Toward Terrorism***, Psychology Department, Bryn Mawr College, Bryn Mawr, Pennsylvania, USA, 2008, p. 417.




Слика 3.2.: Предложениот четирифазен модел на радикализација на Полицискиот оддел во Њујорк (NYPD)[81]

1. Предрадикализација. Оваа почетна фаза ја опишува животната состојба на лицето пред да се радикализира и пред изложеноста и прифаќањето на радикалноисламистичката идеологија. Оваа група може да претставува еквивалент на групата од нивото 2 во пирамидалниот модел, односно ризична група која покажува одредена ранливост.

2. Самоидентификација. Оваа фаза го опфаќа раното проучување на радикалниот исламизам од страна на одредено лице и постепена гравитација на страна од нивниот стар идентитет, почетокот на поврзувањето со истомислениците и прифаќањето на оваа идеологија како нивна. „Когнитивното отворање“ претставува катализатор каде што религиозното барање е когнитивно отворање или криза што ја потресува/разнишува индивидуалната сигурност во претходно одржаните верувања и ги остава прифатливи за нови светски погледи. Вклучен е широк спектар на предизвикувачи, т.е. причини кои можат да послужат како катализатори, и тоа: економски причини (губење работа), социјални причини (отуѓување, дискриминација, расизам – реални или перципирани), политички причини (меѓународни конфликти во кои се инволвирани муслимани) и лични причини (смрт во блиското семејство).

3. Индоктринација. Во оваа трета фаза поединецот постепено ги интензивира своите верувања за на крај конечно да ја прифати радикалноисламистичката идеологија. Ова доведува до убедување дека условите и околностите постојат кога е потребна акција за поддршка и унапредување на причината за милитантен џихад. Оваа фаза најчесто е

[81] *Radicalization in the West: The Homegrown Threat,* NYPD report, 2007 p. 21.

потпомогната и раководена од „духовен водач“. Важно за оваа фаза е поврзувањето со истомисленици со цел да се продлабочи индоктринацијата. Оваа фаза е слична на нивото 3 од терористичката пирамида (движење кон тероризам), но има и силна идеолошка позиционираност. Улогата на групата станува сè посилна во поттикнувањето и зајакнувањето на радикалните погледи.

4. Џихадизација. Оваа е последната оперативна фаза во процесот на радикализација. Во оваа фаза членовите на групата/кластерот прифаќаат индивидуална должност за учество во џихад, самоопределувајќи се за свет воин или муџахедин. Всушност, во оваа фаза групата е спремна за извршување терористички напад, вклучувајќи ги тука и планирањето, подготовката и извршувањето на нападот (т.е. нивото 4 од пирамидата – активно кршење на законот).

Но, сепак, тоа не значи дека сите кои го започнале овој процес потоа продолжиле низ сите фази, односно тие може да го сопрат или да го напуштат процесот на радикализација во различни периоди.

***Четирифазен процес на Марк Сагеман***

Според Сагеман, процесот од радикализација до насилство, под влијание на *Ал Каеда,* се состои од четири фази, и тоа:

1. Чувство на „морален напад“ (т.е. реакција на „големите морални прекршувања“, како што биле убиствата на муслиманите во Босна и Чеченија или на согледаното понижување на муслиманите).

2. Специфично толкување на светот (на пример, кога моралните прекршувања се сметаат за „војна против исламот“).

3. Поврзување со лични искуства (интерпретација на војната на Западот против исламот која се поврзува со перцепциите во секојдневниот живот каде што се перципираат антимуслиманските социјални, политички, економски и религиозни предрасуди и дискриминацијата. Овие чувства се влошуваат во комбинација со невработеноста и здодевноста, што, исто така, води до вклучување во тајни активности).

4. Мобилизација преку социјалните мрежи (муслиманскиот гнев и фрустрација честопати се филтрира преку интернет-форуми [chat rooms], а токму оваа интерактивност придонесува за заедничка радикализација на младите муслимани, засилувајќи ги нивните незадоволства)[82].

Сагеман тврди дека ова се четири повторувачки фази во овој процес кои не се задолжително секвенцијални.

***Процесот на радикализација во осум степени на Тернби***

Тернби ја опишува структурата на процесот на радикализација преку карактеристиките на структурата на ќелијата *Хамбург* која била активна пред настаните од 11 септември 2001 година. Како што забележува Тернби, овој процес бил производ на следниве елементи:

1. индивидуално отуѓување и маргинализација;

2. духовна потрага;

3. процес на радикализација;

4. средба и дружење со истомисленици;

5. постепена изолација и формирање ќелии;

6. прифаќање на насилството како легитимно политичко средство;

7. поврзување со водач;

8. станување оперативен.

Структурата на движењето на Тернби, од растечка намера до акција, ги разделува подоцнежните фази во процесот на радикализација, при што некои елементи на оперативната фаза се видливи во последните четири фази[83].

---

[82] Marc Sageman, Misunderstanding Terrorism, Philadelphia, PA: University of Pennsylvania Press, 2016, p. 3.
[83] Michael **Taarnby,** Recruitment of Islamist terrorists in Europe Trends and perspectives. Aarhus Centre for Cultural Research, University of Aarhus, Aarhus: 2005.

***Гиловиот модел на „патека“***

Гил нуди модел на патека каде што, всушност, ја прикажува патеката на поединците кои стануваат бомбаши самоубијци. Моделот претпоставува дека индивидуите доживуваат четири клучни фази кон нивниот самоубиствен пат:

1. Широк процес на социјализација и изложеност на пропаганда која има тенденција да ја предиспонира публиката кон насилство.

2. Искуство од „катализаторски настан“, кој може да го мотивира приклучувањето кон терористичка организација.

3. Постоечки роднински или пријателски врски кои го олеснуваат процесот на регрутирање.

4. Радикализација во групата преку интернализација и поларизација на нормите и вредностите на групата.

Овие четири фази се сметаат за предуслови кои ги имаат сите бомбаши самоубијци, иако Гил тврди дека редоследот со кој различни бомбаши самоубијци ги доживуваат овие фази е различен од поединец до поединец[84].

[84] Paul Gill,‘Suicide Bomber Pathways Among Islamic Militants’, 2008, *Policing: A Journal of Policy and Practice* 4 (2): 414.




Слика 3.3.: Гилов модел на патека

### *Моделот Ал Мухаџирун на Викторович*

Викторович става поголем акцент врз улогата која општественото влијание го има при водењето на една личност кон приклучување на радикализирана исламистичка група. По пат на набљудување на *Ал Мухаџирун*[85], идентификувани се четири клучни процеси кои ја зголемуваат веројатноста поединецот да биде подготвен за вклучување во радикалноисламистичка група и да биде убеден за активно вклучување во истата. Според Викторович, станува збор за следниве четири процеси[86]:

1. Когнитивно отворање – кога едно лице станува отворено за можноста за нови идеи и светски погледи.

2. Религиозно барање – кога лицето бара значење преку верски аспект.

---

[85] *Ал Мухаџирун* е транснационално исламистичко движење со седиште во Велика Британија, кое го поддржува користењето на насилството врз западните интереси во муслиманските земји и воспоставувањето исламска држава преку воен удар.

[86] Wiktorowicz, Quintan. JOINING THE CAUSE: AL-MUHAJIROUN AND RADICAL ISLAM, Department of International Studies, Rhodes College, https://securitypolicylaw.syr.edu/wp-content/uploads/2013/03/Wiktorowicz.Joining-the-Cause.pdf

3. Рамка за усогласување – каде што јавното претставување понудено од страна на радикалната група „има смисла“ кај трагачот (индивидуата која е предмет на радикализација) и го привлекува нејзиниот почетен интерес.

4. Социјализација – кога едно лице искусува религиозна настава/предавање кое ја олеснува индоктринацијата, изградбата на идентитетот и промената на вредностите.

Првите три процеси се неопходни предуслови за четвртата фаза (социјализација) бидејќи за да се пристапи во група потребно е членовите да бидат отворени и да ги прифатат клучните начела на пораката од тоа движење.

***Скалила на тероризмот***

Могадам[87] обезбедува пософистициран „мултипричинско-последичен пристап“ за разбирање на терористите самоубијци. Овој пристап вклучува три нивоа, и тоа: индивидуално (диспозициони фактори), организациско (ситуациони фактори) и општествено (социокултурни, економски и политички фактори).

Метафората на Могадам претставува скалила во една зграда во која сите луѓе живеат на приземје. Во неа сè повеќе и повеќе луѓе се искачуваат на повисоките катови, а многу малку од нив го достигнуваат врвот на зградата кој претставува точка која води до извршување на терористички чин (во овој модел постојат сличности со пирамидалниот модел). Движењето на секој кат се карактеризира со одреден психолошки процес.

*ТАБЕЛА 3.1: Опис на скалилата на тероризмот според Могадам*

| **КАТ** | **ОПИС** |
|---|---|
| Приземје:<br>Психолошка интерпретација на материјалните услови. | Стекнување на одреден степен на предиспозиции кон тероризмот преку:<br>- субјективни перцепции за исклученост, неправда, ограничена социјална мобилност;<br>- перципирани закани за нивниот идентитет, антагонизирани со пораст на глобализацијата и „вестернизацијата“. |

[87] Fathali M. Moghaddam, The Staircase to Terrorism A Psychological Exploration, http://fathalimoghaddam.com/wp-content/uploads/2013/10/1256627851.pdf

| | |
|---|---|
| | Ова е „најосновниот“ кат, веројатно со најголем број жители поради распространетите перцепции за релативна исклученост и неправда. |
| Прв кат:<br>Согледувани опции за борба против неправедниот третман. | Оние на првиот кат имаат перцепција за:<br>- ограничена социјална мобилност и исклученост од политичкото одлучување, што генерира чувство на неправда при нелегитимноста на постоечките процедури и системи на правила;<br>- распространета агресија, при што другите се обвинуваат за нивните перципирани проблеми. |
| Втор кат:<br>Распространување на агресијата. | Овој кат се карактеризира со распространета агресија кај поединецот, честопати само вербална, наместо да се изразува преку насилна акција. Транзицијата кон третиот кат се објаснува преку свесното барање начини за преземање физичко дејство. |
| Трет кат:<br>Морално ангажирање. | Улогата на терористичката организација се јавува на третиот кат каде што се реализираат обуки и „морално ангажирање“, со наративен начин да се убеди поединецот дека неговите цели ги оправдуваат средствата за постигнување „идеално општество“. Употребата на тактиките на „изолација, припадност, тајност и страв“ дејствуваат во насока на поттикнување и задржување на ова морално раздвојување. |
| Четврти кат:<br>Категорично размислување и согледана легитимност на терористичката организација. | Качувањето на четвртиот кат е целосно влегување во терористичката организација. Тука регрутите се социјализираат и асимилираат во тајниот живот на терористичката ќелија.  Групата промовира категорично дихотомско размислување – ние наспроти нив, а тајната мисија на групата поттикнува зголемување на изолацијата од поширокото општество. Могадам опишува како притисоците за усогласување и послушност ја зголемуваат веројатноста за терористички активности од страна на членовите и ги намалуваат можностите за напуштање на групата. |

| | |
|---|---|
| Петти кат:<br>Терористички чин и заобиколување на инхибиторните механизми. | Петтиот кат е последниот чекор или оперативна фаза, при што регрутите добиваат ресурси потребни за надминување на природните инхибиторни механизми потребни за убивање на другите преку:<br>- категоризирање на целта како непријател;<br>- преувеличување на разликите помеѓу групата и околината;<br>- спречување на сите инхибиторни механизми (т.е. дозволување на жртвите на нападот да станат свесни за опасноста и со тоа да се однесуваат на начин кој би можел да го смени размислувањето на напаѓачот). |

Могадам се согласува со генералниот консензус во литературата дека многу бомбаши самоубијци се мотивирани од желбата за одмазда (поради губење на некој близок или доживеана социјална неправда). Меѓутоа, бомбашите самоубијци можат да бидат мотивирани и од должноста да ги следат сопствените вредности, семејството, заедницата или религијата, додека неуспехот во тоа се смета за предавство на своите идеали, најблиските, државата или Бог. Исто така, и други околности, а особено социјалните и организациските нивоа, имаат влијание врз бомбашот самоубиец. Опкружувањето ги обезбедува поопштите услови кои можат да доведат до политичко и верско насилство, вклучувајќи културни, верски и политички сили. Меѓутоа, ова не е детерминиран процес, односно „фундаментално важна карактеристика на ситуацијата е како луѓето ја перципираат зградата и вратите за кои мислат дека се отворени за нив“[88]. Додека образложението на Могадам има свој фокус на бомбашите самоубијци, тоа, всушност, е метафора која ги прикажува првите конкретни чекори на радикализација на луѓето кои бараат подобра општествена мобилност и искусуваат можности (на првиот кат), но себеси не се гледаат како радикални.

[88] Fathali M. Moghaddam, The **Staircase** to **Terrorism** A Psychological Exploration, Georgetown University, 2007, p.70.
http://fathalimoghaddam.com/wp-content/uploads/2013/10/1256627851.pdf

***Дванаесет (12) механизми на политичка радикализација на Мек Каули и Москаленко***

Мек Каули и Москаленко идентификувале 12 механизми[89] на политичка радикализација кои функционираат на три нивоа: индивидуално, групно и масовно.

Во согласност со многу истражувања за тероризам, авторите тврдат дека политичката радикализација најверојатно вклучува повеќе од еден механизам во патот на индивидуата кон тероризам, поддржувајќи го поширокиот став дека постојат „повеќекратни и различни патишта кои ги водат поединците и групите кон радикализација и тероризам“[90].

*ТАБЕЛА 3.2: Механизми на политичка радикализација на Мек Каули и Москаленко*

| НИВО НА РАДИКАЛИЗАЦИЈА | МЕХАНИЗМИ |
|---|---|
| Индивидуално | 1. Лична виктимизација/жртвување.<br>2. Политичка неправда.<br>3. Приклучување кон радикална група – „лизгава падина“.<br>4. Приклучување кон радикална група – „моќта на љубовта“.<br>5. Екстремна промена во истомислени групи. |
| Групно | 6. Екстремна кохезија под дејство на изолација и закана.<br>7. Конкуренција за истата база на поддршка.<br>8. Натпреварување со државната власт.<br>9. Натпревар во рамки на групата. |
| Масовно | 10. Јуџитсу-политика[91].<br>11. Омраза.<br>12. Маченииштво. |

[89] CLARK **McCAULEY** AND SOPHIA **MOSKALENKO,** Mechanisms **of political** radicalization**:** pathways towards terrorism, Psychology Department, Bryn Mawr College, Bryn Mawr, 58 8~Pennsylvania, USA, 2008 http://www.brynmawr.edu/aschcenter/mccauley/webpage%20stuff/2008%20mechanisms%20rad%20McC%20Moskale.pdf
[90] Ibid.
[91]Јапонска борбена техника.

Секој механизам е подетално опишан подолу:

1. Индивидуална радикализација со лична виктимизација/жртвување. Овој механизам се однесува на улогата која личната неправда ја има во процесот на радикализација (авторите цитираат голем број случаи, вклучувајќи палестински самоубиствени напади каде што омразата од губење на некој близок е мотив за самопожртвуваност).

2. Индивидуална радикализација поради политичка неправда. И политичка неправда од некој политички настан или тренд, исто така, може да ја радикализира личноста.

3. Индивидуална радикализација со приклучување кон радикална група („лизгава падина“). Приклучувањето на едно лице кон некоја радикална група честопати е бавен и постепен процес, почнувајќи од мали задачи кои водат до поголема одговорност и ризик пред да се вклучи во важните операции.

4. Индивидуална радикализација со приклучување кон радикална група („моќта на љубовта“). Овој пат кон радикализација е преку лични врски каде што едно лице се регрутира во некоја група преку пријатели, семејство или љубовни партнери. Дружењето во мали групи, според психолозите, сведочи дека посветеноста се зголемува со зголемување на групната кохезија.

5. Групна радикализација во истомислени (слични) групи. Оваа патека се однесува на феноменот „ризична промена“ или „групна поларизација“ каде што постои зголемена согласност за некое прашање заедно со поекстремна позиција прифатена во нивните ставови.

6. Групна радикализација под дејство на изолација и закана. Малите групи под закана имаат тенденција да покажуваат одредени карактеристики, вклучувајќи и многу високо ниво на кохезија, со што се зголемува притисокот за усогласено однесување и внатрешен консензус околу вредностите.

7. Групна радикализација во натпревар за истата база за поддршка. Оваа патека ја опишува конкуренцијата за поширока база за поддршка и може да доведе до поголема

радикална активност за да ја добие таа поддршка (пример за тоа се активностите на *ИРА* и други националистички групи).

8. Групна радикализација во натпревар со државната власт (конדензација). „Динамиката на кондензација“ се однесува на циклус на реакција и контрареакција помеѓу радикалната група и противникот кој ги претставува државните органи, што може да предизвика зголемена заложба за насилство од страна на некои членови во обид да се одмаздат за државното насилство.

9. Групна радикализација со натпревар во рамки на групата. Овој пат кон радикализација вклучува интрагрупен конфликт и улогата на заканите внатре во групата.

10. Масовна радикализација преку конфликт со надворешна група (Џуџитсу-политика). Тука може да се случи масовна радикализација каде што заканите надвор од групата доведуваат до поголема групна кохезија и почит кон лидерите, како и санкции за оние кои не се согласуваат и отстапуваат.

11. Масовна радикализација преку конфликт со надворешна група (омраза). Оваа патека се однесува на дехуманизација на непријателот од страна на членовите на групата, особено кога пролонгираното насилство станува поекстремно, при што резултира со тоа што противниците се сметаат за нечовечни.

12. Масовна радикализација преку конфликт со надворешна група (мачеништво). Конечниот пат за масовна радикализација е мачеништвото каде што радикалните групи го задржуваат споменот од нивните маченици (или сведоци).

Повеќето од овие 12 механизми се реактивни по природа, односно зависат од динамиката на противникот. Спротивно на тоа, само два од нив се релативно автономни. Првиот е: „Индивидуална радикализација со приклучување кон радикална група – 'лизгава падина'“, што подразбира прифаќање на нови верувања и вредности во разбирањето на минатото однесување. Вториот е: „Групна радикализација во слични групи“, што прикажува како натпреварот во групата преку статус, награди и прифаќања може да доведе до радикализација.

Сите анализирани модели немаат конкретни информации за тоа колку долго трае процесот на радикализација од почетокот, па сè до оперативната акција. Според студијата на Полицискиот оддел во Њујорк (NYPD), радикализацијата се одвива постепено во текот на две до три години, слично како и тврдењето на Силке, според кого радикализацијата трае неколку месеци или години.

И покрај идентификацијата на различните фази во процесот на радикализација, сите студии се согласуваат дека постои фаза на индивидуални промени (на пример: зголемување на религиозноста, потрага по идентитет) кои се зајакнуваат преку надворешни аспекти (на пример: доживеана дискриминација или расизам или напад врз муслимани во некои војни, како во Босна и Ирак) и премин кон насилна радикализација која обично се случува кога индивидуата се дружи со истомисленици. Овие фази не се неопходно секвенцијални и тие може да се преклопуваат, што значи дека едно лице може да прескокне фаза во процесот на станување оперативно активен или, пак, може да стане разочарано во која било дадена точка и целосно да го напушти процесот.

Мек Каули и Москаленко се скептични дека една единствена теорија може да ги интегрира сите различни влијанија кои ја доведуваат личноста кон радикализирано насилство. Почести се истражувањата во кои се наведени неколку можни фактори, обично социопсихолошки модели, кои, сепак, не успеале да ги специфицираат интеракциите меѓу самите фактори. Сите претходно споменати фактори кои влијаат на радикализацијата на едно лице треба детално да се анализираат како поединечно така и во интеракција со други фактори и влијанија бидејќи, сепак, на крајот останува прашањето: Зошто едно лице станува радикализирано, а друго не?

### 3.1.2. Теории на радикализација

***Биолошкии теории***

Најголемиот дел од лицата кои се радикализираат се млади машки лица на возраст од 15 до 25 години[92]. Ова сознание има цврсти паралели со многу криминолошки истражувања и укажува на тоа дека повисоките нивоа на импулсивност, доверба, преземање ризик и потребите за статус за некого играат делумна улога во приближувањето кон насилниот екстремизам.

Улогата на жената во исламската радикализација се чини дека е во голема мера ограничена на поддржувачки улоги (како што е пропагирање на џихадистичките идеи преку интернет). Постојат малку познати случаи на подиректна вклученост на жените во конкретни акти на исламистичкиот тероризам, односно постои одреден недостиг на наоди од истражувањата за степенот и природата на женската улога во радикализацијата во рамките на групата и заедницата.

***Психолошки теории***

Голем дел од истражувачката литература се занимава со обезбедување на објаснувања за тероризмот на индивидуално ниво, наместо со обезбедување на објаснувања за ненасилната радикализација кај младите. Овие напори во голема мера се фокусираат на откривање одреден сет на истакнати карактеристики кои ги разликуваат терористите од поширокага популација со цел да се открие што, всушност, претставува „личноста на терористот“. Главните објаснувања се сосредоточени на одреден вид патологија (ментална болест или психодинамична абнормалност) или на некоја друга карактеристична особина на личноста. Сепак, овие обиди во голема мера биле неуспешни. Иако е прерано да се исклучи важноста на индивидуалните карактеристики или искуства во развојот на наклонетост кон радикализација, литературата допрва треба цврсто да утврди кои се овие карактеристики.

[92]https://www.academia.edu/2158177/Preventing_Religious_Radicalisation_and_Violent_Extremism_A_systematic_Review_of_the_Research

### *Муслимански идентитет*

За повеќето млади муслимани потрагата по сопствен личен идентитет подразбира дефинирање на нивниот однос кон светот, истражување и експериментирање со прашања од верата, наследството и нивните врсници, што не мора да води кон радикализација. Сепак, некои млади муслимани избираат да прифатат радикален религиозен идентитет кој може да биде резултат на некоја претходна „криза на идентитетот“ или „конфузија на идентитетот“ обидувајќи се да ги помират потенцијалните конфликти кои не се согласуваат со она што првата генерација го гледа како „муслимански идентитет“ и се чувствуваат дека не се прифатени или не припаѓаат на поширокото општество. Ова може да се интензивира преку перцепции или преживеана дискриминација, чувство на спречена социјална вклученост и немање доверба во политичкиот систем. Ова, пак, може да поттикне потрага по муслимански идентитет во моментот на криза, оставајќи ја личноста ранлива на радикални влијанија или на прифаќање на религиозниот фундаментализам како противтежа на овие нерешени внатрешни конфликти. Ова чувство на контрадикција или конфликт меѓу муслиманскиот идентитет и чувството на припадност кон одредена заедница (во зависност од тоа во која држава личноста живее) не е својствено за сите држави каде што живеат муслимани.

### *Социетални теории*

Објаснувањата на социетално ниво се најчеста форма на објаснувања за радикализацијата. Вообичаено, овие објаснувања имаат свои аргументи, како што се: слаба или неуспешна интеграција, влијанието на дискриминацијата, депривацијата или сегрегацијата. Сепак, како централно се поставува прашањето: Дали овие влијанија играат директна улога во радикализацијата и/или насилната радикализација или, во најдобар случај, се само споредни фактори (причини за причините)?

- **Дали депривацијата и лошата интеграција се директна причина за радикализација?**

Личноста може лично да доживее релативна депривација[93] или да ја доживее на пошироко, групно ниво (во околината), па дури и на меѓународно ниво (релацијата муслимански свет со Западот). Релативната депривација функционира преку свесност за она што го имаат другите во однос на перципирачот (материјално, културно или во однос на социјалниот статус) и кога овие разлики се сметаат за значајни и потенцијално неправедни[94]. Луѓето можат да искусат релативна депривација на неколку начини: откако ќе помине периодот кога правата и привилегиите се прошириле само за да бидат проследени со стагнација или уште побитно кога среќата (напредокот, успехот) на една од групите се намалува, а среќата на другите се подобрува. Некои студии сметаат дека депривацијата е причина за неправда и е „плоден терен за радикална мобилизација“[95].

Многу автори наведуваат статистички податоци кои покажуваат дека муслиманите како група страдаат од повисоки нивоа на депривација за разлика од другите групи и тврдат дека оваа нееднаквост е основа за незадоволство и фрустрација. Сепак, овие податоци не соодветствуваат со поновите истражувања. Испитувањето на социоекономските податоци, кое го спровела Даниела Писиу[96], покажало дека фактот што е наведен како доказ за муслиманската депривација е резултат на споредбите на муслиманите со немуслиманите на национално ниво. Наодите драстично се менуваат кога се анализираат помали географски нивоа кои откриваат дека муслиманите се претежно населени во области каде што и муслиманите и немуслиманите страдаат од висока стапка на невработеност. Анализата на дополнителните фактори, како што се: возраста и генерациите, дополнително ги разводнува аргументите[97].

Нецелосното адекватно интегрирање на муслиманите од втората и третата генерација во поширокото општество, особено новите муслимански имигранти во Европа,

[93] Релативната депривација се однесува на широките структурни нееднаквости, како што се: сиромаштијата, ниското ниво на образование, невработеноста и сиромашното домување.
[94] Walter Garrison Runciman, Relative deprivation and social justice: a study of attitudes to social inequality in twentieth-century England, University of California Press, 1966.
[95] https://www.safecampuscommunities.ac.uk/uploads/files/2013/05/promoting_community_cohesion.pdf
[96] Daniela Pisoiu, Islamist Radicalisation in Europe: An Occupational Change Process, Taylor & Francis Ltd, London 2013, p.8.
[97] Според Писиу: „Муслиманите и вкупната стапка невработеност се многу слични поради фактот дека муслиманите се претежно населени во области со општа висока стапка на невработеност или каде што индустриите се во распаѓање. Ниските образовни перформанси секогаш не се вистинска слика за реалноста бидејќи преовладува бројот на постари мигранти кои пристигнале со малку или без образование.“

е уште едно од објаснувањата за радикализацијата[98]. Биографските податоци на екстремистите не ја оспоруваат целосно „хипотезата за неуспешна интеграција“ бидејќи покажуваат појава на интегративни проблеми во биографиите на некои џихадисти, во форма на релативна депривација или криза на идентитет, иако овие елементи не се јавуваат во сите случаи. Како што истакнува Писиу[99], таквата корелација не се поистоветува со валиден доказ за причината.

Се чини дека, во најдобар случај, доживувањето релативна депривација може да има некоја олеснувачка улога, а не предизвикувачка. Искусувањето/доживувањето на дискриминација и непријателство, исто така може да има свое влијание. Во прилог на ова одат низа податоци од анкети и квалитативни истражувања, вклучувајќи ја и една од ретките етнографски студии за радикалните муслимански групи спроведени во Европа. Оваа студија обезбедува одредени аргументи дека интензитетот на чувствата при доживеана дискриминација, непријателство или спречена мобилност може да доведе до промена во формирањето на идентитетот предизвикувајќи „когнитивно отворање“ и промена во претходните системи на верувања. Тоа може да го доведе поединецот до пронаоѓање алтернативи, како што е радикалниот исламизам, што обезбедува идеолошки објаснувања и репертоар на активности со цел да се надмине тоа. Ова, пак, може да доведе до ситуација индивидуата да се дружи со радикализирани групи чија приврзаност и лојалност кон групата обезбедува антитежа на чувството на отуѓување од поширокото општество. Сепак, треба да се нагласи дека овие наоди не можат да се генерализираат бидејќи студијата опфаќа само мал дел и користи неслучаен примерок.

Теориите за релативна депривација и теориите за неуспешна интеграција имаат улога на позадина или разликувачки фактор (причина за причината) во процесот на радикализација.

[98] *Radicalization in the West: The Homegrown Threat*, NYPD report, 2007.
[99] Daniela Pisoiu, Islamist Radicalisation in Europe: An Occupational Change Process, Taylor & Francis Ltd, London 2013, p.13.

- **Улогата на сегрегацијата и енклавизацијата**

Резултатите од енклавизацијата се кога различни групи живеат разделено едни од други, односно живеат во поделени групи, при што водат „паралелен живот“[100]. Се верува дека енклавизацијата „има само ограничена улога“ како фактор за повлекување кон радикализација. Други студии укажуваат на тоа дека сегрегацијата во околината, а честопати и самосегрегацијата (self segregation) на некои муслимански заедници играат посуштинска улога во процесот на радикализација[101].

- **Политички објаснувања**

Многу објаснувања за радикализацијата и за исламскиот тероризам пронајдени во литературата биле вкоренети во социопсихолошките извештаи кои го нагласуваат приматот на неправдите и незадоволството, најчесто со имплицитно упатување кон механизмите на фрустрација – агресија или понижување – одмазда. Овие чувства на психолошко страдање и неправда се сметаат дека се генерирани од голем број социоекономски, политички и културни тензии и кризи кои ги поттикнуваат поединците да станат радикализирани.

Во литературата постоел консензус за улогата на политичките неправди како клучни објаснувачки фактори кои довеле до радикализација во Европа, особено во врска со западната надворешна политика и доживеаното понижување на муслиманите во конфликтните зони.

Иако се чини дека политичките неправди се важни, тие, сепак, не се доволни за адекватно објаснување зошто некои поединци избираат да се приклучат на исламистички групи, додека други не се приклучуваат. За да се напредува во процесот од радикализација до акти на насилство, потребно е нешто повеќе од неправди и психолошки стрес. Тоа значи дека се вклучени и други механизми кои ги објаснуваат различните модели на приклучување кон различни исламистички движења, кои се движат од ненасилни, па сè до милитантни организации. Тие механизми може да вклучуваат и одреден катализатор или

[100] http://tedcantle.co.uk/about-community-cohesion/
[101] Ибид.

кризен настан од животот на човекот, со тоа што ваквите неправди најчесто се мобилизираат преку социјалните мрежи.

Поради сите овие причини, разбирањето на радикалниот исламизам бара објаснувања на групно и индивидуално ниво.

- **Улогата на социјалните врски и мрежи**

Инволвирањето во насилната радикализација се смета како групен феномен[102], при што социјалните односи и социјалните мрежи играат клучна улога во процесот на приклучување. Радикализацијата се одвива и во рамки на малите мрежи на пријатели и роднини кои спонтано се самоорганизираат во радикални групи, а, исто така, може да биде резултат на организирани постапки за регрутирање кои ги користат радикалните исламистички групи преку различни испробани практики. Голем број механизми, како што се: групната социјализација, групните врски, групната поларизација и изолација и генерациските притисоци, можат да ја интензивираат индоктринацијата и моралното исклучување, кое може да доведе до инволвирање во насилен екстремизам.

Пристапите, како што се: социјалните движења, теоријата на мрежи, теоријата за мобилизација на ресурси и теоријата за врамување, покажуваат како радикалните движења бараат начин да ги искористат политичките можности за да ја објаснат и да ја промовираат нивната кауза во случај кога регрутерите вклучуваат нови потенцијални регрути. Теоријата на врамување покажува како нормалниот активист може да прерасне во насилен екстремист преку социјален и интерсубјективен процес кои заедно ја создаваат потребната мотивација. Исто така, Викторович покажува како регрутерите успеваат да допрат до чувствата на оние кои доживеале неправда преку преобликување на овие неправди, давајќи им форма на тешка неправда со цел да ја припише одговорноста и морално да го оправда насилството против перципираниот непријател[103].

---

[102] По нападите во Мадрид, во 2004 година, концептот на „насилна радикализација“ стана дел од терминологијата на ЕУ, а извесен период подоцна Европската комисија го дефинира како „акција која вклучува прифаќање мислења, ставови и идеи кои би можеле да доведат до терористички акти.“

[103] Quintan Wiktorowicz, A Genealogy of Radical Islam, Depratment of International Studies, Rhodes College, Memphis, Tennessee, 2004. http://insct.syr.edu/wp-content/uploads/2013/03/Wicktorovitcz.2005.Geneology-of-Radical-Islam.pdf

Сепак, едно прашање кое останува неодговорено од овој фокус на динамиката на мали групи, е дали овие групни процеси можат секого да претворат во насилен екстремист. Потенцијалните членови на екстремистичките групи се втурнуваат кон одредена група поради нивните постоечки когнитивни или афективни атрибути и истите се ресоцијализираат во групата во согласност со карактеристиките на колективот. Секако, улогата на групната динамика како „агент за ресоцијализација“ е важна во објаснувањето на регрутацијата и радикализацијата, но, сепак, останува прашањето во врска со развојниот процес преку кој некои индивидуи доаѓаат во контакт со средини во кои индивидуата подлежи на морална промена и на стекнување на нови морални навики, односно средини во кои вирее семето на радикализмот[104].

Оваа групна перспектива, исто така, илустрира голем број придобивки или поттикнувачки фактори кои можат да привлечат потенцијални регрути. Тие вклучуваат: обезбедување чувство на припадност, градење лични и социјални врски, зголемен статус и самодоверба, чувство на ризик, возбуда и опасност, станувајќи дел од поширокaта муслиманска *умма*[105], како и исполнување на желбата за одмазда[106]. Ова може да претставува привлечна можност за отуѓените млади муслимански мажи кои бараат место на кое ќе припаѓаат или да го истражуваат сопствениот верски идентитет.

Студијата за радикализација на Бартлет, Бирдвел и Кинг[107] идентификува пет елементи кои авторите сметаат дека се поттикнувачки во процесот кој води кон насилна радикализација:

1. Емоционален поттик да дејствува во лицето на неправдата, вклучувајќи:

- релативен недостиг на исламско знаење,

- привлечните и злонамерни наративи дека муслиманите се „нападнати“ од „злото наметнато од западните интереси“,

---

[104] Per-Olof H. Wikström, Noémie Bouhana, Analyzing Radicalization and Terrorism, A Situational Action Theory, John Wiley & Sons, 2016, p.22.
[105] Умма – светска муслиманска заедница.
[106] Andrew Slike, Holy Warriors: Exploring the Psychological Processes of Jihadi Radicalization, European Journal of Criminology, 2008, p.117.
[107] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Michael King, The edge of violence- a radical approach to extremism, Demos, London, 2010.

- сеприсутноста на џихадистичките видеоматеријали.

2. „Возбуда, авантура и свежина“, најопасната контракултурна организација:

- авторите ја истакнуваат улогата на нерелигиозните причини во овој процес,

- особено приказните за возбуда и авантура на другите радикалисти.

3. Статусот и внатрешните кодекси на честа.

4. Притисокот од истомислениците.

5. Недостигот на алтернативни извори на информации кои потенцијално може да дејствуваат како диверзии.

Овие елементи ја истакнуваат важноста на влијанијата на ниво на група и честите несакани ефекти при ескалација на ставовите и однесувањето. Повеќето од интрвјуираните радикалисти (кои биле ненасилни) изјавиле дека ја имале предвид, но ја отфрлиле употребата на насилство. Најважните причини за ваквото отфрлање биле: присуството на добри/правилни примери на однесување за време на нивниот раст и развој, членовите на семејството со религиозно знаење, пристапот до многу текстови и литература, контактите со идеите на суфизмот, како и слушањето на меѓународно признати научници кои настапувале на конференции. Еден од главните резултати од истражувањето е изедначувањето на прифаќањето на радикалните идеи со другите „социјални епидемии“, при што притисокот од истомисленичките групи игра критичка улога: „Радикализацијата зависи од тоа колку истомислениците или колегите ги прифаќаат таквите идеи и степенот до кој тие се видени како достојни за имитација“[108].

Овој акцент врз влијанијата од страна на групата истомисленици има силни паралели со повеќе познати криминолошки истражувања кои го истражуваат престапништвото и централната улога на врсниците (истомислениците) во разбирањето на етиологијата на деликвенцијата, особено начинот на кој групите можат да создадат сопствена морална клима, дефинирајќи го прифатливото однесување во рамките на автономниот социјален систем.

[108] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Michael King, The edge of violence- a radical approach to extremism, Demos, London, 2010, p.31.

- **Улогата на религијата во процесот на радикализација**

Насилната радикализација и џихадистичкиот тероризам потекнуваат од одредена интерпретација на исламот. Тука се поставува прашањето за автентичноста на тоа толкување, за квалитетите на идеологијата и за нејзината контрола врз однесувањето на нејзините приврзаници.

Постои една заедничка карактеристика кај извршителите на терористичките напади во последните 20 години во однос на тоа дека нивната политичка радикализација е поврзана со нивната зголемена религиозност. Силната посветеност на религиозното убедување е демонстрирана како главен мотивирачки фактор за вмешаност во исламистичкиот тероризам. Овој факт ја определува улогата на идеолошките и религиозните симпатии во рамки на исламскиот свет во сржта на овој вид насилна радикализација и укажува на причинско-последичната врска меѓу верата и ставовите[109].

Неколку студии го истражувале овој феномен, но тие, сепак, се теоретски ориентирани. Исклучок е истражувањето на Ансари[110], кој открил дека религиозниот идентитет имал големо влијание врз ставовите: испитаниците кои сметале дека нивниот примарен идентитет е муслиман имале попозитивни ставови за џихадот и мачеништвото, за тероризмот, насилството, самоубиството, додека испитаниците со доминанатен национален идентитет немале позитивни ставови за истите појави.

Алтмејер открил дека религиозниот фундаментализам тесно се поврзува со религиозниот етноцентризам, како и со предрасудите кон различни расно-етнички малцинства. Како одговор на оние кои тврдат дека исламската теологија лежи во срцето на насилната радикализација, голем број автори ја истакнуваат тежината на комплетните докази:

[109] Wagy Loza, The psychology of extremism and terrorism: A Middle-Eastern perspective, Queen's University (Psychiatry) Canada, 2008.
[110] Major General Abdulaziz Al Ansari, The Process Of Radicalization In The Information Society Era, 7th Annual INTERPA Conference in Doha during 2-4 April 2018.

- мнозинството муслимани се умерени во својата вера и не се надоврзуваат на радикалниот исламизам или џихад, тврдејќи дека овие доктрини ги злоупотребуваат „религиозните етикети“ за насилни цели[111];

- се нагласува плуралноста и разновидноста на верувањата содржани во исламот;

- активностите на исламистичките терористи се прикажуваат како да се речиси целосно политички, а не теолошки.

Прашањето за тоа како религијата влијае врз радикализацијата е далеку од решено, делумно затоа што во литературата нема доволно емпириски сознанија. Сепак, тоа не е со цел да се негира поврзаноста помеѓу радикалниот исламизам и политичкото насилство.

Едно од клучните прашања во дебатата за улогата на религијата во процесот на радикализација е толкувањето на исламските текстови и значењето на одредени пасуси и стихови, како и значењето на клучните концепти (како што е џихадот).

Исламските доктрини може да се користат за да се оправда насилството или ненасилството, а во рацете на оние чија верба бара послушност, исто така вршат идеолошка контрола врз однесувањето. Ова не значи дека мнозинството муслимани ќе бидат предодредени да употребуваат сила, бидејќи религиозната посветеност во исламот сама по себе не е во можност да одговори на насилната радикализација.

### 3.1.3. Инкубатори на радикализацијата

- Затвори

Низ историјата затворите биле инкубатори за терористичките групи, особено во случаите на модерните исламистички движења. Радикалните поединци во затворите, изложени на она што самите го сметаат за неправедна казна, стануваат уште порадикални. Во затворите овие лица се опкружени со млади луѓе кои се во потрага по идентитет и цел.

[111] Ибид.

За лице со екстремни ставови затворот е идеално место и прилика за будење на својата идеологија, а истовремено и за помагање во обуката и регрутацијата на нови генерации[112].

Затворите се идеални места за одвивање на процесот на радикализација. Затворениците имаат време и простор каде што можат да остваруваат меѓусебни контакти и на тој начин да ги пренесуваат идеите и убедувањата за одредено однесување или верување. Вообичаено, радикализираните затвореници кои завршиле во затвор поради ширење радикални идеи или поради учество во војни не се физички одделени од останатите нерадикализирани затвореници. Во тој случај, затворот е идеална средина за радикализација.

Во делот за дерадикализација, кој ќе биде објаснет во главата 3, подетално ќе бидат елаборирани аспектите на влијанието на затворот врз приврзаниците на радикалните исламистички групи.



Слика 3.5.

Извор: Дојче Веле

112 https://thebosniatimes.ba/18846/tiha-regrutacija-nove-teroriste-sad-regrutiraju-po-zatvorima/

- Медиуми

Радикалните исламистички организации ги користат сите достапни извори на информации со цел да ја шират својата кауза, но и да ги постигнат своите цели. Средствата за информирање, како што се: телевизијата, радиото и весниците, иако во современиот виртуелен свет важат за традиционални и застарени, тие, сепак, не ги одминале потребите на радикалните исламистички групи. Постојат низа телевизиски и радиостаници кои емитуваат програми наменети за радикалноисламистичката публика. На Балканот е позната сателитската телевизиска програма „Пис ТВ“ („Peace TV“), која своето седиште го има во Дубаи. Оваа сателитска телевизија била достапна низ целиот свет, но од страна на неколку држави е забранета за емитување поради тоа што се поврзува со тероризам. Исто така, телевизиската програма и весникот на организацијата *Активна исламска младина* (*Активна исламска омладина*) „Саф“ („Saff“) се вбројуваат меѓу медиумите со радикалноисламистичка содржина.




Слика 3.6.

Извор: https://www.yumpu.com/en/saff.ba

Но, сепак, новата дигитална ера несомнено ги издигнала на повисоко ниво интернет-содржините кои се подостапни и кои полесно допираат до пошироката публика.

*Интернет*

Развојот на новите технологии и новите медиуми им овозможува на терористичките организации влијание на глобално ниво. За потребите за индоктринација, регрутација, пропаганда, прибирање средства и водење психолошка војна, терористичките организации во голема мера се потпираат на интернетот. Од таа причина денеска сѐ почесто може да се сретнат изразите како: „гугл-терористи" и „е-џихад".

За успешно да се прилагодат на влијанијата на новите технологии и глобализацијата, терористичките организации биле приморани да извршат промени на структурното и технолошкото ниво, но и на стратешкото ниво на самите доктрини. Како резултат на тоа, тие започнале да ги вклучуваат моделите и техниките за масовни комуникации во своето делување со цел постигнување на што поголемо влијание во општеството во целина. Исто така, хиерархискиот комуникациски модел на терористичките организации е заменет со мрежен модел кој овозможил побрз и поедноставен проток на информациите.

На дигиталното опкружување најдобро се прилагодила *ИД* ставајќи ја комуникацијата на социјалните мрежи во средиштето на својата информациска кампања. Социјалните мрежи се интерактивна комуникациска алатка. Крешимир Кроло и Иван Пузек истакнуваат дека употребата на социјалните мрежи овозможува поврзаност која ги премостува временските и просторните ограничувања. Исто толку важен е фактот дека прилагодувањето кон новите комуникациски канали овозможува подобра комуникација помеѓу членовите на организациите, поголем потенцијал за ширење на информациите, како и повисоко ниво на вклученост на членовите на организациите во разни активности[113].

Со цел да го привлечат вниманието на светската јавност и на државните власти, терористичките организации на почетокот биле зависни од традиционалните медиуми (радио, телевизија, весници). Меѓутоа, појавата на социјалните медиуми ја менува динамиката и односот меѓу терористите и медиумите. Имено, завршува зависноста на

[113] Krešimir KROLO, Ivan PUZEK, UPOTREBA INTERNETSKIH DRUŠTVENIH MREŽA I PARTICIPACIJSKE DIMENZIJE DRUŠTVENOGA KAPITALA MLADIH NA PRIMJERU FACEBOOKA, Sveučilište u Zadru, Zadar, 2014, стр.378.

терористичките организации од традиционалните медиуми, со што сега тие стануваат зависни од џихадистичките кампањи и објави на социјалните мрежи.

Социјалните мрежи се разликуваат од традиционалните медиуми по некои карактеристики, како што се: интерактивноста, глобалниот досег, навременоста и трајноста. Новите комуникациски технологии овозможиле развој на интерперсоналните масовни комуникации. Односно, корисниците на информациите на социјалните медиуми истовремено делуваат како комуникатори и поради тоа ваквата двосмерна комуникација го погодува развојот на малите и просторно дисперзирани групи.

Од стратешка гледна точка, групата *Исламска држава* имала добри причини информациската кампања (особено за потребите на пропагандата, радикализацијата и регрутацијата) да ја насочи кон социјалните медиуми. Како прво, се наведуваат најпопуларните канали за нејзината целна публика, со што терористичката организација станува општоприфатена. Како второ, социјалните мрежи се сигурни, бесплатни и едноставни за користење. Како трето, за разлика од вообичаените интернет-страници на кои терористичките организации морале да чекаат целната публика да ги посети, користењето на социјални мрежи „тропа на виртуелната врата“ на младите муслимани ширум светот[114]. Поконкретно, исто како што маркетинг-компаниите можат да го следат однесувањето на корисниците, така и терористичките организации можат да ги следат потенцијалните поборници на радикалната исламистичка идеологија и да ги контактираат избраните поединци. Стратегијата на социјалните мрежи која служи за насочување на саканите пораки до целната публика се нарекува нароукастинг (*narrowcasting*), односно ширење/дистрибуција на информации до потесна/целна публика. Оваа стратегија на испраќачите на пораките, во случајов на терористичките организации, им овозможува да ја сегментираат целната публика врз основа на дефинираните потреби на корисниците, демографските податоци и онлајн претплатата[115].

Преку стапувањето во контакт со млади и незадоволни муслимани ширум светот џихадистите поттикнуваат онлајн радикализација. Онлајн радикализацијата е процес во

---

[114] Gabriel Weimann, New Terrorism and New Media, Washington, DC: Commons Lab of the Woodrow Wilson International Center for Scholars, 2014.
[115] Ibid.

кој поединци преку онлајн интеракции и изложеност на различни интернет-содржини почнуваат да гледаат на насилството како на легитимна метода за решавање на општествените и политичките судири.

Членовите на *ИД* и нивните поборници изминатиот период биле најактивни на социјалните мрежи: *Твитер, Фејсбук, Јутјуб.* Во рамките на овие интернет комуникациски платформи *ИД*, меѓу другото, шири видеоматеријали и онлајн весници кои се наменети за незадоволната младина. Д-р Лаура Хуј[116], професорка по социологија на Универзитетот во Западен Онтарио, тврди дека интеракцијата преку социјалните мрежи создава чувство на припадност. Објавата на фотографии со убиени муслимани, како и фотографии на кои се претставени борците на *ИД* во идеализирано светло, служат за портретирање на џихадизмот како „кул“ проект. Освен тоа, споделувањето фотографии со убиени „маченици“ и деца ранети во нападите на воените дронови создава манипулативна презентација на џихадизмот како одбранбена стратегија против Западот.

Уште една стратегија за подведување на младата публика е политичката сатира на социјалните мрежи. Фредерик Џејмисон[117] ја опишува политичката сатира како облик на културна политика која ги поткопува политичките и социјалните темели на другите култури. Наведената стратегија е вообичаена кај супкултурите на интернет и подразбира намерно искривување на фотографиите, изјавите и слично. Честа тема на проџихадистичката сатира се надворешната политика и политичките лидери на САД и ЕУ.

Како што и претходно беше споменато, ширењето/дистрибуцијата на информации до целната публика им овозможува на терористичките организации да ги следат потенцијалните поборници на радикалната исламистичка идеологија и да контактираат со избраните поединци. Според ставовите на Веиман[118], џихадистите ги користат интернет-платформите со цел да ги подучуваат и да ги координираат поединците. На пример, видеосодржините на *Јутјуб* и објавите на *Фејсбук* служеле за проследување упатства за хакерски техники и за користење експлозиви, иако *ИД* во својата информативна кампања најмногу се потпира на *Твитер*.

[116] https://academic.oup.com/bjc/article/57/2/341/2623876
[117] https://newleftreview.org/issues/II25/articles/fredric-jameson-the-politics-of-utopia
[118] Gabriel Weimann, New Terrorism and New Media, Washington, DC: Commons Lab of the Woodrow Wilson International Center for Scholars, 2014, p.4.

Покрај тоа што служат за воено подучување на приврзаниците, џихадистичките видеосодржини на *Јутјуб* го нагласуваат чувството на братство меѓу муслиманите, ја подигнуваат револуцијата на радикалниот исламизам и ја слават жртвата на поединците во постигнувањето на заедничката цел[119]. Најчесто се работи за видеосодржини во кои нараторот зборува за важноста на борбата против оние кои не го прифатиле Алах како свој Бог. Исто така, *ИД* го користи *Јутјуб* со цел објавување на видеоматеријали од уништувања и егзекуции. Ваквата стратегија е насочена кон заплашување на светската јавност, но и за охрабрување на поборниците на радикалниот исламизам ширум светот.

Како што се наведува во извештајот на Министерството за национална безбедност на САД, *ИД* ја користи најголемата социјална мрежа *Фејсбук* за ширење тактички информации, како што се изработка на експлозивни направи и одржување на оружјето. Покрај тоа, *Фејсбук* овозможува голем број информации кои го олеснуваат сегментирањето на целната публика со цел таа публика да се наведе кон службените веб-страници на организацијата и соодветните форуми[120].

Без регрутација на глобално ниво, *ИД* не би можела да ги постигне своите цели. Иако *Фејбук* ги затвора страниците кои промовираат тероризам, онлајн џихадистите многу брзо отвораат нови страници на кои продолжуваат да шират пропаганден материјал и да воспоставуваат контакти со потенцијалните борци. Според проценките на американските разузнавачки служби, до средината на 2015 година на групата *Исламска држава* ѝ се приклучиле околу 150 Американци, додека за бројот на британски државјани се претпоставува дека  е дупло поголем. Вкупниот број на странски државјани кои заминале за Сирија и Ирак за да се борат на страната на *ИД* е околу 15 000, од кои 2 000 потекнуваат од западните земји[121].

Постојат неколку причини поради кои *Твитер* станала најпопуларна социјална мрежа кај џихадистите. Оваа апликација првенствено била наменета за употреба на

---

[119] Laura Huey, *This is Not Your Mother's Terrorism: Social Media, Online Radicalization and the Practice of Political Jamming*, The Center for the Study of Terrorism and Political Violence, Journal of Terrorism Research, JTR Volume 6, Issue 2 – May 2015.
[120] Gabriel Weimann, New Terrorism and New Media, Washington, DC: Commons Lab of the Woodrow Wilson International Center for Scholars, 2014, p.6.
[121] Nathan K. Schneider, ISIS and Social Media: The Combatant Commander's Guide to Countering ISIS's Social Media Campaign, NAVAL WAR COLLEGE NEWPORT RI JOINT MILITARY OPERATIONS DEPT, 2015, p.20.

мобилен телефон, едноставна е за употреба и е бесплатна. Објавите може да содржат текст, фотографија, но и линкови од останатите платформи, со што *Твитер* служи како врска меѓу повеќето интернет-платформи. Она што треба да се напомене тука е дека еден од начините на кои радикалните исламисти ги шират своите радикални пораки е #хаштаг-кампањата на *Твитер*[122].

На пример, по терористичките напади во Брисел, приврзаниците на *ИД* покренале кампања на *Твитер* во која на државите од ЕУ им се закануваат со нови напади. Кампањата ја активирале околу илјада радикални исламисти кои во одреден дел од денот константно објавувале хаштагови и во просек еден твит бил реобјавуван, ретвитан по околу 72 пати. На тој начин растел трендот на хаштагот, а со тоа и бројот на корисници на *Твитер* кои не ја следат *ИД* на социјалните мрежи, но, сепак, се изложени на нејзините пропагандни пораки.

Анализата на содржината на твитовите кои ги споделувале борците на *ИД*, во март 2014 година, покажала дека најчесто се споделувале известувања од боиштата (40,32 %). Известувањата вклучувале фотографии од боиштата и убиени „маченици“, информации за напредокот на воените сили, како и упатства како да се дојде до боиштата и да се приклучи на џихадистите. Останатите содржини објавени на *Твитер* се поврзувале со религиозните елементи (38,54 %), интерперсоналната комуникација (17,94 %), секојдневниот живот на припадниците на *ИД* (2,66 %) и заканите кон западните земји (0,53 %)[123].

Со цел информациите да ги држи под контрола, односно медиумската кампања, *ИД* ја програмирала апликацијата *Зора на радосни вести* (*Dawn of Glad Tidings*). Апликацијата му овозможувала на раководството на ИД детален преглед и контрола на сите вести кои се објавувале на дневна основа. Сѐ што се објавувало на официјалната страница се пренесувало понатаму преку борците на боиштата, па сѐ до следбениците ширум светот. Твитовите содржеле хаштагови, линкови и фотографии. Сѐ што еден корисник објавувал на својата сметка автоматски се споделувало на профилите на другите корисници на

[122] Jay Caspian Kang, ISIS’s Call of Duty, The New Yorker, 2014, https://www.newyorker.com/tech/annals-of-technology/isis-video-game
[123] Jutte Klausen, *Tweeting the Jihad: Social Media Networks of Western Foreign Fighters in Syria and Iraq*, Studies in Conflict & Terrorism, 2015, p.10-11.

апликацијата. Со помош на оваа апликација радикалните исламисти успеале да ги избегнат алгоритмите на *Твитер* за детекција на спамови. Во јуни 2014 година, за време на нападот на Мосул, Северен Ирак, *ИД* со помош на апликацијата *Зора на радосни вести* (*Dawn of Glad Tidings*) успеала да исфрли дури 40 твитови.

Програмирањето на оваа апликација, како и деталната разработка на информациската стратегија на сите интернет-платформи, не би било можно без медиумскиот центар *Ал Хајат*. *Ал Хајат* е организациски центар на онлајн комуникациите на *ИД*, воспоставен во мај 2014 година, непосредно пред прогласувањето на калифатот. Медиумскиот центар на џихадистите бил задолжен за координација на сите службени онлајн профили, за снимање на квалитетни пропагандни снимки, како и за водење на онлајн весникот на англиски јазик *Дабик*/*Dabiq*[124].




Слика 3.7.: Насловни страници на списанието *Дабик* (*Dabiq*)

[124] Nathan K. Schneider, ISIS and Social Media: The Combatant Commander's Guide to Countering ISIS's Social Media Campaign, NAVAL WAR COLLEGE NEWPORT RI JOINT MILITARY OPERATIONS DEPT, 2015, p.13.

Извор: https://www.researchgate.net/figure/Covers-of-the-1-st-4-th-issue-of-Dabiq-Magazine_fig1_349103428

Покрај социјалните мрежи, постојат и голем број интернет-страници кои се користени од страна на радикалните исламистички групи за ширење пропаганда, но и за вршење радикализација и регрутација на нови приврзаници. Меѓу најпопуларните интернет-страници на Балканот се: „Stazom islama“и „Put vjernika“. На ваквите интернет-страници може да се најдат цитати, видеоматеријали, предавања од верски лица кои повикуваат и учат на радикално толкување на исламот.

Иако интернетот во голема мера е застапен во процесот на радикализација на младите луѓе, сепак , не може со сигурност да се каже дека тој ја има доминантната улога. Поверојатно е дека интернетот има олеснувачка и овозможувачка улога, како, на пример, одржување контакти и зајакнување на идеолошките пораки кои веќе се прифатени од страна на публиката. Се претпоставува дека личниот контакт лице в лице останува клучен во радикализацијата и регрутацијата.

## 3.2. Регрутација

Регрутирање во џихад – активност која има намера да ги воведе радикалните исламисти во постојана терористичка ќелија. Регрутрацијата е мост помеѓу личното верување и насилниот активизам.

### 3.2.1. Регрутацијата во Европа пред 11 септември 2001 година

За да се разбере сегашната состојба со регрутацијата на исламистичките терористи во Европа, треба да се има барем основно познавање за претходните настани. Потребен е краток преглед на овие настани за да може целосно да се оценат околностите кои довеле до 11 септември 2001 година. Иако во тој период членовите на ќелијата од Хамбург биле најпознати исламисти од Европа како извршители на нападите од 11 септември, тие, сепак, не биле првите кои биле регрутирани во џихад. Несомнено е дека постоел јасен развој на директна закана од исламистичките групи кон Западот. Она што започнало како незначителна надворешна закана во 80-тите години од минатиот век која секогаш се

спроведувала надвор од Европа, прераснало во закана за Европа која произлегувала од европските земји. Иако оваа промена била постепена, сепак, 11 септември 2001 година претставува пресвртна точка која го означува засилувањето на процесот на регрутација.

Потребно е да се нагласи дека голем број поединци од Европа во изминатите декади се приклучиле на различни џихадистички организации, а голем дел од нив го сториле тоа како муџахедини со намера да се борат како герилци во нерегуларни единици. Тие се поврзувале со различни бунтовнички движења низ муслиманскиот свет, како: Авганистан, Босна, Кашмир и Чеченија каде што учествувале во конвенционалното герилско војување[125].

Пред 11 септември 2001 година Европа била сметана за толерантна област од страна на исламистите. Толерантниот став на владите и рамнодушноста на населението воопшто резултирало во систематски напор на радикалните свештеници да ги проповедаат доблестите на џихадот во џамиите во Европа. Меѓу овие џамии е и познатата џамија лоцирана во Финсбери Парк во Лондон која од 1996 година била раководена од харизматичниот Абу Хамза ел Масри, поранешен муџахедин. Радикалната исламистичка пропаганда била ширена во џамијата преку аудиокасети и видеоматеријали со борбени снимки, сите во согласност со радикалните верувања на имамот. Во таа насока, Абу Хамза се јавува како значајна врска во испраќањето млади муслимани надвор од границите на своите земји за да тренираат и да се приклучат на џихадот.

Регрутацијата била спроведувана прилично отворено, а кандидатите биле селектирани преку екстремистичките салафистички џамии. Овие случувања до одреден степен биле намерно игнорирани од страна на властите, под претпоставка дека „светите воини“ нема да извршуваат операции на европско тло. Имало случаи кога поплаките од локалните муслимани, навредени од однесувањето на исламистите, биле сметани за внатрешни спорови. Овој пристап бил означен како политичка коректност, а стравот од провоцирање на муслиманските заедници без причина создал клима во која исламистите се чувствувале доста сигурно. Со текот на годините Авганистан се покажал како најважна

[125] Важно е да се напомене дека мал дел од нив станале терористи. Постои преклопување меѓу муџахедини и терористи, а на момент е невозможно да се направи разлика помеѓу нив. Некои кои започнале како муџахедини подоцна преминале во терористи. Овие групи се испреплетени до одреден степен преку заедничката идеологија.

дестинација надвор од границите на Европа за регрутираните, иако причината за одење таму драматично се променила.

### 3.2.2. Војната во Босна и Херцеговина

Војната во поранешна Југославија во средината на 90-тите години од минатиот век привлекла многу перспективни муџахедини од арапскиот свет, но и извесен мал дел од Европа. Мнозинството од овие муџахедини се сметале за свети воини и биле вклучени во регуларното герилско војување кои подоцна еволуирале во терористи.

Странските муџахедини за прв пат се појавиле во централна Босна во јули 1992 година. Бил создаден баталјон за небосански борци каде што Арапите биле малцинство во споредба со муџахедините кои доаѓале од другите страни на светот. Не постои прецизна информација за вистинскиот број на странски муџахедини кои пристигнале да се борат во Босна, но проценките се движат од 300, па сè до 30 000.

Според информациите објавени од УНПРОФОР, во БиХ имало околу 3 000 доброволци, најчесто концентрирани во централна Босна. Покрај тоа што биле интегрирани во босанската армија, тие биле поврзани и со паравоени групи познати, како што се: *Зелената легија* и *Црните лебеди*[126]. Поголем дел од странските муџахедини потекнувале од Јемен, Алжир, Египет и Авганистан, а многумина од нив биле со борбено искуство. Покрај тоа, неколку стотици исламисти пристигнале и од европските земји, како: Франција, Италија, Германија и Велика Британија. Едно објаснување за ваквата циркулација на исламистите е дадено од страна на Абу Хамза ел Масри, кој се обидел да разбере зошто младите европски муслимани би се пријавувале доброволно за џихадот во Босна. Според него: „Тие сакаат да се борат против нешто неспорно, а тоа е кога немуслиманите силуваат, убиваат и осакатуваат муслимани“[127]. Но, нагласувајќи ги доблестите на муџахедините, Абу Хамза заборавил дека тие треба да бидат обвинети за истите злосторства за кои тврдат дека се спротивставуваат. Со текот на времето муџахедините се изделиле од босанската армија за да водат своја „битка“ со целосно

[126] Balkanpeace (2000). 7th Bosnian Muslim Brigade. http://www.balkanpeace.org
[127] Evan F. Kohlmann, Al-Qaida's Jihad in Europe. The Afghan-Bosnian Network. Oxford, Berg, 2004.

независна агенда, но со премолчена поддршка од босанскиот претседател Алија Изетбеговиќ[128].

Иако муџахедините се бореле искрено и се здобиле со силна репутација, тие, исто така, покажале и мисионерска посветеност. Нивното познавање на босанската историја и култура им овозможила да ги заобиколат локалните чувства и претставиле еднодимензионален поглед на конфликтот. Инсистирајќи на верските корени на конфликтот, тие проектирале слика на „исламот под опсада“. Муџахедините биле преокупирани со градење на своја организација и регрутирање на босански муслимани од нивниот главен центар за обука во Травник. Иако релативно во мал број, муџахедините биле еден вид инструмент во ескалацијата на конфликтот. Нивната склоност кон егзекуции и масакрирање била испланирана и намерна активност со цел конфликтот да се претвори во неотповиклив чин на религиозно војување. Во секој случај, овој став не го делеле мнозинството од босанските муслимани кои во конфликтот не ги гледале истите религиозни услови како и муџахедините.

Локалните босански муслимани кои негувале речиси секуларен животен стил се плашеле и чувствувале омраза кон странските муџахедини. За нив не било проблематично јадењето свинско месо, консумирањето алкохол и негодувале кога странците им веле дека се лоши муслимани. Првичната благодарност за помошта од странските муџахедини се претворила во непријателство, при што се појавил значаен судир на култури. За тоа сведочат зборовите на заменик-командантот на Армијата на БиХ, полковник Стјепан Сибер: „Грешка беше да им дозволиме да се тука... Тие извршуваат многу злосторства и работат против интересот на муслиманскиот народ. Тие убиваат и вршат грабежи.[129]“ Се претпоставува дека муџахедините биле одговорни за голем дел од злосторствата извршени за време на војната во БиХ, а за тоа сведочат мноштвото фотодокументации на кои се прикажани нивните убиени непријатели.

Присуството на голем број муџахедини за време на војната било јавна тајна, а тоа, сепак, се сметало за еден од многуте проблеми. Меѓународната заедница го посветила своето внимание на прашањето за муџахедините во Босна дури откако било откриено дека

[128] Ибид.
[129] Balkanpeace (2000). 7th Bosnian Muslim Brigade. http://www.balkanpeace.org

значаен број муџахедини волонтери му биле познати на Интерпол поради нивната поврзаност со исламистичкиот тероризам. Како што изминувала војната, од муџахедините било побарано да си заминат, односно нивните услуги веќе не биле потребни. Некои од нив заминале на други проблематични дестинации, особено во Чеченија, Алжир и Авганистан, понекогаш земајќи ги со себе локално регрутираните млади муслимани.

Баталјонот на муџахедините бил распуштен во 1996 година, како директен резултат на американскиот притисок, а набрзо потоа била распуштена и VII-та муслиманска бригада. Некои поранешни муџахедини се населиле во централна Босна каде што продолжиле со своето заканувачко присуство во однос на локалното население, СФОР и полицијата. Дел од нив се распрснале во 2001 година, кога биле протерани од имотите кои им припаѓале на вратените српски бегалци.

Амбициозната *Ал Каеда* во тој период зела активно учество во регрутирањето џихадисти во Босна, но првичната терористичка мрежа успеала да привлече главно арапски доброволци. Како и да е, во овој период биле создадени важни врски и пријателства кои ја преживеале војната во Босна[130]. Еден од примерите за идеолошко влијание од босанското искуство е примерот со еден млад Французин, Лионел Думонт, со потекло од Рубе. Уште на млади години Лионел преминал во ислам и заминал за Босна каде што му се придружил на *Такфир Вал*, хиџра-одделот на муџахедините. По завршување на војната тој се вратил во Франција со ветување дека и понатаму ќе го пренесува и практикува џихадот. Во Франција тој ја формирал бандата „Рубе“, главно составена од француски северноафриканци[131]. Со исклучок на Франција, во тој период војната во Босна имала слаб прелевачки ефект низ Европа. Во францускиот разузнавачки извештај од 1995 година се наведува дека постои сериозна закана за безбедноста во Европа и таа е директно поврзана со терористички „заспани“ ќелии кои биле обучувани во Босна[132]. Французите биле во право со својата проценка, а бомбашкиот бран во 1995

[130] Emerson Vermaat, (2002). Bin Laden's terror networks in Europe. The Mackenzie Institute.
[131] Ibid.
[132] Evan F. Kohlmann, Al-Qaida's Jihad in Europe. The Afghan-Bosnian Network. Oxford, Berg, 2004.

година воспоставил врски меѓу алжирските ќелии на *ГИА*[133] во Европа и лидерите на муџахедините во Босна и Авганистан.

Во октомври 2001 година САД и Велика Британија ги затвориле своите амбасади во Сараево како одговор на можната закана од терористички напад. По кратко време официјалните претставници на НАТО излегле со тврдење дека спречиле напад врз базите на американската СФОР во североисточна Босна. Овие настани непосредно довеле до многу шпекулации за терористичката закана која доаѓала од Балканот. По 11 септември 2001 година се појавиле информации дека во Босна, Косово и Албанија престојуваат припадници на исламистичките терористи и дека во овие земји се лоцирани логори за обука. Иако ваквите информации биле од голем интерес за медиумите, сепак, тие не биле потврдени[134].

### 3.2.3. Научени и ненаучени лекции

Примерот од Босна и Херцеговина илустрира дека регрутацијата во џихад не е нов феномен во Европа. Од тука произлегуваат неколку општи согледувања:

- додека некои европски муслимани изразиле симпатии и сочувство кон џихадистите, само мал дел од нив навистина се бореле;
- сите џихади (свети војни) не вклучувале Европејци;
- постои промена во модус операнди од герилска војна во тероризам.

Не е изненадувачки фактот што од милиони муслимани кои живеат во Европа, некои ќе бидат привлечени да се борат како џихадисти или ќе се приклучат на одредена терористичка организација. Додека голем број муслимани сочувствувале со една или друга кауза, многу мал дел од нив, всушност, ја преминале границата помеѓу гласно спротивставување и вооружена борба. Овој тренд јасно илустрира дека отсекогаш бил минимален бројот на европски муслимани кои претставувале безбедносен ризик, без разлика дали се работи за дома или странство. Исламистичкото терористичко присуство во Европа го започнале Египќаните и Алжирците во егзил кои ја продолжиле својата

[133] GIA – Armed Islamic Group.
[134] International Crisis Group 2001.

национална борба во европските земји домаќини. Директната закана од исламистичките терористи кон Европа била незначителна сѐ до средината на 90-тите години на минатиот век. Во Европа имало мал број муџахедини кои не биле заинтересирани за делување во Европа. Наместо тоа, тие патувале во странство за да партципираат во џихади во Чеченија, Кашмир, Таџикистан, Албанија и Косово.

Иако исламистичкото влијание во Босна го потпалувало муџахединското движење, муџахедините никогаш не го достигнале успехот за кој се надевале. Непочитувањето на локалната култура ги отуѓило муџахедините од единствениот извор на поддршка. Стратегијата за зајакнување на останатите муслимански заедници кои се сметале за угнетени повторно била осудена на пропаст, особено во Косово. Иако *Ал Каеда* успеала да регрутира некои од членовите на *УЧК*, а подоцна и мал дел од радикалните Албанци во Македонија, сепак, поради интервенцијата на силите на НАТО, влијанието на исламистите било поткопано и локалните муслимани од регионот сфатиле дека за нив би било многу подобро ако се ориентираат кон Запад, а особено кон Европа, и покрај значителниот пристап до исламистичките фондови[135]. Странските џихадисти ги повторувале своите грешки со тоа што соработувале со *УЧК*, заборавајќи на тешко научената лекција од Босна. Нивната склоност кон неразумно насилство повторно им се вратила како бумеранг. Според сведочењето на еден борец на *УЧК* во летото 2001 година, Албанците не биле тие кои ги масакрирале телата на заробениците, туку тоа го правеле муџахедините[136].

„Големата слика" која е откриена на 11 септември 2001 година можела да се открие многу порано преку проучување на списите, говорите и проповедите на овие теолози и групи во текот на 90-тите години на минатиот век. Во изминатиот период бевме сведоци на многу апсења на осомничени исламисти и учесници во странски војски ширум Европа и Балканот, но овие активности најчесто се фокусирале повеќе на оперативно ниво, а не на културниот и социјалниот аспект на овој феномен.

Според некои автори, џихадистите верувале дека ја водат последната битка за опстанок на нивното општество, култура, религија и начин на живот. Перцепцијата е можеби точна, но се поставува прашањето која точно култура и каква форма на ислам

[135] Emerson, Vermaat, (2002). Bin Laden's terror networks in Europe. The Mackenzie Institute.
[136] Taylor, Scott (December 15, 2001), Bin Laden's Balkan Connections," Ottawa Citizen.

бранат тие. Нивните постапки сведочат за постоењето на интровертна, ксенофобична и крајно изолирана заедница која не толерира какво било спротивставување. Токму од оваа заедница се врбуваат терористите.

### 3.2.4. Промени кои влијаат врз регрутацијата

Како што претходно беше напоменато, регрутирањето во џихад не бил нов феномен во Европа и на Балканот. Напорите за превенирање на регрутацијата во Европа драматично се зголемиле по 11 септември 2001 година, но тие биле со ограничени резултати. Брзата промена во однесувањето на владите значела дека на регрутерите им било забрането да зборуваат толку отворено колку што претходно го правеле тоа, т.е. до пред нападите на САД. Европа полека, но сигурно ги оквалификувала Блискиот Исток и Авганистан како гнезда за регрутација на исламистичките терористи. Терористичките организации со радикалноисламистички предзнак биле многу добро навлезени и позиционирани во Западна Европа каде што воспоставиле прикриени мрежи и терористички ќелии. Во 90-тите на минатиот век овие мрежи успевале да ги избегнат и да ги преживеат антитерористичките истраги и само мал дел од нив биле разоткриени. Постоеле потешкотии да се донесе реална проценка на присутните терористички борци во Европа, но повеќе станувало збор за квалитет отколку за квантитет. И покрај напорите за следење на исламистичките борци, Европа и Балканот останале активен центар за терористичка поддршка и активности, како што се: пропагандата, регрутацијата и финансирањето[137]. Во Европа сè уште постои терористичко присуство организирано според идеолошки и лични пријателства. Значењето на споделената идеологија е круцијално, што им дозволува на радикалните исламисти да обезбедат пристап до вообичаено затворената заедница на „светите воини“.

И покрај сè, постојат значителни промени и во долгорочна перспектива, но и во поглед на 11 септември 2001 година. Овие промени ја измениле европската димензија во рамки на глобалниот џихад до тој степен што заслужуваат посебно внимание. Една од

[137] Gunaratna, Rohan (2004). The Post-Madrid Face of Al Qaeda. Washington Quarterly 27 p.3.

подобрите анализи за регрутациската структура во Европа по 11 септември 2001 година доаѓа од холандската разузнавачка служба АИВД (AIVD). Заклучокот кој го донела службата во своите анализи говори дека регрутирањето во џихад не е нов феномен, а неговиот обем и неговото значење стануваат сè поважни[138].

Една од најдалекусежните промени поминала незабележано во последните две декади. Целиот концепт на џихадот бил подложен на длабока трансформација. Во суштина, она што започнало како благородна намера пред неколку декади, наменето да им помага на муслиманите во неволја, е деградирано до тој степен што џихадот најчесто се поврзува со неразумно насилство насочено кон цивили. Она што претходно подразбирало форма на самоодбрана од недвосмислена агресија, сега се поистоветува со неселективни бомбашки напади и обезглавувања. Современите радикални исламисти кои прославиле победа против Советскиот Сојуз во авганистанската војна се чини дека не биле свесни за прекинатата идеолошка врска со корените на авганистанскиот отпор. Ова е значајно да се забележи затоа што сигнализира многу динамична и духовна форма на расудување и претставува концептуална надолна спирала, ентузијастички поддржана од неколку радикални свештеници. Свештениците кои биле отфрлани пред неколку декади сега се водечки поборници за вооружена борба и токму нивната апокалиптична визија ја поставува агендата. Оваа суптилна, но, сепак, сеопфатна промена не влијаела на околностите на сегашното континуирано регрутирање во радикалниот исламизам во Европа и на Балканот.

Друга значајна промена е зголемениот надзор врз радикалните исламистички кругови од страна на властите. Индиферентноста кон радикалите и militантите, која ја карактеризирала Европа во деведесеттите години на минатиот век, е заменета со исклучителни напори да се утврди дали се започнати терористички операции од Европа или низ Европа по 11 септември 2001 година. Поранешното самозадоволство и самоувереноста на службите и државите воопшто се заменети со сомнеж, особено за радикалните џамии. Се разбира дека ова го отежнува и регрутирањето во рамки на џамиите. Радикалните имами кои јавно говореле биле деградирани давајќи им улога на

[138] AIVD (2002). Recruitment for the Jihad in the Netherlands. From Incident to Trend. General Intelligence and Security Service of the Netherlands (AIVD).

провокатори, земајќи ги предвид и тврдењата за нивни контакти со клучните фигури на глобалниот џихад.

Влијанието од загубата на Авганистан како светилиште нанело голем удар врз структурата за регрутирање во глобалниот џихад, принудувајќи ги терористите да се прилагодуваат. Со инвазијата на Авганистан во 2001 година, флуктуацијата на европските радикални исламисти кон камповите за обука наеднаш запрела, со што биле лишени од воена обука на нови регрути.

*Ал Каеда,* која стоела позади нападите од 11 септември 2001 година и која создала голема терористичка инфраструктура во текот на деведесеттите години на минатиот век, претрпела сериозни неуспеси и големи загуби. Оваа мрежа била значително ослабена во глобалната војна против тероризмот. Иницијативата била префрлена на нова и помлада генерација исламистички терористи кои биле многу малку поврзани со оригиналното јадро на *Ал Каеда*. Тоа што имале слаби врски со јадрото на *Ал Каеда* придонело новата генерација исламистички терористи да се усогласат со пошироките цели на глобалниот џихад. Новите мрежи и нивните ќелии се автономни до висок степен, а оперативците не ја делат организациската историја на старото јадро, туку покажуват поголема независност и полабава структура[139].

Актуелната мрежа на групите инспирирани од *Ал Каеда* или од други сродни групи е исклучително прилагодлива и динамична. Наместо да се структурираат и да се организираат во традиционална организациска смисла, меѓусебната поддршка и координација помеѓу членовите на мрежата се одвива на ад хок основа и првенствено се заснова на заедничка визија за заеднички непријател. Кон нивната комплексност придонесува и постоењето на повеќе истовремено оперативни мрежи, во голема мера независни едни од други. Тие функционираат како слоевити мрежи, така што разоткривањето на една од нив не влијае врз другите.

Значаен фактор во промената на регрутациската околина претставувала и војната во Ирак. Народното спротивставување на војната било широко распространето во Европа во текот на 2003-тата година и имало големо влијание врз чувствата на муслиманските

[139] Gorka, Sebastian, (2004). Al-Qaeda's next Generation. Terrorism Monitor **2** (p.15).

заедници. Огромно мнозинство европски муслимани биле спремни да го изразат своето несогласување со инвазијата на Ирак на мирен начин. Активното учество во антивоените демонстрации, всушност, покажало придржување кон европскиот идеал за изразување незадоволство. Сепак, имало и такви кои инвазијата на Ирак ја сфатиле како западно заговорничко сценарио за покорување на муслиманскиот свет и како заговор за контрола на природните ресурси на Блискиот Исток. Само мал дел од оваа група муслимани одговориле на повикот за вооружување со цел да ги бранат муслиманите во Ирак. Пред инвазијата на Ирак, разузнавачките и полициските служби нотирале дека дискусијата за Ирак во Европа ја користат радикалните исламисти како плодна почва за регрутирање. Ирак станал „борбен крик“, а антиамериканските ставови и реторика значително биле заострени. Пораката јасно одекнала кај младите европски муслимани кои присуствувале на радикалните говори. Според официјални извори, регрутирањето било највидливо во Велика Британија, Германија, Шпанија, Италија и Холандија, конкретно насочено кон помладата популација која вклучувала многу конвертирани лица (конвертити)[140]. Настојувањето за регрутација со цел поддршка на ирачките муслимани од агресијата на неверниците донекаде била успешна, што се покажало и во неколку примери.

Во март 2003 година германските власти уапсиле шест мажи во џамијата „Ал Нур“ во Берлин. Иако оваа џамија се наоѓа во доминантно турска населба, најчести посетители биле верници од арапските земји кои биле приврзаници на радикалната исламистичка идеологија. Уапсените биле осомничени дека припаѓале на мрежа која работела на регрутирање арапски студенти за извршување терористички операции (период кој се совпаѓа со избувнувањето на војната во Ирак). Регрутерот бил 32-годишен Тунижанец, кој според медиумските известувања имал и директен контакт со Осама бин Ладен и поминал петгодишна обука во авганистанските логори. Во џамијата „Ал Нур“ полицијата открила материјали за изработка на бомби, прирачници, видеоматеријал на кој е прикажана Германија од воздушна перспектива, како и пиштоли и пасоши[141].

[140] Natta, Don Van and Desmond Butler (2003). Anger on Iraq seen as new Qaeda recruiting Tool. New York Times, March 16.
[141] Leiken, S.Robert, (2004). Bearers of Global Jihad? Immigration and National Security after 9/11. Washington D. C., The Nixon Center.

Во ноември 2003 година било објавено дека *Ансар ел Ислам* и *Ал Каеда* ги здружиле силите за да регрутираат арапски доброволци во Европа за да се борат против Соединетите Американски Држави и нивните сојузници во Ирак. Еден месец подоцна, европските разузнавачки агенции ги следеле напорите на Абу Мусаб Заркави за регрутација и испраќање терористи самоубијци на Блискиот Исток и за спроведување операции и во Европа[142].

Ќелија во Италија, обвинета за регрутирање и помагање на исламисти низ цела Европа, била растурена во ноември 2003-тата година. Ќелијата наводно ги испраќала доброволците преку Турција и Сирија да се борат во Ирак. Нивна дестинација биле камповите за обука во близина на Курмал во североисточен Ирак, раководени од *Ансар ел Ислам*. Се вели дека откриената мрежа регрутирала бомбаши самоубијци кои требало да ги напаѓаат американските и сојузничките сили во Ирак. Друга терористичка ќелија е уништена од италијанските власти во мај 2004 година. Полицијата уапсила еден алжирски свештеник и четворица Тунижани. Од прислушуваните разговори било јасно дека мажите биле подготвени за заминување во Ирак каде што ќе извршеле самоубиствени бомбашки напади врз западни цели[143].

На пат кон Ирак, Сирија се јавила како централна база за преместување на регрути од Европа во Ирак. Симпатизерите во Сирија биле во телефонски контакт со нивните европски колеги и им посакувале добредојде на волонтерите во Алепо и Дамаск каде што биле згрижувани сè до нивното испраќање во Ирак. Во декември 2004 година, координаторот на ЕУ за тероризам Гис де Врис потврдил дека младите муслимани од Западна Европа одат во Ирак да се приклучат на бунтот и изразил загриженост дека искусните исламистички терористи ќе претставуваат закана кога ќе се вратат[144].

### 3.2.5. Актуелна структура на опкружувањето за регрутација

[142] Ibid.
[143] D'Emilio, Frances, (2004). Italian Authorities Break up Islamic Cell. Associated Press, May 9.
[144] Gunaratna, Rohan, (2004). The Post-Madrid Face of Al Qaeda. Washington Quarterly **27** (p.3).

Ако ги погледнеме моменталните трендови во опкружувањето за регрутација, потребно е да се нагласи една историска карактеристика. Станува збор за регрутацијата од горе, па надолу, наспроти регрутацијата од долу, па нагоре. Хамбуршката ќелија е добар пример за илустрација на комплексноста на овој феномен. Многу се пишувало за ќелијата во Хамбург, но најзначајната карактеристика на ќелијата често се прикривала преку шпекулациите за самоубиствено делување. Само неколку експерти ги забележале највпечатливите аспекти на ќелијата во Хамбург, а тоа е отсуство на каква било форма на регрутирање од врвот, па надолу и наводно перење мозок на заговорниците. Овие аспекти подоцна ќе станат популарни објаснувања за растот на џихадистичките движења. Ќелијата во Хамбург произлегла од зближувањето на девет лица од студентска заедница на иселеници од повисока средна класа. Идните терористи биле побожни во своите верувања и практики, што им овозможило формирање мрежа на пријателства, што, пак, претходело на формалното воведување во глобалниот џихад. Како група, тие поминале низ период на инкубација од речиси две години, за време на кој интензитетот на нивните верувања и чувството за братство постепено ги трансформирало членовите до непрепознатливост.

Вистинскиот процес на регрутирање на ќелијата во Хамбург најдобро може да се опише како мошне неструктуриран во која било конвенционална смисла и затоа заслужува соодветно внимание. Мохамед Ата и Зиад Јарах започнале да ја посетуваат радикалната џамија „Ал Кудс“ во Хамбург кон крајот на 1997 година. Таму тие се спријателиле со истакнатиот авганистански ветеран по име Мохамед Хајдар Замар, кој ги охрабрил младите да ја извршуваат својата верска обврска и да се приклучат на џихадот. Замар нашироко бил означуван како вистинскиот регрутер на групата од Хамбург. Овој редослед на настани е дискредитиран од луѓе блиски на Замар кои потоа го окарактеризирале како индивидуа со ограничен интелект и премногу зборлест. Сепак, мора да се забележи дека Замар бил духовен и идеолошки водач кој поставил модел за понатамошно делување. Ова гледиште е поткрепено со фактот дека неколку членови на ќелијата од Хамбург го именувале Замар како нивна главна инспирација за да се приклучат на џихадот.

Но, вистинскиот т.н. портир/надзорник (gatekeeper), лицето кое можело да ги насочи кон други познаници, влегол во заговорот на најнеобичен начин. Според достапните докази, до крајот на 1999 година Мохамед Ата, Зиад Јарах, Марван ел Шехи и Рамзи бин

ел Шиб одлучиле да им се приклучат на чеченските бунтовници. Сепак, тој план бил променет по една случајна средба во воз во Германија каде што лице по име Калид ел Масри им се приближил на Бин ел Шаб и на Ел Шехи и започнал разговор за џихадот во Чеченија. Двајцата потоа му се јавиле на Ел Масри кој ги упатил кај извесен Абу Мусаб во Дуизбург. Абу Мусаб било тајното име на Мохамеду Улд Слахи, добро познат оперативец на *Ал Каеда*, кој престојувал во Германија очигледно без знаење на германското разузнавање. Слахи ги поканил овие посветени млади момчиња да го видат Дуизбург. На состанокот Слахи ги убедил дека патувањето во Чеченија било премногу опасно и премногу тешко во тоа време, сугерирајќи им дека наместо таму треба да одат на обука во Авганистан. Ако одлучат да одат, тие би го запознале лицето Умар ел Масри во талибанската канцеларија во Квета, во Пакистан[145]. Останатото е веќе добро познато...

Врз основа на достапните информации за членовите на ќелијата во Хамбург, овој пример за процес на регрутација ги содржел следниве елементи:

• индивидуално отуѓување и маргинализација,

• духовна потрага,

• процес на радикализација,

• средба и дружење со слични луѓе,

• постепено изолирање и формирање ќелии,

• прифаќање на насилството како легитимно политичко средство,

• поврзување со портир/надзорник (gatekeeper in the know),

• оперативно работење.

Треба да се запомни дека горенаведените фази ја карактеризираат структурата на регрутирање на ќелијата во Хамбург и истите се одвивале пред 11 септември 2001. Ова во суштина било процес на генерирање од долу, а не структурирано регрутирање

---

[145] Kean, Thomas. H. and Lee H. Hamilton (2004). The 9/11 Report. The National Commission on Terrorists Attacks Upon the United States. New York, The New York Times.

контролирано од огранок на *Ал Каеда*. Но, пред да се насочиме кон повеќе лични причини за пристапување, потребно е примарно разбирање на структурата за регрутирање.

Анализата на терористичката мрежа спроведена од Марк Сагеман срушила неколку распространети митови за природата на регрутирањето во џихад. Неговата студија открила отсуство на какво било регрутирање од врвот, па надолу: приклучување кон центрите на џихадот на спонтано формирани групи. Сагеман многу експлицитно изјавува дека *Ал Каеда* никогаш не вложила многу напор во сеопфатна намера за регрутирање, но наместо тоа се потпрела на Алах за да ги насочи љубопитните и посветените во своите редови за понатамошно обучување и индоктринација[146].

Она што навистина се случувало на терен во однос на регрутацијата опфаќало само едно мало јадро на многу посветени индивидуи. Всушност, тоа бил процес во кој само најрадикалните елементи се приклучувале на терористичката ќелија. Од конвенционална организациска перспектива, безволните напори за регрутација во изминатите децении не можеле да се сметаат за успешни, но, сепак, оние кои се приклучиле биле целосно посветени на каузата. Овој тип на неструктурирана регрутација се практикува и денес и заслужува внимание бидејќи претставува критичен елемент во понатамошниот развој на глобалниот џихад.

Наместо процес од горе, па надолу, каде што терористичката организација активно и агресивно бара нови членови, тоа бил обратен процес, од долу, па нагоре, каде што младите лица волонтираат за приклучување во организацијата. Приклучувањето во терористичка организација честопати било феномен на случајност/изненадување[147]. Формалното поврзување со џихадот на некој начин претставувало групен феномен, т.е. кога едно лице заедно со пријателите одлучува да се приклучат на џихадот, а не како изолирани поединци. На глобално ниво оваа самоорганизирачка структура резултирала со голем број паралелни мрежи, сите меѓу себе лабаво поврзани. Овие мрежи биле дефинирани според карактеристиките на членовите, одредени значајни локации и специфични процедури. Примери за такви мрежи и нивните поврзани ќелии во акција се некои од најголемите операции на *Ал Каеда* во Европа. Спреченото бомбардирање на

[146] Sageman, Mark (2004). Understanding Terrorist Networks. Philadelphia, University of Pennsylvania Press.
[147] Ибид.

Божиќниот пазар во Стразбур во декември 2000-тата година, спречениот напад врз американската амбасада во Париз во 2001 година и неуспешниот обид за разнесување на комерцијален патнички авион во 2001 година, вклучувале голем број терористи кои се познавале меѓусебно. На овие терористи не може да се гледа како на олицетворение на кохерентна и строга организациска структура. Тие, сепак, посетувале исти места/локации, биле инспирирани од исти луѓе и донекаде имале слично потекло.

Глобалниот џихад не наликува на традиционална организација и немаат смисла обидите да се прикаже структурата во кој било вид организациски дијаграм. Глобалниот џихад работи на сосема поинаков принцип, сличен на оној на социјално движење дефинирано со заедничка идеологија и лична интеракција. За разлика од која било друга меѓународна организација, глобалниот џихад се чини дека е структуриран околу голем број специфични лица со бројни лични контакти кои преку овие контакти имаат можност да направат да се случат некои работи. Овие лица функционираат и како портири/надзорници (gatekeeper), бидејќи ги познаваат групите во радикалните џамии, поранешните муџахедини и активните терористи. Иако не мора самите да извршуваат терористички операции, тие се во состојба да ја „отворат портата“ кон ексклузивната заедница на радикалниот исламизам. Овие таканаречени портири се опкружени со поизолирани активисти, кои, пак, имаат ограничено знаење и контакти. Оперативците на пониско ниво зависат од личниот однос со портирот, во спротивно тие ја губат способноста за функционирање.

Со цел да се разбере како еден радикален исламист влегува во џихадистичкиот круг, мошне важно е да се земе предвид оваа поделба на трудот. Процесот оди од дното, па нагоре, бидејќи идните членови се желни да се приклучат на џихадот. Овој процес се нарекува „повластена приврзаност“. Многу е тешко да се најде доказ за вистински регрутер во нормална смисла. Актуелниот глобален џихад се развива спонтано без специфичен и посветен напор од радикалните исламистички групи, како што е актуелната *Исламска држава*. Тоа резултира со големи празнини во глобалното дисперзирање на активните ќелии и нивно надополнување. Од исклучително значење за потенцијалниот терорист е да биде способен да идентификува врска (линк) за влез во глобалниот џихад.

Критичен и специфичен елемент за пристапување е достапноста на врската до глобалниот џихад. Без познавање на портир/надзорник, групата пријатели, студенти или верници ќе претрпи прогресивна изолација. Тие може да се обидат да пристапат кон џихад, но без знаење, ресурси или координација со други терористички ќелии.

Според низа автори, процесот на приклучување кон глобалниот џихад следи една општа шема која вклучува специфични елементи и чекори[148]:

- Постоење силна социјална припадност помеѓу група исламисти. Честопати, оваа припадност е резултат на блиско пријателство, сродство или учење.
- Групата исламисти започнува прогресивна социјална изолација, што на крајот прави разлика помеѓу просветлените верници (самите нив) и неверниците (сите други).
- Групата исламисти доживува прогресивно засилување на своите убедувања, кулминирајќи во несомнено прифаќање на џихадот, иако не во традиционална смисла.
- Официјално прифаќање и влегување во џихадистичките кругови преку запознавање со портир/надзорник (gatekeeper).
- По формирањето на оваа врска тие стануваат оперативни.

Достапните докази го истакнуваат значењето на социјалните врски кои се чини дека претходат на оперативната фаза. Во џамиите, од личните пријателства прилично спонтано се формираат мали кластери. Без оглед на изворот на нивните социјални врски, овие кластери доживуваат подолг период на интензивна социјална интеграција. Колку се приближуваат едни до други, толку се поекстремни нивните ставови. Нивното новооткриено верување ги оддалечува од претходните пријателства и контакти, што повторно доведува до зголемена изолација од општеството. Но, постојат примери кога некои од овие пријателства развиваат толку агресивни ставови, со што се оддалечуваат од првобитната заедница во џамијата каде што прв пат се запознале. Откако ќе се влошат односите со одговорните во џамијата и со другите верници, тие заминуваат разочарани и пронаоѓаат ново светилиште во тесен круг на истомисленици. Околината на џамијата е

[148] Ибид.

прв важен чекор, но подоцна честопати се случува да се напушти џамијата откако исламистот започнува личен процес на радикализација.

Процесот во кој мал круг пријатели пристапуваат кон џихад како групи има силни импликации врз неговата стапка на раст и зависи од способноста на тој круг да создава врски со искусни луѓе. Доколку базата на потенцијални регрути е составена од изолирани лица, неговиот раст ќе биде бавен, бидејќи секој потенцијален член треба да воспостави свој контакт. Меѓутоа, ако базата е составена од групи пријатели, семејства или верници, џихадот ќе доживее експлозивен раст, бидејќи една врска носи групи на нови терористи, од кои секој може да послужи како ефикасна слаба врска со новите потенцијални членови[149]. Овој модел на неструктуриран раст има големи импликации. Јачината на слабите врски ги прави антитерористичките напори многу покомплицирани затоа што невозможно е да се наруши организациска структура која не постои. Зачленувањето како група се чини дека е распространета појава во европските исламистички кругови. Бандата „Рубе“, групата „Келкал“, ќелијата „Хамбург“ и членовите на неуспешниот напад врз амбасадата во Париз во 2001 година, се само неколку примери за овој тренд.

Регрутацијата во џихад е контингент од кандидати со доволна големина за да може да се обнови, да се опорави од неуспех и да создаде нови врски. Без критична маса за одржување на радикалната исламистичка идеологија, џихадот ќе стане безначаен.

Постојат многу проблеми поврзани со проценката на големината на радикалноисламистичката заедница. Неколку европски безбедносни служби презентирале проценки кои биле резултат на доктрината и политиката за борба против тероризмот. Доверлива студија спроведена од британската влада протекла до „Дејли телеграф“ во мај 2004 година, во која се открива дека има околу 10 000 активни поддржувачи на радикалните исламисти во Велика Британија[150].

Иако постојат индиции за зголемена поддршка на радикалниот исламизам во Европа по 11 септември 2001 година, воспоставувањето на клучната врска со т.н. портир (gatekeeper) станало потешко за потенцијалните терористи. Оние поединци кои јавно ги

[149] Sageman, Mark (2004). Understanding Terrorist Networks. Philadelphia, University of Pennsylvania Press.
[150] Helm, Toby. (2004). Drive to halt spread of al-Qa'eda in UK. Telegraph, May 31.

истакнале своите џихадистички ставови станале многу повнимателни околу откривањето на нивната припадност кон одредена група. Обидот на еден потенцијален терорист да побара совет од озлогласена јавна личност поврзана со џихад ќе резултира со привлекување на вниманието на безбедносните служби. Во суштина, регрутацијата во вакви услови (по 11 септември 2001 година) започнала сè повеќе да се реализира тајно.

Ваквите потешкотии при регрутацијата натерале одредени индивидуи самостојно да ја испробаат својата среќа. Тоа се оние случаи кога изолирани лица се обидуваат да станат радикални исламисти без посредство на портир, што, всушност, претставува форма на саморегрутирање. Се покажало дека терористичките мрежи мутираат и се прилагодуваат со молскавична брзина. Отсечените врски со раководството на Блискиот Исток ги забавиле, но, сепак, не ги запреле напорите за комуникација и координација. Ќелиите во мрежите работат поавтономно отколку во минатото. Сега, самостојните ќелии се оспособени да планираат и да вршат напади релативно независно. Регрутирањето во џихад како во Европа така и на Балканот покажува дека исламистичкиот тероризам не е само закана насочена кон западниот свет, туку е и закана која сè повеќе и сè попрофесионално се генерира на европско тло[151].

Безбедносните служби во Европа во деведесеттите години на 20-тиот век предупредувале дека миграцијата претставува безбедносен ризик, во смисла дека терористите ќе се обидуваат да навлезат во Европа (особено во муслиманските заедници) под изговор дека бараат политички и економски азил. Иако грижата за инфилтрација на терористите во Европа била разумна, сепак, проблемот лежел во разликите во стратешката перспектива помеѓу Европа и земјите кои биле директно погодени од исламистичкиот тероризам. Пример за ваквата разлика е предупредувањето на еден египетски службеник во 1995 година, кој ја обвинува Европа за воспоставување опасен преседан со давањето азил на египетските радикални исламисти кои се барани од нивните влади:

„…Овие групи дејствуваат во светски размери, користејќи места, како што се Авганистан и Босна за да создадат свои борци кои се враќаат на Блискиот Исток… Европските земји, како што се: Данска, Шведска, Швајцарија, Англија и други, кои им

[151] Akerboom, Erik. S. M. (2003). Counter-Terrorism in the Netherlands. General Intelligence and Security Service of the Netherlands (AIVD).

даваат засолниште на овие терористи, треба да разберат дека тие ќе се вратат и ќе ги прогонуваат.[152]"

Но, како што одминувало времето проблемот на инфилтрација на странските терористи, кој бил актуелен во минатото, го променил својот „центар на гравитација" и се префрлил на „домашното производство на џихадисти" (home grown terrorism).

### 3.2.6. Целна група за регрутација

Кога се зборува за радикалниот исламизам, мора да се потенцира која група приврзаници на исламот е подложна на регрутација. За жал, на ова прашање не може лесно да се одговори, но, сепак, можно е да се изведат неколку општи тврдења со цел да се одгатнат некои популарни митови. Најраспространет од овие митови е оној кој се однесува на улогата на исламот. Еден од аргументите во дебатата за борба против тероризмот е проблемот со исламот. Но, издвојувањето на една религија како единствен модел за објаснување за поддршка на тероризмот рефлектира една неинформирана предрасуда. Оваа претпоставка е опасна и крајно погрешна бидејќи го одвлекува вниманието од повеќедимензионалните причини за радикалниот исламизам и тероризмот. Кога терористите успеваат да киднапираат комерцијални патнички авиони, ученици во училишта и хуманитарни работници, не треба да изненадува фактот дека тие, исто така, го киднапираат исламот за да ја постигнат својата кауза.

***Перспектива на противникот***

Пред да се анализираат различните видови исламистички терористи кои се регрутираат во Европа и на Балканот, вреди да се осврнеме кон самите терористи за да се дознае повеќе за нивните перспективи за регрутирање. Проучувањето на публикациите и прирачниците на терористичките организации кои активно регрутираат во Европа за глобалниот џихад ги елиминира повеќето шпекулации поврзани со нив. Одличен извор е *Прирачникот за Ал Каеда* (пронајден при полициски претрес во Манчестер во мај 2000-тата година). Обемното компјутерско досие опфаќа многу аспекти на глобалниот џихад, а од особен интерес е следново: „Втор час: Неопходни квалификации и карактеристики за

[152] Kohlmann, Evan F. (2004). Al-Qaida's Jihad in Europe. The Afghan-Bosnian Network. Oxford, Berg.

организацијата/членовите“[153]. Според прирачникот, членот (во реалноста терористички оперативец) не треба да покаже помалку од четиринаесет различни одлики. Примарна, неопходна квалификација е верата во исламот. Надополнувајќи го силното религиозно убедување, членот мора да биде целосно посветен на идеологијата на организацијата за да се ослободи од идејните проблеми. Тој мора да биде зрела и одговорна личност и да биде подготвен да жртвува (дури и својот живот ако е потребно) кога ќе биде повикан. Тој мора да слуша и да го прифати авторитетот на постарите членови и никогаш да не открива информации кои му се доверени. Понатаму, тој треба да има добро здравје, да има добар карактер и да е интелигентен. Во своите постапки тој мора да покаже претпазливост и мудрост, како и способност да набљудува и да анализира.

Овие посакувани индивидуални карактеристики потоа се проектираат во организациска структура што служи за единствена цел. За да биде оперативно ефикасен, членот е сместен во ќелија која во вокабуларот на терористичките организации е дел од „проектниот тим“, што значи терористичка ќелија. За да се разбере оваа структура, од голема помош е месечниот интернет-магазин кој го публикувала *Ал Каеда* со назив *Ал Батар* (*Al-Battar*) и кој служел како центар за виртуелно регрутирање, пропаганда и обука. Покрај статии за ракување со оружје, преживување и комуникации, таму можело да се најде и детална анализа за создавањето и функционирањето на ќелиската структура на организацијата. Исто така, таму било опишано како еден „проект“ (напад) е поделен на голем број потќелии, од кои секоја работи независно и рапортира на една управувачка ќелија. Секоја потќелија се состои од не повеќе од четири члена и е составена од лица кои можат да се вклопат во нивната околина. Организацијата на проектниот тим е структурирана според функционални принципи, по можност во четири различни ќелии[154], и тоа:

- управувачка ќелија;
- ќелија за собирање информации;
- ќелија за подготовки;

[153] USDOJ (2004). Al Qaeda Training Manual.United States Department of Justice. http://usdoj.gov/ag/trainingmanual.htm

[154] Kohlmann, Evan F. (2004). Al-Qaida's Jihad in Europe. The Afghan-Bosnian Network. Oxford, Berg.

• извршна ќелија.

Понатаму се нагласува дека членовите на ќелијата не треба да знаат за идентитетот на членовите на другите ќелии, ниту пак треба да поставуваат прашања. Општо земено, тие не треба да имаат повеќе информации отколку што е потребно за да ја извршат својата задача.

Иако барањата за индивидуалниот терорист и специфичните упатства за неговото сместување во ќелија се доста импресивни, оваа визија не значи дека ја рефлектира реалноста на терен. Како што е докажано во корпоративните истражувања во изминатите децении, луѓето во една организација секогаш не ги оправдуваат очекувањата на раководството, ниту, пак, секогаш го прават она што треба да го прават, колку и да се мотивирани. Факт е дека квалификациите наведени погоре претставуваат список на желби. Многу малку зрели, интелигентни и одговорни европски муслимани се приклучиле во редовите на глобалниот џихад. За нив животот во терористичка ќелија не е опција затоа што тие немаат што да добијат. *Прирачникот за Ал Каеда* и написот во *Ал Батар* може да се сметаат како потрага по квалитетни луѓе кои можат да мислат, да дејствуваат сами и да имаат можност да се вклопат во нивната околина. Оваа ситуација е случајно идентична со актуелниот проблем со регрутацијата на разузнавачките и безбедносните служби низ цела Европа (додека МИ5 ги охрабрува кандидатите со небританско потекло, исламистите бараат Европејци).

***Муслиманите во Европа***

Очигледен е фактот дека европските муслимани се цел на регрутација, но се поставува прашањето кои се тие муслимани. Иако точниот број на муслимани кои живеат во Европа е тешко да се утврди бидејќи религиозното верување е лична работа, сепак, многу побитен е обемот на процесот на радикализација во рамките на исламската заедница или поточно заедниците. Постоењето на единствена заедница, во терминологијата на *Куранот* наречена *умма*, е резултат на имагинацијата во исламистичките кругови. Во реалноста има стотици, ако не и илјадници исламски заедници, секоја дефинирана од нејзините религиозни практики и од специфичната култура. Неспорно е дека процесот на регрутирање се фокусира на млади муслимански

мажи, но, сепак, постојат одредени поделби кои не можат да се премостат во муслиманските заедници во Европа. Пример за едно од тие ограничувања при регрутирањето е исклучувањето на муслиманите шиити. Тие се сметаат за еретици од страна на поборниците на радикалниот исламизам. Фактот дека шиитското движење *Хезболах* има свои симпатизери и финансиери во Европа само ја зголемува конфузијата. Шиитите живеат во различно опкружување, засебно од приврзаниците на радикалниот исламизам. Друг пример е отсуството на Турците како значајна компонента во терористичките мрежи, и покрај милионите Турци кои живеат во Европа. Европските радикални Турци со сигурност постојат, но, сепак, се чини дека тие претпочитаат други места за изразување на незадоволството. Поконкретно, тие не се оние кои стануваат исламистички производители на бомби. Од овие едноставни, но важни согледувања може да се заклучи дека глобалниот џихад апелира (повикува) само до одреден дел од европските муслимани.

Сите групи кои се залагале за религиозно оправдан тероризам биле маргинални во нивните религиозни општества. Маргиналноста претходела на насилните акти и ова секвенционирање е од големо значење. Без разлика дали маргиналноста била гордо прикажана во јавноста или скриена од очите на јавноста поради чувство на срам и вина, насилството што следувало станало средство за зајакнување на поединецот, како и на групата. Оваа маргиналност може да се гледа или однатре или однадвор. Упатените лица во исламските заедници се оние кои можат да се идентификуваат со искуствата на оние кои се чувствуваат маргинализирано, додека надворешните лица се оние кои имаат малку разбирање за условите со кои се соочуваат европските муслимански заедници. Перспективите на терористите се обликуваат од општествено-политичката реалност на нивното непосредно опкружување, што, пак, предизвикува радикален одговор во верското прикривање.

Отфрлајќи ја површноста и празнината на секуларната модерност, каде што не се вклопуваат, европските исламисти, логично, стануваат привлечени од религиозната идеологија која ветува дека ќе го пополни вакуумот. Исламистичките идеолози ветуваат само макотрпна борба за лична исполнетост, но се чини дека тоа не ги обесхрабрува нивните следбеници. Напротив, тие се повеќе од подготвени за предизвик, сè додека тоа

има и повисоко значење. Прибегнувајќи кон „традиционалната религија“, која е сè друго освен традиционална, тие не ги изложуваат своите грижи за судбината на човештвото, исламската цивилизација или за исламските заедници, туку за себе.

### 3.2.7. Процес на регрутација

Успешната врска помеѓу регрутерот и потенцијалниот исламистички терорист е многу зависна од структурата на спротивставените карактерни црти. Оваа врска може да се објасни со кратка елаборација на неколку одлики кои ја сочинуваат двојната природа на оваа врска. Секој регрутер кој сака да привлече следбеници во екстремистичка и милитантна идеологија има посебен карактер (според која било дефиниција) искористувајќи ги своите интерперсонални вештини на манипулативен и деструктивен начин. Посебните одлики на карактерот на регрутерот ретко можат да бидат прикажани во јавноста од очигледни безбедносни причини, но затоа се ограничени на средби еден на еден каде што регрутерот има можност да ја потврди својата супериорна позиција кон кандидатот во повеќе области преку суптилното нагласување на разликите меѓу нив.

Во однос на спротивставените карактерни црти наведени се седум релации кои, без сомнение, може да се прошират:

- вистински верник/отпадник;
- мудар/непросветлен;
- водач/воден;
- почитуван/одбиен;
- брат/аутсајдер;
- чесен/нечесен;
- активист/немоќен.

Најпрво регрутерот го персонализира вистинскиот верник, при што кандидатот се третира како непросветлена индивидуа, муслиман кој сè уште не го сфатил вистинското значење на исламот. Регрутерот се претставува себеси како лидер, што привлекува внимание кај кандидатот кој има ненасочен и збунет начин на живот. Оваа ситуација е

насочена да продуцира почит од некој кој самиот има потреба од признавање и насочување, а суптилно хиерархиската димензија е дополнително засилена со вештачка форма на братство, при што регрутерот се претставува како вистински брат чиј ученик е перспективен, т.е. сè уште не е целосно прифатен член. Алузијата на чувството за братство предизвикува чувство на чест помеѓу регрутерот и кандидатот. Откривајќи го „вистинскиот пат", регрутерот сака да се гледа себеси како промотер кој, всушност, постапува според неговото откритие и кој апелира до некој кој се чувствува немоќен да ја промени сопствената ситуација. Врската за регрутација е основана врз основа на нееднаквост, иако регрутерот ќе настојува да ја нагласи рамноправноста меѓу двајцата муслимани. Процесот на трансформација од отуѓена индивидуа во посветен активист најчесто се гледа во религиозните секти и терористичките групи и бара вложување во интензивни и долги лични интеракции. Ова подразбира дека стравот од тоа дека ранливите млади муслимани може да бидат регрутирани во џихад преку интернет-пораки е претеран. Читањето и испраќањето пораки за џихадот на интернет може да ги примами овие лица, но директното вклучување во ваквите групи, сепак, бара одредена интеракција.

Во минатото многу се зборувало за загубата на авганистанските логори и тоа е прикажано како голема победа во војната против тероризмот. Точно е дека загубата на авганистанското светилиште ги лишило џихадистите од нивното јадро, но се чини дека фокусот е веќе променет. Денес, терористичките организации претпочитаат друг вид индивидуи. Во моментов, достапните регрути имаат многу малку или обично немаат паравоени искуства. Ова претставува промена во фокусот од бунтовнички операции во герилски стил до урбана борба и тероризам. Политичката реалност и негативните социоекономски искуства на европските, а особено на балканските муслимани ги прават лесен плен за регрутирање, а радикалниот исламизам го прават привлечен за нив.

***Каде се регрутираат потенцијалните кандидати?***

Пред 11 септември 2001 година европските исламисти вообичаено дејствувале повеќе или помалку отворено преку одредени џамии, исламски информативни центри, исламски училишта и добротворни организации. Постоела отворена, како и прикриена поддршка за муџахедините во Чеченија и Авганистан. Примери за радикални џамии и исламски информативни центри кои станале истакнати во процесот на поврзување кон

џихадот се: џамијата во Финсбери Парк во Лондон, Исламскиот културен центар во Милано, џамијата „Абу Бакр“ во Мадрид и џамијата „Ал Кудс“ во Хамбург, како и мноштво џамии и медреси на Балканот. Во текот на 90-тите години на минатиот век, овие места служеле како порта кон глобалниот џихад и испраќале радикални млади муслимани во места за обуки во Авганистан или на фронтовите во Босна и Чеченија.

Иако овие џамии не може да се прикажат како центри за регрутација, сепак, тие имале двосмислена улога во процесот на регрутација, главно служејќи како агенти за радикализација. Тоа би значело дека најчесто терористите биле регрутирани во џамијата, но она што е најзначајно е социјалното опкружување во џамијата или верската институција, што придонело за трансформација на младите и отуѓени муслимани во терористи. Вреди да се забележи трансформацијата на група млади муслимани од Блискиот Исток во смртоносната ќелија во Хамбург, а особено нивното присуство во џамија. Џамијата „Ал Кудс“ во Хамбург одиграла клучна, но индиректна улога во процесот на радикализација. Сите членови на централната ќелија редовно присуствувале во џамијата каде што внимателно ги слушале проповедите. По 11 септември 2001 година се појавиле шпекулации за присуство на регрутер во џамијата кој наводно ги навлекол кон самоубиствената акција. Но, не постојат докази дека ова навистина се случило, односно станувало збор за спонтан развој на настаните и случајна средба надвор од џамијата[155]. Во оваа џамија членовите на ќелијата во Хамбург се среќавале со истомисленици кои ги споделувале нивните мисли и жалби. Ова не може да се нарече структурирано регрутирање, и покрај важната функција на џамијата.

Регрутацијата сè уште активно се спроведува, иако постојат забележителни промени, како, на пример, улогата на радикалните свештеници. Тие веќе не се во можност отворено да регрутираат поради интензивниот надзор од страна на властите и наместо тоа тие почнале масовна пропаганда со изразување на доблестите на џихадот, но сето тоа го правеле внимателно избегнувајќи какво било директно учество. Џамиите со лоша (радикална) репутација биле заменети со „андерграунд “ (тајни/скриени/илегални) џамии кои најчесто се наоѓале во истите градови како и поранешните. Ова се должи на она што

[155] Kean, Thomas. H. and Lee H. Hamilton (2004). The 9/11 Report. The National Commission on Terrorists Attacks Upon the United States. New York, The New York Times.

може да се нарече одржлива околина, што подразбира ситуација кога има доволно исламисти, поранешни борци и луѓе со потребните врски за одржување на алтернативното опкружување.

***Радикалноисламистички движења***

Постојат два специфични тренда во регрутацијата: регрутацијата во тероризам се уште се одвива и таа претставува трансевропски феномен. Бројни терористички напади низ Европа извршени по 11 септември 2001 година вклучувале оперативци регрутирани во џихад пред и по 2001 година, обединети преку своите екстремни верувања.

На транснационално ниво постојат многу шпекулации за природата и потеклото на различните радикалноисламистички движења и нивната улога во поддржувањето на тероризмот. Ова е навистина сложен процес кој не може лесно да се анализира. Неспорно е дека некои европски исламистички терористи одржуваат блиски врски со *Ал Мухаџири*, *Таблиџ* и *Такфир вал Хиџра*, но дел од нив не се поврзуваат со нив. Иако споменатите движења се придржуваат до најрадикалните толкувања на исламизмот, сепак, тие не може строго да се сметаат за терористички организации. Постојат практични примери кои го докажуваат ова. Имено, движењето *Таблиџ* во Франција е пиетистичко движење кое поттикнува регрутирање меѓу оние кои не си ја познаваат својата вера. Негов духовен центар е џамијата „Ар-Рахма“ во Сент Денис, близу Париз, а во Франција е активно уште од 1968 година. *Таблиџ*, пред сѐ, е религиозно и духовно движење и се фокусира на проучување на правилното разбирање на исламот и на тоа што значи да се биде муслиман. Некои од членовите на ова движење заминале во Пакистан на подолг престој во еден од неговите центри. Се верува дека некои членови на *Таблиџ* подоцна заминале во кампови за обука во Авганистан и во џихад, иако *Таблиџ* конкретно не промовирал насилство. Долгиот и строг период на духовна индоктринација резултирал со некои длабоки лични промени кај одредени индивидуи кои потоа на некој начин развиле длабок интерес за милитантните групи. Џон Вокер Линд, кој бил заробен во Авганистан во 2002 година додека се борел за талибанците и Ерве Лоизо, млад Французин кој премрзнал до смрт кога се обидел да избега од Тора Бора кон крајот на 2001 година, биле поранешни членови на

движењето *Таблиџ*[156]. Нивното лично расположение ги направило отворени за религиозна индоктринација која ги променила до непрепознатливост. Преку новооткриеното верување тие го насочиле своето внимание кон милитантниот активизам и се одвоиле од идеологијата на движењето *Таблиџ*. Линд и Лоизо се примери за оние поединци кои сакаат или не сакаат исламистичките движења ги користат како радикализирачки агенти, кои потоа се развиваат во терористи. Гледано од оваа перспектива, *Таблиџ* им послужил како канал, а Талибанците како крајна станица.

И покрај тоа што не се директно поврзани со глобалниот џихад, се чини дека радикалните движења функционираат како стаклена градина. Радикалното движење е индиректна рамка за поддршка создадена од групи кои не се поврзани со политичко насилство или тероризам, некои од нив дури и јавно ги осудуваат ваквите методи. Овие групи извршуваат значително политичко, социјално, културно и образовно влијание во име на исламот. Како такви, тие ја зачувуваат исламската атмосфера во која еволуираат екстремистичките и насилните групи. Она што ја зголемува комплексноста на оваа појава е присуството на голем број „андерграунд“ (тајни/скриени/илегални) џамии кои поттикнуваат поддршка за глобалниот џихад. Ретко поврзани со какво било утврдено радикално движење, тие се водени од имами на кои им недостигаат кредибилитет и квалификации. Групи пријатели спонтано се среќаваат во таквите џамии кои претставуваат едно од главните места за пристапување кон џихадот. Нивната доброволна изолација од остатокот од општеството, од европските и муслиманските заедници, исто така, би можела да биде пример за идните модели на регрутирање.

## 3.3. Балкански земји – одговор на заканата

Земјите од Западен Балкан и другите европски земји се насочиле кон ажурирање на своите постоечки закони за да можат соодветно да се спротивстават на регрутацијата на странските борци.

Во однос на затворските казни, затворската казна за приклучување кон странски групи во Босна и Херцеговина варира од не помалку од 3 години, а за регрутирање на

[156] https://www.glasamerike.net/a/ameri%C4%8Dki-taliban-pu%C5%A1ten-iz-zatvora/4929509.html

таквите групи казната варира од 1 до 10 години[157], додека, пак, во Косово казната достигнува и до 15 години затвор[158].

Најмногу осудени повратници од боиштата во Сирија има во Косово, додека Босна и Херцеговина, Македонија и Србија (војување во Украина) имаат приближно ист број пресуди. Во Албанија, пак, сè уште нема правосилни пресуди за војување во странство. Она што претставува клучна потешкотија е истражувањето и докажувањето на нивото на учество на повратниците во странска војска или во судири, во зоните на судири, а особено под кои околности. Исто така, дополнителен предизвик претставува и учеството на малолетниците и „децата војници", како и улогата на жените (т.е. дали нивното учество било доброволно или не и со кој капацитет)[159].

Повеќето балкански земји имаат изградено сличен пристап за справување со радикалниот исламизам и странските терористички борци. Балканските земји го криминализирале учеството во странски војни. Албанија[160] и Босна и Херцеговина[161] направиле промени на кривичните закони во однос на вооружените конфликти надвор од границите на државата. Косово го криминализирала учеството со цел да ги гони лицата кои учествувале во вооружени конфликти надвор од границите на земјата во април 2015 година[162].

Во однос на официјалните стратегии за справување со радикалниот исламизам во земјите од Западен Балкан, треба да се спомене дека тие се развиени многу подоцна.

---

157 Кривичен закон на БиХ член 162-б. Пристапено на: 21.2.2021. https://advokat-prnjavorac.com/zakoni/Krivicni_zakon_BiH.pdf

158 Конгресна библиотека. „Третманот на странските борци во одредени законодавства: Национални анализи." Пристапено на: 21.2.2021. https://www.loc.gov/law/help/foreignfighters/country-surveys.php#_ftn162

159 Analiza BIRNA-a: Nejednako precesuiranje terorizma u šest zemalja Zapadnog Balkana, 06.07.2020. https://ba.voanews.com/a/terorizam-zapadni-balkan/5491282.html

160 Верскиот радикализам и насилен екстремизам во Албанија (2015), Идм, Тирана. Достапно на: http://idmalbania.org/wpcontent/uploads/2015/07/Religious-Radicalism-Albania-web-final.pdf, ИДМ Тирана Пристапено на: 18.02.2021.

161 Владо Азиновиќ и Мухамед Јусиќ (2015), „Мамката на сириската војна: Странски борци - Босанскиот контингент", Сараево, Достапно на: http://bit.ly/1XTdwp6 Пристапено на: 18.02.2021.

162 Службен Весник на Република Косово (2015), Закон бр. 05/Л Забрана за пристапување кон вооружени конфликти надвор од територијата на државата, Косово. Достапно на: http://bit.ly/1PZ1PKH Пристапено на:19.02.2021.

* **Албанија** ја усвоила Националната стратегија за спротивставување на насилниот екстремизам кон крајот на 2015 година додека криминализацијата се случила во 2014 година[163]. Со Стратегијата за спречување на насилниот екстремизам и радикализам се предвидува дека Министерството за социјални работи е надлежно за активностите насочени кон дерадикализација кои се предвидени во Стратегијата. Она што може да се забележи како недостаток е дека оваа Стратегија не ја гледа Исламската верска заедница во Албанија како главен актер во дерадикализацијата. ИВЗ би требало да биде вклучена, пред сè, во идентификување на џамиите (жариштата) за кои е потребно да се преземат мерки за дерадикализација. Институциите на државата, при нивното работење во поглед на радикалниот исламизам, имаат влијание на „ширење страв“ и предупредување за потенцијалните регрутери, што се гледа во организирањето кампањи за подигање на свеста спроведени помеѓу граѓаните во врска со законските последици со кои тие ќе се соочат доколку одлучат да се приклучат на групите, како што се: *Ел Нусра* или *ИСИС*[164].

* **Косово** усвои Стратегија за спречување на насилниот екстремизам и радикализација која води кон тероризам во септември 2015 година, околу пет месеци по криминализацијата[165]. Во изработката на Стратегијата биле вклучени сите релевантни фактори, меѓу кои: верските лидери, безбедносните институции и граѓанските организации. Надлежни органи задолжени за спроведување на Стратегијата во Косово се: Министерството за образование, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда и Координаторот за справување со насилен екстремизам назначен од Владата на Косово[166].

Научените лекции од регионот кои треба да се имаат предвид при обидите за решавање на прашањето за насилниот екстремизам и радикализам покажуваат дека е неопходно вклучување на локалните заедници и поширока јавна дебата во врска со ова

[163] Службен весник на Р. Албанија (2015), Достапно на: http://www.qbz.gov.al/botime/fletore_zyrtare/2015/PDF2015/203-2015.pdf Посетено на: 19.02.2021.
[164] Калтрина Селими, Филип Стојковски, НАПОРИТЕ НА Р. МАКЕДОНИЈА ВО СПРОТИВСТАВУВАЊЕТО НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ, ПОГЛЕД НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО, 2016. https://www.analyticamk.org/images/Files/extremisim-mk-updated-FINAL-UPDATED-web_b30f9.pdf Пристапено на: 09.02.2021.
[165] Стратегијата за спречување на насилниот екстремизам (СНЕ) и радикализација која води кон тероризам 2015-2020 (2015), Косово.
[166] Ибид.

прашање. Косово е еден од примерите за високо ниво на медиумска покриеност на оваа тема, што се гледа во многубројните телевизиски дебати на кои учествуваат експерти, верски лидери и претставници на државни институции. Граѓанското општество во Косово е активно во изнаоѓање на корените на радикалноисламистичките идеологии кои најчесто се лоцирани помеѓу лица од Блискиот Исток или помеѓу лица кои поседуваат европски пасоши, кои преку хуманитарните организации во повоениот период дошле и понудиле финансиска помош или различни видови курсеви, чија тематика вклучувала верски предавања на кои се проповедало за строгото толкување и практикување на исламот. Друг аспект кој може да има негативно влијание врз кредибилитетот помеѓу верниците на Исламската верска заедница во Косово е фактот дека оваа институцијата функционира најчесто со готовина. Ова придонесува за создавање поголеми проблеми при обезбедувањето на транспарентност и фрла сомнеж за начинот на користење на финансиските ресурси. Исто така, фактот дека не постои посебен закон кој го регулира функционирањето на религиозните институции во Косово, води кон можност за одредени недоследности[167].

* **Босна и Херцеговина** својата Стратегија за спротивставување на тероризмот ја усвоила во 2016 година, избирајќи мултиинституционален пристап каде што, меѓу другото, е предвидено спроведувањето на Стратегијата да биде преку надзорно тело формирано за таа намена.

Важно е да се напомене дека ова покажува разлики во избраните пристапи во стратегиите прифатени од земјите од Западен Балкан, иако сите држави од Западен Балкан се членки на коалицијата против *ИСИС*, што значи дека сите се подеднакво потенцијални цели на терористички напади[168]. Косово и Албанија имаат усвоено Стратегии за справување со насилниот екстремизам, додека Босна и Херцеговина, Србија и Северна Македонија имаат усвоено Стратегии за спротивставување на тероризмот. Земјите кои

---

[167] Калтрина Селими, Филип Стојковски, НАПОРИТЕ НА Р. МАКЕДОНИЈА ВО СПРОТИВСТАВУВАЊЕТО НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ, ПОГЛЕД НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО, 2016.
https://www.analyticamk.org/images/Files/extremisim-mk-updated-FINAL-UPDATED-web_b30f9.pdf
Пристапено на: 09.02.2021.

[168] Официјален претставник на *ИСИС* повика на напади во САД и во Европа за време на Рамазан (2016), Достапно на:
http://www.independent.co.uk/news/world/middle-east/isisofficial-calls-for-lone-wolf-attacks-inus-and-europe-during-ramadan-a7042296.html Пристапено на: 23.02.2021

усвоиле посебни стратегии за спротивставување на насилниот екстремизам имаат попревентивен пристап преземајќи посуптилни мерки со цел да апелираат за вистинските верски вредности и за зајакнување на локалните заедници, со што на проблемот се гледа низ социјална призма.

Во Косово и Албанија е забележан поголем интензитет на полициски акции против странските борци и регрутери[169]. Причините поради кои биле донесени стратегии за општо спротивставување на тероризмот во Северна Македонија и Србија се должат на повеќе фактори. Еден од нив, несомнено, е влијанието на мигрантската криза, а во прилог на ова тврдење е фактот дека еден од напаѓачите во Париз ја искористил балканската мигрантска маршрута за да стигне до Европската Унија (ЕУ)[170]. Ова значи и постоење на потенцијална опасност од можноста радикалните исламисти да се претопат со групите мигранти[171]. Имајќи го предвид фактот дека еден од напаѓачите во Париз бил регистриран како баратели на азил во Грција и Србија, доаѓа до израз недостигот на проток на информации и немањето успешна стратегија за ефективна регистрација на мигрантите, односно недоволната комуникација помеѓу балканските држави.

Она што може да се истакне како недостаток во однос на Стратегиите на земјите од Западен Балкан е фактот дека тие во голема мера се фокусираат на извршната и судската власт, со незначителна улога на пошироките општествени чинители. Ова значи дека вниманието повеќе е насочено кон последиците од радикалниот исламизам, а не кон превенција од радикализација.

## 3.4. Дерадикализација, рехабилитација и реинтеграција

Дерадикализацијата претставува процес на промена на системот на верување на поединецот, така што тој ја отфрла насилната екстремистичка идеологија и прифаќа општоприфатени, ненасилни вредности. Тоа подразбира фундаментална, односно

[169] Флоријан Ќехаја – Секуритизам (2015) Достапно на:
http://sbunker.net/op-ed/33935/sekuritizimi-pasoje-epa-menduar/ Пристапено на: 23.02.2021.
[170] Напади во Париз: Кои беа напаѓачите? (2016) Достапно на:
http://www.bbc.com/news/worldeurope34832512 Пристапено на: 23.02.2021.
[171] Изјавата на претседателот Иванов на Конференцијата за безбедност на ОБСЕ во Рим (2016), Италија. Достапно на:
http://www.president.gov.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-07-19-10-40-39/3664-201603-04- 11-43-09.html
Пристапено на: 23.02.2021.

коренита промена во разбирањето што се јавува како резултат на активностите кои се преземаат во насока на помагање на поединците со цел тие да можат да ги отфрлат радикалните или екстремните идеи, верувања и групи кои, на некој начин, се поврзани со насилство[172].

Потребата од дерадикализација на припадниците на радикалните исламистички групи најдобро може да се прикаже преку случувањата од август 2020 година. Имено, при акција на МВР, во која биле уапсени три лица во Куманово кај кои биле пронајдени воена опрема, оружје, елеци наменети за терористички акции на бомбаши самоубијци, е утврдено дека овие лица веќе биле во Сирија каде што се бореле на страната на ИД и по враќањето одлежале затворска казна од три години. Но, по излегувањето од затвор во 2019 година тие почнале да планираат напади врз витални државни објекти[173]. Ваквиот случај е конкретен показател дека приврзаниците на радикалниот исламизам можат негативно да влијаат врз националната безбедност на Република Северна Македонија. Исто така, ова ја истакнува и потребата од соодветен и навремен процес на дерадикализација на повратниците од блискоисточните боишта, но и на приврзаниците на радикалниот исламизам воопшто.

За време на Конференцијата за контратероризам на ОБСЕ, одржана во март 2019 година во Словачка, била истакната важноста од мултиактерската и мултисекторската соработка на повеќе нивоа во рамките на секоја земја за решавање на проблемот со насилниот екстремизам и радикализацијата кои водат кон тероризам. Била истакната важноста од рехабилитацијата и реинтеграцијата на поранешните сторители на терористички дела во општеството, како и враќањето на „странските терористички борци“

[172] ОБСЕ, Непритворска рехабилитација и реинтеграција во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, јануари 2020 година. https://www.osce.org/files/f/documents/3/d/457144.pdf Пристапено на: 18.07.2020.

[173] Дојче Веле, Виена како поука: македонска стратегија за реинтеграција. Достапно на: https://www.dw.com/mk/%D0%B2%D0%B8%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%BA%D0%B0%D0%BA%D0%BE-%D0%BF%D0%BE%D1%83%D0%BA%D0%B0-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B5%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0/a-55506858 Посетено на: 18.09.2020.

и членовите на нивните семејства, забележувајќи дека „поединците честопати се враќаат назад во истите средини во кои тие за прв пат биле радикализирани кон насилство[174].

Постојат низа причини поради кои надлежните лица во државите треба да посветат повеќе внимание на процесот на дерадикализација, односно рехабилитација и реинтеграција. Релативно ниските затворски казни кои им се изрекуваат на лицата кои на некој начин биле поврзани со радикалниот исламизам значат дека овие лица, најчесто на млада возраст, ќе бидат брзо ослободени и ќе имаат можност повторно да се активираат. Но, исто така, опасноста од негативно влијание врз националната безбедност може да биде препознаена и во активностите на лицата кои не се повратници од блискоисточните боишта, туку се радикализирани и делуваат на домашен терен. И овие лица бараат соодветен третман за одвраќање од радикализираните идеи и верувања.

Напорите и активностите за рехабилитација и реинтеграција опфаќаат два пристапа: едниот пристап се фокусира на затворското опкружување каде што лицата обвинети за радикален исламизам ги издржуваат своите казни, а вториот пристап се фокусира на непритворското опкружување кое ги опфаќа и лицата кои веќе ги отслужиле затворските казни, но и оние кои биле поврзани со радикален исламизам, но не се осудени.

### 3.4.1. Непритворска рехабилитација и реинтеграција

Со враќањето на борците повратници во своите родни земји, полициските и/или разузнавачките служби најпрво го утврдуваат ризикот кој го носи повратникот и утврдуваат дали треба да има потреба од законски прогон или не. Во услови кога повратниците сè уште не се предмет на законски прогон или кога лицата биле процесуирани, но не се притворени или, пак, се ослободени, тие се враќаат во општеството. Генерално гледано, безбедноста на општеството најсоодветно се чува и се гарантира со унапредување на социјалната благосостојба на повратниците, односно со нивна рехабилитација и ресоцијализација. Лицата кои се чувствуваат како дел од општеството имаат помали шанси за повторно приклонување кон радикализам или кон

[174] ОБСЕ, „Како што се развиваат терористичките трендови, ние треба да работиме заедно за да останеме еден чекор понапред – главна порака на отворањето на Конференцијата на ОБСЕ во Братислава“, соопштение за медиумите, 25 март 2019 година.
https://www.osce.org/chairmanship/415163 Посетено на: 20.09.2020.

терористички групи. Процесите на ресоцијализација и реинтеграција треба да бидат соодветно подготвени според состојбата на поединецот. Во процесот на поддршка на лицата во нивните фази на ресоцијализација, битно е да се земат предвид мотивите за нивното враќање, социјалната состојба во која се наоѓаат, нивната ментална состојба, како и нивните идеолошки убедувања[175].

Според стратегиите на ЕУ утврдени се „Четири водечки принципи за ресоцијализација и за реинтеграција на повратниците“:

1. Ресоцијализацијата, реинтеграцијата и рехабилитацијата се од особена важност во насока на спречување на повратниците во нивните намери да му наштетат на општеството.

2. Постои неопходност од посебна подготовка на различни пристапи врз основа на ризичниот профил на секој повратник.

3. Од голема важност е и мултидисциплинарниот пристап и вклученоста на локалните фактори во однос на процената на ризик и на рехабилитацијата/реинтеграцијата.

4. Еден од најважните сегменти при справувањето со повратниците е размената на информации меѓу разузнавачките служби, полициските служби и социјалните организации на национално и на регионално ниво.

Во водачот на ОБСЕ за Непритворска рехабилитација и реинтеграција во процесот на спречување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам – Водач за креаторите на политики и практичарите во Југоисточна Европа, е понуден пристап за најсоодветно справување со предизвиците и потребите кои се јавуваат при реализација на активностите за рехабилитација и реинтеграција надвор од затворската средина. Во овој Водач се утврдени неколку начела за поддршка на напорите за непритворска рехабилитација и реинтеграција:

[175] Европска комисија, РАН-прирачник: одговор за повратници/ јули 2017. Достапно на: https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/default/files/ran_br_a4_m10_mk.pdf Пристапено на: 12.09.2020.

– На често скептичната јавност политичките лидери треба да ѝ ја објаснат вредноста на програмите за рехабилитација и реинтеграција.

– Со програмите за рехабилитација и реинтеграција треба да се адресираат сите форми на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

– Треба да се стави акцент на откажувањето/повлекувањето од насилство (менување на однесувањето), а не на дерадикализацијата (промена на верувањата), иако идеолошките погледи на поединецот не треба да се игнорираат.
– Особено е важно да се вклучат поголем број лица/актери и сектори.
– Важно е да постои пропорционалност и континуитет кај иницијативите за рехабилитација и реинтеграција.
– Иницијативите за рехабилитација и реинтеграција внимателно треба да бидат осмислени и со истите треба да се ублажува стигмата, а истовремено истите треба да создаваат впечаток дека на корисниците на програмите за рехабилитација и реинтеграција не им се дава некој посебен третман.

– Треба да се направат напори да се подготват и да се вклучат заедниците, чие учество и поддршка во програмите за рехабилитација и реинтеграција се клучни за добар успех во поглед на спроведувањето на самите програми.

– Со пристапите за рехабилитација и реинтеграција треба да се биде чувствителен, односно тие честопати треба да ги опфаќаат уникатните потреби на жените и децата.
– Програмите за рехабилитација и реинтеграција треба да се потпираат на веќе постојните капацитети. Доколку постои потреба, тие треба и да ги зајакнуваат веќе постојните капацитети.
– Сите програми за рехабилитација и реинтеграција треба да вклучуваат теорија на промена, а предноста од една таква теорија е тоа што би можело полесно да се измери влијанието на одредена програма во дадена средина[176].

[176] ОБСЕ, Непритворска рехабилитација и реинтеграција во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, јануари 2020 година. https://www.osce.org/files/f/documents/3/d/457144.pdf Пристапено на: 18.07.2020.

Членовите на потесното семејство на повратникот имаат можеби клучна улога во периодот на ресоцијализација и реинтеграција во општеството. Голем дел од повратниците ги прекинуваат контактите со својата социјална мрежа пред заминувањето во воените жаришта и остваруваат повремени контакти со членовите на потесното семејство (мајка, татко, брат, сестра). По нивното враќање, потесното семејство е единственото кое остварува социјални контакти со повратникот. Од голема важност е градењето здрави врски со семејствата на повратниците кои ќе се одржуваат и по нивното враќање од воените региони, бидејќи тие се можеби клучниот фактор за нивното враќање во општеството каде што живеат. Сепак, потребно е да се процени до кое ниво семејството може да влијае и да помогне и само оние со позитивно влијание се корисни во овој процес, бидејќи некои членови на семејството не се спремни и соодветни за поддршка при ресоцијализација на повратникот.

Во РАН-прирачникот на Европската комисија е утврден пристап од 10 чекори за работење со семејствата. Чекорите кои се прикажани на сликата 3.8. се претставени во форма на круг поради нивното меѓусебно влијание.




Слика 3.8.: Пристап од 10 чекори за семејна поддршка[177]

Во процесот на реинтеграција на повратникот од суштинско значење е менторството и советувањето за време на тој процес. Имено, поединецот треба повторно да се интегрира и да се вклопи во заедницата, меѓу соседите, работодавците, како и во различни институции и организации. Процесот на менторирање и советување на повратникот при неговото враќање во општеството се нарекува работење за излез, при што се користат одредени соодветни алатки и интервенции со кои се обезбедува помош на лицата.

[177] Европска комисија, РАН-прирачник: одговор за повратници, јули 2017. Достапно на: https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/default/files/ran_br_a4_m10_mk.pdf Пристапено на: 12.09.2020.

### 3.4.2. Затворска рехабилитација и реинтеграција

Во случај кога еден радикален исламист или повратник е осуден на затвор, конкретни методи и интервенции може да се применат преку две главни области:

• Сигурност и безбедност. Тоа подразбира обезбедување сигурност на затворениците, затворскиот персонал и останатото пошироко опкружување – краткорочна сигурност.

• Рехабилитација и реинтеграција. Поддршка на затвореникот за откажување од радикалниот исламизам и подготовка за живот без криминал и негово враќање во општеството – долгорочна сигурност[178].

Пристапите за рехабилитација и реинтеграција во затворско опкружување се многу слични со пристапите за другите престапници. Според работната група на РАН за затвори и условни казни, главни заклучоци за справување со сите видови престапници се:

• безбедноста на целокупното општество најдобро може да се гарантира со унапредување на благосостојбата и рехабилитацијата на престапниците;

• делата на тероризам опфаќаат одреден опсег на активности, што би значело дека сите лица кои се осудени за тероризам не претставуваат иста закана за општеството;

• престапниците може да направат позитивни промени и имаат потреба од поддршка за откажување од радикалниот исламизам;

• универзалните човекови права мора да се почитуваат во секое време и под секакви околности;

• промовирањето позитивни односи помеѓу кадарот и затвореникот и здравата затворска клима се предуслов за намалување на ризиците поврзани со радикализам, што ќе придонесе во рехабилитацијата и во реинтеграцијата;

• мултиорганизациската соработка е од клучно значење во спречувањето радикализам, како и за поддршка на процесите за откажување[179].

[178] Ибид.

Во зависност од тоа колкава ќе биде затворската казна на повратникот, ќе зависи и времето кое е потребно да се вложи во рехабилитација и интеграција во затворско опкружување. Имајќи предвид дека јавноста на повратниците гледа како на лица кои не заслужуваат да им се помогне, може да дојде до потешкотии при обезбедувањето доволно потребни ресурси и програми, и покрај ризиците што ги носи нивното необезбедување. Интервенциите за рехабилитација доаѓаат во различни облици и форми, но сè уште не е воспоставена специфична програма за рехабилитација и интеграција на повратниците. Работната група РАН З&П претпочита програмата за рехабилитација да се направи според престапникот. Повеќето планови за рехабилитација се комбинација на интервенции врз основа на процената на ризиците и потребите на престапникот и ги изготвува тим од различни професионалци (затворски чувари, управник на затвор, психолози, кадар што води интервенции за рехабилитација) во соработка со престапникот. Дали учеството во интервенциите ќе биде доброволно или задолжително зависи од условите на казната и од политиките на затворот. Според стручните работници, доброволното учество дава подобри резултати бидејќи има суштинска мотивација за да се учествува. Исто така, се претпочита да се имаат предвид и потребите и желбите кои ги изразил престапникот (учење јазици или занаети), што понатаму ќе поттикне подобра соработка со престапникот.

Во пракса, програмите и специјалните планови подготвени за рехабилитација содржат елементи на откажување и дерадикализирање. Резултатот на планот за рехабилитација зависи од процената на ризикот и од потребите направени од страна на професионалците во рамки на казнено-поправниот систем, расположливоста на механизмите и желбата или обврската на затвореникот да учествува во нив. Постојат неколку различни програми:

• **Нудење редовни механизми.** Во затворите постојат стандардни механизми за да се поддржи рехабилитацијата на затворениците кои вклучуваат: пристап до работа, активности за релаксација и образование, кои им помагаат на затворениците да се подготват за реинтеграција во општеството.

---

[179] Ибид.

• **Работа на идеолошка димензија.** Дали повратниците што се или не се затворени ќе ја задржат екстремистичката идеологија и начинот на размислување зависи од нивната мотивација и од поттиците да станат странски борци уште на почетокот, како и нивното искуство и изложување на оваа димензија за време на престојот во рамки на терористичката група. Најпрво е потребно да се направи процена со цел утврдување на степенот до кој е потребна интервенцијата за рехабилитација која ќе влијае врз начинот на размислување на радикализираните лица или да се види дали за ризиците и за потребите на истите ќе бидат соодветни тие или други интервенции. Ако со процената се покаже дека е потребна интервенција на идеолошко ниво, постојат неколку форми преку кои може да се случи оваа интервенција:

• **Советување еден на еден.** На овие сесии професионалец со експертиза за идеологија, теологија, екстремизам или за области што се поврзани со нив ќе разговара со повратникот со цел преку разговор да му се разјасни погледот кон светот и кон различните перспективи и толкувања.

• **Сесии за дијалог во група.** Ефикасен начин за поттикнување емоции и процес на размислување за светот може да бидат сесиите за дијалог во група како начин за претставување на ситуациите од вистинскиот живот, но и за да се направи разлика во гледиштата и во размислувањата. Најдобро е да се комбинираат групен и индивидуален пристап. Притоа, треба да се внимава кој ќе биде дел од групата; пристапот препорачливо е да биде доброволен; групата да биде предводена од искусен експерт; да се воспостави групна динамика и да се создаде сигурен простор.

• **Образование и развој на мисла.** Постојат неколку начини кои можат да поттикнат подлабоко размислување за верувањата на повратникот и за неговите погледи на светот. Понудата на широк дијапазон книги, списанија и документарци кои даваат различни перспективи за различни општествени аспекти може да биде поттик за притворените повратници да се образуваат и да размислуваат подлабоко.

• **Обезбедување религиозна и духовна поддршка.** Во затворски услови голем број затвореници имаат потреба од духовно или од религиозно водење. Тоа може да биде

поттикнато од желбата да се продолжи да се практикува религија, добивање насока и значење на животот, начин да се пронајде умствен мир, да се поддржи промената во однесувањето, да се добие заштита од одредени групи итн. Обезбедувањето соодветна религиозна грижа преку свештени лица (во овие случаи често тоа се имами, но, исто така, и претставници на други религии) ќе помогне да се зајакне позитивниот ефект од религиозниот начин на живеење и затворениците да се задржат настрана од екстремистичката религиозна идеологија со дискутирање за различни религиозни толкувања и перспективи. При обезбедувањето ваква грижа важно е свештените лица да бидат соодветно проверени и обучени за работа во затворско опкружување. Тоа важи и за религиозните материјали и изворите што се достапни во затворската средина. Важно е да се нагласи дека свештените лица треба да можат да работат во доверлива средина (за да останат легитимни во очите на затворениците) и не треба веднаш да им се зададат цели на дерадикализирање (затоа што ќе им треба специфична обука за истото).

• **Повторно поврзување со семејството и со социјалната средина.** Целта на терористичките групи е ранливите луѓе да се изолираат од нивната нормална социјална средина со цел нивна полесна регрутација. Во повеќето случаи обновувањето на позитивните односи со семејството и пријателите се важен чекор во рехабилитацијата. Ова гарантира и безбедна мрежа по излегувањето од затворот. Сепак, во некои случаи социјалната мрежа и семејството немаат позитивно влијание, па затоа е потребна внимателна процена пред тие да се вклучат во програмите за рехабилитација. Во некои случаи семејството се чувствува засрамено и стигматизирано од тоа што негов член е во терористичка група и не сака да биде во контакт со него. Ако случајот е таков, ќе биде потребно време повторно да се изградат врски и доверба. Како што се приближува датумот на ослободување, важно е да има сигурносна мрежа за да се избегне престапникот повторно да им се врати на старите начини на живот или да биде регрутиран веднаш по ослободувањето.

• **Обезбедување психолошка поддршка и интервенција за траума.** Генерално, процената на менталното здравје на затвореникот е дел од целокупната процена на ризик и на потребите. Тоа треба да важи и за повратниците, со особен акцент на психолошките

проблеми и трауми кои може да се појават како резултат на нивниот престој во конфликтна зона.

• **Нудење менторски програми.** Менторски програми за насилни екстремисти и терористи престапници се применуваат во неколку земји, како што се: Обединетото Кралство, Данска и Норвешка. Програмите може да се приспособат за да одговараат на профилите на повратниците кои се наоѓаат во затвор. Замислата е одредено лице да биде назначено како ментор на повратникот и тие да остваруваат редовни средби и разговори. Менторите може да бидат дел од затворскиот кадар, членови на заедницата, професионалци од НВО, религиозни водачи, претходни престапници итн. За да има ефикасна менторска програма, во практиката треба да се спроведе следново:

– Каква и да е нивната историја, најважен критериум е да се создаде некаква поврзаност меѓу менторот и менторираниот, врз чија основа ќе се изгради врска заснована на доверба.

– Исто така, важно е менторот да има добар контакт со кадарот од затворот кој работи со менторираниот на секојдневна основа.

– Менторите треба внимателно да се проверат пред да воспостават врска со човекот со кој ќе работат. Ако на едниот од нив не му одговара поврзувањето, менторството треба да прекине.

– Важно е врската меѓу менторот и менторираниот да не биде само за да се постигне некаква цел или за да се испорача определен резултат, туку за да биде една од интервенциите во процесот на рехабилитација на престапникот. Ова е важно за да нема притисок врз врската и за да се гарантира дека менторот нема да се гледа „како дел од системот“ (систем во кој немаат доверба многу насилни екстремисти престапници).

– Менторот треба да се обучи пред да започне со менторската програма. Обуката треба да се фокусира на околностите што може да се очекуваат при работа со повратникот, сигналите кои се причина за загриженост и кои треба да им се пријават на затворските власти, како да имаат отворен разговор и да изградат доверба и како да ги објаснат границите и да се справат со очекувањата.

– Ако рамката за интервенирање дозволува, препорачливо е да се одржуваат добри менторства и по ослободувањето и да се гарантира дека менторот и менторираниот може повторно да се сретнат.

– Безбедноста на менторите и на нивните семејства, социјалните мрежи/врски треба да се земаат предвид целиот период. Менторите треба да имаат каде да пријават сомнително однесување. Тие треба да бидат заштитени преку работење само со име и да имаат посебен телефонски број или е-пошта за контакт. Ова може да помогне при заштитата на менторот од негативни намери (ако се јават такви).

• **Работење со поранешни борци.** Како дел од интервенциите што се фокусирани на образованието или на идеологијата, средбите со поранешни радикалисти или борци може да помогнат во добивањето различна перспектива за искуствата на повратниците. Поради искуството, поранешните борци и ветерани може да бидат полегитимни и повеќе почитувани во очите на повратниците и подобро да се поврзат со нив, да ги разберат и да воспостават врска. При работењето со претходни екстремисти, особено е важно тие да бидат и реално дистанцирани од радикалните идеологии и групи, да бидат обучени за работа со престапници, но потребно е и да бидат набљудувани за да се утврди дека немаат скриена агенда, односно нема да влијаат или да ги регрутираат оние со кои се во контакт или за да добијат информации[180].

Полициската акција од август 2020 година во рамки на оперативното истражување „Ќелија“ е конкретен показател дека приврзаниците на радикалниот исламизам кои веќе одлежале затворска казна за учество во странска војска не се дерадикализирале во затвор, туку напротив, радикалните активности ги продолжиле и по одлежување на казната. Исто така, ова ја истакнува и потребата од соодветен и навремен процес на дерадикализација на повратниците од блискоисточните боишта, но и приврзаниците на радикалниот исламизам воопшто.

[180] Ибид.

# 4. РАДИКАЛНОИСЛАМИСТИЧКИ ГРУПИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И НИВНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ

## 4.1. Делување на радикалноисламистичките групи во Северна Македонија

Ширењето на радикалните доктрини во Северна Македонија претставува значаен проблем за државата. Радикалните исламисти, гледано во однос на вкупниот број жители, поседуваат голем број поддржувачи, а нивниот број постојано е во подем.

Зимер Салихи, имам од косовско-албанската џамија во Лондон во своето коминике од 2012 година предупредува на ширење на радикалниот исламизам на муслиманите Албанци. Тој истакнува дека во западноевропските земји, каде што во најголем број емигрирале балканските муслимани, радикалниот исламизам се шири уште од завршувањето на војната во Босна и Херцеговина, а најчесто тоа се реализира преку изградба на џамии финансирани од Саудиска Арабија и од други арапски земји. Воедно, тој истакнува дека покрај Босна и Херцеговина, состојбата е можеби најкритична во Северна Македонија, како резултат на зачестените политички конфликти на меѓуетничка основа. Тој смета дека во Македонија се градат многу џамии во модерен арапски стил, исто така финансирани од Саудиска Арабија, што придонесува за ширење на верскиот радикализам. Според одредени познавачи на состојбите, по 2005 година повеќе од пет милиони евра се слеале на сметките на радикалните групи во државава. Овие средства потекнувале од арапски фондови и биле користени за печатење пропаганден материјал и книги за радикални учења, како и за организирање проповеди мотивирани од радикалната идеологија во неколку скопски џамии: „Тутунсуз“, „Иса Бег“, „Алаџа“, „Султан Мурат“ и џамијата „Хатунџук“, кои воедно подолг период не биле под контрола на Исламската верска заедница – ИВЗ[181].

Токму во овие, но и во многу други верски објекти за кои до сега не е јавно обелоденето се одвивале почетните фази на радикализација на нови приврзаници на радикалниот исламизам во Северна Македонија. Една од целите на радикалните исламистички групи е нивна инфилтрација во верски објекти со цел да можат да ги искористат за радикализација и регрутација. Радикалните имами преку своите проповеди

[181] https://www.mkd.mk/29095/makedonija/makedonija-radikalen-islam-ubistvo

(цитати од *Куранот* толкувани според нивни погледи) во овие џамии ги всадувале првичните радикални идеи и размислувања кај многу млади луѓе. Исто така, радикализацијата се одвивала и во рамки на верските училишта познати како медреси каде што младите муслимани требале да го изучуваат исламот. Медресите кои биле финансирани преку арапските фондови биле местата каде што покрај изучување на изворните форми на исламот биле регрутирани идните борци кои биле испраќани на блискоисточните боишта. Имено, во овие верски училишта биле ширени идеите на радикалниот исламизам преку давање инструирана слика за случувањата во Ирак и Сирија, односно за светата војна која се одвивала таму против неверниците. На овие млади муслимани им се презентирале убедувања дека на нивните браќа по вера кои се наоѓаат во Ирак и Сирија им е потребна помош. Од друга страна, пак, дел од овие млади муслимани преку стипендии биле испраќани на студии во арапските земји каде што го изучувале изворниот ислам за потоа, по нивното враќање во државава, тие самите да бидат носители на ширењето на радикалниот исламизам. Во поново време, со развојот на технологијата како во целиот свет така и кај нас, радикализацијата и регрутацијата се одвивале со забрзано темпо и преку социјалните мрежи. Дел од радикалните имами кои делувале во нашата држава своите проповеди ги објавувале на социјалните мрежи, со што можеле да допрат до пошироката публика, пред сè, до младите лица. Најчесто радикалните групи се поврзуваат според јазикот кој го говорат или според нивната етничка припадност.

Целна група биле млади лица од социјално загрозени семејства, неретко по потекло од руралните средини, кои честопати причината за заминување на боиштата на Блискиот Исток ја наоѓале во тешката финансиска состојба. Имало и такви кои се мотивирале од заминување во света војна против неверниците, но нивниот број бил помал. Дел од лицата кои се радикализирале претходно имале криминално минато.

Во Националната стратегија за спречување на насилен екстремизам (НСЗСНЕ) (2018 – 2022) на Република Северна Македонија, како двигатели на радикализацијата која

води кон насилен екстремизам се наведени таканаречени „push“ и „pull“ фактори (односно фактори кои туркаат и фактори кои повлекуваат) прикажани во табелата подолу[182].

*Табела 3:*

| | **Фактори кои туркаат „push“** | **Фактори кои повлекуваат „pull“** |
| --- | --- | --- |
| РЕГИОНАЛНО НИВО | Надворешни влијанија, вклучувајќи и пари од други кои живеат главно во Арапскиот Залив. | Образование во земји кои промовираат екстремизам. |
| | Неможност за справување со криминални групи кои лесно ги минуваат границите, несоодветно полициско работење во ранливите заедници или во регионалните области на Р. Македонија. | РМ е опкружена со слаби држави со постконфликтна нестабилност, со наследени политики кои влијаат на квалитетот на градење на општествено одржливите системи, особено на односите со соседните земји за зајакнување на етнорелигиозната хармонија и националното единство. |
| ДРЖАВНО НИВО | Тенденција неосновано да се обвинат етнички заедници или религиски групи. | РМ продолжува да се бори за градење и негување на силен унифициран национален идентитет. |
| | Владина реторика која ја префрла вината за одредени појави во општеството на целни групи, наместо да се фокусира на вистинските фактори и индикатори. | РМ сè уште страда од релативно висок степен на незадоволство и недостиг на доверба меѓу заедниците, државата и локалните власти. |
| | Нема сеопфатна мисија за спречување на сите видови радикализација, насилен екстремизам и борба против тероризмот. | Недостаток на институционални капацитети и способности на државните и општинските власти, постојани предизвици со корупцијата. |
| ОПШТИНСКО И ЛОКАЛНО НИВО | Притисок од верски лидери (внатрешно или влијание од | Хронична невработеност и недоволно вработување, особено |

182 Национална стратегија за спречување на насилен екстремизам (2018 – 2022)

| | | |
|---|---|---|
| | странство). | во етнокултурните и религиозните малцински заедници. |
| | Маргинализација на етничките/религиозните групи. | Слаба доверба помеѓу локалната полиција и локалните власти во однос на владеењето на правото. |
| | Недостиг на можности, негирање на државјанство на одредени групи, неможност да се интегрираат и да добијат владини заштити и услуги, вклучително и полициска заштита, здравствена заштита и сл. | Недостатокот и слабоста на „легитимниот“ лидер создаваат вакуум кој лесно го исполнуваат радикалните екстремистички лидери со насилна антидржавна и антинационална визија и намера. |

Косовската криза од 1999 година и конфликтот во Северна Македонија во 2001 година имаат своевиден придонес во радикализацијата на етничките Албанци, а во исто време ја отвориле вратата за радикалноисламистичките групи и нивните доктрини. За време на вооружениот конфликт во 2001 година во селото Слупчане, Куманово, на повик на локалниот имам оперативните муџахедински групи се приклучиле на борбените дејствија. Покрај Слупчане, мобилизација на овие групи била забележана и во селата Никуштак, Грушино и Арачиново. Целта на овие групи, кои илегално ја преминале косовско-македонската граница, била да спроведат мониторинг-активности и да ги испланираат идните терористички акции против македонските безбедносни сили, како и да ги реорганизираат и реструктурираат актуелните паравоени формации кои оперирале на македонска територија[183].

Според податоците на Котовчевски, во 2001 година, околу 100 муџахедини биле стационирани во Липково, 40 во Отља, 35 до 40 во Матејче, 50 до 60 во Тетово[184]. На 18-

[183] Petrovski, P. “Testimonials: 2001”.Toronto: Risto Stefov Publications, 2015. http://www.macedonianhistory.ca/Stefov_Risto/Testimonials%20-%202001%20-%20ebook.pdf
[184] Kotovchevski, M. “Wahhabism in the Balkans: Islamic threat or threat to the Islam”,Security Dialogues 4/1. 2013. 11–23.

ти и 19-ти јануари 2002 година група од 25 до 30 муџахедини од Косово преминале на територијата на нашата држава и се стационирале во селото Боговиње[185].

Францускиот експерт Клод Монет во 2004 година изјавил дека вкупно сто фундаменталисти живеат и делуваат (регрутираат, обучуваат и одржуваат контакти) во Северна Македонија[186]. Според Кенет Морисон, бројката на овие радикални привврзаници е петпати поголема, односно станува збор за 550 радикални исламисти кои биле идентификувани само во 2001 и 2002 година[187].

Основата на радикалните поддржувачи најчесто е лоцирана помеѓу албанското население, но и помеѓу босанските муслимани во Северна Македонија. И локалните муслимански заедници, како што е ромската, исто така претставуваат своевидна регрутациска база. Дополнително, радикалната организација наречена *Тарикат*, која својата идеологија ја заснова врз фундаменталистичкото толкување на *Куранот*, била многу активна во Северна Македонија и Црна Гора[188].

Радикалните исламистички доктрини биле распространети во скопскиот регион: Танушевци, Брест, Малино Маало, Арачиново; во областите кои се граничат со Косово: Куманово, Тетово, Гостивар; во други градови низ Северна Македонија: Струга, Дебар, Кичево, Радовиш, Прилеп, Ресен, Охрид[189].

Според позиционираноста по одредени региони, како невралгични точки во нашата држава каде што се сконцентрирани активностите на радикалните исламистички групи и од каде што е најголема веројатноста за појава на идни закани се истакнуваат регионите блиски до тромеѓата Северна Македонија – Албанија – Грција и Северна Македонија – Албанија – Косово. Оттука, како претпоставка произлегува дека привврзаниците на

[185] МВР на РМ (2002) „Информација за присуството на исламскофундаменталистичкиот фактор во Република Македонија“, Скопје.
[186] Deliso, C. "Fissures in Balkan Islam". The Christian Science Monitor. 14 Feb 2006. http://www.csmonitor.com/2006/0214/p06s02-woeu.html
[187] Morrison, K. “Wahhabism in the Balkans”. Defence Academy of the United Kingdom, 2008. http://mercury.ethz.ch/serviceengine/Files/ISN/50179/ipublicationdocument_singledocument/70c664de-0b1c-4ec2-9eb7-4158e38e87a0/en/2008_March_Wahabism.pdf
[188] Guskova, E. “Islamic State Coming to Balkans (II) (Not All Immigrants are Asylum Seekers)”. Strategic Culture Foundation. 10 July 2015. http://www.strategic-culture.org/news/2015/07/10/islamic-state-coming-to-balkans-ii
[189] Kotovchevski, M. “Wahhabism in the Balkans: Islamic threat or threat to the Islam”, Security Dialogues 4/1. 2013. 11–23.

радикалните групи од скопскиот, тетовскиот и гостиварскиот регион може најлесно да се поврзат и да комуницираат со верските радикали од југот на Косово и североистокот на Албанија, додека приврзаниците на радикалните групи од струшко-охридскиот, кичевскиот и дебарскиот регион се поврзуваат со радикалните групи од југозападот на Албанија.

Во нашата држава активностите на радикалноисламистичките групи може да се категоризираат во рамките на следниве групи:

- Движењето *Муслиманско братство*, кое во најголем дел се заснова на политичко исламистичка пропаганда која може да резултира со верски радикализам.

- Салафисти, во кои спаѓаат приврзаниците на идеологијата *Дава* (*Da'awa*), односно проповедачи, од една страна, и военото крило *Такфир*, од друга страна. Оваа група своите стратегиски цели ги има насочено кон зголемување на бројот на приврзаници и нивно инфилтрирање во религиозни објекти. Нивните методи на работа опфаќаат пропагандни активности преку граѓански асоцијации и интернет-медиуми, потоа селекција и испраќање на студенти најчесто во Египет, поврзување со идеолошко истомисленички групи од Балканот и Европа.

- *Џамат Теблиг* (Jamaat Tebligh), приврзаници на идеологијата на *Џамат ел Таблиг* (Jama'aat al Tabligh), што претставува мисионерско движење.

Како посебен облик на радикален исламизам за кој сè уште не е утврдено постоење во нашата држава, но поради самата природа на појава и делување е тешко да се утврди, е појавата на „осамени волци“ (Lone wolfs). Овие лица најчесто се саморадикализираат, па поради тоа претставуваат голем предизвик за безбедносните служби во поглед на нивното откривање, бидејќи не можат да се утврдат нивните контакти и да се влезе во трага на нивното делување или на евентуално извршување на терористички акт. Тие се инспирирани од одредени индивидуи кои може да бидат верски лидери, борци од редовите на *ИД* или одредени припадници на радикални групи кои извршиле одредени џихадистички потфати. Радикализацијата кај овие индивидуи се врши најчесто преку слушање на проповедите на радикализираните имами преку интернет или одредени списанија кои се користат за исламистичка пропаганда, како што е списанието „Инспајр“

(Inspire) преку кое се објавувале пораки на Бин Ладен. Овие лица не се директно поврзани со одредена група, односно не се нејзини припадници, но извршуваат активности во името на некоја група.

Во однос на финансирањето на радикалноисламистичките групи, како и во останатите балкански земји така и во нашата држава централно место заземаат невладините организации. Честопати се работи за истите организации, но само под друго име. Овие организации вообичаено се занимаваат со законски регистрирани дејности, но во исто време и со ширење на идеите на радикалниот исламизам. Радикалноисламистичките групи во нашата држава главно биле финансиски поддржани од донатори од Пакистан, Саудиска Арабија, Јордан, Сирија и Иран. Меѓу финансиските поддржувачи на овие групи биле и *Ал Каеда* и други терористички организации кои испраќале финансии на Балканот водени од желбата за формирање т.н. трет фронт. Друг извор на финансии на исламистичките екстремистички активности биле различните криминални активности, најчесто кривични дела поврзани со трговија со дрога, оружје и луѓе[190].

Според податоците од истражувањето на Регионалниот совет за соработка (Regional Cooperation Council) во периодот 2012 − 2017 година, бројот на заминати лица во Сирија и Ирак по држави е следниот[191]:

- Северна Македонија: мажи − 140, жени – 14, деца – нема податок, од кои загинати се 33;
- Албанија: мажи – 79, жени − 27, деца – 38, од кои загинати се 26;
- Босна и Херцеговина: мажи – 172, жени – 58, деца – 57, од кои загинати се 66;
- Косово: мажи – 255, жени – 48, деца – 96, од кои загинати се 74;
- Црна Гора: мажи – 18, жени – 5, деца – 4, од кои загинати се 6.

[190] Rakić, M. in Jurišić, D. (2012). Wahhabism as a militant form of Islam on Europe's doorstep. Studies in Conflict & Terrorism, 35(9), 650–663.
[191] file:///C:/Users/PC/Downloads/A-Waiting-Game.pdf

Сепак, овие бројки треба да се земат со резерва имајќи предвид дека голем број лица кои заминале на Блискиот Исток секогаш не се успешно евидентирани.

Во јули 2021 година во Северна Македонија се репатрирани 24 македонски државјани од Сирија и Ирак. Станува збор за 4 мажи, странски терористички борци, 5 жени и 14 деца. Процесот е спроведен во согласност со обврските на Република Северна Македонија кои произлегуваат од меѓународното право, меѓународното право за човекови права, меѓународното хуманитарно право, стандардите и резолуциите на Советот за безбедност. Против четворицата странски терористички борци, по претходно обезбедени докази од страна на Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност и во координација со Агенцијата за национална безбедност, се поднесени соодветни кривични пријави во согласност со националното законодавство. Поради нивна недостапност на органите на прогонот, за истите имало распишано меѓународни потерници, а во нивно отсуство, со решение на надлежен суд била определена мерка притвор[192].

Згаснувањето на жариштата во Сирија и Ирак, сепак, не става крај на активностите на радикалниот исламизам во светски рамки, па така и на Балканот и во Северна Македонија. Постои можност дел од радикалните исламисти кои останале во воените региони своите активности да ги пренасочиле кон Авганистан. Имено, по преземањето на власта од страна на талибанците, во Авганистан се отвора нова можност за делување на радикалните исламистички групи. Во тој контекст, во иднина *Исламската држава – Корасан* би можела да ги трасира новите предизвици во однос на заканата од радикален исламизам. *Исламска држава на провинцијата Корасан* (*ИСКП*) е регионална група на *ИД* (*Исламска држава*) која е активна во Авганистан и Пакистан. Таа е најекстремната и најнасилната од сите милитантни групи во Авганистан. Создадена е во јануари 2015 година, во врвот на силата на *ИД* во Ирак и Сирија, пред самопрогласениот калифат да биде поразен од коалицијата предводена од САД. Групата регрутирала и авганистански и пакистански џихадисти, а особено отпадници од авганистанските талибанци кои сметале дека нивната организација не е доволно екстремна[193].

---

[192] https://vlada.mk/node/25946?ln=mk
[193] https://sdk.mk/index.php/svet/islamska-drzhava-ja-prezede-odgovornosta-za-smrtonosnite-napadi-na-aerodromot-vo-kabul/

Во нашата држава, како и во рамките на Балканот и Европа, заканата ќе биде насочена кон активностите на повратниците од блискоисточните боишта и нивните поддржувачи и соработници.

## 4.2. СЛУЧАЈ „ЌЕЛИЈА“

Во август 2015 година е спроведена првата оперативна акција со кодно име „Ќелија“. По наредба на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈО за ГОКК), Министерството за внатрешни работи во периодот од септември 2014 година до јули 2015 година работело на прибирање материјални докази за македонски државјани кои активно учествувале во организирање и подготвување на лица за учество во паравоени формации надвор од територијата на државата. Притоа, прибрани се докази за лица кои биле инволвирани во обезбедување и собирање финансиски и материјални средства за лица кои учествувале во паравоени формации, како и врбување и поттикнување на лица да се приклучат кон паравоените формации. Овие активности на врбување се одвивале преку социјални мрежи и друг вид комуникација. Биле собрани докази и за лица кои зеле учество во паравоени формации надвор од државната територија или, пак, оствариле обид за тоа. По добиените наредби од судија на претходна постапка, извршени се вкупно 28 претреси, од кои 21 претрес на домови и други простории во Скопје, 4 во Гостивар и по еден во Тетово, Куманово и Струга, кај вкупно 24 физички лица и 4 објекти. Меѓу четирите објекти биле: „Фастнет“, интернет-кафе во Скопје, придружните објекти на џамијата „Тутунсуз“, како и просториите на невладините организации „Искра на милоста“ и „Исламска младина – Сарај“.

За време на акцијата 9 лица биле обезбедени, а по уште 27 лица кои биле опфатени со истрагата се трагало. Според оперативните сознанија со кои располагало Министерството, дваесетина лица во тој период сè уште се наоѓале на боиштата, главно во Сирија. При претресите, одземени биле: 38 десктоп компјутери, 18 лаптопи, 18 таблет-компјутери, 119 мобилни телефони, 77 СИМ-картички, 65 држачи за СИМ-картички, 6 хард-дискови, 45 УСБ-стикови, 35 мемориски картички, еден пиштол, тактички елек со каиш и футрола, парични средства (2 870 евра и 900 долари), 3 патни исправи, 114 цедеа, потврди за *Вестерн унион* (Western Union), 2 боксирачи, 3 камери, 3 фотоапарати, МПЗ-

уред и два диктафони. Од обезбедените докази била поднесена кривична пријава против 36 лица од Скопје, Гостивар, Тетово, Куманово и Струга, на возраст од 19 до 49 години, за сторени кривични дела „Учество во странска војска, полиција, паравоени и параполициски формации“ предвидено и казниво по член 322-а од Кривичниот законик на Р. Македонија[194]. Подоцна биле уапсени уште две лица. Сите единаесетмина ја признале вината и биле осудени. Оваа полициска акција добила поддршка и од Американската амбасада во Скопје, при што било нагласено дека акцијата претставува значаен придонес за регионалните и глобалните напори да се стави крај на тероризмот[195]. Поддршка била изразена и од страна на Исламската верска заедница која изјавила дека во оваа борба и на неа може да се смета како на партнер[196].

На 9.7.2016 година е спроведена операција наречена „Ќелија 2“ по поднесена кривична пријава од ОЈО за ГОКК против пет лица од Скопје и по едно лице од Тетово и Гостивар поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „Учество во терористичка организација“, односно припадник или тој што помага на кој било начин по член 394-а став 2 од Кривичниот законик на Република Македонија. По спроведените претреси на домови и други простории, по наредба од Основниот суд Скопје 1 – Скопје, на седум локации, од кои шест во Скопје и една во Тетово, пронајдени и обезбедени биле четири од кривично пријавените лица, додека за две лица од кривично пријавените постоеле оперативни сознанија дека сè уште се наоѓаат на територија на Сирија, а едно лице било во бегство, односно било недостапно за органите на прогонот[197]. При извршените претреси биле пронајдени и со потврда одземени следните предмети: пет десктоп компјутери, два лаптопи, 19 мобилни телефони, девет СИМ-картички, држач за СИМ-картички, девет УСБ-стикови, 50 цедеа, мемориски картички, заштитна маска, три патни исправи, маица со натпис на арапски јазик „Исламската држава е вечна“ и други

[194] https://mvr.gov.mk/vest/277
[195] Телма „Амбасадата на САД во Македонија ја поздрави акцијата ‘Ќелија’ 6 август, 2015. http://telma.com.mk/vesti/ambasada-na-sad-vo-makedonija-ja-pozdravi-akcijata-kjelija Пристапено на: 10.01.2017.
[196] Гласот на Америка на македонски јазик. Реакции на операцијата „Ќелија“. 07.08.2015. Достапно на: http://mk.voanews.com/content/article/2906454.html Пристапено на: 10.01.2017.
[197] https://mvr.gov.mk/vest/2275

документи. Уапсените лица биле на возраст од 23 до 28 години и поседувале воено искуство стекнато за време на престојот во Сирија[198].

На 12.8.2016 година во операцијата „Ќелија 3", во соработка со турската полиција, биле уапсени пет македонски државјани осомничени за членство во *ИД*. Акцијата била спроведена во едно од собиралиштата на џихадисти лоцирано во населбата Аксарај, при што приведените државјани на Република Северна Македонија, од кои тројца од Куманово и двајца од Скопје, на организиран начин се обиделе да се приклучат кон терористичката организација. Во собиралиштето осомничените биле сместени заедно со уште четири лица од Албанија, Сирија, Палестина и Мароко и чекале поволни услови за трансфер во Сирија. Во текот на акцијата, при обид за бегство, две од лицата се здобиле со тешки телесни повреди. По приведувањето осомничените биле однесени во Прифатниот центар за странци во Истанбул. Според сознанијата, лицата претходно биле поттикнати и организирани од македонски државјани џихадисти кои подолг период престојувале во Сирија, а осомничените заминале за Турција со единствена крајна цел приклучување кон муџахединските единици во Сирија. Двајцата македонски државјани од Куманово на возраст од 21 и 24 години заминале за Турција на 22 јули 2016 година со автобус, при што оствариле излез на граничниот премин Табановце, а потоа, преку Ниш и Софија, пристигнале во Истанбул. Останатите три лица (едно од Куманово и две од Скопје на возраст од 18, 19 и 20 години) заминале за Турција кон крајот на јули 2016, исто така со автобус, но преку граничниот премин Богородица. За две од лицата нивното исчезнување било пријавено и во полиција од страна на нивните родители. По преземените активности и документирањето на настанот осомничените биле вратени во Северна Македонија и против нив била поднесена кривична пријава поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации". По поднесувањето на кривичната пријава, од страна на судија на претходна постапка на сите пет пријавени лица им била определена мерка притвор. Според сознанијата, пријавените подолг период посетувале верски предавања на

[198] МКД.МК, МВР: Во полициската акција „Ќелија 2" уапсени се четворица поранешни припадници на *ИСИС*, по тројца се трага. 09.07.2016. https://www.mkd.mk/crna-hronika/mvr-vo-policiskata-akcija-kjelija-2-uapeseni-se-chetvorica-poraneshni-pripadnici-na Пристапено на: 10.01.2017.

радикални имами во нивните градови каде што започнало нивното индоктринирање и радикализирање во кое биле инволвирани лица опфатени во претходните акции „Ќелија“. Исто така, освен акцијата со турските безбедносни сили по претходно обезбедени сознанија, во соработка со албанската полиција, на 14 август 2016 година во Тирана било уапсено уште едно лице по кое се трагало, а било опфатено во акцијата „Ќелија“ која била спроведена во август 2015 година[199].

На 31.8.2020 година во Куманово и на 27.12.2020 година во Скопје и Куманово се спроведени уште две антитерористички акции на МВР во кои се уапсени 11 македонски државјани под сомнение за тероризам, припадници на иста организација основана на идеолошките ставови на *ИД*[200]. При првата акција, Министерството за внатрешни работи, во соработка со Агенцијата за национална безбедност и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, презело оперативно-тактички мерки и активности што резултирале со сузбивање, односно приведување на трочлена терористичка група која делувала на територијата на Република Северна Македонија. Имено, Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, Сектор за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам при Министерството за внатрешни работи поднел кривична пријава до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција против три лица од Куманово за сторени кривични дела „Терористичка организација“ по член 394-а став 2 и „Тероризам“ по член 394-б став 6 в.в. став 1 од Кривичниот законик. Тројцата уапсени биле рецидивисти, односно повратници, лица кои претходно биле правосилно осудени и издржале казна затвор за сторено кривично дело „Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“ од член 322-а од КЗ. На почетокот на 2019 година, едниот од нив создал терористичка/злосторничка организација во која членувале и другите двајца уапсени, како и уште неколку лица кои заедно формирале злосторничка организација

[199] МВР, Лишени од слобода пет лица во рамки на акцијата „Ќелија 3“. 27.08.2016. https://mvr.gov.mk/vest/2471 Пристапено на: 10.01.2017.

[200] Радио Слободна Европа. Две полициски акции за четири месеци. Дали Македонија е „погодна“ за терористи? 29.12.2020. https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D0%B8%D1%81%D0%B8%D1%81-%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0/31023543.html Пристапено на: 30.12.2020.

„ќелија“ со основи на идеолошката матрица на познатата терористичка организација *ИД*, со намера за изведување на терористички акти на цели на територијата на Република Северна Македонија. За остварување на таа намера, членовите на групата обезбедиле финансиски средства и набавиле поголема количина оружје, муниција и воена опрема, која ја сокриле/складирале во близина на локалниот пат с. Биљановце − с. Пчиња на месноста викана „Менкова Колиба“. Како резултат на добиени оперативни сознанија и примена на оперативно-тактички мерки, на спомената локација биле пронајдени: пет автоматски пушки, пушкомитралез, 18 рамки за автоматска пушка со по 30 куршуми, рамка со 15 куршуми, три дрвени кундаци, дрвен кундак со механизам за испалување, три гранати за рачен фрлач со напис RD 40 мм, пет запалки за гранати за рачен фрлач со осигурувачи, две маскирни капи, две поткапи во црна и сива боја, два пара маскирни ракавици, два тактички елеци, четири тактички елеци со маскирна боја, знаме со испишани арапски букви (ИСИС), марама со испишани арапски букви. Исто така, извршени биле и претреси во домовите и други простории кај уапсените лица на вкупно четири локации, од кои три на подрачјето на Куманово и една на подрачјето на Скопје и притоа истите се лишени од слобода. Од извршените претреси пронајдени и одземени биле: два појаси рачно изработени исполнети со прашеста материја (експлозив), метални кугли (лагери) монтирани на картонска подлога и две запалки од рачна бомба за активирање на појасите, две направи со жици од разна дебелина, две радиостаници, осигурувач за експлозивна направа, лаптоп, девет мобилни телефони, пет СИМ-картички, електронски уред со објектив, два УСБ-стика, футрола за пиштол, маскирна облека, два ножа, две футроли за ножеви, ПМВ ауди а3 и друго[201].

Во втората акција на 27.12.2020 година биле приведени уште осуммина членови на терористичката организација. Врз основа на наредби за претрес во домови и други простории издадени од надлежен судија од Основен кривичен суд Скопје, биле извршени претреси на осум локации, од кои пет во Куманово и три во Скопје, при што биле пронајдени и уапсени сите осум лица поради сторено кривично дело „Терористичка организација“, предвидено и казниво по член 494-а став 2 од Кривичниот законик. Еден од приведените од Куманово создал терористичка организација врз основа на идеолошката

[201] https://mvr.gov.mk/vest/12711

матрица на терористичката организација *ИД* во која покрај претходно приведените две лица од Куманово, членувале и сега приведените. Членството во организацијата било со намера за извршување убиства и уништување јавни објекти со цел да се создаде чувство на несигурност или страв кај граѓаните. Во насока на остварување на намерата членовите на групата преземале низа подготвителни дејствија, обезбедувале финансиски средства и набавиле оружје, муниција, воена опрема, изработиле импровизирани експлозивни материјали, а потоа изведувале пробни испалувања и активирање на импровизираните експлозивни направи и на оружјето што го набавиле. За меѓусебна комуникација членовите на групата ја користеле интернет-платформата *Вотс ап* (*Whats App*) каде што го договарале начинот на транспорт на оружјето и начинот на изработка на самоубиствените појаси. Еден од приведените учествувал и во паравоени формации надвор од територијата на државата како припадник на терористичката организација *Исламска држава* (*ИД*) во Сирија. Претходно пронајденото оружје во месноста викана „Менкова колиба", Куманово, според количината и намената укажува дека делувала повеќечлена терористичка организација, при што со дополнително собраните докази било утврдено дека постоела директна комуникација, претходен договор и знаење за преземените дејствија помеѓу сите членови на терористичката организација[202].

Според поранешниот висок полициски службеник, а сега безбедносен аналитичар, Љубомир Ѓурчески, не само што овие акции укажуваат на сериозна појава на терористички групи во нашата држава, туку „Северна Македонија и другите земји од Западен Балкан се погодно тло за повратници од фронтовите во Сирија, Ирак и Авганистан каде што се бореле за групата *Исламска држава*, но, исто така, се и погодно место за престој, регрутација и обука на борци на *ИД* (ако се има предвид големиот број регрутирани борци од регионот). Сè уште некои кампови од кризниот период на Балканот во деведесеттите години на 20-тиот век, заклучно со кризната 2001 година, во Северна Македонија не се затворени и можат да се стават на располагање за обука на лица

[202] https://mvr.gov.mk/vest/14127

сторители на ваков криминал, кои потоа се ставаат во служба на групи кои одат да го рушат уставниот поредок во одредени држави“[203].

## 4.3. Република Северна Македонија – правен и институционален одговор

### 4.3.1. Правна рамка

Кога станува збор за одговор на заканата од радикален исламизам, несомнено е дека еден од најбитните аспекти е токму правниот аспект. Во таа насока од клучно значење е ажурирање на постоечките закони кои ќе придонесат за подобро справување со заканата од радикален исламизам. Кривично-правниот систем на државата треба да биде оспособен за соодветен одговор на активностите поврзани со припадниците и приврзаниците на радикалните исламистички групи кои делуваат на тлото на нашата држава, но и повратниците од странските боишта. Исто така, постои потреба и од превентивен пристап кон овој проблем во насока на гонење на лица за учество, финансисрање, регрутирање и обука на радикални исламисти.

Државите од Балканот, меѓу кои и Северна Македонија, се одлучиле за ажурирање на постоечките закони со цел соодветен одговор на заканата од радикален исламизам и од странски терористички борци.

Република Северна Македонија и пред ревизијата поседуваше правна рамка со одредби за борба против тероризмот, но, сепак, тука не беа содржани посебни одредби со кои се криминализира учеството и регрутацијата за странски војски. Македонското законодавство кое ја покрива областа на тероризмот главно доаѓа од членовите 394-а, 394-

[203] Изјава на Љубомир Ѓурчески за Радио Слободна Европа. 29.12.2020. https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D0%B8%D1%81%D0%B8%D1%81-%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0/31023543.html Пристапено на: 30.12.2020.

б, 394-в од Кривичниот законик[204] и Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам[205].

Со цел зајакнување на националната безбедност и борбата против глобалните закани, особено тероризмот, македонското Собрание изгласа измени во Кривичниот законик со кои учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации ќе се казни со најмалку 4 години, додека за организирање и финансирање на ова дело со најмалку 5 години затвор.

Со измените кои се усвоени на 3 септември 2014 година, член 322-а од Кривичниот законик сега гласи: „Тој што спротивно на закон создава, организира, регрутира, превезува, организира превоз, опремува, обучува или на друг начин подготвува лице или група за учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, организирани групи или поединечно, надвор од територијата на Република Северна Македонија, ќе се казни со затвор од најмалку пет години.[206]" Законот не важи ретроактивно.

Ваквите законски одредби не ги опфаќаат лицата кои се државјани на земјите во чии воени формации учествуваат, како и македонските државјани кои учествуваат во воена формација под контрола на меѓународно призната влада или меѓународна организација. Но, сепак, тука се опфатени борците кои им се приклучиле на умерените бунтовници во Сирија (оние кои се приклучиле на армиите на Националната коалиција на сириските револуционерни и опозициски сили) кои се признаени како легитимен претставник на сирискиот народ од 89 земји, меѓу кои не е и Република Северна Македонија.

---

[204] Република Македонија, Кривичен законик" (2014) Член 394-а". Достапно на: https://www.unodc.org/res/cld/document/mkd/1996/criminal_code_html/FYROM_Criminal_Code.pdf стр.155-157, (Пристапено на: 21 ноември, 2019).

[205] Управа за финансиско разузнавање (2014), „Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризмот", Достапно на: http://ufr.gov.mk/files/docs/Zakon.pdf 41 Член 322-а, (Пристапено на: 21ноември, 2019).

[206] Член 322-а.

Со цел спречување на идните странски борци да се придружат на борбите, македонските власти не дозволуваат патувања надвор од земјата на лица за кои постои сомневање дека имаат врски со странски екстремистички групи[207].

### 4.3.2. Надлежни институции

**Министерство за внатрешни работи (МВР)**

Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, како орган кој е задолжен за спроведување на законите, е еден од клучните органи на власта за спроведување на законите поврзани со борбата против радикалниот исламизам. Пред формирање на постоечката Агенција за национална безбедност (АНБ), сега веќе расформираната УБК беше одговорна за собирање информации и набљудување на лица за кои постои сомнение дека на кој било начин го поддржуваат насилниот екстремизам, се имаат придружено кон борби, планираат да се придружат кон борби или дека вршат регрутација на терористички групи.

Во Министерството за внатрешни работи се одвиваат процеси за зајакнување на институционалните капацитети на специјализираните единици, со развој и имплементација на методологија на работа, стандарди и континуирани обуки. Министерството ја препознало потребата од изнаоѓање квалитетен механизам за борба против најголемата закана на 21-от век – тероризмот, па поради тоа во Бирото за јавна безбедност, во рамки на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, функционира специјализирана Единица за сериозен криминал и тероризам[208].

Во насока на справување со глобалните безбедносни предизвици, Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, преку своите надлежни служби, активно партиципира и соработува со меѓународни организации и институции во

---

[207] Калтрина Селими, Филип Стојковски, НАПОРИТЕ НА Р. МАКЕДОНИЈА ВО СПРОТИВСТАВУВАЊЕТО НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ, ПОГЛЕД НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО, 2016. https://www.analyticamk.org/images/Files/extremisim-mk-updated-FINAL-UPDATED-web_b30f9.pdf Пристапено на:13.12.2019.

[208] https://mvr.gov.mk/vest/10296

размената на податоци од безбедносен интерес за прашања кои ја засегаат европската безбедност.

Врз основа на информациите добиени од службите, МВР има преземно неколку успешни акции во кои се уапсени припадници на радикалноисламистички групи, како што се неколкуте акции во рамките на операцијата „Ќелија“. Министерството за внатрешни работи ги продолжува своите активности и во периодот што претстои продолжува со преземање понатамошни мерки и активности за обезбедување докази и против други лица вклучени во индоктринирање, помагање и логистика за испраќање на лица во редовите на муџахединските единици во Сирија и Ирак[209].

**Агенција за национална безбедност (АНБ)**

АНБ како контраразузнавачка служба и нејзината претходничка УБК имаат значајна улога во поглед на собирање разузнавачки податоци во државата кои се од интерес во борбата против радикалноисламистичките групи. АНБ податоците ги собира на повеќе начини, меѓу кои најзастапени се: СИГИНТ (сигнално разузнавање) и ХУМИНТ (собирање податоци од човечки извори).

Од големо значење е улогата на АНБ во поглед на следење на активностите на лица кои се под сомнение за вршење на регрутација, радикализација, обука или други поврзани активности, како и следење на нивните контакти и социјални кругови. Ова особено се однесува на следење на активностите на странските борци кои се вратиле во Северна Македонија пред донесувањето на законот за криминализирање на учеството во странски војски во 2014 година. Повеќето странски борци се вратиле пред усвојувањето на овој закон. Бидејќи тие не може да бидат изведени пред суд, АНБ само може да ги следи нивните активности и нивните социјални кругови за да утврди дали претставуваат закана. Претходно УБК, а сега АНБ е активно вклучена и во превенирање на проблемите. Имено, се работело и на разубедување на поединци да не се приклучуваат кон радикалноисламистички групи, а, исто така, биле информирани и други институции за можни закани. Таков е примерот со неколкуте професори од основни и средни училишта

[209] Ибид.

кои биле поврзани со локални екстремистички групи, со што претставувале опасност за индоктринација на нивните ученици. За ваквиот случај било информирано Министерството за образование во врска со нивните вработени[210].

**Агенција за разузнавање (АР)**

Агенцијата за разузнавање (АР) е посебен орган на државната управа и е надлежна да собира, обработува, анализира, проценува, разменува, чува и штити податоци и информации од значење за безбедноста, одбраната, надворешно-политичките и економските интереси на Република Северна Македонија. Агенцијата собира разузнавачки информации за закани и ризици од странство за заштита на националната безбедност, независноста, суверенитетот, уставното уредување, основните слободи и права на човекот и граѓанинот загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија. Агенцијата остварува меѓуинституционална соработка со органите на државната управа, јавните институции и другите правни лица за прашања од заеднички интерес. Во рамките на своите надлежности, Агенцијата остварува и меѓународна соработка со разузнавачки и безбедносни служби од други држави[211].

Според официјални лица од АР: „Феноменот на странски терористички борци за АР сѐ уште е во фокусот на интерес на работа. Ова се должи, пред сѐ, на фактот што од почетокот на војната во Сирија, од територијата на Западен Балкан во Сирија и Ирак се заминати околу 1 000 приврзаници на радикалните идеологии кои биле регрутирани и искористени во почетокот од *Ал Каеда*, а подоцна и од *ИСИС*. Агенцијата поседува стратегија за спротивставување на феноменот на радикален исламизам, како резултат на учеството на РСМ во глобалната коалиција против *ИСИС*. Припадниците на АР се високообучени професионалци. Агенцијата, исто така, развива соработка со меѓународните партнери и домашните безбедносни ентитети. Досегашното искуство покажало дека балканската маршрута, која минува и низ нашата држава, а чија крајна

[210] Калтрина Селими, Филип Стојковски, НАПОРИТЕ НА Р. МАКЕДОНИЈА ВО СПРОТИВСТАВУВАЊЕТО НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ, ПОГЛЕД НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО, 2016.
https://www.analyticamk.org/images/Files/extremisim-mk-updated-FINAL-UPDATED-web_b30f9.pdf Пристапено на: 13.12.2019.
[211] Веб-страница на АР www.ia.gov.mk Посетено на: 24.12.2020.

дестинација се државите од Западна Европа, била искористена од екстремистички и терористички елементи кои извршиле терористички акти на европско тло. Безбедносно-разузнавачките агенции соработуваат и разменуваат сознанија во однос на идентификување на терористичките елементи кои може да бидат закана по националната безбедност, притоа користејќи како логистика криминални структури што се занимаваат со организирање илегални канали и префрлања“[212].

**Национално координативно тело за борба против тероризмот**

Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам се формира како национално координативно тело во Република Северна Македонија со цел следење и анализирање на состојбата со превенцијата на насилниот екстремизам и борбата против тероризам и координирање на активностите на надлежните институции во Република Северна Македонија кои работат на решавањето на проблемите во оваа област. Националниот комитет го раководи и претставува Националниот координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам. Членовите и замениците на членовите на Националниот комитет ги номинираат следните институции: Министерството за внатрешни работи; Министерството за одбрана; Министерството за правда; Министерството за правда – Управа за извршување санкции; Министерството за надворешни работи; Министерството за локална самоуправа; Министерството за труд и социјална политика; Министерството за образование и наука; Министерството за здравство; Министерството за информатичко општество и администрација; Министерството за транспорт и врски; Министерството за финансии – Управа за финансиско разузнавање; Министерството за финансии – Управа за финансиска полиција; Министерството за финансии – Царинска управа; Агенцијата за разузнавање; Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Центарот за управување со кризи; Дирекцијата за заштита и спасување; Агенцијата за

[212] Интервју на директорот на АР, Еролд Муслиу, за порталот мкд.мк https://ia.gov.mk/news/MK/3.html Посетено на: 25.12.2020.

електронски комуникации; Агенцијата за млади и спорт и  Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи[213].

На одржаната трета седница на Националниот комитет е усвоена Национална стратегија за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (2018 – 2022) на која е дискутирано за формирање државни работни групи кои ќе работат на одделни проблематики, како, на пример, спречување на финансирањето на тероризмот. Потоа, предвидено е и формирање на оперативни тимови (integrated task forces) на државно и на локално ниво кои ќе се занимаваат со повеќе аспекти во борбата против тероризмот и спречувањето на насилниот екстремизам. На локално ниво планирано е да се формираат групи во локалните заедници кои ќе дејствуваат на превенирање на насилниот екстремизам и ќе бидат составени од повеќе општествени чинители. Предвидени се и меморандуми за соработка со повеќе институции со цел зајакната координација и сеопфатен институционален пристап кон превенирање на радикализмот, насилниот екстремизам и тероризмот. Ова тело ќе работи на препознавање на облиците на терористичките закани за Северна Македонија и ќе одлучува какви мерки треба да се преземат како одговор.

Во Националната стратегија наведени се стратешките приоритети на државата за спречување на насилниот екстремизам и борба против тероризам:

- ПРЕВЕНИРАЊЕ на приливи на странски терористички борци и активисти, како и на основните причини за радикализација.

- ЗАШТИТА на луѓето, нивниот имот, клучната и критичната инфраструктура од сите закани, кои се јасни и присутни, како и од потенцијални и растечки закани.

- ГОНЕЊЕ на заканите од насилен екстремизам и тероризам (прекин, намалување, раздвојување и поразување во нивниот корен, во засолништата и каде и да претставуваат закана по луѓето и инфраструктурата).

---

[213] Службен весник на Република Македонија, Број 98, 1 август 2017, вторник. https://www.slvesnik.com.mk/Issues/396f0f904d6a4151aa9595d441b6a903.pdf  Посетено на: 13.12.2020.

- ОДГОВОР – активен, агресивен и секогаш на начин што е транспарентен и во согласност со владеењето на правото, во духот на солидарноста и во однос на потребите на жртвите.

Генералната стратешка цел е следнава: ПРЕВЕНИРАЈ; но доколку/кога превенцијата нема да успее, ГОНИ (на регулиран и постепен начин), т.е. попречи ги, деградирај ги, разбиј ги и порази ги терористичките закани, нивните сојузници и нивните безбедни засолништа во рамки на територијата на Република Македонија, истовремено и секогаш одржувајќи подготвеност да се ЗАШТИТИ и ОДГОВОРИ на заканите кон граѓаните и критичната инфраструктура на Република Македонија

**СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ**

1. ПРЕВЕНЦИЈА

Стратешка цел 1.1.: Превенирање на закани од тероризам.

Стратешка цел 1.2.: Спречување на финансирањето на тероризмот.

Стратешка цел 1.3.: Спречување на радикализмот преку интернет.

Стратешка цел 1.4.: Зајакнување на институционалните капацитети за справување со „странските терористички борци“.

Стратешка цел 1.5.: Спречување на радикализацијата и регрутирањето на терористите преку зајакнување на билатералната, регионалната и меѓународната соработка.

Стратешка цел 1.6.: Подобрување на капацитетите преку вршење проценки, анализи и истражувања поврзани со заканите од тероризам.

Стратешка цел 1.7.: Превенирање од хемиски, биолошки, радиоактивни и нуклеарни (ХБРН) закани.

Стратешка цел 1.8.: Спречување на нелегалната трговија со оружје.

2. ЗАШТИТА

Стратешка цел 2.1.: Зајакнување на системите за контрола на државната граница.

Стратешка цел 2.2.: Унапредување на стандардите за безбедност во транспортот.

Стратешка цел 2.3.: Заштита на критичната инфраструктура.

Стратешка цел 2.4.: Заштита на објекти од витален и јавен интерес.

Стратешка цел 2.5.: Зајакнување и развој на механизми за заштита од киберзакани.

3. ГОНЕЊЕ

Стратешка цел 3.1.: Понатамошно усогласување на националното законодавство со меѓународните стандарди.

Стратешка цел 3.2.: Откривање, идентификација и гонење на сторителите на кривични дела поврзани со тероризам.

Стратешка цел 3.3.: Откривање, идентификација и гонење на сторителите на финансирање на тероризам.

Стратешка цел 3.4.: Зајакнување на билатералната, регионалната и меѓународната соработка.

4. ОДГОВОР

Стратешка цел 4.1.: Зајакнување на капацитетите на релевантните институции да одговорат на терористички напад.

Стратешка цел 4.2.: Намалување и ублажување на последиците од терористички напади.

Стратешка цел 4.3.: Подобрување на меѓуресорската координација[214].

**Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ)**

Мисијата на ОБСЕ во Скопје ги поддржува националните агенции за јавна безбедност во јакнењето на нивните институционални и оперативни капацитети во борбата против тероризмот. Организира квалитетни и иновативни обуки за употребата на

[214] Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризам (2018-2022). Достапно на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf Посетено на: 12.02.2021.

современите техники за идентификување и следење на криминалните организации, финансирањето на тероризмот и патот на „валканите пари“, како и за спречување на радикалните елементи и регрутирањето на потенцијалните терористи. Со цел да се промовира соработката меѓу институциите задолжени за спроведување на законот и да се зајакне нивната меѓународна соработка, мисијата, исто така, го поддржува учеството на официјални претставници од земјата на меѓународни конференции за превенција и справување со тероризмот[215].

Во 2014 година, ОБСЕ во Северна Македонија започнала со реализација на проект кој се фокусира на рано откривање на радикализација. Проектот се базирал на полициското работење во заедницата и спречување на радикализацијата и бил започнат уште од 2010 година. Целта на проектот била да се помогне и поттикне развојот на алатки за справување на насилниот екстремизам преку рано откривање на радикализација. За тие намени била создадена и работна група со претставници од УБК и униформирана полиција[216].

Во ноември 2017 година била реализирана симулациска вежба „Странски терористички борци: промовирање на превенција и отпорност“ која имала за цел да го зајакне и да го подобри сеопфатниот пристап на општеството во земјата за борба против тероризмот и ширењето на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, како и за зголемување на регионалната соработка. Во текот на вежбата, повеќе од 100 домашни, регионални и меѓународни експерти за борба против тероризмот, водачи на заедниците, членови на граѓанското општество и претставници на верските заедници, Академијата и медиумите дискутирале за тоа како земјата и регионот можат да се справат со безбедносните предизвици што ги поставуваат странските терористички борци, а ги разгледувале и националните и регионалните пристапи и одговори кон овој феномен[217].

---

[215] Веб-страница на Мисијата на ОБСЕ во Скопје: https://www.osce.org/mk/mission-to-skopje/countering-terrorism Пристапено на: 24.01.2021.

[216] Калтрина Селими, Филип Стојковски, НАПОРИТЕ НА Р. МАКЕДОНИЈА ВО СПРОТИВСТАВУВАЊЕТО НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ, ПОГЛЕД НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО, 2016. https://www.analyticamk.org/images/Files/extremisim-mk-updated-FINAL-UPDATED-web_b30f9.pdf Пристапено на: 24.01.2021.

[217] Сеопфатен пристап на целото општество е клучен за борба против насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, подвлекуваат учесниците во симулациската вежба, 08 ноември 2017.

**Министерство за надворешни работи (МНР)**

Министерството за надворешни работи во процесот на спротивставување на радикалниот исламизам има улога во делот на координација помеѓу земјите кои се засегнати од овој проблем преку регионална соработка и како дел од глобалната стратегија.

Секторот за меѓународна и регионална/безбедносна соработка во рамките на МНР е надлежен за соработка со земјите од регионот во поглед на справувањето со радикалниот исламизам, односно насилниот екстремизам. Република Северна Македонија е членка на Јадранската повелба на чии состаноци се дискутира за теми од областа на насилниот екстремизам и странските борци[218]. Исто така, нашата држава е членка и на Западнобалканската иницијатива за борба против тероризмот, чија цел е елиминирање на понатамошното удвојување и преклопување во борбата против тероризмот и екстремистичките активности во регионот на Западен Балкан[219]. Северна Македонија е дел и од коалицијата која е предводена од САД против *Исламската држава*. Исто така, таа се приклучила на санкциите на ЕУ против сириската влада и се согласила за рестриктивни мерки[220].

**Исламска верска заедница (ИВЗ)**

Исламската верска заедница како официјална верска заедница е од големо значење во целокупниот процес на спротивставување на радикалниот исламизам. Верските лидери имаат големо влијание врз верниците кое може да одигра клучна превентивна улога. Токму превентивната улога на ИВЗ треба да биде препознаена од страна на институциите на државата. Од особено значење е верските лидери активно да партиципираат во заедниците пропагирајќи вистински духовни вредности. Во своите досегашни официјални

---

https://www.osce.org/mk/mission-to-skopje/355261 Пристапено на: 24.01.2021.

[218] Јадранската повелба (Адриатик 5) е основана на 2 мај 2003 година. Оваа група на земји има за цел помагање на НАТО интегративните процеси.

[219] Совет на ЕУ. „Иницијативи за борба против тероризмот на ЕУ Западен Балкан: интегративен план за работа“ 04.12.2015. http://www.statewatch.org/news/2015/dec/eu-council-western-balkans-antiterrorism-13887-15.pdf Пристапено на: 21.01.2021.

[220] Службен весник на Република Македонија. Број 133, 26.09.2013. Достапно на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/0d60d644027547028dfcbd154fbf180e.pdf Пристапено на: 02.01.2020.

изјави ИВЗ остро се спротивставува на радикалните исламистички групи, истакнувајќи дека ИВЗ отсекогаш била единствениот браник од напливот на радикален исламизам во РСМ[221].

Во однос на досегашните активности на ИВЗ во изразување на гледиштата против приклучување кон радикални групи, развиен е предлог-проект за спречување на радикализација и тероризам во соработка со хуманитарната организација *Ел Хилал* (*El Hilal*). Целта на проектот била во насока на зајакнување на умерените ставови преку подигање на јавната свест и апелирање до муслиманската заедница во Северна Македонија. Исто така, овој проект бил насочен и кон ресоцијализација на повратниците од странските боишта. Предлог-проектот опфаќал и елементи за поддршка на семејствата чиј член бил припадник на странска војска. Сепак, проектот не добил финансиски средства и бил ставен во мирување[222].

Исламската верска заедница, како најголема организација на муслиманските верници во Северна Македонија која застапува умерен курс, предупредува од „дивите“ џамии кои се оттргнуваат од нејзина контрола. Таа не ги контролира сите 700 џамии во земјата. Исламизмот во Северна Македонија сè уште е маргинален феномен, но задачата да се сопре влијанието на исламистичките тенденции станува сè поважна[223].

---

[221] Религија. Реџепи: ИВЗ е единствениот браник од радикалниот ислам во Македонија. Достапно на: https://religija.mk/redzepi-ivz-e-edinstveniot-branik-od-radikalniot-islam-vo-makedonija/ Пристапено на: 02.02.2021.

[222] Калтрина Селими, Филип Стојковски, НАПОРИТЕ НА Р. МАКЕДОНИЈА ВО СПРОТИВСТАВУВАЊЕТО НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ, ПОГЛЕД НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО, 2016. https://www.analyticamk.org/images/Files/extremisim-mk-updated-FINAL-UPDATED-web_b30f9.pdf Пристапено на: 02.02.2021.

[223] Дојче Веле. Радикален исламизам во Северна Македонија: „Алах е нашиот командант“. Достапно на: https://www.dw.com/mk/%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D1%81%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC-%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B0%D0%BB%D0%B0%D1%85-%D0%B5-%D0%BD%D0%B0%D1%88%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D0%BA%D0%BE%D0%BC%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D0%BD%D1%82/a-55524447 Посетено на: 03.02.2021.

**Граѓански сектор**

Едни од битните чинители во борбата против радикалниот исламизам секако се и организациите на граѓанското општество. Овие организации ги согледуваат условите кои придонесуваат за ширење на радикалниот исламизам и истовремено работат на справување со истите. Нивното значење се гледа и во фактот што тие може да претставуваат своевиден посредник помеѓу цивилното население и институциите на државата, најчесто во случај кога овие институции не уживаат голема доверба.

Улогата на граѓанскиот сектор е утврдена во многу документи за политики на ОБСЕ, како што е Министерската декларација 4/15 каде што се охрабруваат државите да го вклучат граѓанското општество во активности од областа на справување со радикален исламизам. Во таа декларација се наведуваат причините за значењето на граѓанското општество во оваа област:

- Граѓанското општество има капацитет и искуство да работи на програми со кои се негуваат мирни и инклузивни општества и со кои се ублажуваат структуралните проблеми што создаваат плодна почва за ширење на насилен екстремизам. Иако овие програми можеби не припаѓаат точно во рубриката за С/СНЕРВТ (Спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам), тие често се сметаат како релевантни за С/СНЕРВТ. Некои од овие програми се концентрираат на градење мир, реинтеграција на популации кои биле погодени од војна, добро владеење и владеење на правото, човекови права, права на жените, родови прашања, меѓуверски дијалог и трансформација на конфликти, вклучување на младите и спречување на криминал и употреба на дроги итн.

• Напорите на граѓанското општество често се локално вкоренети, имаат пристап, легитимност и влијание, а се водени од нескриена и вистинска грижа за благосостојбата и безбедноста на нивните заедници. Ова нив ги прави сигурни сојузници кои се подготвени да бидат иновативни, вешти и поподготвени да преземаат ризици за справување со безбедносните проблеми на нивните заедници.

• Граѓанското општество честопати има широко познавање за локалните динамики, трендови и двигатели на насилен екстремизам и истото тоа ги дава најдобрите механизми

за „рано предупредување“ од опасностите што се јавуваат. Тоа нив ги става во ситуација да можат да обезбедуваат навремени интервенции и прецизни одговори приспособени на околностите.

• Граѓанското општество честопати работи со маргинализирани групи, го промовира политичкото учество и обезбедува излезни вентили за адресирање на барањата и незадоволствата на граѓаните. Со овие излезни вентили може потенцијално да се помогне во дифузирање на тензиите помеѓу државните власти и заедниците, да се побиваат насилните екстремистички наративи и да се одбијат напорите на насилните групи да го искористат незадоволството кај заедницата за регрутирачки цели.

• Граѓанското општество може да се поврзе на регионално и на меѓународно ниво со поголеми актери. Со тоа што тие се локално вкоренети, а истовремено и нашироко поврзани, тие се поставени во ситуација да можат да споделуваат и да ги усовршуваат добрите практики[224].

Во поглед на соработката на државните институции со граѓанскиот сектор, може да се заклучи дека државата не ги гледа граѓанските организации како релевантен партнер во справувањето со радикалниот исламизам[225]. Она што е уште позагрижувачки е фактот дека само мал број граѓански организации во фокусот на своето делување го имаат справувањето со радикалниот исламизам.

### Единици на локална самоуправа

Непосредното опкружување во кое делуваат припадниците на радикалните исламистички групи е од особено значење од аспект на нивно спречување во обидите за радикализација и регрутација на нови приврзаници. Од тие причини, несомнено е дека

[224] ОБСЕ, Улогата на граѓанското општество во спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: осврнување кон Југоисточна Европа https://www.osce.org/files/f/documents/5/a/424892.pdf Пристапено на: 27.08.2020.
[225] Радио Слободна Европа. Предизвиците по враќањето на терористичките борци од странските боишта. Достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8-%D0%B1%D0%BE%D1%80%D1%86%D0%B8-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B1%D0%BE%D0%B8%D1%88%D1%82%D0%B0/30929700.html Посетено на: 03.02.2021.

единиците на локалната самоуправа се најблиску до овие лица и како такви може да извршат значајно влијание во поглед на превенција на нивните активности, како и овозможување услови за дерадикализација и ресоцијализација на повратниците од странските боишта. Успешното функционирање на единиците на локалната самоуправа во борбата против радикалниот исламизам бара поддршка и кооперативност од државните институции, односно од централната власт. Ова би значело дека единиците на локалната самоуправа треба да имаат на располагање соодветни механизми и услови за преземање навремени мерки и активности во справувањето со појавата на радикален исламизам. Но, она што е исто така важно е колку единиците на локалната самоуправа функционираат и дали прашањето за радикалниот исламизам е на нивната агенда, односно колку тие се заинтересирани да интервенираат во проблемот.

Во Националната стратегија за борба против тероризам (2018 – 2022), во делот на активностите на општинско/локално ниво е предвидено следново:

• Подобрување на довербата и соработката меѓу владините безбедносни служби и верските водачи.

• Допрецизирање на сеопфатната обука и поддршката за верските заедници да се спротивстават на онлајн радикализацијата.

• Унапредување на обуката во заедниците, на семејствата, затворскиот персонал и на верските водачи со цел да се идентификуваат раните знаци на насилна радикализација.

• Развивање средства и мерки за спротивставување на обемот на дезинформации што ги истакнуваат поларизирачките наративи кај ранливите категории на граѓани.

• Создавање процеси и процедури за поттикнување програми во заедниците за поддршка на општествената кохезија што ги превенира насилниот екстремизам и тероризам.

Невработеноста и несоодветните одговори на полициските органи ја надополнуваат фрустрацијата на заедниците кои веруваат дека нивните потреби не се сфаќаат сериозно. Неуспехот или латентниот одговор на повиците на заедницата за помош од страна на државните институции за заштита на граѓаните ја зајакнува појавата на

насилни и радикални активности. Во Република Северна Македонија склоноста да се поттикнуваат граѓаните да оддржуваат етнички и конфесионално затворени општества, наместо напори да се поттикне инклузивна, интер- и интракултурна интеграција и верска толеранција, е мошне важна причина за немири. Понатаму, овие разлики во општеството придонесуваат кон индивидуална или колективна желба да се прифати екстремизмот. Во крајна линија, поделбата и исклучувањето значително ќе придонесат за транснационалните ефекти на прелевање, што ги засилуваат последиците на локално, државно и регионално ниво[226].

## 4.4. Соработка на балканските земји

Балканските земји се дел од еден многу специфичен регион кој во многу наврати низ историјата имал иста судбина. Јазичните сличности кои овозможуваат полесна комуникација, лесната флуктуација помеѓу населението на Балканот, но и местоположбата која значи транзитна точка кон центарот на Европа придонеле кон тоа овие држави да се соочуваат со исти или слични проблеми и предизвици. Ваквата поставеност значи дека овие држави во голема мера на ист начин се соочуваат со проблемот предизвикан од радикалниот исламизам и како такви имаат потреба од заеднички пристап и соработка при решавање на истиот.

Во таа насока, земјите од регионот имаат одржано низа состаноци на високо ниво во кои биле вклучени надлежните тела. Северна Македонија и земјите од регионот се дел од „Иницијативата на ЕУ за Западен Балкан за борба против тероризмот: интегративен план за акција иницирана од страна на Советот на Европската Унија.“ Целта на оваа иницијатива е елиминирање на преклопувањето во борбата против тероризмот и радикалниот исламизам во Западен Балкан. Според одредбите во иницијативата, борбата против радикалниот исламизам на Балканот подразбира заеднички пристап од сите засегнати страни во регионот. Во оваа Иницијатива утврдени се неколку цели:

[226] Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризам (2018 – 2022). Достапно на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf Посетено на: 12.02.2021.

- Подобрување на комуникацијата и размената на информации помеѓу релевантните фактори од регионот.
- Поддршка на развојот на националните капацитети за „Мрежа за развивање свесност за радикализација“, превенција и стратешка комуникација во регионот со поддршка на ЕУ.
- Унапредување на идентификацијата на опасностите на границите, на странските терористички борци и на пропустите во спроведувањето на оперативните активности.
- Спречување на финансирање на тероризам.
- Унапредување на аналитичките капацитети и ефикасноста на оперативните мерки и активности.
- Постигнување подобро разбирање на состојбите, недостатоците и потребите за да се зголеми ефикасноста на активностите, како и да се приспособи планирањето со цел избегнување на преклопувања и удвојувања.
- Подигање на свеста и размена на најсофистицирани методи за реинтеграција и рехабилитација.
- Развивање стратешка комуникација и капацитети за онлајн следење.
- Донесување и реализација на стратегии за борба против тероризмот и радикалниот исламизам, акциони планови и размена на соодветни практики кои ќе имаат влијание на претходните цели[227].

Земјите од Балканот прават напори во борбата против радикалниот исламизам да соработуваат и преку голем број организации и институции. Ваквата соработка се реализира во рамките на Интерпол, Еуропол, Советот за регионална соработка, ОБСЕ, Светската царинска организација и други. Исто така, соработката се одвива и преку воспоставување билатерални договори за соработка во областа на безбедноста[228].

[227] Советот на ЕУ „ЕУ-иницијатива за Западен Балкан за борба против тероризмот: интегративен план за акција“. 4-ти декември, 2015. Пристапено на: 16.07.2020. http://www.statewatch.org/news/2015/dec/eu-council-western-balkans-antiterrorism-13887- 15.pdf

[228] Како пример за ова се билатералните договори меѓу Северна Македонија и Србија кои од 1996 година имаат склучено преку 60 билатерални договори. Министерството за надворешни работи на Република Македонија, „Дипломатските односи со Србија“ http://www.mfa.gov.mk/index.php/mk/nadvoresna-politika/bilateralniodnosi/sosedstvo

Од ова поглавје може да се заклучи дека косовската криза од 1999 година, како и конфликтот во Македонија во 2001 година се утврдени како причинители за појавата на радикалноисламистичките групи и нивните доктрини. Радикалните исламисти, гледано во однос на вкупниот број жители, поседуваат голем број поддржувачи, а нивниот број постојано е во подем. Во РСМ, како и во рамките на Балканот и Европа, заканата ќе биде насочена кон активностите на повратниците од блискоисточните боишта и нивните поддржувачи и соработници. Во нашата држава радикализацијата и регрутацијата се одвивале најпрво во џамиите кои не се под контрола на ИВЗ, но, исто така, и во одредени верски училишта – медреси, преку хуманитарни организации, како и со испраќање на верски студии во Арабија.

Случајот „Ќелија“ е најдобар показател за присуството и активностите на радикалните исламистички групи во нашата држава. Почнувајќи од нивните активности за групирање, организирање, радикализација, а потоа преку регрутација по различни основи до нивно заминување на боиштата во Ирак и Сирија, се утврдува дејствувањето на овие групи до заминување до крајната дестинација. Во следната фаза дел од нив се враќаат и завршуваат во затвор поради учество во странски војски или поради финансирање и помагање. Но, она што на некој начин е клучен проблем во однос на понатамошен одговор и следење од страна на надлежните институции во поглед на оваа закана е фактот дека по излегувањето од затвор (период од 3 до 5 години) дел од овие лица повторно ги продолжуваат активностите во рамки на радикалноисламистичките групи. Тоа покажува дека овие поединци не поминале успешен процес на дерадикализација во затворски услови каде што најчесто не се одделени од другите затвореници, а честопати и се во директен контакт со нивни радикализирани истомисленици. Она што е уште позначајно е дека тие дури успеваат да радикализираат нови лица имајќи на располагање доста слободно време и можност за контакти, како и користење на интернет. По излегувањето од затвор тие не се заинтересирани за ресоцијализација и повторно вклучување во системот и општеството или доколку се одлучат за такво нешто, тоа повторно е дел од нивната агенда за идни активности во радикалните групи, но им е потребно за да им служи како покритие за нивните радикални активности.

Надлежните органи и правосудството, во рамките на својот делокруг на работа, преземаат мерки во насока на справување со заканата од радикалниот исламизам и превенција на идните активности на радикалните исламистички групи. Сепак, правниот и институционалниот одговор секогаш не вродуваат со плод, имајќи ги предвид случувањата во рамките на оперативната акција „Ќелија“. Голем дел од активностите на надлежните институции потребно е да се концентрираат во рамките на локалните заедници каде што најчесто се лоцирани првите зачетоци на радикализацијата. Соработката на балканските земји во иднина може многу да придонесе за успешно справување со заканата од радикалниот исламизам, тргнувајќи од фактот дека овие земји делат слично минато и се поврзуваат по јазична и верска основа.

# 5. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 5.1. Интерпретација на анализата и резултатите од истражувањето

Истражувањето беше спроведено преку интервју и анкетен прашалник. Целта на интервјуто беше да бидат согледани размислувањата по одредени прашања од областа на радикалните исламистички групи на Балканот и нивното влијание врз националната безбедност на Република Северна Македонија. Концептот на интервјуто е составен од 21 прашање, структурирани во четири дела. Со интервјуто беа опфатени по двајца вработени во Агенцијата за разузнавање и Агенцијата за национална безбедност.

Истражувањето беше спроведено и преку анкетен прашалник чија примарна цел беше да се утврди делувањето и влијанието на радикалните исламистички групи на Балканот и нивното влијание врз националната безбедност на Република Северна Македонија, гледано од перспектива на професионалци кои во рамките на делокругот на својата работа се непосредно вклучени во овие процеси. Анкетниот прашалник е составен од 27 прашања поделени во четири области. Истражувањето преку анкетниот прашалник беше реализирано по електронски пат преку платформата *Гугл формс* (*Google Forms*) која беше спроведена на 40 (четириесет) испитаници чиј делокруг на работа е поврзан со радикалниот исламизам, па поради тоа бројот на испитаници е ограничен на оваа бројка. Како испитаници беа опфатени вработени на различни работни позиции во Агенцијата за разузнавање, МВР-БЈБ, Агенцијата за национална безбедност, Управата за финансиско разузнавање и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Анкетниот прашалник е конструиран од четири структурални делови – прашања, кои за потребите на овој докторски труд се обработија и се поврзани со содржината на трудот. Дадени беа исказите: **се согласувам**, **делумно се согласувам**, **не се согласувам**, **не знам**, кои генерално се однесуваат на делувањето на радикалните исламистички групи на Балканот и нивното влијание врз националната безбедност на Република Северна Македонија. Во идејната скица се поставени сите инструменти, методи и техники со коишто е извршено ова истражување за да се дојде до резултати кои ќе овозможат да се дојде до заклучок и одговор на поставените хипотези.

Содржината на анкетниот прашалник и на интервјуто се наведени во прилозите на докторскиот труд.

## 5.2. Квантитативна анализа на податоците од истражувањето за улогата на радикалните исламистички групи на Балканот и нивното влијание врз националната безбедност на Република Северна Македонија

**Резултати од тестирањето на хипотезите**

Анализата на добиените резултати од анкетниот прашалник и интервјуто ќе се изврши врз основа на добиените податоци од одговорите на прашањата во истите (во прилог број 1 и прилог број 2 во трудот). Добиените податоци од анкетниот прашалник и интервјуто ќе послужат како одговор на хипотезите. Прашањата во анкетниот прашалник и интервјуто се структурирани по следниов редослед:

- првиот дел прашања го сочинуваат општиот дел од прашалникот,

- вториот дел од прашањата се однесуваат на радикалниот исламизам во Северна Македонија и Балканот,

- третиот дел од прашањата се однесуваат на регрутацијата на новите приврзаници на радикалниот исламизам,

- четвриот дел од прашањата се однесуваат на капацитетите на Република Северна Македонија за одговор и справување со радикалниот исламизам.

*Табела бр. 1*

| Категорија | Број | % |
|---|---|---|
| Мажи | 24 | 60 % |
| Жени | 16 | 40 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




Анкетирањето е извршено по случаен избор. Процентуалната застапеност на мажи и жени изнесува 60 % мажи и 40 % жени.

*Табела бр. 2*

| Степен на образование | Број | Процент |
|---|---|---|
| Основно | 0 | / |
| Средно | 2 | 5 % |
| Високо | 30 | 75 % |
| Магистер | 8 | 20 % |
| Доктор на науки | 0 | / |
| Вкупно | 40 | 100 % |




Образовната структура на испитаниците е определена во пет групи според следнава поделба:

- прва група испитаници со завршен III степен на образование (основно образование);

- втора група испитаници со завршен IV степен на образование (средно образование);

- трета група испитаници со завршен VII/1 степен на образование (високо образование);

- четврта група испитаници со завршен VII/2 степен на образование (магистер);

- петта група испитаници со завршен VIII степен на образование (доктор на науки).

Во првата група испитаници со завршен трет степен на образование спаѓаат 0 %. Во втората група спаѓаат двајца испитаници, односно 5 %. Во третата група спаѓаат 30 испитаници, односно 75 %. Во четвртата група спаѓаат 8 испитаници, односно 20 %. Во петата група испитаници спаѓаат 0 %.

*Табела бр .3*

| Години на работен стаж | Број | Процент |
|---|---|---|
| До 2 години. | 3 | 7,5 % |
| Од 2 до 5 години. | 5 | 12,5 % |
| Од 5 до 15 години. | 17 | 42,5 % |
| Од 15 до 25 години. | 13 | 32,5 % |
| Од 25 до 30 години. | 1 | 2,5 % |
| Повеќе од 30 години. | 1 | 2,5 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




Работното искуство на испитаниците е определено во шест групи според следнава поделба:

- прва група испитаници со работно искуство до 2 години;

- втора група испитаници со работно искуство од 2 до 5 години;

- трета група испитаници со работно искуство од 5 до 15 години;

- четврта група испитаници со работно искуство од 15 до 25 години;

- петта група испитаници со работно искуство од 25 до 35 години;

- шеста група испитаници со работно искуство повеќе од 30 години.

Во првата група испитаници со работно искуство до 2 години спаѓаат тројца испитаници, односно 7,5 %. Во втората група спаѓаат петмина испитаници, односно 12,5 %. Во третата група спаѓаат 17 испитаници, односно 42,5 %. Во четвртата група спаѓаат 13 испитаници, односно 32,5 %. Во петтата група испитаници спаѓа еден испитаник, односно 2,5 %. Во шестата група испитаници спаѓа еден испитаник, односно 2,5 %.

*Табела бр. 4*

| Раководна позиција | Број | % |
|---|---|---|
| Да | 7 | 17,5 % |
| Не | 33 | 82,5 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




На прашањето под реден број 4 во анкетниот прашалник испитаниците одговорија на прашањето за тоа дали се на раководна позиција, при што се добиени следните резултати:

Со **да** одговориле седум испитаници, односно 17,5 %, додека со **не** одговориле 33 испитаници, односно 82,5 %.

*Табела бр. 5*

| 5. Радикалниот исламизам како појава има негативна конотација. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 29 | 72,5 % |
| Делумно се согласувам. | 9 | 22,5 % |
| Не се согласувам. | 1 | 2,5 % |
| Не знам. | 1 | 2,5 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Радикалниот исламизам како појава има негативна конотација.

***Добиени резултати:*** 72,5 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, 22,5 % од испитаниците одговориле **делумно се согласувам**, 2,5 % од испитаниците одговориле **не се согласувам** и 2,5 % од испитаниците одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** најголем дел од испитаниците сметаат дека радикалниот исламизам како поим има негативна конотација. Помал процент од испитаниците се определиле за одговори кои не се погрешни, туку го рефлектираат личниот став и гледиште, при што треба да се земе предвид различната професија и областа на работа на испитаниците.

*Табела бр. 6*

| 6. Радикалните исламистички групи можат да ја загрозат безбедноста на граѓаните на Република Северна Македонија. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 26 | 65 % |
| Делумно се согласувам. | 12 | 30 % |
| Не се согласувам. | 2 | 5 % |
| Не знам. | 0 | 0 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Радикалните исламистички групи можат да ја загрозат безбедноста на граѓаните на Република Северна Македонија.

***Добиени резултати:*** 65 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, 30 % одговориле **делумно се согласувам**, 5% одгвоориле со **не се согласувам,** 5 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** најголем дел од испитаниците сметаат дека радикалните исламистички групи можат да ја загрозат безбедноста на граѓаните на Република Северна Македонија. Речиси една третина делумно се согласува со ваквата можност. Ова покажува дека иако радикалните исламистички групи како такви не се директна закана по безбедноста на граѓаните во овој период, сепак, тие имаат капацитет да влијаат негативно врз безбедноста на граѓаните и државата.

*Табела бр. 7*

| 7. Постои ризик од извршување на терористички напад од страна на радикални исламистички групи во Република Северна Македонија. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 12 | 30 % |
| Делумно се согласувам. | 21 | 52,5 % |
| Не се согласувам. | 4 | 10 % |
| Не знам. | 3 | 7,5 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Постои ризик од извршување на терористички напад од страна на радикални исламистички групи во Република Северна Македонија.

***Добиени резултати:*** 30 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, 52,5 % одговориле **делумно се согласувам**, 10 % одговориле **не се согласувам**, 7,5 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** најголем дел од испитаниците делумно се согласуваат со тврдењето дека постои ризик од извршување на терористички напад од страна на радикални исламистички групи во Република Северна Македонија. Тоа укажува дека иако постои одреден ризик, сепак, нашата држава не спаѓа во високоризични држави кои се цел на радикалните исламистички групи во поглед на извршување на терористички акт.

*Табела бр. 8*

| 8. Во Република Северна Македонија делуваат голем број приврзаници на радикалниот исламизам. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 13 | 32,5 % |
| Делумно се согласувам. | 24 | 60 % |
| Не се согласувам. | 2 | 2,5 % |
| Не знам. | 1 | 5 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Во Република Северна Македонија делуваат голем број приврзаници на радикалниот исламизам.

***Добиени резултати:*** 32,5 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, 32,5 % од испитаниците одговориле **делумно се согласувам**, 5 % одговориле **не се согласувам**, 2,5 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека б***ројот на приврзаници на радикалниот исламизам не е екстремно висок, но, сепак, е значителен имајќи го предвид соодносот по глава на жител.

*Табела бр. 9*

| 9. Постои видливо присуство на приврзаници на радикалниот исламизам во Република Северна Македонија. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 9 | 22,5 % |
| Делумно се согласувам. | 22 | 55 % |
| Не се согласувам. | 8 | 20 % |
| Не знам. | 1 | 2,5 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Постои видливо присуство на приврзаници на радикалниот исламизам во Република Северна Македонија.

***Добиени резултати:*** 22,5 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, 55 % одговориле **делумно се согласувам**, 20 % одговориле **не се согласувам**, додека 2,5 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** поголем дел од испитаниците сметаат дека постои одредено видливо присуство на приврзаници на радикалниот исламизам во Република Северна Македонија, односно дека нивното присуство може да се забележи во околината.

*Табела бр. 10*

| 10. Делувањето на приврзаниците на радикалниот исламизам во Република Северна Македонија е тајно. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 19 | 47,5 % |
| Делумно се согласувам. | 16 | 40 % |
| Не се согласувам. | 3 | 7,5 % |
| Не знам. | 2 | 5 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |

Делувањето на приврзаниците на радикалниот ислам во Република Северна Македонија е тајно?

40 responses




***Исказ:*** Делувањето на приврзаниците на радикалниот исламизам во Република Северна Македонија е тајно.

***Добиени резултати:*** 47,5 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, 40 % одговориле **делумно се согласувам**, 7,5 % одговориле **не се согласувам,** додека 5 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** најголем дел од испитаниците сметаат дека делувањето на приврзаниците на радикалниот исламизам во Северна Македонија е тајно, иако постојат одредени нивни активности кои се забележани од околината.

*Табела бр. 11*

| 11. Локациите на кои се среќаваат радикалните исламисти се изолирани од пошироката јавност. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 17 | 42,5 % |
| Делумно се согласувам. | 14 | 35 % |
| Не се согласувам. | 6 | 15 % |
| Не знам. | 3 | 7,5 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Локациите на кои се среќаваат радикалните исламисти се изолирани од пошироката јавност.

***Добиени резултати:*** 42,5 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, 35 % одговориле **делумно се согласувам**, 15 % одговориле **не се согласувам**, додека 7,5 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** повеќето испитаници се согласуваат дека локациите на кои се среќаваат радикалните исламисти се изолирани од јавноста. Мал дел не го делат истото мислење што, секако, дека не претставува погрешен одговор бидејќи постојат случаи кога радикалните исламисти одржуваат неформални собири на јавни места, како што се угостителските или верските објекти.

*Табела бр. 12*

| 12. Проповедите на радикалните свештеници се одвиваат во верски објекти кои не се под контрола на ИВЗ во Република Северна Македонија. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 18 | 45 % |
| Делумно се согласувам. | 12 | 30 % |
| Не се согласувам. | 4 | 10 % |
| Не знам. | 6 | 15 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Проповедите на радикалните свештеници се одвиваат во верски објекти кои не се под контрола на ИВЗ во Република Северна Македонија.

***Добиени резултати:*** 45 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, 30 % одговориле **делумно се согласувам**, 10 % одговориле **не се согласувам**, додека 15 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** дел од верските објекти (џамии) се користат од страна на радикалноисламистичките групи за спроведување на проповеди од страна на радикални свештени лица – имами. Овие верски објекти најчесто не се под контрола на ИВЗ и не се посетени од останатите умерени верници.

*Табела бр. 13*

| 13. Во рамките на ИВЗ во Република Северна Македонија постојат паралелни структури кои проповедаат радикален исламизам. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 23 | 57,5 % |
| Делумно се согласувам. | 9 | 22,5 % |
| Не се согласувам. | 1 | 2,5 % |
| Не знам. | 7 | 17,5 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Во рамките на ИВЗ во Република Северна Македонија постојат паралелни структури кои проповедаат радикален исламизам.

***Добиени резултати:*** 57,5 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, 22,5 % одговориле **делумно се согласувам**, 2,5 % одговориле **не се согласувам**, додека 17,5 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** во Северна Македонија во рамките на Исламската верска заедница делуваат паралелни структури кои се приврзаници на радикалниот исламизам и кои во континуитет делуваат во насока на ширење на радикалното исламистичко влијание помеѓу верниците.

*Табела бр. 14*

| 14. Во Република Северна Македонија делуваат и лица од други земји како дел од радикални исламистички групи. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 15 | 37,5 % |
| Делумно се согласувам. | 13 | 32,5 % |
| Не се согласувам. | 7 | 17,5 % |
| Не знам. | 5 | 12,5 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Во Република Северна Македонија делуваат и лица од други земји како дел од радикални исламистички групи.

***Добиени резултати:*** 37,5 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, 32,5 % одговориле **делумно се согласувам**, 17,5 % одговориле **не се согласувам**, додека 12,5 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** на територијата на Северна Македонија се забележани лица приврзаници на радикалниот исламизам кои потекнуваат од други земји, но нивната улога во голем дел е сконцентрирана на пренесување искуства во вид на обуки, како и имами кои реализираат предавања и кои се со краток престој на нашата територија. Сепак, постојат и такви случаи кога радикални исламисти, прикриени под превезот на мигранти, влегуваат во нашата држава, но најчесто ја користат како транзитна територија.

*Табела бр. 15*

| 15. Бројот на приврзаници на радикалниот исламизам кои заминале да се борат во редовите на групата *Исламска држава* е значителен. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 24 | 60 % |
| Делумно се согласувам. | 11 | 27,5 % |
| Не се согласувам. | 1 | 2,5 % |
| Не знам. | 4 | 10 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Бројот на приврзаници на радикалниот исламизам кои заминале да се борат во редовите на групата *Исламска држава* е значителен.

***Добиени резултати:*** 60 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, 27,5 % одговориле **делумно се согласувам**, 2,5 % одговориле **не се согласувам**, додека 10 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** бројот на приврзаници на радикалниот исламизам кои заминале да се борат во странска војска (во случајов во редовите на *Исламската држава*) е значителен, ако се земе предвид бројот на заминати лица во однос на бројот на население.

*Табела бр. 16*

| 16. Балканот како регион има потенцијал за продукција на идни борци на блискоисточните боишта. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 31 | 60 % |
| Делумно се согласувам. | 5 | 27,5 % |
| Не се согласувам. | 1 | 2,5 % |
| Не знам. | 3 | 10 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Балканот како регион има потенцијал за продукција на идни борци на блискоисточните боишта.

***Добиени резултати:*** 77,5 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, 12,5 % одговориле **делумно се согласувам,** 2,5 % одговориле **не се согласувам**, додека 7,5 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** балканскиот регион иако не е на врвот според бројот на заминати борци на блискоисточните боишта, сепак, досега се покажа дека овој регион располага со значителен потенцијал за продукција на идни борци.

*Табела бр. 17*

| 17. Приврзаниците се приклучуваат кон радикалноисламистичките групи на Балканот поради социјално-општествени причини (сиромаштија, изолација, необразованост). | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 25 | 62,5 % |
| Делумно се согласувам. | 11 | 27,5 % |
| Не се согласувам | 4 | 10 % |
| Не знам. | 0 | 0 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Приврзаниците се приклучуваат кон радикалноисламистичките групи на Балканот поради социјално-општествени причини (сиромаштија, изолација, необразованост).

***Добиени резултати:*** 62,5 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, 27,5 % одговориле **делумно се согласувам**, 10 % одговориле **не се согласувам**, додека никој не одговорил **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** приврзаниците кои се приклучуваат на радикалноисламистичките групи на Балканот во најголем дел се водени од социјално-општествени причини (сиромаштија, изолација, необразованост).

*Табела бр. 18*

| 18. Приврзаниците се приклучуваат кон радикалноисламистичките групи на Балканот поради финансиски причини. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 18 | 45 % |
| Делумно се согласувам. | 17 | 42,5 % |
| Не се согласувам. | 4 | 10 % |
| Не знам. | 1 | 2,5 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |

Приврзаниците се приклучуваат кон радикално исламистичките групи на Балканот поради финансиски причини?

40 responses




***Исказ:*** Приврзаниците се приклучуваат кон радикалноисламистичките групи на Балканот поради финансиски причини.

***Добиени резултати:*** 45 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, 42,5 % одговориле **делумно се согласувам**, 10 % одговориле **не се согласувам** и 2,5 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** радикалноисламистичките групи на Балканот главно регрутираат нови приврзаници кои се соочуваат со финансиски проблеми, покрај социјално-општествените фактори.

*Табела бр. 19*

| 19. Приврзаниците свесно се приклучуваат кон радикални исламистички групи поради желба за „света војна“. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 10 | 25 % |
| Делумно се согласувам. | 27 | 67,5 % |
| Не се согласувам. | 1 | 2,5 % |
| Не знам. | 2 | 5 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Приврзаниците свесно се приклучуваат кон радикални исламистички групи поради желба за „света војна“.

***Добиени резултати:*** 25 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, најголем дел од испитаниците, односно 67,5 % одговориле **делумно се согласувам**, 2,5 % одговориле **не се согласувам** и 5 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** желбата за „света војна“ како причина за пристапување кон радикалноисламистичките групи најчесто не претставува главен мотив на приврзаниците на овие групи. Според досегашните сознанија, оние лица кои поради желба за „света војна“ се приклучиле на ваквите групи, по заминувањето на боиштата на Блискиот Исток ја увиделе реалната состојба на терен која не била ни малку блиска до „света војна“ и истите овие лица правеле напори за враќање назад и за напуштање на редовите на *ИД*.

*Табела бр. 20*

| 20. Радикалните исламистички групи ги регрутираат своите приврзаници во верски објекти. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 17 | 42,5 % |
| Делумно се согласувам. | 17 | 42,5 % |
| Не се согласувам. | 2 | 5 % |
| Не знам. | 4 | 10 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Радикалните исламистички групи ги регрутираат своите приврзаници во верски објекти.

***Добиени резултати:*** 42,5 % од испитаниците одговориле **се согласувам** и **делумно се согласувам**, 5 % одговориле **не се согласувам** и 10 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** голем дел од приврзаниците на радикалните исламистички групи се регрутирани во верските објекти за време на вршење на верски обреди и слушање на проповеди преку кои верниците се наведуваат кон радикално толкување на *Куранот*.

*Табела бр. 21*

| 21. Радикалните исламистички групи ги регрутираат своите приврзаници во училишта. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 7 | 17,5 % |
| Делумно се согласувам. | 26 | 65 % |
| Не се согласувам. | 4 | 10 % |
| Не знам. | 3 | 7,5 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Радикалните исламистички групи ги регрутираат своите приврзаници во училишта.

***Добиени резултати:*** 17,5 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, најголем дел или 65 % одговориле **делумно се согласувам**, 10 % одговориле **не се согласувам** и 7,5 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** иако верските училишта не доминираат како локација каде што се регрутираат нови приврзаници на радикалниот исламизам, сепак, улогата на овие училишта е доста значајна во поглед на појдовната точка за таргетирање/целење и регрутирање на нови приврзаници.

*Табела бр. 22*

| 22. Радикалните исламистички групи ги регрутираат своите приврзаници преку интернет, односно преку социјалните мрежи. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 29 | 72, 5% |
| Делумно се согласувам. | 10 | 25 % |
| Не се согласувам. | 0 | 0 % |
| Не знам. | 1 | 2,5 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Радикалните исламистички групи ги регрутираат своите приврзаници преку интернет, односно преку социјалните мрежи.

***Добиени резултати:*** Најголем дел од испитаниците или 72,5 % одговориле **се согласувам**, 25 % одговориле **делумно се согласувам,** 0% одговориле со **не се согласувам** и 2,5 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** како доминантен начин на регрутација на нови приврзаници се истакнуваат интернетот и социјалните мрежи. Ваквата констатација е резултат на сè поинтензивната употреба на технологијата од страна на радикалните исламистички групи, кои како и останатата светска популација го прилагодиле својот начин на делување на новиот модерен и технолошки начин на функционирање.

*Табела бр. 23*

| 23. Република Северна Македонија располага со соодветни капацитети за одговор на закани од радикален исламизам. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 11 | 27,5 % |
| Делумно се согласувам. | 23 | 57,5 % |
| Не се согласувам. | 5 | 12,5 % |
| Не знам. | 1 | 2,5 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Република Северна Македонија располага со соодветни капацитети за одговор на закани од радикален исламизам.

***Добиени резултати:*** 27,5 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, најголем дел од испитаниците или 57,5 % одговориле **делумно се согласувам**, 12,5 % одговориле **не се согласувам**, а 2,5 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** гледано од аспект на капацитети за одговор на закана од радикален исламизам, Република Северна Македонија располага со капацитети кои можат да дадат соодветен одговор на заканата. Најголем дел од капацитетите за одговор на заканата се лоцирани во делот на превенција и следење на активностите на радикалните исламистички групи и нивните контакти со истомисленици и соборци од други земји, особено од блискоисточните боишта. Испитаниците кои одговориле со **не се согласувам** во секој случај не дале неточен одговор, бидејќи секогаш треба да се земе предвид аспектот на анализирање на заканата, особено ако се анализира од аспект на технички капацитети со кои располагаат надлежните органи.

*Табела бр. 24*

| 24. Безбедносните служби во Република Северна Македонија ги следат активностите на радикалните исламистички групи. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 28 | 70 % |
| Делумно се согласувам. | 11 | 27,5 % |
| Не се согласувам. | 1 | 2,5 % |
| Не знам. | 0 | 0 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Безбедносните служби во Република Северна Македонија ги следат активностите на радикалните исламистички групи.

***Добиени резултати:*** Најголем дел од испитаниците или 70 % одговориле **се согласувам**, 27,5 % одговориле **делумно се согласувам**, 2,5 % одговориле **не се согласувам**, а со **не знам** не одговорил ниту еден испитаник.

***Резултатите покажуваат дека*** безбедносните служби на Северна Македонија, кои во рамките на своите надлежности го имаат справувањето со заканите од радикален исламизам, во најголем дел соодветно ги исполнуваат своите обврски и надлежности во делот на следење на активностите на радикалните исламистички групи. Поконкретно, соодветно преземените мерки и активности значат и навремена превенција од закана од радикален исламизам. Недостаток кој може да се лоцира во рамките на безбедносните служби е немањето соодветна техничка софистицирана опрема која во голема мера би го олеснила делувањето на човечките капацитети во рамки на службите. Фактот дека во изминатиот период се спречени неколку планирани терористички акти говори дека безбедносните служби со голема будност ги следат активностите на радикалните исламистички групи.

*Табела бр. 25*

| 25. Безбедносните служби успешно се справуваат со заканите од радикален исламизам. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 8 | 20 % |
| Делумно се согласувам. | 29 | 72,5 % |
| Не се согласувам. | 2 | 5 % |
| Не знам. | 1 | 2,5 % |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Безбедносните служби успешно се справуваат со заканите од радикален исламизам.

***Добиени резултати:*** 20 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, 72,5 % одговориле **делумно се согласувам**, 5 % одговориле **не се согласувам** и 2,5 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** најголем дел од испитаниците сметаат дека безбедносните служби делумно успешно се справуваат со заканите од радикален исламизам. Точноста на тврдењето произлегува и од фактот дека иако безбедносните служби преку своите активности успеваа да спречат извршување терористички акти од големи размери со човечки жртви, сепак, делувањето на радикалните исламистички групи не е сосема ограничено. Имено, случајот со последната акција од операцијата „Ќелија“, во која беа уапсени неколку припадници на радикална исламистичка група кои претходно одлежале затворска казна за учество во странска војска и помагање, покажува дека сè уште постои простор за унапредување на успешноста и ефективноста на безбедносните служби.

*Табела бр. 26*

| 26. Република Северна Македонија има соодветна законска регулатива за третирање на заканата од радикален исламизам. | Број | % |
|---|---|---|
| Се согласувам. | 6 | 15 % |
| Делумно се согласувам. | 8 | 20 % |

| | | |
|---|---|---|
| Не се согласувам. | 22 | 55 % |
| Не знам. | 4 | 10 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Северна Македонија има соодветна законска регулатива за третирање на заканата од радикален исламизам.

***Добиени резултати:*** 15 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, 20 % одговориле **делумно се согласувам**, најголем дел од испитаниците или 55 % одговориле **не се согласувам** и 10 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** високиот процент на испитаници кои одговориле дека не се согласуваат со исказот дека Северна Македонија има соодветна законска регулатива за третирање на заканата од радикален исламизам укажува дека постојат голем број недостатоци во Кривичниот законик со кој се опфатени делото тероризам и учество во странска војска, како и помагање или финансирање на терористички групи. Ова особено се однесува на времетраењето на затворските казни кои во балканските земји се доста помали во однос на оние во ЕУ, но и на третманот на лицата во затворските установи, како и нивното делување по одлежување на затворските казни. Особено е проблематичен делот на докажување на дејствието учество во странска војска, пред сè, поради немањето соодветни докази за истото.

*Табела бр. 27*

| 27. Република Северна Македонија може да понуди соодветни услови за реинтеграција на повратниците од | Број | % |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| странски војски или на осудениците за радикален исламизам. | | |
| Се согласувам. | 1 | 2,5 % |
| Делумно се согласувам. | 6 | 15 % |
| Не се согласувам. | 28 | 70 % |
| Не знам. | 5 | 12,5 % |
| Вкупно | 40 | 100 % |




***Исказ:*** Република Северна Македонија може да понуди соодветни услови за реинтеграција на повратниците од странски војски или на осудениците за радикален исламизам.

***Добиени резултати:*** 2,5 % од испитаниците одговориле **се согласувам**, 15 % одговориле **делумно се согласувам**, најголем број од испитаниците или 70 % одговориле **не се согласувам** и 12,5 % одговориле **не знам**.

***Резултатите покажуваат дека*** најголем дел од испитаниците сметаат дека Северна Македонија не може да понуди соодветни услови за реинтеграција на повратниците од странски војски или на осудениците за радикален исламизам. Фактичката и реалната досегашна состојба на ова поле го покажува истото. Имено, најголем дел од лицата уапсени во последната акција од операцијата „Ќелија“ веќе одлежале затворска казна, односно за време на издржување на казната во затворската установа не поминале успешен процес на дерадикализација. Повеќето од проектите кои се насочени кон ресоцијализација и реинтеграција на повратниците од странски војски се во рамите на ЕУ-проектите и се во надлежност на локалните самоуправи кои најчесто не располагаат со капацитети за нивно спроведување на терен.

**Одговорите на интервјуираните лица**, кои воедно се професионалци од областа на тероризмот и радикалниот исламизам, ги покажаа следниве резултати:

Исламот како вера сам по себе не претставува радикализам, но постојат поединци и групи кои злоупотребувајќи ја верата промовираат насилство со цел да ги изразат нивните радикални ставови кои се надвор од верските прописи. Почетоците на исламскиот радикализам имаат политичка позадина, односно потекнуваат од неусогласувањето на одредени лица со правата и слободите кои произлегуваат од верските закони. Радикалниот исламизам како поим често се злоупотребува со цел да се постигне манипулација со вистината заради остварување на одредени повисоки цели.

Постои разлика помеѓу строгото почитување на религиозните норми и приклонувањето кон радикалното размислување и екстремното толкување на исламот бидејќи исламот забранува екстремизам и радикално размислување. Битен елемент во почитувањето на исламските норми е и почитувањето на другите религии и строгата забрана за убивање во име на верата.

Повеќе фактори (затвори, интернет, медиуми, верски објекти, медреси) на различен начин придонесуваат во процесот на радикализација. Особена улога во процесот на радикализација имаат нелегалните верски објекти каде што предаваат самопрогласени имами кои не се дел од верските заедници. Главната улога во процесот на радикализација ја имаат самопрогласените имами кои со цел придобивање на што поголем број следбеници намерно грешно ги толкуваат верските одредби и правила.

Исто така, можноста за користење интернет и други алатки, особено социјалните апликации, го олеснува процесот на комуницирање надвор од матичната држава, што придонесува за побрзо ширење на нивните радикални идеологии. Важна улога играат и НВО кои преку своите активности регрутираат нови лица.

Младите лица кои се во фаза на социјално развивање се првата целна група на регрутерите од редовите на радикалните групи. Освен нив, целна група за регрутирање се и лицата од економско ранливите категории. Преку невладини организации или хуманитарни организации им се пристапува на овие млади лица и тие се регрутираат. Лесен плен за радикализација најчесто се млади лица кои имаат проблеми со нивното социјализирање во општеството, кои во средините на радикалните структури пронашле разбирање и поддршка.

Степенот на образование на лицата влијае во процесот на радикализација, но секогаш не е пречка за нивно радикализирање. Праксата покажува дека добар дел од радикализираните лица се образовани лица, но поради личните социјални проблеми кои ги имале биле манипулирани од страна на радикалните лица кои имаат улога во регрутирањето на нови лица и се дел од структурите на радикалните групи.

Домашните приврзаници на радикалниот ислам претставуваат поголема закана за националната безбедност на РСМ, но не треба да се исклучи и можноста за закана кон РСМ и од радикални лица од странски земји, бидејќи истите комуницираат меѓу себе и можат да бидат логистичари за приврзаниците на радикалните структури во РСМ.

Веројатноста за џихадисти на *ИД* да транзитираат низ Балканот и РСМ е голема имајќи предвид дека Балканот и РСМ се на маршрутата (западнобалканската) на мигрантското движење. Тие краток период би можеле да престојуваат во РСМ, но имајќи предвид дека цел на нападите се европските земји, истите во РСМ не би комуницирале со приврзаници на радикалните идеологии со цел да не бидат откриени и спречени во нивните намери. Оние кои се дојдени за да пренесат искуства (предавања, обука, радикализација) имаат контакти со приврзаниците на радикалниот исламизам во РСМ, но немаат намера да извршуваат терористички акти.

Во однос на бројот на странски борци кои им се приклучиле на терористичките организации во Сирија или Ирак, најголем број потекнуваат од европските земји. Според јавно достапните информации, само во Франција над 1 600 лица се приклучиле на боиштата во Сирија.

Имајќи го предвид бројот на населението во соодност со бројот на населението кое живее во европските држави, може да се заклучи дека голем е процентот на лица од РСМ кои им се приклучиле на терористичките организации. Што се однесува до повратниците, во РСМ е помал бројот на повратници во споредба со другите држави во регионот. Повратниците од боиштата во РСМ играат голема улога во процесот на радикализација, регрутирање и обука на нови приврзаници, бидејќи истите имаат теренска обука и искуство и во круговите на радикалните ќелии уживаат голема почит како џихадисти/борци.

Поголем дел од повратниците во РСМ и по отслужувањето на затворските казни биле инволвирани во вршење на радикализација и регрутација на нови приврзаници. Процесот на ресоцијализација или затворските казни не одиграле улога во нивното дерадикализирање.

Постоечката законска регулатива во РСМ не е доволна и сеопфатна во однос на справувањето со заканата од радикален исламизам. Поконкретно, на лицата опфатени во овие кривични дела им се дава можност за соработка/признавање на делото, со што им се скратува казната во минимална. Во затворите истите не поминуваат низ задолжителен процес на дерадикализација, тие комуницираат со нивните приврзаници и имаат пристап до телефон и интернет.

Процесот за реинтеграција и дерадикализација е неуспешен имајќи предвид дека бројот на лица кои се радикализираат е во пораст, а и нема конкретни програми за истите да можат да се реинтегрираат во општеството.

Во однос на идните активности за подобро справување со заканата од радикален исламизам, државата треба да има посериозен пристап кон нелегалните верски објекти, нивно затворање, како и кривично гонење на самопрогласените свештеници кои не се регистрирани во официјалните верски институции. Во насока на ограничување и спречување на радикализацијата и регрутацијата на нови приврзаници, пред сè, млади лица, државата треба да инвестира во младите во поглед на нивна правилна верска и општествена едукација и социјализација во општеството. Во делот на дерадикализацијата потребен е сериозен, сеопфатен и мултидисциплинарен пристап на повеќе нивоа со вклучување и активен придонес на професионалци со соодветна експертиза.

Од резултатите на истражувањето може да се утврди дека иако радикалните исламистички групи како такви не се директна закана по безбедноста на граѓаните во овој период, сепак, тие имаат капацитет негативно да влијаат врз безбедноста на граѓаните и на државата. Тоа укажува дека иако постои одреден ризик, сепак, нашата држава не спаѓа во високоризични држави кои се цел на радикалните исламистички групи во поглед на извршување на терористички акт. Во однос на приврзаниците на радикалниот исламизам, утврдено е дека нивниот број не е екстремно висок, но, сепак, е значителен имајќи го предвид соодносот по глава на жител. Еден од клучните предизвици кои се утврдени преку истражувањето, а со кои се соочува нашата држава, е фактот дека дел од верските објекти (џамии) се користат од радикалноисламистичките групи за спроведување на проповеди од страна на радикални свештени лица – имами. Овие верски објекти најчесто не се под контрола на ИВЗ и не се посетени од останатите умерени верници. На територијата на Северна Македонија се забележани лица приврзаници на радикалниот исламизам кои потекнуваат од други земји, но нивната улога во голем дел е сконцентрирана на пренесување искуства во вид на обуки, како и имами кои реализираат предавања и кои се со краток престој на нашата територија. Сепак, постојат и такви случаи кога радикални исламисти прикриени под превезот на мигранти влегуваат во нашата држава, но најчесто ја користат како транзитна територија.

Балканскиот регион иако не е на врвот според бројот на заминати борци на блискоисточните боишта, сепак, до сега се покажа дека располага со значителен потенцијал за продукција на идни борци. Приврзаниците кои се приклучуваат на радикалноисламистичките групи на Балканот во најголем дел се водени од социјално-општествени причини (сиромаштија, изолација, необразованост), но и поради финансиски причини, како и желбата за „света војна“. Според досегашните сознанија, оние лица кои поради желба за „света војна“ се приклучиле на ваквите групи, по заминувањето на боиштата на Блискиот Исток ја увиделе реалната состојба на терен која не била ни малку блиска до „света војна“ и истите овие лица правеле напори за враќање назад и за напуштање на редовите на *ИД*. Голем дел од приврзаниците на радикалните исламистички групи се регрутирани во верските објекти за време на вршење на верски обреди и слушање на проповеди преку кои верниците се наведуваат кон радикално толкување на

*Куранот*, како и во рамките на верските училишта, но, сепак, регрутацијата во најголем дел се одвива преку интернет и преку социјалните мрежи. Лесен плен за радикализација најчесто се младите лица кои имаат проблеми со нивното социјализирање во општеството, кои во средините на радикалните структури пронашле разбирање и поддршка.

Гледано од аспект на капацитетите за одговор на заканата од радикален исламизам, Република Северна Македонија располага со капацитети кои можат да дадат соодветен одговор на заканата. Најголем дел од капацитетите за одговор на заканата се лоцирани во делот на превенција и следење на активностите на радикалните исламистички групи и нивните контакти со истомисленици и соборци од други земји, особено од блискоисточните боишта. Безбедносните служби во Северна Македонија, кои во рамките на своите надлежности го имаат справувањето со заканите од радикален исламизам, во најголем дел соодветно ги исполнуваат своите обврски и надлежности во делот на следење на активностите на радикалните исламистички групи. Во однос на законската регулатива, констатирано е дека Северна Македонија не поседува најсоодветна законска регулатива за третирање на заканата од радикален исламизам, што произлегува од фактот дека постојат голем број недостатоци во Кривичниот законик со кој се опфатени делото тероризам и учество во странска војска, како и помагање или финансирање на терористички групи. Ова особено се однесува на времетраењето на затворските казни кои во балканските земји се доста помали во однос на оние во ЕУ, на третманот на лицата во затворските установи, како и на нивното делување по одлежување на затворските казни. Особено е проблематичен делот на докажување на дејствието учество во странска војска, пред сè, поради немањето соодветни докази за истото. Најголем дел од испитаниците сметаат дека Северна Македонија не може да понуди соодветни услови за реинтеграција на повратниците од странски војски или на осудениците за радикален исламизам. Фактичката и реалната досегашна состојба на ова поле го покажува истото. Имено, најголем дел од лицата уапсени во последната акција од операцијата „Ќелија“ веќе одлежале затворска казна, односно за време на издржување на казната во затворската установа не поминале успешен процес на дерадикализација.

## 5.3. Препораки за надминување на недостатоците во борбата против радикалниот исламизам во Република Северна Македонија

Нашата држава, гледано од поширок аспект, во справувањето со радикалниот исламизам се води според препораките на ЕУ, САД, Акцискиот план за превенција на насилен екстремизам на Генералниот секретар на ОН. Исто така, РСМ ја унапредува регионалната соработка, особено со Албанија, Косово и Босна и Херцеговина[229]. Покрај

[229] Национална стратегија за борба против насилен екстремизамI. NATIONAL STRATEGY OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA FOR COUNTERING VIOLENT EXTREMISM II. NATIONAL STRATEGY OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA FOR COUNTERING TERRORISM (vlada.mk)

регионалната соработка помеѓу балканските земји засегнати од заканата од радикален исламизам, потребно е насочување на вниманието кон предизвиците од радикалниот исламизам на национално ниво. Иако суштинските препораки се содржани во Националната стратегија за борба против насилен екстремизам, сепак, од веќе утврдените недостатоци на системот во борбата против радикалниот исламизам и тероризмот воопшто, може да се изведат неколку препораки за надминување на овие недостатоци:

- Меѓуинституционална соработка – во поглед на размена на сознанија за приврзаниците на радикалниот исламизам, размена на искуства и практики во поглед на ефикасна детекција и следење на нивните активности.

- Донесување детален акциски план за имплементација на Националната стратегија за борба против тероризмот со посочени временски рамки/буџет/реализатори[230], како и поактивна улога на Националниот координатор за спротивставување на насилниот екстремизам во насока на обезбедување навремено спроведување на стратегијата.

- Сериозен, сеопфатен и мултидисциплинарен пристап. Процесот на реинтеграција и дерадикализација се покажа како неуспешен имајќи предвид дека бројот на лица кои се радикализираат е во пораст, а и нема конкретни програми за истите да можат да се реинтегрираат во општеството. Поради тоа, потребен е сериозен, сеопфатен и мултидисциплинарен пристап на повеќе нивоа со вклучување и активен придонес на професионалци со соодветна експертиза. Тука може да се издвои социолошкиот аспект кој има клучна улога во процесот на радикализација. Во таа насока, неопходни се стратешки анализи кои ќе ги проучат социолошките појави и причините за радикализација[231].

- Правилна верска и општествена едукација. Во насока на ограничување и спречување на радикализација и регрутација на нови приврзаници, пред сè, млади лица, државата треба да инвестира во младите во поглед на нивната правилна верска и општествена едукација и социјализација во општеството. За таа цел, потребно е спроведување на постојана едукација од страна на експерти кои преку пренесување на своето искуство од областа ќе придонесат за подигнување на свеста и правилната едукација на младите, што ќе влијае позитивно и во борбата против верскиот радикализам. Оваа едукација треба да биде насочена и кон кадрите во безбедносните служби во насока на унапредување на нивната експертиза[232]. Едукацијата, несомнено, треба да биде спроведувана и во рамките на образовниот процес со цел младите уште од најрана возраст да бидат правилно информирани за религиските вредности.

---

[230] extremisim-mk-updated-FINAL-UPDATED-web_b30f9.pdf (analyticamk.org)

[231] Malis Sazdovska, Marina, „The Macedonian Approach to the Figft against Terrorism“, *The fight against terrorism and crisis management in the Western Blkans*, IOS Press, 2008.

[232] Ибид.

- Активна вклученост на ИВЗ – во насока на вклучување во програмите за ресоцијализација, посериозен пристап кон нелегалните верски објекти, нивно затворање, како и кривично гонење на самопрогласените свештеници кои не се регистрирани во официјалните верски институции, поголема присутност во јавноста со цел правилна промоција на религијата, алармирање на надлежните институции за појава на структури кои проjавуваат знаци на промоција на радикални ставови.

- Ажурирање на постоечката законска регулатива во РСМ. Истата не е доволна и сеопфатна во однос на справување со заканата од радикален исламизам; на лицата опфатени во овие кривични дела им се дава можност за соработка/признавање на делото, со што им се скратува казната во минимална. Законските казни се многу пониски (3 до 5 години) во споредба со европските, со што се овозможува продолжување на радикалните активности на овие лица по краткиот престој во затвор. Како земја кандидат за членство во ЕУ постои потреба од усогласување на казнените одредби за гонење на приврзаниците на радикалниот исламизам, бидејќи земјите членки на ЕУ имаат утврдено поригорозни казнени одредби.

- Потреба од поголема контрола на осудениците за верски радикализам во затворите, нивно одвојување од другите затвореници, но и спречување на нивните меѓусебни контакти. Во затворите истите не поминуваат низ задолжителен процес на дерадикализација, тие комуницираат со нивните приврзаници и имаат пристап до телефон и интернет.

- Подигнување на јавната свест и разбирање на заканата од радикален исламизам – во насока на превенција од радикализација. Целта на јасното разбирање на негативните аспекти на радикалниот исламизам, како и на последиците од приклучувањето кон ваквите групи, ќе претставува првиот одвраќачки чекор.

- Ставање акцент на единиците на локалната самоуправа во борбата со радикалниот исламизам кои имаат подиректен пристап до локалните муслимански заедници. Поконкретно, активности насочени кон водење кампањи за превенција/спречување на радикален исламизам, комуникација со надлежни институции на локално ниво и сл.

- Активна вклученост на граѓанските организации – во насока на спроведување едукативни кампањи на локално и национално ниво за информирање на граѓаните за превенцијата и за раното препознавање на знаците кои укажуваат на насилен ектремизам и/или радикализација меѓу младите, примена на неформалното образование во развојот на критичкото размислување кај младите, следење и оценка на спроведувањето на мерките за превенција и справување со насилен екстремизам на локално и национално ниво,

идентификување на факторите за појава на насилен екстремизам и радикализација преку истражувања и анализи[233].

- Унапредување и модернизација на инструментите и механизмите на безбедносните служби за следење на активностите на радикалноисламистичките групи и справување со истите. Тука може да се издвои потребата од поголема полициска контрола на пограничниот појас на меѓудржавните тромеѓа кои се покажале како невралгични точки.

- Следење и имплементирање на европските безбедносни и одбранбени политики во насока на обезбедување асистенција во случај на терористички напад[234].

[233] Документ со препораки за превенција на насилен екстремизам меѓу младите
Microsoft Word - Dokument so site preporaki V6 (sega.org.mk)
[234] Ибид.

# ЗАКЛУЧОК

Во овој докторски труд вниманието е насочено кон неколку битни поенти. Најпрво, направена е диференцијација и објаснување на термините **ислам**, **исламизам** и **радикален исламизам,** што е од клучно значење за понатамошното истражување со цел да се избегнат недоразбирањата и погрешното оквалификување на верските учења. Исто така, друга значајна поента е историскиот развој и настанокот на радикалниот исламизам и радикалноисламистичките групи, како и анализата на најрепрезентативните радикалноисламистички групи и нивните карактеристики, активности и модус операнди. Но, она што претставува клучна поента на овој труд е утврдување и елаборирање на активностите на радикалните исламистички групи на Балканот, а особено во Северна Македонија и влијанието врз националната безбедност на нашата држава.

Целите на радикалните исламисти во регионот на Западен Балкан може да се класифицираат како историски, стратегиски, тактички и оперативни. Сите цели на нивната борба се од историска и стратешка природа, додека целите на групите или исламистичките организации се оперативни, тактички и стратешки. Историските цели на радикалноисламистичките групи на Балканот подразбираат издигнување на исламот како единствена и универзална светска религија и создавање *умма-општество* кое ќе ги прифати сите муслимани во светот. Постојат низа стратегиски цели кои би требало да се реализираат во насока на постигнување на историските цели. Стратегиските цели опфаќаат ширење на радикалниот исламизам преку придобивање верници и приврзаници на радикалните доктрини, формирање воени организации, обединување на радикалноисламистичките групи и движења со цел постигнување на идентификација на масите со активностите на радикалните исламисти, ослободување на заробеници со цел да придонесат во глобалниот џихад. Главна стратешка цел на радикалните исламисти на Балканот е создавање балкански емират, калифат или вилает (во зависност од вокабуларот на проповедниците). Тоа би значело некаков облик на балканска верска држава која би ги опфатила: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, делови од Црна Гора и Србија (Санџак). Сепак, треба да се има предвид дека стратегиските цели на балканските земји не се во целост еднакви. Тактичките цели на радикалните исламисти на Балканот водат кон ажурирање на стратегиските цели од кои тие претставуваат суштински дел. Како тактички цели може да се дефинираат конкретните дејствија на одмазда (на повратниците), нападите на противниците, зајакнувањето на нивните позиции во општеството, формирањето на параџемаати, разновидните активности за квантитативно, кадровско и финансиско зајакнување, користењето на средства за јавно информирање со цел пропагирање на нивните идеи и мобилизација на членството. Оперативните цели вклучуваат и поединечни специфични цели на најниско општо ниво на конкретизирање на тактичките цели. Поконкретно, тоа би значело остварување на оперативните цели, како што се: напади врз политички и верски објекти, директни напади врз високи политички,

полициски или воени функционери, создавајќи чувство на несигурност кај населението од друга вероисповест[235].

Резултатите од истражувањето покажаа дека националната безбедност на нашата држава е засегната од повеќе аспекти во однос на радикалниот исламизам. Имено, освен како регрутациска база, територијата на РСМ е во голема мера засегната од повратниците од блискоисточните боишта. Неретко, нашата држава како дел од западнобалканската миграциска маршрута претставува и транзитна зона на потенцијалните извршители на терористички акти ширум Европа[236] за кои одговорност презема групата *Исламска држава*. Заканите кон националната безбедност на Република Северна Македонија произлегуваат од големата веројатност дека токму овие потенцијални терористи при својот транзит низ нашата држава остваруваат контакти со домашни верско радикални лица. Ваквите контакти оставаат простор за продлабочување на влијанието на радикалните исламистички групи во Република Северна Македонија, во насока на добивање инструкции, поддршка, помош во обука и пренесување на искуства од борците од блискоисточните боишта. Од друга страна, приврзаниците на радикалноисламистичките групи во Република Северна Македонија им пружаат логистика во однос на привремено сместување, транспорт од еден до друг граничен премин (влез и излез од државата), како и логистичка поддршка од повеќе аспекти. Имено, приврзаниците на радикалните исламистички групи на Балканот имаат потенцијал да обезбедат опрема и оружје кои би им биле потребни на потенцијалните извршители на терористички акти кои под превезот на мигранти транзитираат низ Балканот. Ваквиот потенцијал произлегува од конфликтното минато на Балканскиот Полуостров, односно големи количини на оружје сè уште циркулираат на црниот пазар и помеѓу криминалните групи.

Групите кои делуваат на територија на Република Македонија остваруваат контакти со верско радикалните групи од соседните земји, особено имајќи ја предвид етничката и јазичната поврзаност. Припадниците на овие групи неретко имаат двојни или тројни државјанства, па поради тоа не може да се утврди точната бројка на припадници во една држава. Радикалните исламисти го задржале своето присуство на Балканот, и покрај спротивставувањата на исламските верски заедници, што во најголем дел се должи на финансиската поддршка од Саудиска Арабија и од некои други земји. Овој фактор е од особено значење имајќи ги предвид балканските општества кои се карактеризираат со сиромаштија и невработеност.

---

[235] Azinović, V. (2015). Bosnia and Herzegovina and the nexus with Islamist extremism. Democratization policy council. http://www.democratizationpolicy.org/pdf/BDaily_BiH%20&%20Nexus%20with%20Islamist%20Extremism_pp.8-9.8-9.pdf

[236] МВР регистрирала четворица мигранти со сириско потекло кои транзитирале низ земјава под името Ахмад Алмохамед. За лице со таков идентитет се претпоставува дека е еден од извршителите на терористичките напади во Париз во 2015 година. https://meta.mk/mvr-chetvoritsa-ahmadi-almohamedi-pominale-niz-makedonija/

Од голем придонес и значење за идното следење и справување со заканата од радикален исламизам е разбирањето на моделите и теориите на радикализација. Нивното разбирање и примена од страна на надлежните институции и општествените чинители во голема мера може да придонесе најпрво за превенција и одвраќање, а потоа и за успешно справување со предизвиците кои произлегуваат од сите аспекти на радикалниот исламизам. Исто така, и регрутацијата на нови приврзаници на радикалниот исламизам е многу значаен елемент кој дава многу корисни сознанија за тоа како еволуирал процесот на приклучување и привлекување на поединци и групи кон прифаќање и делување во рамките на радикалноисламистичките групи. Големо влијание врз процесот на регрутација извршиле случувањата од 11.9.2001 година, кои придонеле кон промена на процесот на регрутација од горе, па надолу и примена на процесот од долу, па нагоре, што резултирало со создавање и егзистирање на изобилство од повеќе паралелни мрежи, сите меѓу себе лабаво поврзани.

Справувањето со заканата од радикален исламизам се истакна како голем предизвик за балканските земји. Балканските земји се покажаа како нецелосно ефикасни во поглед на спречување на радикализација и регрутација на нови приврзаници на радикалниот исламизам. Ова тврдење произлегува од фактот дека во овие земји сè уште се одвиваат процесите на регрутација и радикализација, но она што загрижува повеќе е несоодветниот третман на повратниците од странските боишта кои се соочуваат со несоодветни затворски казни во споредба со европските, но и со потешкотии во судските процеси во однос на докажување на нивната вина. Потребата од заедничка соработка на балканските земји е од исклучително значење за идното справување со заканата од радикален исламизам на Балканот. Ваквата соработка треба да биде посеопфатна и мултидисциплинарна, со вклучување на сите засегнати страни, и тоа не само во рамките на меѓународните институции туку и на регионално ниво.

Актуелната состојба со радикалниот исламизам на глобално ниво, гледана низ призмата на влијанието врз случувањата на Балканот, треба да се анализира од неколку аспекти. Имено, згаснувањето на воените жаришта и ограничените активности на радикалните исламисти во Ирак и Сирија не значеа затворање на проблемот наречен радикален исламизам. Доаѓањето на талибанците на власт во Авганистан значеше отворање на нови порти за ширење на радикалниот исламизам. *Исламска држава Корасан* е групата за која во иднина може да бидат регрутирани нови приврзаници на радикалниот исламизам. Од таа причина, надлежните органи на балканските земји своите активности за превенција и справување со делувањето на радикалноисламистичките групи треба да ги следат низ призмата на регрутирање на борци за новоотворените боишта, давање логистичка поддршка, финансирање на истите, како и активности на евентуалните борци повратници. Тоа значи дека балканските и европските земји треба да останат будни во поглед на следење на состојбите со радикалниот исламизам и предизвиците кои произлегуваат оттаму.

## ПРИЛОЗИ

**ПРАШАЛНИК:** РАДИКАЛНИ ИСЛАМИСТИЧКИ ГРУПИ НА БАЛКАНОТ И НИВНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НБ НА РСМ

1. Пол:

- Машки.
- Женски.

2. Кое е нивото на Вашето образование?

- Основно образование.
- Средно образование.
- Студент.
- Високо образование.
- Магистер.
- Доктор на науки.

3. Колку години работен стаж имате?

- До 2 години.
- Од 2 до 5 години.
- Од 5 до 15 години.
- Од 15 до 25 години.
- Од 25 до 30 години.
- Повеќе од 30 години.

4. Дали сте на раководна позиција?

- Да.
- Не.

РАДИКАЛЕН ИСЛАМИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И НА БАЛКАНОТ

5. Радикалниот исламизам како појава има негативна конотација.

- Се согласувам.

- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

6. Радикалните исламистички групи можат да ја загрозат безбедноста на граѓаните на Република Северна Македонија.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

7. Постои ризик од извршување терористички напад од страна на радикални исламистички групи во Република Северна Македонија.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

8. Во Република Северна Македонија делуваат голем број приврзаници на радикалниот исламизам.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

9. Постои видливо присуство на приврзаници на радикалниот исламизам во Република Северна Македонија.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

10. Делувањето на приврзаниците на радикалниот ислам во Република Северна Македонија е тајно.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

11. Локациите на кои се среќаваат радикалните исламисти се изолирани од пошироката јавност.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

12. Проповедите на радикалните свештеници се одвиваат во верски објекти кои не се под контрола на ИВЗ во Република Северна Македонија.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

13. Во рамките на ИВЗ во Република Северна Македонија постојат паралелни структури кои проповедаат радикален исламизам.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

14. Во Република Северна Македонија делуваат и лица од други земји како дел од радикални исламистички групи.

- Се согласувам.

- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

15. Бројот на приврзаници на радикалниот исламизам кои заминале да се борат во редовите на групата *Исламска држава* е значителен.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

16. Балканот како регион има потенцијал за продукција на идни борци на блискоисточните боишта.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

РЕГРУТАЦИЈА НА ПРИВРЗАНИЦИ

17. Приврзаниците се приклучуваат кон радикалноисламистичките групи на Балканот поради социјално-општествени причини (сиромаштија, изолација, необразованост)?

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

18. Приврзаниците се приклучуваат кон радикалноисламистичките групи на Балканот поради финансиски причини.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.

- Не се согласувам.
- Не знам.

19. Привrзаниците свесно се приклучуваат кон радикални исламистички групи поради желба за „света војна“.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

20. Радикалните исламистички групи ги регрутираат своите приврзаници во верски објекти.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

21. Радикалните исламистички групи ги регрутираат своите приврзаници во училишта.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

22. Радикалните исламистички групи ги регрутираат своите приврзаници преку интернет, односно преку социјалните мрежи.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

КАПАЦИТЕТИ НА РСМ ЗА ОДГОВОР И СПРАВУВАЊЕ СО РАДИКАЛЕН ИСЛАМИЗАМ

23. Република Северна Македонија располага со соодветни капацитети за одговор на закани од радикален исламизам.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

24. Безбедносните служби во Република Северна Македонија ги следат активностите на радикалните исламистички групи.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

25. Безбедносните служби успешно се справуваат со заканите од радикален исламизам.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

26. Република Северна Македонија има соодветна законска регулатива за третирање на заканата од радикален исламизам.

- Се согласувам.
- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

27. Република Северна Македонија може да понуди соодветни услови за реинтеграција на повратниците од странски војски или на осудениците за радикален исламизам.

- Се согласувам.

- Делумно се согласувам.
- Не се согласувам.
- Не знам.

**ИНТЕРВЈУ:** РАДИКАЛНИ ИСЛАМИСТИЧКИ ГРУПИ НА БАЛКАНОТ И НИВНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Пол:

- Машки.
- Женски.

2. Кој е вашиот степен на образование?

- Средно образование.
- Високо образование.
- Магистер.
- Доктор на науки.

3. Работен стаж (во години).

____________________________

4. Дали сте на раководна позиција?

- Да.
- Не.

5. Што подразбирате под поимот радикален исламизам?

6. Каде може да ја лоцирате почетната точка на радикализација на новите приврзаници?

7. Кои се клучните фактори за радикализација (затвори, интернет, медиуми, верски објекти, медреси)?

8. Која целна група е најподложна на радикализација?

9. Како степенот на образование влијае врз одредена индивидуа во поглед на поврзување со радикалноисламистички групи?

10. Колкава е границата помеѓу строгото почитување на религиозните норми и приклонувањето кон радикално размислување и екстремно толкување на исламот?

11. Каква е улогата на свештените лица − имами во процесот на радикализација?

12. Колкава е веројатноста дел од мигрантите кои транзитираат низ нашата држава да бидат приврзаници или борци на *Исламска држава* (*ИД*)?; Дали тие остануваат одреден период во државава со цел регрутација на нови приврзаници или вршење на обука?

13. Во рамките на Европа, на кој дел од скалата се наоѓа РСМ во однос на заминати радикални исламисти на боиштата, како и на повратници од овие боишта?

14. Дали Балканот, во рамки на Европа, доминира по бројност во однос на странски борци во *ИД*?

15. Кој претставува поголема закана за националната безбедност на РСМ: домашните приврзаници на радикалниот исламизам или радикалните исламисти од странските земји?

16. Како повратниците од боиштата на Блискиот Исток влијаат на целокупниот процес на радикализација, регрутација и обука на нови приврзаници?

17. Колкав дел од повратниците повторно биле инволвирани во вршење на радикализација или регрутација на нови приврзаници?

18. Дали повратниците го повторуваат делото по отслужување на казната?

Во неколку случаи е потврдено дека повратниците од боиштата од Блискиот Исток го повторуваат делото.

19. Дали постоечката законска регулатива е доволна и сеопфатна во однос на справувањето со заканата од радикален исламизам во РСМ?

20. Каде државата треба да ги насочи своите ресурси за да ја ограничи и да ја намали регрутацијата на новите приврзаници?; Што треба да направиме како држава за младите луѓе да не бидат привлечени од овие групи?

21. До каде е РСМ во однос на програмите за реинтеграција и дерадикализација?

БИБЛИОГРАФИЈА

Andrew Slike, Holy Warriors: Exploring the Psychological Processes of Jihadi Radicalization, European Journal of Criminology, 2008

AIVD, Recruitment for the Jihad in the Netherlands. From Incident to Trend. General Intelligence and Security Service of the Netherlands (AIVD), 2002

Alija Izetbegović, Islamska deklaracija, 1990

Charles Lister, “Profiling the Islamic State.”, Brookings Doha Center Analysis Paper, 2014

Clark McCauley and Sophia Moskalenko, ***Mechanisms of Political Radicalization: Pathways Toward Terrorism*****,** Psychology Department, Bryn Mawr College, Bryn Mawr, Pennsylvania, USA, 2008

Darko Trifunović, Stojaković Goran; Vračar Milinko: Terorizam i vehabizam, Filip Višnjić, Beograd, 2011

Daniela Pisoiu, Islamist Radicalisation in Europe: An Occupational Change Process, Taylor & Francis Ltd, London 2013

Daniel Byman, AL QAEDA, THE ISLAMIC STATE, AND THE GLOBAL JIHADIST MOVEMENT (what everyone needs to know), Oxford University Press, 2015

Daniel Byman, interview withW. McCants, April 7, 2014.

Daniel Milton, “The Islamic State: An Adaptive Organization Facing Increasing Challenges,” in Lahoud et al., *The Group That Calls Itself a State*, Combating Terrorism Center, West Point, 2014

Don Van Natta and Desmond Butler, Anger on Iraq seen as new Qaeda recruiting Tool. New York Times, March 16, 2003

D'Emilio Frances, Italian Authorities Break up Islamic Cell. Associated Press, May 9, 2004

Dţevad Galijašević, Era terorizma u BiH, Filip Višnjić, Beograd, 2007

Dţon R. Šindler, Nesveti teror, Sluţbeni glasnik, Beograd, 2009

Emerson Vermaat, Bin Laden's terror networks in Europe. The Mackenzie Institute, 2002

Evan F. Kohlmann, Al-Qaida's Jihad in Europe. The Afghan-Bosnian Network. Oxford, Berg, 2004

Erik. S. M. Akerboom, Counter-Terrorism in the Netherlands. General Intelligence and Security Service of the Netherlands (AIVD), 2003

Gabriel Weimann, New Terrorism and New Media, Washington, DC: Commons Lab of the Woodrow Wilson International Center for Scholars, 2014

Jamal Abdul Rahim, *Abu Musam al-Zarqawi, Sehikh of al-Qaeda in the Land of the Two Rivers*, Cairo, Arabyah, 2005

Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Michael King, The edge of violence- a radical approach to extremism, Demos, London, 2010.

Janos Besenyő et al. Az Iszlám Állam - Terrorizmus 2.0; Történet, ideológia, propaganda. Budapest: Kossuth kiadó,2016

Jutte Klausen, *Tweeting the Jihad: Social Media Networks of Western Foreign Fighters in Syria and Iraq,* Studies in Conflict & Terrorism, 2015

Krešimir KROLO, Ivan PUZEK, UPOTREBA INTERNETSKIH DRUŠTVENIH MREŽA I PARTICIPACIJSKE DIMENZIJE DRUŠTVENOGA KAPITALA MLADIH NA PRIMJERU FACEBOOKA, Sveučilište u Zadru, Zadar, 2014

Laura Huey, *This is Not Your Mother's Terrorism: Social Media, Online Radicalization and the Practice of Political Jamming*, The Center for the Study of Terrorism and Political Violence, Journal of Terrorism Research, JTR Volume 6, Issue 2 – May 2015

Malis Sazdovska, Marina, „The Macedonian Approach to the Figft against Terrorism“, *The fight against terrorism and crisis management in the Western Blkans,* IOS Press, 2008

Major General Abdulaziz Al Ansari, The Process Of Radicalization In The Information Society Era, 7th Annual INTERPA Conference in Doha during 2-4 April 2018

Marc Sageman, Misunderstanding Terrorism, Philadelphia, PA: University of Pennsylvania Press, 2016

Mark Sageman, Understanding Terrorist Networks. Philadelphia, University of Pennsylvania Press, 2004

Marko Rakic & Dragisa Jurisic, Wahhabism as a militant form of Islam on Europe's doorstep. Studies in Conflict & Terrorism, 2012

Michael A. Palmer, *The Last Crusade: Americanism and the Islamic Reformation*, Washington, D.C., Potomac Books, Inc, 2007

Michael Taarnby**,** Recruitment of Islamist terrorists in Europe Trends and perspectives. Aarhus Centre for Cultural Research, University of Aarhus, Aarhus, 2005

Mitchell D. Silber and Arvin Bhatt, *Radicalization in the West: The Homegrown Threat*, NYPD Intelligence Division, New York 2007

Milan Mijalkovski Damjanov Petar: Terorizam albanskih ekstremista, novinsko izdavački centar Vojska, Beograd, 2002

Mitko Kotovchevski. “Wahhabism in the Balkans: Islamic threat or threat to the Islam”, Security Dialogues 4/1. 2013

Nathan K. Schneider, ISIS and Social Media: The Combatant Commander's Guide to Countering ISIS's Social Media Campaign, NAVAL WAR COLLEGE NEWPORT RI JOINT MILITARY OPERATIONS DEPT, 2015

Nelly Lahoud, *The Group That Calls Itself a State*, THE COMBATING TERRORISM CENTER AT WEST POINT, December 2014

Oliver Poteţica,Vehabije izmeĐu istine i predrasude, Filip Višnjić, Beograd, 2007

Paul Gill,‘Suicide Bomber Pathways Among Islamic Militants’, *Policing: A Journal of Policy and Practice* 4, 2008

Per-Olof H. Wikström, Noémie Bouhana, Analyzing Radicalization and Terrorism, A Situational Action Theory, John Wiley & Sons, 2016

*Radicalization in the West: The Homegrown Threat*, NYPD report, 2007

Robert S. Leiken, Bearers of Global Jihad? Immigration and National Security after 9/11. The Nixon Center, Washington D. C., 2004

Rohan Gunaratna, The Post-Madrid Face of Al Qaeda. Washington Quarterly 27, 2004

Sebastian Gorka, Al-Qaeda's next Generation. Terrorism Monitor **2**, 2004

Steven Emerson, *American Jihad: The Terrorists Living Among Us*, New York, The Free Press, 2002

Thomas H. Kean, and Lee H. Hamilton, The 9/11 Report. The National Commission on Terrorists Attacks Upon the United States. The New York, New York, Times, 2004

Toby Helm, Drive to halt spread of al-Qa'eda in UK. Telegraph, May 31, 2004

Tomas Precht, „Home grown terrorism and Islamist radicalization in Europe“, *An assessment of the factors influencing violent Islamist extremism and suggestions for counter radicalization measures*, Danish Ministry of Justice, December 2007

Wagy Loza, The psychology of extremism and terrorism: A Middle-Eastern perspective, Queen's University (Psychiatry) Canada, 2008

Walter Garrison Runciman, Relative deprivation and social justice: a study of attitudes to social inequality in twentieth-century England, University of California Press, 1966

Youssef H. Aboul-Enien, *Militant Islamist Ideology: Understanding the Global Threat*, Annapolis, Maryland, Naval Institute Press, 2010

Aaron Y. Zelin, "The War Between ISIS and al-Qaeda for Supremacy of the Global Jihadist Movement," *Research Notes*, Number 20, The Washington Institute for Near East Policy, June 2014, http://www.washingtoninstitute.org/uploads/Documents/pubs/ResearchNote_20_Zelin.pdf

Aaron Zelin, "The Islamic State of Iraq and Syria Has a Consumer Protection Office," *The Atlantic*, June 13, 2014, http://www.theatlantic.com/international/archive/2014/06/the-isis-guide-to-building-an-islamic-state/372769/

Barry O'Neill, "The Bosnian connection", The Guardian. 6 July 2007. http://www.theguardian.com/commentisfree/007/jul/06/thebosnianconnection

Balkanpeace (2000). 7th Bosnian Muslim Brigade. http://www.balkanpeace.org

Becirevic, Edina, „ The Bosnian Approach to the Figh against Terrorism", *The fight against terrorism and crisis management in the Western Blkans*, IOS Press, 2008

Charles Lister, "Profiling the Islamic State.", report from December 2014, https://www.brookings.edu/research/profiling-the-islamic-state/

Crisopher Deliso, "Fissures in Balkan Islam". The Christian Science Monitor. 14 Feb 2006. http://www.csmonitor.com/2006/0214/p06s02-woeu.html

Daryl L. Hunter, „Militant Islam 101: A history", *Citizens For a Freer America*, 2007. 08.12.2014. http://www.free-press.biz/usa/Islamism-101.htm

Elena Guskova, "Islamic State Coming to Balkans (II) (Not All Immigrants are Asylum Seekers)". Strategic Culture Foundation. 10 July 2015. http://www.strategic-culture.org/news/2015/07/10/islamic-state-coming-to-balkans-ii

ELizabeth Dickinson, "Playing with Fire: Why Private Gulf Financing for Syria's Extremist Rebels Risks Igniting Sectarian Conflict at Home," The Brookings Project on U.S. Relations with the Islamic World, Analysis Paper Number 16, The Saban Center at Brookings, December 2013, http://www.brookings.edu/~/media/research/files/papers/2013/12/06%20private%20gulf%20financing%20syria%20extremist%20rebels%20sectarian%20conflict%20dickinson/private%20gulf%20financing%20syria%20extremist%20rebels%20sectarian%20conflict%20dickinson.pdf

Fathali M. Moghaddam, The Staircase to Terrorism A Psychological Exploration, http://fathalimoghaddam.com/wp-content/uploads/2013/10/1256627851.pdf

Gordon Bardos, "Jihad in the Balkans: The Next Generation". World Affairs Journal Sep/Oct 2014. http://www.worldaffairsjournal.org/article/jihad-balkans-next-generation

Janos Besenyő, "Can the „Arab Spring" present a real threat to Europe?". Strategic Impact 50/1. 2014. http://www.scribd.com/doc/241476196/Can-the-Arab-Spring-present-a-real-threat-to-Europe

Jess McHugh, "ISIS In Europe? Islamist Extremists Buying Land In Bosnia Herzegovina: Amid Islamic State Terror Fears: Report". IB Times. 21 Jan 2016. http://www.ibtimes.com/isis-europe-islamist-extremists-buyingland-bosnia-herzegovina-amid-islamic-state-2274284

Jessica D. Lewis, "The Islamic State: A Counter-Strategy for a Counter-State,"Institute for the Study of War, July 2014, http://www.understandingwar.org/report/islamic-state-counter-strategy-counter-state

Jay Caspian Kang, ISIS's Call of Duty, The New Yorker, 2014, https://www.newyorker.com/tech/annals-of-technology/isis-video-game

Kenet Morrison, "Wahhabism in the Balkans". Defence Academy of the United Kingdom, 2008. http://mercury.ethz.ch/serviceengine/Files/ISN/50179/ipublicationdocument_singledocument/70c664de-0b1c-4ec2-9eb7-4158e38e87a0/en/2008_March_Wahabism.pdf

Lyz Sly, "Al-Qaeda Disavows Any Ties with Radical Islamist ISIS Group in Syria, Iraq," *Washington Post*, February 3, 2014, http://www.washingtonpost.com/world/middle_east/al -qaeda-di savows-any-ties-withradical-islamist-isis-group-in-syria-iraq/2014/02/03/2c9afc3a-8cef-11e3-98ab-fe5228217bd1_story.html

Nicholas Rasmussen, "Countering Violent Extremism: The Urgent Threat of Foreign Fighters and Homegrown Terror," prepared statement before the House Committee on Homeland Security, February 11, 2015, http://docs.house.gov/meetings/HM/HM00/20150211/102901/HHRG-114-HM00-Wstate-RasmussenN-20150211.pdf.

Patric Hill, and Ed Wight, "ISIS set up stronghold in the heart of Europe as terrorists secretly buy land near an isolated village". Mirror. 22 July 2015. http://www.mirror.co.uk/news/world-news/isis-set-up-stronghold-heart-6094785,

Pande Petrovski,"Testimonials: 2001". Toronto: Risto Stefov Publications, 2015. http://www.macedonianhistory.ca/Stefov_Risto/Testimonials%20-%202001%20-%20ebook.pdf

Peter Dale Scott, "Bosnia, Kosovo, and Now Libya: The Human Costs of Washington's On-Going Collusion with Terrorists". *The Asia-Pacific Journal* 9/31. 2011. http://apjjf.org/2011/9/31/Peter-Dale-Scott/3578/article.html

Quintan Wiktorowicz, A Genealogy of Radical Islam, Depratment of International Studies, Rhodes College, Memphis, Tennessee, 2004. http://insct.syr.edu/wp-content/uploads/2013/03/Wicktorovitcz.2005.Geneology-of-Radical-Islam.pdf

USDOJ (2004). Al Qaeda Training Manual. United States Department of Justice. http://usdoj.gov/ag/trainingmanual.htm

Vlado Azinović, (2015). Bosnia and Herzegovina and the nexus with Islamist extremism. Democratization policy council. Pridobljeno na: http://www.democratizationpolicy.org/pdf/BDaily_BiH%20&%20 Nexus%20with%20Islamist%20Extremism_pp.8-9.8-9.pdf

William McCants, "Black Flag [Slide Show]," *Foreign Policy*, November 7, 2011, http://www.foreignpolicy.com/articles/2011/11/07/black_flag_al_qaeda

Zekeria Idrizi, Wahhabism said spreading among Albanians in Macedonia, Kosovo, 26.12.2005, http://www.islamdaily.org/en/wahabism/3886.wahhabism-said-spreading-among-albanians-in-macedo.htm

Борче Чамински, *Милитантниот исламизам како закана по регионалната безбедност на ЈИЕ*, Скопје: Воена Академија „Генерал Михајло Апостолски", 2015

Владо Азиновиќ и Мухамед Јусиќ (2015), „Мамката на сириската војна: Странски борци – Босанскиот контингент", Сараево. Достапно на: http://bit.ly/1XTdwp6

Европска комисија, РАН-прирачник: одговор за повратници, јули 2017. Достапно на: https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/default/files/ran_br_a4_m10_mk.pdf

Калтрина Селими, Филип Стојковски, НАПОРИТЕ НА Р. МАКЕДОНИЈА ВО СПРОТИВСТАВУВАЊЕТО НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ, ПОГЛЕД НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО, 2016

МВР на РМ (2002) „Информација за присуството на исламскофундаменталистичкиот фактор во Република Македонија", Скопје

Национална стратегија за спречување на насилен екстремизам (2018 – 2022)

ОБСЕ, Непритворска рехабилитација и реинтеграција во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, јануари 2020 година https://www.osce.org/files/f/documents/3/d/457144.pdf

Ревизорска комисија (2008) ‚Preventing Violent Extremism: Learning and Development Exercise, Извештај до Министерството за внатрешни работи и локална самоуправа (на Велика Британија)

Република Македонија, Кривичен законик (2014) Член 394-а. Достапно на: https://www.unodc.org/res/cld/document/mkd/1996/criminal_code_html/FYROM_Criminal_Code.pdf

Советот на ЕУ „ЕУ-иницијатива за Западен Балкан за борба против тероризмот: интегративен план за акција“. 4-ти декември, 2015. http://www.statewatch.org/news/2015/dec/eu-council-western-balkans-antiterrorism-13887-15.pdf

Службен весник на Република Косово (2015), Закон бр. 05/Л Забрана за пристапување кон вооружени конфликти надвор од територијата на државата Косово. Достапно на: http://bit.ly/1PZ1PKH

Стратегијата за спречување на насилниот екстремизам (СНЕ) и радикализација која води кон тероризам 2015 – 2020 (2015), Косово

Службен весник на Р. Албанија (2015). Достапно на: http://www.qbz.gov.al/botime/fletore_zyrtare/2015/PDF2015/203-2015.pdf

Управа за финансиско разузнавање (2014), „Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризмот“. Достапно на: http://ufr.gov.mk/files/docs/Zakon.pdf 41 Член 322-а

http://www.britannica.com/EBchecked/topic/613719/Umayyad-dynasty

https://www.safecampuscommunities.ac.uk/uploads/files/2013/05/promoting_community_cohesion.pdf

http://www.thedailybeast.com/articles/2015/03/18/is-isis-buildinga-drone-army.html.

http://www.huffingtonpost.com/luay-al-khatteeb/the-un-strikes-back-at-isil_b_5702240.html.

http://www.washingtonpost.com/blogs/worldviews/wp/2014/09/12/heres-how-the-islamic-statecompares-to-real-states/

http://www.cnn.com/2014/09/18/world/meast/isis-syria-iraq-hierarchy/.

http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/middleeast/iraq/10956193/Revealed-the-Islamic-State-cabinet-from-finance-minister-to-suicide-bomb-deployer.html

http://english.alarabiya.net/en/News/middle-east/2014/09/08/U-N-ISISwants-to-build-house-of-blood-.html

http://www.washingtonpost.com/politics/poll-public-supports-strikes-in-iraq-syria-obamas-ratings-hovernear-his-all-time-lows/2014/09/08/69c164d8-3789-11e4-8601-97ba88884ffd_story.html?hpid=z

http://www.huffingtonpost.com/2014/09/24/muslim-scholars-islamic-state_n_5878038.html

https://www.analyticamk.org/images/Files/extremisim-mk-updated-FINAL-UPDATED-web_b30f9.pdf

https://www.politika.rs/sr/clanak/23482/Otkriven-kamp-za-obuku-terorista

https://www.mkd.mk/crna-hronika/mvr-vo-policiskata-akcija-kjelija-2-uapeseni-se-chetvorica-poraneshni-pripadnici-na

https://www.statista.com/statistics/746562/number-of-arrested-terror-suspects-in-the-european-union-eu/

https://www.academia.edu/2158177/Preventing_Religious_Radicalisation_and_Violent_Extremism_A_systematic_Review_of_the_Research

file:///C:/Users/PC/Downloads/A-Waiting-Game.pdf

http://tedcantle.co.uk/about-community-cohesion/

http://www.jihadica.com/the-islamicstate-of-disobedience-al-baghdadis-defiance/.

http://www.pbs.org/wgbh/pages/frontline/shows/target/etc/modern.html

https://thebosniatimes.ba/18846/tiha-regrutacija-nove-teroriste-sad-regrutiraju-po-zatvorima/

https://mvr.gov.mk/vest/2471

https://mvr.gov.mk/vest/12711

https://mvr.gov.mk/vest/14127

https://mvr.gov.mk/vest/277

https://mvr.gov.mk/vest/10296

https://mvr.gov.mk/vest/2275

https://vlada.mk/node/25946?ln=mk

http://www.nytimes.com/2014/09/25/world/middleeast/isis-abu-bakr-baghdadi-caliph-wahhabi.html?_r=0

http://www.bbc.com/news/world-middle-east-29169914.

https://www.slvesnik.com.mk/Issues/396f0f904d6a4151aa9595d441b6a903.pdf

https://ia.gov.mk/news/MK/3.html

https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf

https://advokat-prnjavorac.com/zakoni/Krivicni_zakon_BiH.pdf

https://www.loc.gov/law/help/foreignfighters/country-surveys.php#_ftn162

https://www.osce.org/mk/mission-to-skopje/countering-terrorism

http://www.britannica.com/EBchecked/topic/295507/Islam

http://www.statewatch.org/news/2015/dec/eu-council-western-balkans-antiterrorism-13887-15.pdf

https://ba.voanews.com/a/terorizam-zapadni-balkan/5491282.html

http://www.economist.com/news/middleeast-and-africa/21618918-possible-reasons-mysterious-surge-executionsother-beheaders

http://idmalbania.org/wpcontent/uploads/2015/07/Religious-Radicalism-Albania-web-final.pdf

https://www.osce.org/files/f/documents/5/a/424892.pdf

https://academic.oup.com/bjc/article/57/2/341/2623876

https://newleftreview.org/issues/II25/articles/fredric-jameson-the-politics-of-utopia

https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8-%D0%B1%D0%BE%D1%80%D1%86%D0%B8-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B1%D0%BE%D0%B8%D1%88%D1%82%D0%B0/30929700.html

https://www.dw.com/mk/%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D1%81%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC-%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B0%D0%BB%D0%B0%D1%85-%D0%B5-%D0%BD%D0%B0%D1%88%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D0%BA%D0%BE%D0%BC%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D0%BD%D1%82/a-55524447

https://www.dw.com/mk/%D0%BD%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B2%D0%BE-%D0%B1%D1%80%D0%B8%D1%81%D0%B5%D0%BB-%D0%B1%D0%B8%D0%BB%D0%B5-%D0%B4%D0%BE%D0%BB%D0%B3%D0%BE-

%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B8/a-19134505

https://www.bbc.com/news/world-europe-16984066

http://www.slvesnik.com.mk/Issues/0d60d644027547028dfcbd154fbf180e.pdf

https://religija.mk/redzepi-ivz-e-edinstveniot-branik-od-radikalniot-islam-vo-makedonija/

https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D0%B8%D1%81%D0%B8%D1%81-%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0/31023543.html

https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D0%B8%D1%81%D0%B8%D1%81-%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0/31023543.html

https://www.dw.com/mk/%D0%B2%D0%B8%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%BA%D0%B0%D0%BA%D0%BE-%D0%BF%D0%BE%D1%83%D0%BA%D0%B0-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B5%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0/a-55506858

https://www.b92.net/info/vesti/index.php?yyyy=2003&mm=01&dd=13&nav_category=78&nav_id=80886

https://www.mkd.mk/29095/makedonija/makedonija-radikalen-islam-ubistvo

https://www.dw.com/mk/%D1%88%D1%82%D0%BE-

https://www.rtv.rs/sr_lat/region/vehabija-iz-pazara-pucao-na-ambasadu-sad-pogodjen-snajperom_281046.html

https://www.vesti.rs/Vesti/Sabovic-Plav-nije-centar-vehabija-to-je-Vlada-Crne-Gore-3.html

https://www.politika.rs/sr/clanak/23482/%D0%9E%D1%82%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D0%BD-%D0%BA%D0%B0%D0%BC%D0%BF-%D0%B7%D0%B0-

%D0%BE%D0%B1%D1%83%D0%BA%D1%83-
%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B0

https://meta.mk/mvr-chetvoritsa-ahmadi-almohamedi-pominale-niz-makedonija/

https://www.dw.com/bs/karikature-proroka-muhameda-u-danskoj-o%C5%A1tre-reakcije-muslimana/a-2502394

http://www.investigativeproject.org/profile/103/abdullah-azzam

http://www.britannica.com/EBchecked/topic/304125/jizya

http://mk.voanews.com/content/article/2906454.html

https://www.osce.org/chairmanship/415163

http://www.independent.co.uk/news/world/middle-east/isisofficial-calls-for-lone-wolf-attacks-inus-and-europe-during-ramadan-a7042296.html

http://telma.com.mk/vesti/ambasada-na-sad-vo-makedonija-ja-pozdravi-akcijata-kjelija

https://www.osce.org/files/f/documents/3/d/457144.pdf

http://www.bbc.com/news/worldeurope34832512

http://www.president.gov.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-07-19-10-40-39/3664-201603-04-11-43-09.html

https://www.glasamerike.net/a/ameri%C4%8Dki-taliban-pu%C5%A1ten-iz-zatvora/4929509.html

http://www.mfa.gov.mk/index.php/mk/nadvoresna-politika/bilateralniodnosi/sosedstvo

https://sdk.mk/index.php/svet/islamska-drzhava-ja-prezede-odgovornosta-za-smrtonosnite-napadi-na-aerodromot-vo-kabul/